Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
во Скопје

Филозофски факултет
Институт за социологија

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА:

# ОТПОР И ПАРТИЦИПАТИВНОСТ ВО ЈАВНАТА СФЕРА:
## СТУДИЈА ЗА ИНТЕРПРЕТАТИВНИТЕ РЕПЕРТОАРИ И АГЕНДИТЕ ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА КОНТРАЈАВНОСТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА[i]

**Ментор:**
проф. д-р Константин Миноски

**Кандидат:**
м-р Игор Мицевски

Скопје, 2024

На татко ми:
Нашата полемика за „природата“ на политичкото беше прекината од пандемијата –  полемиката сега е дел од овие страници.

Содржина:


**I. ВОВЕД: ПРЕЛИМИНАРНО ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕРЕНОТ ..... 6**

- *а. социополитички контекст: дефиниција на проблемот и општи цели на студијата ..... 6*
- *б. преглед на аналитичките опити за анализа на проблемот ..... 12*
- *в. социологијата и политичкото: кон посттеренот ..... 22*

**II. КОНЦЕПТУАЛНА ДИСКУСИЈА ..... 37**

II. 1. Кон постструктуралистичко маркирање во социолошката теорија ..... 37
- *а. за проблемот на дефиницијата и теориската конвергенција ..... 37*
- *б. за субјективитетот во теориите на општествените движења ..... 62*
- *в. премостувања и расцепи: дејствувањето и структурата во макро- и микронивоата на анализа ..... 79*
- *г. постструктуралистичката артикулација на политичката и социолошката теорија ..... 90*

II.2 Концептуална археологија во теориите за општествените движења ..... 100
II.2.а. Концептуалниот апарат на класичната социологија ..... 100
- *класата по себе и класата за себе ..... 100*
- *солидарност и аномија ..... 106*
- *сугестија, зараза, имитација ..... 114*

II.2.б. Континуитетот и дисконтинуитетот на бихевиористичките теории за општествените движења ..... 117
- *циркуларна реакција, колективна редефиниција и извирачка норма („оригиналниот колективен бихевиоризам) ..... 117*
- *извирачка норма ..... 121*
- *структурно затегнување – strain („другиот колективен бихевиоризам“) ..... 121*

II.2.в. За таканаречените „парадигматски пресврти“ ..... 123
- *организација и мобилизација на ресурси ..... 123*
- *(политички) опортунитетни структури и политички процес ..... 124*
- *врамување и реврамување (framing, re-framing) ..... 124*

II.2.г. Два концепта на таканаречените *Теории на новите општествени движења* ..... 128
- *историцитет ..... 129*
- *културални лаборатории ..... 129*

II.2.д. Радикалната општествена теорија: идентитет, артикулација и хегемонија ..... 130
II.2.ѓ. Поместувањата во концептуалниот репертоар ..... 145

**III. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 152**

III. 1 Цели и прашања ..... 152
III. 2. Преглед на литературата поврзана со операционализација на теоријата на дискурсот ..... 156
III. 3. „Оперативни дефиниции“ ..... 161
III. 3 Примерок ..... 171
III. 3. Методи и протокол на анализа ..... 177

**IV. АНАЛИЗА** ........ **181**

IV.1 Прва петолетка: хетерогеност и вишок барања на социополитичкиот терен ........ 183

- *Вишок и хетерогеност барања во дискурзивното поле* ........ *191*
- *Рудиментарните артикулации на антиавторитарниот имагинариум* ........ *199*
- *Хегемониската артикулација на антигруевистичкиот „етнички популизам“* ........ *217*

IV.2. Втора петолетка - дислокација и метонимија во дискурзивното поле ........ 226

- *„Ние не сме партија!“ – конструкција на социополитички идентитет, негирајќи го.* ........ *227*
- *2013-та: инфлација на антагонизам во дискурзивното поле* ........ *246*
- *Ќе ја викаме – Автономија! – артикулација на вишокот во образовното поле* ........ *256*

IV.3. Револуционерни години – „Граѓаните“ како недостижен објект ........ 261

- *Нема Правда Нема Мир: #Протестирам – името на популарната еманципација?* ........ *261*
- *Именувањето како конститутивна операција: #Протестирам и #Шарената револуција, две имиња на ист еквиваленцијален синџир? ... или сепак не.* ........ *267*
- *„Граѓаните“ новото име на „Народот“: социоисторија на кусата хегемонија* ........ *271*

**V. ЗАКЛУЧОК** ........ **274**

**АНЕКС 1: ТЕМПОРАЛНИ МАПИ НА МАНИФЕСТИРАНИ ОПШТЕСТВЕНИ БАРАЊА 2006-2016 ГОДИНА** ........ **280**

БИБЛИОГРАФИЈА ........ **281**

# I. Вовед: прелиминарно поставување на теренот

- *а. социополитички контекст: дефиниција на проблемот и општи цели на студијата*

На 9-ти февруари 2015 г., тогаш главната опозициска партија – Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, почна да објавува серија снимки од телефонски разговори меѓу високи функционери на нивниот главен политички опонент - ВМРО-ДПМНЕ. Снимените разговори упатуваа на низа трансгресии во методот на владеењето на десничарската влада: длабока држава и партизација на полицискиот апарат (Rupnik, 2023), узурпација на граѓанските слободи (Блажева, Боровска, Лечевска, & Шишовски, 2015) колонизација на медиумскиот домен и востановување на пропагандна култура во него (Micevski & Trpevska, 2015), метастазирање и радикализација на корупливниот клиентелизам, рекетирање и неказнивост на она што е познато под името „организиран криминал" (Ružin, 2016). Во официјалната политичка меморија, објавувањето на снимките беше дефинитивната мобилизаторна каписла за серија протести кои станаа познати под името *Шарена револуција*, а кои завршија, две години подоцна - со падот на владата во Скопје и воспоставувањето на новата влада на социјалдемократите. Според оваа поедноставена визија за траекторијата на настаните – тоа што се случи по 9-ти февруари, се *надоврза* на серијата протестни манифестации, кои се појавија нешто повеќе од половина деценија претходно, за да бараат *правда* и *слобода*. „Историографската верзија" во многу куси црти може да ја сумираме на следниот начин:

- Блокадата на Грција, во април 2008 г. го оневозможи членството на Македонија во НАТО-пактот што уште во 1990-тите беше дефинирано како стратегиска цел на сите последователни македонски влади. Иако и претходно имаше показатели кои укажуваа на силна тенденција кај владејачката структура да владее со етноидентитетски интерпелации[1], правејќи реинтерпретација на симболичките маркери на македонскиот социополитички време-простор, сепак таа тенденција беше кристализирана во 2008 г. Тогаш, под притисокот на надворешнополитичкиот неуспех од кој опозицијата не смееше да капитализира, процесите беа забрзани: беа организирани брзи избори на кои ВМРО-ДПМНЕ освои 63 пратеници, 18 повеќе во споредба со изборите две години претходно; потоа, и покрај комотното мнозинство, беше договорена коалиција со Демократската унија за интеграција, со што беше окончана двегодишна историја на политички нарушувања, којашто етничките барања на оваа партија ги преточуваше во стабилна политичка агенда; и конечно, беше почнат процесот на систематска колонизација на медиумите кои власта ги виде како диспечери за производство на идентитет, беше почната окупацијата на судскиот систем и беше почнат процесот на засилена партизација на институционалниот поредок – неговиот локус беше речиси целосно преместен во партиските структури.

---

[1] Овде терминот *интерпелација* го усвојува значењето на Алтисер, кој не го употребува со општо познатото демократско-процедурално значење, туку го употребува за да означи еден процес на „повикување" на индивидуите од страна на некој идеолошки систем, за тие да го препознаат или да го „интернализираат" својот субјективитет во таа идеолошка матрица (Althusser, 2014).

- Симболичкиот ревизионистички проект *Скопје 2014,* по неговата промоција во 2010 г., стана главниот носач на оваа задоцнета конзервативна контрареволуција. Но, неколкуте години претходно владата почна со реконституирање на гео-просторот на престолнината, со религиски маркери, каков што е планот за изградба на црква на главниот плоштад. Кога во 2009, група студенти на Архитектонскиот факултет во Скопје организираа протест, тој беше насилно потиснат од група владино спонзорирани контрадемонстранти.

- Со стилот на своето владеење, десничарската популистичка влада продолжи да ги зајакнува своите авторитарни тенденции, вклучително и да ги усовршува пропагандистичките методи со кои можеше да одржува дискурс на перманентна криза од која граѓанството треба да биде заштитено. Со стратегијата на брзи предвремени и украдени избори, власта успеваше континуирано да го потиснува неподготвениот политички противник. Но, по едни такви избори во 2011, убиството на Мартин Нешковски извршено од полициски службеник, стана искра за најголемиот граѓански протест без етнички барања во дотогашната македонска историја. Оваа серија масовни протести ја илуминираше системската бруталност на македонската полиција и отвори можности за вистинска конфронтација со режимот.
- На велигденскиот април 2012 г., Македонија беше цел на терористички напад, што ја влоши етничката стабилност на земјата, а во декември 2012 г. кога во Собранието требаше да се гласа државниот Буџет за следната година, опозицијата конечно почна да употребува нарушувачки тактики за да го спречи финансирањето на *Скопје 2014*. Но, *филибастерингот* заврши со насилно отстранување на пратениците и новинарите од парламентарната сала, по што почна уште еден бојкот на Собранието. Следуваше долга политичка криза - во која имаше манифестни протести на парламентарната опозиција, а која заврши со порамнувањето на експертска комисија за уставноста на чинот на гласање на Буџетот.
- Притисокот врз медиумите и новинарите достигна кулминација во 2013 г. поради апсењето на новинарот Томислав Кежаровски, кој беше подложен на притисок да го открие својот извор за статија поврзана со случајот *Ликвидација*, што покрена серија протести на новинари и новинарски здруженија. Таа година, загина уредникот на неделникот *Фокус*, Никола Младенов, несреќа за која имаше сомнеж дека е убиство. Градењето фронт против *Режимот,* го предизвика одржувањето на уште едни тактички општи избори, истовремено со претседателските – избори кои опозицијата не ги призна.
- Кон крајот на 2014 г., поради обидите на владата да интервенира во Законот за високо образование на начин кој ја узурпира автономијата на универзитетот, студенти од различни факултети во главниот град почнаа серија протести и окупации со барања за повлекување на авторитарните обиди за нарушување на автономијата. Движењето стана масовно, а се идентификуваше со името Студентски пленум.
- Во февруари 2015 г., неодамна инаугурираниот лидер на опозицијата, на серија прес-конференции почна да објавува аудио снимки од телефонски разговори на високи функционери. Според процената, се работеше за 20.000 разговори снимени од оперативци во *Управата за безбедност и контраразузнавање* водена од Сашо Мијалков, братучед на премерот Груевски, кои беа протечени до социјалдемократите од укажувачи во рамките на агенцијата. Снимките и нивното дозирање до јавноста се однесуваа, меѓу другото, на серијата протестни манифестации давајќи им нов контекст.

- Динамиката на објавување на снимките и реакцијата на различни групи на нив, ескалираше во отворено широко антирежимското движење. Тоа стана толку масовно и толку фокусирано што властите се обидуваа со нарушувачки тактики да го пригушат: очигледните тактики, како целна агресивност на полициската *Единица за брзо распоредување* (ЕБР) кон демонстрантите; употреба на пропагандистички методи со кои протестите беа врамувани како „манипулација на предавниците“, „заговор на соросоидите“ или интрига на „странските служби“; *секуритизација* на политичката ситуација со која режимот укажуваше на опасност од етнички конфликт, од „продажба на националните интереси“ или „албанизација на државата“. Во контекст на овој амбиент, на 9 мај во полициска акција во кумановската населба *Диво Насеље* загинаа осуммина членови на полициските единици, повеќемина членови на оружена група со сè уште неразјаснета агенда и мотиви, и невини граѓани на населбата за чија бројка немаше официјални податоци. Ова се закануваше дополнително да ја дестабилизира земјата, но и да ги издише протестите кои веќе почнаа да метастазираат низ поширок географски опсег.

- Но, мобилизацијата продолжи. Националните и релевантните интернационални политички актери создадоа протокол за надминување на политичката криза – овој протокол беше утврден со таканаречениот *Пржински договор* – кој предвидуваше техничка влада, оставка на премиерот, создавање *Специјално јавно обвинителство* (СЈО) за гонење организиран криминал, кое беше предвидено да ги процесира случаите поврзани со неовластеното прислушување, и конечно, организирање општи избори со кои кризата требаше да се разреши.

- На 12 април 2016 г., неколку месеци по оставката на премиерот Груевски, претседателот Иванов потпиша указ за бланко амнестија на функционери кои биле вмешани во спектар типови криминал, вклучително и неовластено прислушување и местење избори – трансгресии кои се дестабилизирачки за фундаментот на македонската демократија. Ова предизвика уште поагресивна мобилизација која стана позната под името *Шарена револуција*. Протестите беа масовни и фокусирани – целосно насочени кон уривање на режимот. Нивниот интензитет се закануваше дека ќе ескалира во дестабилизација. Во обид да го деескалира последниот бран протести, кој тој самиот го испровоцира, Претседателот во мај и јуни таа година потпиша два указа за поништување на аболицијата.

- Истовремено, додека антирежимската мобилизација произведуваше политички ефекти, се појавија знаци на контрареволуционерна мобилизација, која стана позната под името ГДОМ – Граѓани за одбрана на Македонија, чии проминентни учесници беа отворено членови на партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ.

- Иако, при оставката на премиерот, на 14 јануари 2016 г., беше објавено дека следните предвремени општи избори ќе се одржат на 5 јуни – тоа не се случи до 11 декември. Во меѓувреме, СЈО стана фокалната институција која демонстрантите ја видоа како потенцијал за задоволување на дел од нивите барања. На 11 декември таа година се одржаа општите избори на кои ВМРО-ДПМНЕ доби најмногу гласови, но откако, поради малиот коалициски капацитет, не успеа да формира влада, го врати мандатот кај претседателот.

- Во месеците што следуваа Иванов одбиваше да им го даде мандатот на социјалдемократите, под образложение дека социјалдемократите треба да дадат гаранции за заштита на унитарниот карактер на државата и за дистанцирање од она што стана познато под името *Тиранска платформа* – платформа за ширење на правата

предвидени со Охридскиот договор, што партиите на македонските Албанци ја потпишаа кај албанскиот премиер во Тирана.

- Оваа динамика создаде амбиент во кој стана проминентно контрареволуционерно движење познато под името *Заедно за Македонија*. Протестите на ова движење добиваа масовност на почетокот од 2017 г., а неговите тактики стануваа сè поагресивни како што се приближуваше моментот на конституирање на парламентот.

- На 27 април 2017 г. протестите ескалираа, кога во процедурата на конституирање на Собранието, за негов спикер, во нарушувачка атмосфера, беше избран пратеникот на *Демократската унија за интеграција*, Талат Џафери. Група демонстранти насилно влегоа во Собранието, физички напаѓајќи ги пратениците од новото мнозинство. Извесната координација на функционери на дотогашната влада и целно доцната реакција на полицијата, посочуваше кон заклучокот дека настаните на 27 април беа обид за државен удар (*види* (Шкариќ, 2018)).

- Ескалацијата, меѓутоа не заврши со државен удар, туку со кристализација, по која на 31 мај 2017 г., беше конституирана новата влада во Скопје, којашто пак имаше две манифестни цели: радикална демократизација на земјата и прекинување на надворешнополитичката изолација на земјата. Конституирањето на институциите на законодавната и извршната власт воспостави нова политичка конфигурација.

Во Македонија, сметам, повеќето анализи на политичките процеси, независно од тоа дали се работи за објавена медиумска содржина или пак се работи за академска литература, произлегуваат или се засноваат на оваа поедноставена рамка, онака како што ја изнесов: во основа рамка според која, јасно омеѓени индивидуални или колективни актери дејствуваат на линеарен спацио-темпорален терен во кој настаните се надоврзуваат во каузален след, кој телеолошки води кон определен исход. Не мора ниту да се нагласува дека според логиката на тој доминантен пристап, има јасна, априори востановена хиерархија на важни и неважни настани, кои се земаат како објаснувачки варијабли за исходот и дека историчноста на раздобјето е неминовно креирана од мала група рационални протагонисти и антагонисти во битка за моќ. На позадина на оваа рамка, се смета анкетите на јавното мислење лесно можат да утврдат какви се перцепциите, уверувањата и ставовите на популацијата, да утврдат кои се нејзините очекувања и кое е нивото на нејзината партиципативност во социополитичките процеси.

Едно социолошко иследување[2], меѓутоа, тврдам, мора да види проблем во аналитичките ограничувања на овие пристапи, иако самите нивни процедури се родени или усовршени, во контекст на социолошката дисциплина и нејзините традиционално

[2] Во оваа студија употребата на зборот *иследување* наместо зборот *истражување* е свесно направен избор. Ова оттаму што терминот *истражување* има напластени знаења кои сугерираат дека постои една и единствено вистинита стварност (нулта стварност) која треба точно да се прочита или да се интерпретира. Проблем настанува кога ќе се обидеме да ја деконструираме сопствената интерпретација и ќе видиме дека и таа е дел од процесот на сигнификација - така и самата ја конструира „стварноста што ја чита". Терминот *иследување* се разбира во македонскиот јазик има свои слоеви особено поврзани со судската пракса. Сепак, тој повеќе овозможува да се избегне проблемот поврзан со терминот *истражување.* Разликата ги отсликува нијансите на семантичка диференцијација меѓу англиските термини *enquiry* и *research.*

востановени методологии. Во скриените улици - на, во основа, поедноставено презентираната траекторија на настаните - невидливи за голото око, се длабоките пукнатини, дисконтинуитети, дислокации кои ја експонираат хетерогеноста на *елементи* на социополитичкиот терен – дискурзивно манифестирани антагонизми кои за да конструираат идентитет, мора да исклучат нешто како друго, непријателско и непожелно – неговиот „проклет дел“[3]. Таква анализа, нема едноставно да гледа на општествената локација на актерите во време на историски превирања, како на *фиксирана и однапред омеѓена структура*, туку ќе го гледа *треперењето* на мноштвото дискурзивни елементи - мислам тука *и* на реторичките маркери *и* на општествените практики – како *отворена структурација* во која постојано биваат реактивирани антагонистички позиции на *политичкото* и биваат седиментирани институционални практики на *општественото.* Со други зборови, таквата анализа би гледала во манифестациите на *едно контингентно, нестабилно и секогаш ранливо одвивање - структурата* истовремено би ја гледала како *невозможност* за постоење структура.

Конкретно, таквата анализа би покажала, на пример, како во 2008 г., дислокацијата на седиментираните значења предизвикана од притисокот на грчкото вето, делумно ги дезартикулираше означителите како „либерализам“ „демократија“, „геополитичка стабилност“, „цивилизациска вредност“, од еквиваленцијалната орбита на означителот „евроатлантски интеграции“[4]. Од почетокот на 1990-тите, овие хетерогени елементи, станаа моменти на една релативно стабилна еквиваленцијална врска, која го хегемонизираше социополитичкиот простор, по дезинтеграцијата на Југославија. *Еквиваленција* овде, во строга смисла, значи дека овие неколку, „сами по себе“ неповрзливи елементи што ги набројав, стануваат *заемно заменливи* и хегемонизирани под еден празен означител каков што е „*Европската Унија*“. Сега, оваа артикулаторна операција и хегемонијата која таа ја конструира, не е ништо друго туку *моќ*: таа, во нејзиниот конститутивен момент на привремена фиксација, го *исклучува Другиот идентитет.* Но, не го исклучува единствено „оној“ Друг, кој институиран од артикулацијата меѓу маркерите на „демократијата“, и напластените и незадоволени „етнички барања“, ги артикулирал овие елементи околу „пансловенските“ или „проруски“ означители; туку, исто толку важно, го исклучува на пример и оној кој бивајќи интерпелиран од спектарот „социјални“ и „работнички“ артикулации, тежнее да ја дезартикулира еквиваленцијалната врска меѓу „демократијата“ и „либерализмот“ – како во големата *борба меѓу „левицата“ и конзервативно артикулираниот „неолиберализам“*. Оваа хегемонија *е моќ* - поради тоа што прво, таа ја

[3] Овде терминот го користам во теоретски поограничена форма од онаа кај Жорж Батај, во книгата „Проклетиот дел“ (Bataille, 2017 [1949]).

[4] Неколку пати, од 1990-тите па наваму, се случија дислокации кои ја дестабилизираа еквиваленцијалната врска меѓу овие елементи – на пример конфликтот 2001 е таков дислокаторен настан – тогаш имаше веројатно најголема дестабилизација на стабилноста на оваа артикулација – „евроатлантските интеграции“ беа разведени од елементите на „демократија“ и „либерализам“, што ја отвори можноста во Македонија да се конструира идентитет антагонистички на таа хегемонија, нешто што не пробиваше во јавниот домен деценијата претходно.

наддетерминира геополитичката траекторија на земјата[5] – така и контингентноста во која се одвиваат политичките одлуки во Македонија имаат своја граница. Истовремено, таа постојано ги исцртува линиите на антагонизам во социополитичкиот простор на политичката единица. Со други зборови: еквиваленцијата меѓу „демократијата" и „либерализмот" ја институционализираше моќта на капиталот и ја ослабе артикулаторната моќ на барањата за „социјална правда" и „работнички права" кои беа потиснати од серијата „етнички барања". Бидејќи левицата во 1990-тите не успеа да ја дезартикулира таа врска, дел од елементите кои претходно биле артикулирани во нејзината орбита, станаа вовлечени во неолибералната гравитација. Затоа на пример, социјалдемократите беа вшмукани во еквиваленцијалниот јазол на „западната либерална демократија" и не успеаја соодветно да ги мобилизираат *работничките барања* и *барањата за социјална правда* во својата политичка идентификација, што беше видливо во програмите за приватизација и либерализација на домените кои претходно беа хегемонизирани како општествена сопственост[6].

Кога - да се вратам на аргументот - во 2008 г. беше привремено дестабилизирана еквиваленцијалната врска меѓу „демократијата" и „евроатлантските интеграции", во орбитата на таа артикулација, беа повлечени *етничките и економско-социјалните барања* - процес кој ја овозможи *популистичката артикулација*, која денес ја нарекуваме груевизам. Така, дихотомизираниот социополитички терен го направи минијатурен артикулативниот капацитет на „левицата"[7] – елементите од кои таа можеше да конструира еквиваленции не беа слободни за да може да бидат хегемонизирани во тој идентитетски јазол. Она што беше „слободно" беа елементите поврзани со евроатлантските интеграции – исклучениот Друг на новата хегемонија. *Груевизмот*, поседувајќи ги диспечерите за конструкција и дистрибуција на моќ, за овој Друг можеше да залепи значења на закана, предавство, странско замешателство, заговор и слични те. Но, ова траеше кусо, бидејќи социјалните и работничките барања кои полека се напластуваа од почетокот на владеењето на новата номенклатура (значи 2006 г.), не беа диференцијално задоволени. Недоволниот обид тие барања да бидат подложени на супресија и насилен притисок, ги направи нив слободни за артикулација, иако и покрај тоа предолго време ги остави неартикулирани. Процесот на нивна супресија беше нов дислокаторен момент – кој за артикулација ослободи нови елементи, што овозможија радикализација на борбата. Ова е накусо, теренот на кој хетерогеноста се артикулираше во масовно антиавторитарно, антигруевистичко општествено, но не и неминовно антиестаблишментско и антикапиталистичко движење, како што ќе видиме подоцна во анализата.

---

[5] Според постструктуралистичкото читање сè е наддетерминирано од нешто друго.

[6] Види економска анализа кај (Drakulevski, 2002).

[7] Овде не мислам на „левицата" како фиксирана структура со позитивно знаење, туку „левицата" како субјектна позиција, односно како терен на кој е можно конструирањето субјективитет хегемонизиран од неговиот „празен означител".

Ваквата анализа, би имала аналитичка моќ да ги објасни процесите кои ги конституираат социополитичките идентитети. Истовремено - и ова не е ненамерна контрадикција - таа би го експонирала лимитот, невозможноста на идентитетот, односно, невозможноста тој да се затвори како цел, заокружен, „себеси еднаков". Затоа, „групата" не може да биде априори на артикулативната логика – таа е попрво момент на артикулација на реторички операции и социјални практики. „Индивидуите" затоа не можат да бидат идентитетски „закрпени". Нивната субјектна позиција исто така осцилира во моментите на неодлучност - *меѓу дестабилизацијата и одлуката*. Исто толку важно, анализата би покажала како и зошто некои елементи остануваа надвор од артикулативната конфигурација. Или, врз пример – зошто, од работничките и економско-социјалните барања кои беа проминентни меѓу 2006 г. и 2009 г. немаше конструкција на еквиваленцијални јазли кои би конституирале идентитет на ослободениот за артикулација, социополитички терен.

Во строга смисла, оваа студија го анализира антиавторитарното општествено движење кое ја дестабилизираше политичката конфигурација на груевизмот. Но, јасно е, таа претпоставува дека тоа не може да биде направено без да се анализира хетерогеноста на поширокото поле на антагонизам во *груевистичкото историско раздобје*. За да го направи ова, таа мора да исполни неколку услови, кои ќе ги најавам откако накусо ќе се осврнам на до сега достапната литература којашто се обидува да фрла светлина врз различни аспекти на движењето.

- *б. преглед на аналитичките опити за анализа на проблемот*

Од 2016 г. па наваму, беа правени обиди, низ призмата на различни дисциплини, да се анализира општественото движење - или општествените движења - кои доведоа до промена на социополитичката конфигурација, што 11 години претходно го хегемонизираше социополитичкиот терен. Во кратки црти - беа анализирани ставовите на општата популација кон политичката криза (Близнаковски, Трошановски, & Поповиќ, 2016; Нечев & Петрушев, 2017); ставовите на учесниците во протестните манифестации во некои македонски градови во текот на 2016 година (Трајкоска & Ризанкоска, 2017; Ризанкоска, et al., 2021); идентитетот на движењето (Rizankoska & Trajkoska, 2019); причините за, како што се вели, „ненадејната појава и дефлација на мобилизацијата" (Vankovska, 2020); исходот на протестите и мерата во која тие можеа да го детерминираат исходот на изборите од 2016 г. (Chupeska, 2016; Staletović, 2017; Reef, 2017; Pérez, 2019; 2021); капацитетот на македонските општествени движења „партиципативно", како што се вели, да ја консолидираат демократијата (Тоевски, 2018); позицијата на движењето кон авторитарниот одговор на кризата на либерализмот (Kolozova, 2023); перформативните аспекти на движењето (Vilić, 2017); одговорот на движењето кон афективните аспекти на „десниот популизам" (Blazheva, 2023); јазикот на медиумите за време на мобилизацијата и интерпретативните рамки во медиумското

известување за протестите (Lazarevska-Stanchevska, 2018; Demjanski, 2020); конфликтните интерпретативни рамки кои флуктуираа во движењето (Micevski & Trpevska, 2018); улогата на социјалните мрежи во развојот и динамиката на движењето (Dimitrakopoulou & Lenis, 2018). На оваа литература се надоврзуваат и многубројните блог и експертски статии кои беа објавувани за време и непосредно по настаните *види* (Јакимовски, 2016; Нешовска, 2016; Босилков, 2016; Живановски, 2016; Савески, 2016; Талески, 2016; Трајковски, 2017; Vangeli, 2017); (Стојадиновиќ, 2018; Босилков, 2019; Савески, 2019).

Студиите кои презентираат наоди од мерењето на перцепциите и ставовите на различни групи за време на протестните манифестации 2016 г., може да се читаат како основен вовед во прашањето. Така, студијата за перцепциите и ставовите на граѓаните за време на траењето на протестните мобилизации на почетокот на 2016 г. (Близнаковски, Трошановски, & Поповиќ, 2016), е поврзана со наоди од анкета на репрезентативен примерок на општата популација, спроведена меѓу 6 и 11 мај таа година - значи речиси еден месец по указот за аболиција за функционерите, потпишан од Претседателот на државата и речиси еден месец пред неговото анулирање. Наодите сугерираат дека во тој политички момент постоела поларизација на ставовите околу тоа дали понатамошните протести (независно од тоа дали се про- или контрарежимски) се оправдани, бидејќи 46 % од испитаниците сметале дека поддржуваат протест во тој историски момент, а 52 % дека не поддржуваат. Но, од оној дел од популацијата кој поддржувал протест – 25 % ги поддржувале протестите на *ГДОМ*, а 62 % на *Шарената револуција*. 13 % не дале одговор кои протести ги поддржуваат (2016, p. 6). Истражувањето утврдило дека дури 76 % од популацијата не ја поддржува аболицијата на претседателот, а само 16 % ја поддржувале (2016, p. 5). Сегрегирано, според тоа кој од спротивставените протести ги поддржувале (во рамки на оние кои воопшто поддржувале протест) – 97 % од поддржувачите на *Шарената револуција* сметале дека аболицијата е неоправдана, а 49 % од поддржувачите на ГДОМ сметале дека е неоправдана. Значи дури и оние кои биле против каузата на *Шарената револуција*, во значителен број, од која и да е причина, не се согласувале со одлуката на претседателот (2016, p. 7). Конечно, „прашани дали сметаат дека претставници на граѓанските организации и движења треба да учествуваат на преговорите помеѓу политичките партии за решавање на политичката криза“, 61 % од нив сметале дека во преговорите тие треба да учествуваат, а 27 % од испитаниците рекле дека не треба (2016, p. 4).

Две поврзани студии кои ги анализираат ставовите, перцепциите и уверувањата на учесниците во движењата, тоа го прават на растојание од 5 години. Податоците за првата студија се собрани во две теренски анкети во Прилеп - за време на протести на *Шарената револуција* и за време на протести на спротивставеното движење *За заедничка Македонија* (Трајкоска & Ризанкоска, 2017). Направени биле две теренски анкети, првата од 17 до 23 април 2016 г. и втората од 17 до 27 април 2017 г. – биле анкетирани 141 испитаник од

*Шарената револуција* и 89 испитаници од *За заедничка Македонија*. Студијата употребува маркери на анализа карактеристични за *Теориите на ресурсна мобилизација* кога вели дека може да се забележи „високо ниво на идентификација на учесниците на двете протестни иницијативи со организацијата што официјално застанала зад нив. Тоа не зборува за тоа кој финансиски или логистички ги помага овие движења […] туку го покажува степенот на постоење групна свест за припадност на иницијативата под опсервација“ (2017, p. 18). Ова истражувачите го темелат на наодот дека 95 % од анкетираните учесници во протестите на *Шарената револуција* одговориле дека организатор на нивниот протест е движењето *Протестирам*, 86 % од анкетираните учесници на контрапротестите се рекле дека организатор бил движењето *За заедничка Македонија*. Понатаму, истражувачите утврдиле дека 56 % од учесниците на *Шарената револуција* и 44,3 % од оние на *За заедничка Македонија* се информирале на социјалните мрежи. Авторите утврдиле дека во Прилеп, „88,4 % од учесниците во *За заедничка Македонија* се гласачи за една иста партија, за разлика од 73,7 % од *Шарената револуција*. ШР има 15 % редовни гласачи со променливо гласање, за разлика од ЗЗМ, кои имаат 10,5 %. Оттука, гледаме потврда на претходното согледување за високиот степен на вклученост на опозициските политички партии во мобилизацијата на отпорот за време на *Протестирам*“ (2017, p. 19).

Другата студија е заснована на податоци единствено од учесници на протестите на *Шарената револуција*, пет години по крајот на протестните настани (Ризанкоска, et al., 2021). Биле опфатени 289 испитаници со онлајн анкета, 126 од нив биле обезбедени преку промовирање на прашалникот онлајн, а 163 преку методот на снежна топка – не е познато дали за снежната топка биле искористени врските на тие кои биле опфатени со онлајн промоцијата на анкетата или пак нишките на снежната топка биле почнати од познаници на истражувачите. Според наодите, главна алатка за информирање за протестните активности биле социјалните мрежи: 80 % од испитаниците рекле дека го користеле тој канал. Истражувањето утврдило дека за 61 % од учесниците во протестите, главна мотивација биле барањата на движењето, а 12,5 % рекле дека контактите и блискоста со пријателите кои биле учесници, била за нив главна мотивација. За 47,1 % од учесниците, главна цел на нивното учество, била да ја подобрат политичката клима во државата, а за 15,6% целта била да дојде до политичка промена за земјата побрзо да влезе во НАТО и ЕУ (2021, p. 16). 60,2 % од испитаниците и пред *Шарената револуција* учествувале во претходни протести за човекови права, екологија образование урбанизам и слично. 50,2% учествувале во протестите *Стоп за полициска бруталност* поврзани со убиството на Мартин Нешковски, кои се случија во 2011 г., 40,8 % учествувале во протестите на *Студентски пленум* во 2014 и 2015 г., 30,1 % биле дел од кампот *Протестирам* во 2015, 24,2 % биле дел од протестите на хонорарците во 2015 г., 19,4 % биле дел од протестите на иницијативата АМАН против поскапувањето на струјата, парното и горивата, 13,8 % биле дел од средношколските протести во 2015г., а 12,1 % учествувале во протестите на *Прва Архи Бригада* против изградбата на црквата на

плоштадот во 2009 г. (2021, p. 17). Истражувањето, понатаму, утврдило дека според 49,1 % од испитаниците, организатор на протестите на *Шарената револуција* било движењето *Протестирам* како спонтана граѓанска мобилизација против владеењето на Груевски, 19,7 % од нив, дека организатор бил СДСМ, а 7,3 % одговориле дека организатор биле Сорос и странските донатори. 23,5 % од анкетираните учесници во *Шарената револуција* сметале дека без учество на тогашната парламентарна опозиција движењето немаше да успее да се одржи толку долго време, 29,8 % рекле дека ќе имало успех, но ќе имало ограничена моќ, а 20,4 % рекле дека без учество на опозицијата, ќе имало и поголем успех (2021, p. 18). Истражувачите побарале од анкетираните да одговорат, колку успешно коалицијата „За живот во Македонија“ предводена од СДСМ ги застапувала идеалите на *Шарената револуција* во првиот постизборен мандат 2016-2020 – 68 % одговориле дека или најлошо (42,6 %) или лошо (25,4 %) таа го направила тоа (2021, p. 21). 40,8 % од испитаниците, како лошо го оцениле тоа што дел од претставниците на движењето станале дел од извршната власт, и 36,3 % го оцениле како лошо тоа што дел од претставниците на *Шарената револуција* биле дел од изборните листи на опозицијата (2021, p. 22). Дополнително, 79 % од испитаниците одговориле дека *Шарената револуција* или воопшто не придонела (61,3 %) или многу малку придонела (17,7 %) за департизација на институциите, и 66,1 % рекле дека или воопшто не придонела (46 %) или многу малку придонела (20,1 %) за подобрување на ситуацијата со владеење на правото. Конечно, 62 % рекле дека *Шарената револуција* немала влијание врз работата на државните институции, исто толку рекле дека немала влијание врз економската перспектива на државата, 53 % рекле дека немала влијание врз зајакнувањето на социјалната правда и 64 % рекле дека немала влијание врз реформите во правосудството.

Дел од оваа веќе бројна литература, прави, иако ограничен по опсег, сепак интересен и информативен преглед на трансформациите на движењата и дејствувањето на учесниците во мноштвото движењата кои манифестираа историчност во ова раздобје, како и на последователната политичка разврска – односно обидот институционално да се нормализира антагонизмот. Дел од неа е, меѓутоа, податлива за подлабок поглед. Ова, бидејќи од една страна таа, макар и тангенцијално, е поврзана со истиот проблем кој е во фокусот на оваа студија – имено, прашањето дали и како во македонскиот социополитички простор, во моментите на политичка дислокација, хетерогеноста беше артикулирана во популарни идентитети со различно ниво на стабилност. Истовремено, таа е податлива и бидејќи е илустративна за истражувачки претпоставки, кои сметам, се одговорни за незадоволителното соочување со одговорот на ова прашање – одговор кој би можел да ги постави на поинаков иследувачки терен објаснувањата за тоа, дали, на кој начин и до кој степен, овие општествени движења конструираа популарни субјективитети или дали и на кој начин и колку длабоко, овие ја дестабилизираа социополитичката конфигурација за да се овозможи артикулација на нови хегемонии.

*Првата*, проблематична претпоставка или нишка, е *есенцијалистичката логика* на иследувањето, т.е. локализирањето на дејственоста (agency) во зададени, „зашиени“ актери кои окупираат дефинитивен социополитички простор – операција која пропушта да ја види несводливата хетерогеност и конститутивниот антагонизам во социополитичките процеси низ чие флуктуирање се одвива нестабилната артикулација на значења/идентитети. Поради оваа логика, возможно е, на пример, редукционистички да се тврди дека зад антиавторитарното движење стоеше просто *„СДСМ“*, дека подоцнежното реакционерно движење беше едноставно „ВМРО“, дека *Шарената револуција* е организирана од движењето *Протестирам* или дека зад антиавторитарните протести стои просто „Сорос“ или „Меѓународната заедница“. Варијанта на оваа логика е имплицитното разбирање дека постои една позитивна содржина на движењето која има изворна вредност од која не смее да се отстапи, како на пример во тврдењето дека „движењето беше изневерено од некои негови членови“, или дека „неговите *вистински* цели беа злоупотребени“. Заедничка нишка за сите овие тврдења е есенцијалната омеѓеност на актерите опишани како позитивни етички валоризирани структури – движењата се ентитети со вистински или лажни цели, кои се или автентични или диригирани од некого, чии идеали се или почитувани или изневерени, остварени или злоупотребени и сл. Поврзана со оваа, тврдам есенцијалистичка логика, е *компартментализацијата* на овие структури, што овозможува еден општествен имагинариум според кој, движењето е навистина и во суштина *движење* само и единствено ако во него *нема* индивидуи кои се дел од претходно постоечки структури какви што се „политичките партии“ или „невладините организации“. Оваа логика е сметам, од една страна онтолошки проблематична, а од друг страна аналитички непродуктивна.

*Втората* проблематична нишка е *телеолошката и механицистичка* логика на конструкција на идентитети т.е. разбирањето дека идентитетот на движењето е „обезбеден“ преку напластувањето протестни настани кои, експонирајќи ја неговата *вистинска природа,* ги спојуваат индивидуите и групите, што води кон дефинитивен социополитички исход. Варијантите на оваа логика вклучуваат позиции кои редејќи ги протестните настани немаат потреба да направат иследување на тоа како се артикулира хетерогеноста на несведливите елементи или дека идентитетот е направен од некаков тип унија на општествени барања и споделени вредности. Оваа логика сметам, се задржува на *онтичкото*, но не и на *онтолошкото* ниво на анализа и запаѓа исто така во есенцијализам.

*Третата*, проблематична претпоставка е *детерминизмот* во објаснувачката логика – т.е. разбирањето дека определен дефинитивен општествен домен ултимативно ја објаснува конструкцијата на политичкиот идентитет. Варијанти на таков детерминизам се анализи кои сугерираат дека на пример економската база е во крајната инстанција она што го определува идентитетот на движењето, или дека примордијално разбраниот етнички идентитет е во крајната инстанција објаснувачката варијабла. Оваа логика ја пренебрегнува нестабилноста на секоја од седиментациите кои ги гледаме како *„општествен домен“*.

Сакам да ги илустрирам овие аналитички загрижености, пренесувајќи неколку цитати - некои објавени како дел од блог-статии кои се илустративни за популарното сфаќање на структурата и социополитичката дејственост, а другите објавени како истражувачки статии, илустративни за тоа како и во истражувачките опити кои имаат „научни“ амбиции, се провлекува слична логика:

Првиот е објавен во блог-статија:

> „*Шарената револуција* ја создадоа граѓаните, но некои ја искористија за лични интереси со што директно ги навредија сите чесни и искрени учесници на протестите. А, и да потсетиме дека очекуваното ослободување не почна во 2016 година“ [...] *Шарената револуција* како производ на едно општество во развој, кое имаше потреба од будење и создавање на критички лик, не избувна од никаде и не беше печурка по дожд. Дури и печурките кои раснат по дождот, имаат свои корени, а *Шарената револуција* влече корени уште од поодамна. Тие стари и млади, бунтовни и критички настроени демонстранти, кои се запознаваа на улиците и кои дотогаш немаа ништо заедничко, сепак имаа една искра која ги спојуваше. Тоа беа сите протести кои се случуваа во ова општество од 2009 година па наваму во кои имаше студенти, пензионери, граѓани од сите нивоа на општеството. Но, дали ние кои излегувавме на улица и баравме правда и слобода, останавме со горчлив вкус во устата и чувство на предавство по неполна една година од новата влада? Критиките за лошите кадровски решенија станаа сè почести и погласни, а независните пратеници како Павле Богоевски и Ивана Туфегџиќ не пропуштија да ја бранат политиката на Владата, ставајќи ја под прашање нивната независност. Сепак, нив и останатите кои добија фотељи само за своите интереси, да ги потсетиме дека борбата од која некои добија корист, а други останаа на улица, не почна со *Шарената револуција*“. (Стојадиновиќ, 2018).

Има најмалку две можни читања овде. Извадокот може да се чита, од една страна, како *експертска анализа*, но од друга, и тој може да се чита како пример за *популистичка артикулација.* Ако го читаме на првиот начин ќе видиме дека тој несомнено, на хетерогеноста на социополитичките процеси, гледа како на операција на мноштво, веќе конституирани „и закрпени“ *актери.* Тука се експонирани следниве аналитички проблеми:

*Прво*, на *Граѓаните* им е даден субјективитет кој е a priori на артикулативната операција – се вели „граѓаните ја создадоа *Шарената револуција*“, а не обратно. Ова наликува на аргументите во дебатите во рамки на студиите за национализам поврзани со прашањето на постоењето на *нацијата* без или пред да постои *национализмот*. Со постструктуралистички вокабулар кажано: дали постои народна идентификација без појава на националистичка артикулација во која нестабилно се хегемонизираат хетерогените, претходно неартикулирани елементи. Аргументот, кој низ речиси неприметлива врата, во анализата внесува примордиајлистичка логика, зависи од претпоставката дека групата *постои таму некаде* и кај себеси, во еден момент „ја буди нејзината заспана свест“, што е нејзината „заборавена суштина“. Логиката на овој исказ е така есенцијалистичка: *граѓаните* и нивната револуција имаат а приорен - а бидејќи тој е идеолошки и етички

детерминативен (исправен) – и *позитивен идентитет,* кој не е привремено фиксирана, нестабилна, диференцијална субјектна позиција, туку има своја *природа и суштина*. На пример, во исказот *граѓаните* се омеѓени како „чесни“, „искрени“, „праведни“ и „жедни за слобода“. Овие четири означувачи, ја претпоставуваат позитивната онтологија на *граѓаните* – нивното значење е стабилно, односно, тоа не осцилира во артикулаторно треперење низ кое на пример ќе биде експонирана нестабилноста на сите овие *означители.* Но, што значи тоа да се биде „чесен“, „искрен“, „праведен“ и „жеден за слобода“? Пренебрегнат е увидот дека и самите овие означители се нецелосно конституирани од артикулаторни операции кои осцилираат на социополитичкиот терен, влечени и туркани од други еквиваленцијални орбити. Со тоа што анализата на нив гледа како на нешто конзервирано, а не нешто во основа „празно“, таа веднаш ја губи својата аналитичка моќ, бидејќи не може ниту да го постави прашањето - како е, и дали воопшто е, стабилизиран идентитетот на движењето за кое се тврди дека има (стабилен идентитет)? Затоа, не е чудно што статијата влегува во ваков проблем: на артикулативната операција која ги вовлекла ослободените општествени барања во хегемониската орбита на *субјектната позиција* на Социјалдемократите, гледа како на предавство на *вистинската и оригиналната* идеологија на движењето, чии вистински идентитет е кумулативното и само по себе јасното значење на „слободоумните граѓани“. Затоа на пример, во исказот се вели дека „движењето било изневерено од некои кои го искористиле за свои лични интереси“ – тука мислејќи на *индивидуите* кои по разврската од политичките превирања *немале личен интегритет* и влегле во политичкиот аранжман на парламентарната опозиција која, според тоа го кооптирала движењето „за сопствени цели“.

Но, ако му се приклониме на ваквото разбирање, тогаш мора да заклучиме дека секоја револуција, и *Шарената револуција* не е исклучок, *е однапред изневерена*. Сметам дека затоа е попродуктивно да се отфрли претпоставката дека во дефинитивниот социополитички домен оперираат заокружени актери со нивните вложени интереси, па наместо да се постави прашањето како СДСМ го киднапираше движењето и неговите вистински цели, да се праша, зошто на нестабилниот социополитички терен, кога во момент на дислокација имаше празнење на вишок општествени барања, немаше артикулација во друг еквиваленцијален јазол, кој во борбата ќе ги раскине хегемонизираните врски кои барањата претходно ги вовлекувале во орбитата на субјектната позиција на Социјалдемократите? И како беше реконфигурирана субјектната позиција, под притисок на артикулаторната операција на неартикулираните барања? Поконкретно кажано, да се увиди како се случи, од една страна манифестираните барања да бидат артикулирани како *борба за правда,* а од друга страна тој означител да не биде на одлучен начин дезартикулиран од неолибералната хегемонија и на тој начин движењето да не ги дестабилизира сериозно, седиментираните практики на и дотогаш постоечката политичка конфигурација - *процес што ја овозможи привремената (краткотрајна) популистичка фиксација залепена за Социјалдемократите.* Таквата анализа, сметам, мора да ја деконструира претпоставката на

пристапи како, „Теоријата на ресурсна мобилизација", „Теоријата на рационален избор" и сличните, кои се подлошка не секоја анализа како оваа што во моментов се обидувам да ја деконструирам.

*Второ, Граѓаните,* следува од исказот, кои ја манифестирале својата есенција, претставуваат хармонизирана унија на протестните движења во своето линеарно протегање од 2009 до 2017 г. Имплицитно, *граѓаните* се напластен ентитет што може да се гледа преку неговите „составни делови" кои *споени заедно* го чинат нивниот идентитет. Но, кога ќе се обидеме да ги анализираме „составните делови" на ова напластување, повторно наидуваме на проблем: *граѓаните* се, сугерира текстот, составени од „слободоумните слоеви" меѓу „архитектите", „студентите", „професорите", „пензионерите", "новинарите" со нивните протестни движења, во кои учествувале и водечка улога имале, индивидуи и групи со „чесна и искрена намера", без партиска афилијација или алтернативни мотиви. Овој исказ пак ја пренебрегнува хетерогеноста на овие, „помали составни делови" на *Шарената револуција* – ја занемарува антагонистичката и незатворена „природа" на нивниот идентитет. На овој начин, анализите кои оперираат на ниво на заокружени актери запаѓаат во друг проблем – ги конзервираат помалите составни делови претпоставувајќи дека тие се стабилни и така ги екстрахираат, ги отстрануваат од социополитичкиот терен, односно од политичкиот процес. На пример, во еден момент повеќе Пленуми реагираа на дислокаторниот моменти на образовната реформа на груевизмот – но, оваа фокализација се одвиваше на терен на кој се веќе ослободени повеќе други барања, така што „идентитетот" на Пленумите беше делумно вовлечен во тој артикулаторен флукс. Конструкцијата на пленумизираните барања беше конститутивно нестабилна – затоа пленумската иницијатива беше постојано напрегната меѓу тоа барањата да останат на партикуларно ниво – односно да се бара нивно диференцијално задоволување и ништо повеќе, и од друга страна, позициите кои партикуларните барања ги артикулираа со вишок други барања – социјална правда, антилиберализам и сличните. Ова треба да нѐ наведе на увидот дека тука не се работи во едноставна смисла за хетерогеност на заокружени индивидуи или заокружени суб-групи во рамките на Пленумите, туку дискурзивна хетерогеност која е предуслов за да може да постои привремена фиксација на означител кој ќе го конструира, но никогаш нема да го „зашие" *Пленумот*.

Се разбира, ако овој текст, пак, го читаме на вториот начин, како тој и самиот да е *популистичка артикулација*, во тој случај неговите аргументи соодветно оперираат во *популистичката логика* – барањата на движењето ги артикулира околу празниот означител *Правда*, го конструира движењето како *единствениот носител* на волјата на граѓаните (кои се само другото име на народот), го цепи социополитичкиот простор на два спротивставени табори и прави основа во орбитата на „Граѓаните" да се вовлечат и други барања кои би биле дезартикулирани од субјектните позиции на другите идентитети. Во оваа артикулација има еквиваленција меѓу ВМРО, СДСМ, неолиберализмот, корупцијата и сл. Со други зборови – ова е логиката на конструкција на нов социополитички идентитет.

Следниот текст на кој сакам да се осврнам е академска статија, на која и самиот сум еден од авторите, а која може да се смета за илустративен за *компартментализацијата* на овие дискретно сфатени актери - операција која провира дури и во студии кои имаат општествено-конструктивистички претпоставки:

> „Со јакнењето на социјалните медиуми, важноста на пошироката публика стана клучна при производството и јавната репродукција на конфликтни рамки. „Лаичката" популација сега е важен чинител во конфликтната комуникација, и тоа до тој степен што некои аналитичари тврдат дека нивната активност преку интернет и социјалните медиуми може да биде мошне важна за протестната мобилизација (Castells, 2015), или пак, што тврдат дека социјалните медиуми, всушност може да ја попречат мобилизацијата (Fuchs, 2008). Нашата дефиниција за *Медиумски активната јавност* почива на идејата дека социјалните медиуми ја овозможија оваа трансформација на публиката од приматели на вести во активни производители и репродуцирачи на содржини за општествени прашања – тие всушност помогнаа во трансформацијата на *Публиката* во *Лаичка јавност* (Micevski & Trpevska, 2018, p. 250).
>
> [...] Врз основа на оваа дискусија, Медиумски активните јавности ги карактеризираме како лаички заедници кои се дефинирани преку нивното колективно дејствување, манифестирано преку нивната активност на социјалните медиуми, каде што имаат тенденција да учествуваат во дебати за социополитички прашања. Како најсеопфатен начин да се идентификуваат Медиумски активните јавности, е тие да се бараат во постоечките протестни движења - оваа студија оди по тој пат" (2018, p. 250).
>
> [...] Во процесот на регрутирање [на учесници во фокусните групи] беа користени три критериуми: (1) тие да се дел од публиката која била активна на протест движења во секое општество и да имаат редовна онлајн и лице-в-лице комуникација меѓу себе; (2) да се активни на социјалните медиуми преку кои учествуваат во јавниот дискурс со политичка и општествено ангажирана содржина и (3) да не припаѓаат на државни или партиски структури, миротворни невладини организации или медиумски организации" (2018, p. 250).

И покрај тоа што овој цитат, единствено заради аналитички цели ги омеѓува таканаречените *Медиумски активни лаички јавности*, сепак тој не ја избегнува замката нив да ги компартментализира во дискретни априорни единици. Оваа операција така создава фиксирано структурално разбирање на општествената локација - проблем во којашто социолошките истражувања често запаѓаат. Во таква мрежа влегува, сметам, и колективниот бихевиоризам, или попрецизно интеракционизмот – тој и покрај идејата дека „тоа што е таму надвор, е општествено конструирано", сепак воопшто не ги дестабилизира *конструкторите на општествената конструкција*, а интеракцијата останува *размена меѓу дискретни индивидуи во групата*. Импликацијата од ова е дека оние кои „не се дел од државни институции, партиски структури, невладини или медиумски организации" не се дел од општествената пракса низ која е конструиран идентитет. Доволно е да се каже дека ваквата аналитичка операција, станува исклучително проблематична во моментот кога ќе се обидеме да го анализираме социополитичкиот терен, од кој сега неминовно и неоправдано треба да бидат исклучени артикулаторните практики кои доаѓаат од локации кои не се

„лаички“. Ваквиот пристап не успева да ја види хетерогеноста од реторички операции и општествени практики и затоа, на пример, не може да ги види антигруевистичкките движењата како инхерентно или конститутивно „валкани“. Во оваа смисла, меѓутоа, сите движења се „валкани“, а тоа е така бидејќи социјалните локации на дискретно сфатените индивидуи и групи кои се гледаат како составни делови на движењето се во постојана осцилација – нивниот субјективитет е само привремено фиксирана позиција на дисперзирани елементи.

Конечно, последниот цитат на кој сакам да ја илустрирам мојата аналитичка загриженост е објавен под наслов: *„Шарената револуција”* и Движењето *„За заедничка Македонија”* – симбол на будењето на партиципативната граѓанска култура или показател на длабоката партиска поделеност во македонското општество? Вели вака:

> “Движењето *„Протестирам“*, или попознато како *„Шарената револуција”* (ШР) бараше првенствено одговорност од тогашната влада за наводна корупција и злоупотреба на службената должност, но исто така се залагаше за рушење на авторитарен режим и за активно учество на граѓанскиот сектор во решавањето на политичката криза. [...] Истата реторика беше прифатена и од движењето *„За заедничка Македонија”*, кое се спротивставуваше на платформата на албанските политички партии, двојазична Македонија и евентуална федерализација на земјата, како директно странско мешање во домашната политика на Македонија. [...] Генералното истражувачко прашање во случајот со нашите две движења од Македонија, разгледувани на локално ниво, е колку овие движења се знак за разбудена граѓанска партиципативна свест кај македонскиот граѓанин, а колку сѐ уште се предоминантно партиски алатки за добивање власт? Дали можеме да ги гледаме овие граѓански иницијативи како симбол за разбудена партиципативна политичка култура во Македонија или како показател за длабокиот партиски јаз којшто се отсликува во поделеноста на македонското општество по политичка основа? Се прашуваме колку учесниците во овие движења ги гледаат нив како соодветен начин за влијание врз властите во процесот на одлучување и во барањето транспарентност и отчетност од нив на краток или долг рок?

Во овој цитат јасно се гледа есенцијализација на содржината на граѓанството како нешто што треба да има „партиципативна свест“ нешто што може да ја разбуди „граѓанската свест“ – но го пренебрегнува увидот дека овие типови „свест“ се идентитетски артикулации кои хегемонизираат општествени практики кои може да се деконструираат единствено преку „ретроактивната операција на именувањето“ – граѓанската свест подразбира популистичка артикулација, таа не е априорна природа на „граѓаните“. Во овој случај нема да ги повторувам забелешките изнесени претходно, но цитатот е илустративен поради начинот на кој се формулирани истражувачките прашања. Едно од прашањата ја отвора дилемата дали движењата ја симболизираат „разбудената партиципативна политичка култура“ или „длабокиот партиски јаз кој се отсликува во поделеноста на македонското општество врз политичка основа“. Интересно овде е како овие две нешта се ставени во јукстапозиција. Проблемот е во тоа што „поделеноста“ односно антагонизмот е

конститутивен на *политичкото*, така што популистичката артикулација на „политичката култура“, подразбира антагонизам за воопшто да може да се манифестира - „поделеноста„ во оваа смисла е услов „општеството“. Попродуктивно е овде да се праша дали низ општествената пракса на манифестацијата се конституира народен идентитет, кој креира дихотомна контрапозиција, т.е. ќе го расцепи социополитичкиот терен на два кампуса – „граѓаните“ наспроти „партиската елита“, и на тој начин ќе ја дестабилизира постоечката политичка конфигурација создавајќи „нов“ народ. Погледот, според кој „граѓаните“ можат да „партиципираат“ без да конфигурираат популарен субјективитет, сметам е и аналитички и практично контрапродуктивен.

- *в. социологијата и политичкото: кон посттеренот*

> ‘Society and social agents lack any essence, and their regularities merely consist of the relative and precarious forms of fixation which accompany the establishment of a certain order’ (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 98)

Од прелиминарното воведување во проблемот, станува јасно, дека оваа студија усвојува постструктуралистичка односно постфундационалистичка стратегија и прави исчекор кон кристализација на употребата на концептуалниот апарат на теоријата на дискурсот во систематско-аналитички контекст: своевидна *операционализација* - ако може да се употреби овој концепт во овој контекст - *на невозможноста да се конституира затворен општествен систем.* Сметам дека овој пристап има плоден деконструктивистички потенцијал, кој допрва треба да се експлоатира во истражувањата на „општествените движења“ или, посоодветно кажано, во анализите на експанзијата на политичкото во општественото.

Во општа смисла, неколку моменти на постструктуралистичката теорија на дискурсот се истакнуваат во повеќето текстови кои се однесуваат на неговите маркери: неговиот антиесенцијализам, антифундационализам, антидетерминизам (Best & Kellner, 1991; Janoski, Alford, Hicks, & Schwartz, 2005). Но, поедноставувањата во овие текстови, колку што носат сублимиран увид во прашањето, толку се и одговорни за дел од ограниченото или несоодветно разбирање на овие позиции. Еве како во еден од овие текстови е претставена постструктуралистичката теорија на дискурсот:

> „Постструктуралистичката теорија на дискурсот е алатка за анализа на повеќе или помалку седиментираните правила и значења кои го условуваат конструирањето на општествени политики и културални идентитети. Почнува со поставката дека она што постои, станува интелигибилно единствено кога е придружено од специфична форма која го конституира неговиот идентитет. Формацијата на идентитет не е втемелена во некоја метафизичка инстанција како Бог, Природа, Човек или Разум или Челичните закони на Капитализмот. Наместо тоа теоријата на дискурсот се подведува под

> антиесенцијалистичка онтологија која е самодетерминативен центар кој го структурира општеството додека самиот се измолкнува од процесот на структурација“ (Torfing, 2005, p. 153).
>
> „[...] Теоријата на дискурсот има цел да ја анализира конструкцијата на идентитет во рамките на лингвистичките системи и има релациска и контекстуална позиција за формацијата на идентитет. Идентитетот е така обликуван во конкретен историски контекст“ (Torfing, 2005, p. 154)

Иако текстот на Тофинг во повеќе наврати реферира на дискурсот како моќ, на примарноста на политичкото над општественото, отфрлањето на фундационализмот, ретроактивната операција на конструкција на идентитет, сепак неколку елементи во овој цитат сугерираат проблематична концепција за основните премиси на ова теориско движење. *Прво*, диференцијалниот карактер на секој идентитет за постструктуралистите е момент на антагонизам и дислокација. Хетерогеноста која е неминовна во таа борба е предуслов за постоење на хегемониски операции коишто конструираат релативно седиментирани идентитети кои никогаш не можат да се затворат во систем бидејќи вишокот значења кои го произведуваат не дозволува да се формира стабилен центар. Затоа невообичаено е да се гледа на теоријата на дискурсот како „алатка која ги анализира повеќе или помалку седиментираните правила и значења“, поконструктивно е да се каже дека фокусот на теоријата се продукцијата на идентитет во точките на напрегање меѓу нестабилноста на политичкото и релативната стабилизација на значењата на општественото. Но, *второ,* Тофинг тука прави уште еден невообичаен чекор кога вели дека „она што постои, станува интелигибилно единствено кога е придружено од специфична форма која го конституира неговиот идентитет“ – изјавата претпоставува дека постои *идентитет таму некаде* кој треба да стане интелигибилен преку некоја херменевтичка операција и имплицира дихотомија меѓу формата која е придодадена на нешто друго за да се конструира идентитет. Но, постструктуралистите не веруваат во „стварност“, барем не во социополитички релевантна стварност, надвор од процесот на антагонистичка дискурзивна конструкција и за нив дихотомизацијата на форма и содржина е манифестација на артикулаторна практика а не нешто дадено. Конечно, *трето,* тезата дека теоријата на дискурсот ги анализира конструкциите на идентитет во „рамките на лингвистичките системи“, е изјава чија непрецизност несоодветно го претставува интелектуалното движење – имено деконструктивната моќ на постструктурализмот е токму во идејата за невозможност на секој систем па така и на лингвистичкиот систем „да се затвори“. Освен ова, дел од постструктуралистите дискурсот го замислуваат и како *сет реторички операции* и како *општествена практика*. Конечно, за постструктуралистите реторичноста не е едноставно додаден елемент во анализата, туку *Реалното* има, за нив „реторички основи“.

Да се вратам на тезата за *невозможноста на општеството* која верувам прави подиректен увид во позициите постструктурализмот, како и на одлуката донесена во оваа студија да биде земена како аналитичка предлошка.

Веднаш мора да се забележи дека во оваа одлука има проблем - за една социолошка студија. Невозможноста да се конструира општествен систем, е увид на постструктурализмот кој, со голо око е видливо, го дестабилизира традиционалниот социолошки проект, сфатен како систем на знаење кој оперира низ структуралистички и функционалистички претпоставки – имено, дека општеството е систем чии елементи може да бидат разбрани единството во релација еден со друг и во релација меѓу нив и системот како тоталитет, и дека приспособувањето на секој од елементите во хармонизирање на целината ја детерминира општествената промена – позиции кои се имплицитни во статиите што накусо ги анализирав на почетокот (Calhoun, 2002).

Тезата за *невозможноста на општеството* е, се разбира, најјасно кристализирана кај Ернесто Лаклау, кој изрази незадоволство од начинот на кој социолошките теории го опфаќаат феноменот на конструкција на народни идентитети: имено, тргнувајќи од групата како основна единица на анализа[8] - групата сфатена како елемент на системот. Неговата логика – која е во основа постструктуралистичка логика - е епитомизирана е во следниов исказ од едно негово интервју направено во доцните деведесетти (Olson & Worsham, 1998):

> "Во моето разбирање, 'општество' значи едноставно можност за затворање на целото општествено значење, околу една матрица која би можела да ги објасни сите нејзини парцијални процеси. Ова е [...] позицијата на класичниот структурализам. Но, од друга страна, ако заземеме, [наместо ова], постструктуралистичка позиција – тогаш неможноста да се затвори кој било контекст, вклучително и општествениот контекст, како обединета целина – она што го добивате се маргинални процеси кои постојано го нарушуваат значењето, и кои не водат кон затворање на општеството околу една единствена матрица. Кога го имате општественото дефинирано во оваа смисла - како нешто што создава смисла, но како нешто што го прави затворањето невозможно – тогаш претпочитате да зборувате за 'општественото', наместо за 'општеството'" (Laclau, 1998, p. 146) .

Лаклау овде, прави артикулативна операција меѓу увидот на Жак Дерида кој сугерираше радикална незатвореност на значењата на лингвистичките конфигурации, потоа на тезата за објектот како недостаток (objet a) во психоанализата на Жак Лакан и на разбирањето на хегемонијата кај Антонио Грамши. Изворната линија на аргументот доаѓа од неговата деконструкција на марксизмот[9] - анализира, во основа, два погледа на идеологијата во марксистичкиот канон. *Првиот,* кој на идеологијата гледа како на „ниво на општествена тоталност" и *вториот,* кој на неа гледа како на „лажна свест". Според него, валидноста на овие две позиции е поткопана – првата поради тоа што таа несоодветно

[8] Истовремено, треба да се нагласи, Лаклау ги отфрла и атомистичките претстави кои, иако не се патентирани во социолошкиот канон, повремено влегуваа во неговата орбита, како на пример кога во теоријата на ресурсна мобилизација, со воодушевување беше прифатен економицистичкиот имагинариум на Олсен и тезата за *слободниот јавач*, и врз неа беше направена конфигурација на претпоставки кои општествените движења ги гледаа низ призма на секоја индивидуа и нејзиното решение да учествува или да не учествува во движењето донесена врз основа на логиката на цена и бенефит.

[9] Со неговата соработничка Шантал Муф во 1985г. ја објавија книгата *Хегемонија и социјалистичка стратегија* (Laclau & Mouffe, 2001[1985]) која беше епицентарот на постмарксистичкиот проект.

почива на претпоставката за *интелигибилност на општеството*, „замислено како структура на која се подигнати неговите парцијални елементи", а втората бидејќи има претпоставена концепција за човековата дејственост – „субјект кој има ултимативна есенцијална хомогеност и чие погрешно распознавање беше постулирано како извор на 'идеологијата'" (Laclau, 1990, p. 89).

Проблемот со првата претпоставка е, вели Лаклау, во обидот да се фиксира значењето на секој од елементите *надвор* од нив самите – "односно во систем на односи со други елементи" при што дихотомизацијата во марксистичкиот имагинариум има за последица две, како што вели, 'амбивалентни' нешта – ги става идентитетите на *базата* и *надградбата*, во меѓусебен релациски однос, но истовремено, тој релациски систем го замислува како нешто што има центар околу кој се одвива оваа операција. Така, од една страна *надградбата* воспоставува, како што вели, есенцијализам на појавности – идеолошки есенцијализам. Истовремено, структуралната тоталност вели, во овој имагинариум е претставена како позитивен објект – односно како објект што има суштина, значење и карактер кој „може да се опише и да се дефинира", и така „оваа тоталност оперира како темелен принцип на интелигибилност на општествениот поредок", кој има статус на "*есенција* на општествениот поредок, која треба да биде *препознаена*[10] зад емпириските варијации изразени на површината на општествениот поредок" (1990, p. 90). Значи овде се работи за претпоставка според која постои темелна тоталност на општествениот систем – ова е есенцијализмот на структурализмот. Оваа анализа на тоталната втемеленост што се чита и во теоретските претпоставки и во методолошките операционализации на структурализмот експонира проблем во овој имагинариум – затоа Лаклау тврди дека сега мора да се признае „*бесконечноста на општественото„ односно* „фактот дека секој структурен систем е ограничен, дека тој секогаш е опкружен од „вишок 'значења' кои тој не е во можност да ги завладее и дека, консеквентно 'општеството' како единствен и интелигибилен објект кој ги втемелува своите парцијални процеси, е невозможност" (Laclau, 1990, p. 90). Аргументот за *невозможноста на општеството* тука прави операција која го дестабилизира структуралистичкиот имагинариум: *Прво*, од една страна ги прифаќа неговите релациски претпоставки, но истовремено ја отфрла идејата дека овие релации можат да бидат трансформирани и опфатени во затворен систем. Така, вели: „ако го прифатиме релацискиот карактер на секој идентитет и ако во исто време го отфрлиме *фиксирањето* на тие идентитети во систем, тогаш општественото мора да биде идентификувано како бесконечна игра на разлики, односно, со она што во строга смисла на терминот можеме да го наречеме дискурс – под услов, се разбира, ако го ослободиме концептот на дискурс од рестриктивното значење на говор и писмо" (Laclau, 1990, p. 90). Но, тука повторно се појавува проблем, бидејќи она што се претставува како општество

[10] Овде оригиналниот термин е "reckognized" кој треба да се разбере и како препознавање, но и како „признавање" и последователно „претпоставување" на нешто.

очигледно изгледа дека *стои заедно*, а отсуството на фиксација би требало да наликува на постојано и несведливо растечување - состојба на психоза, како во литерарната постапка на „струење на свеста". Но, затоа, и ова е втората негова операција, разликата и самата истовремено има релациски карактер – импрегнирана е од тензијата за можноста за фиксирање. Затоа Лаклау тврди, и дека „[о]пштественото не е само бесконечната игра на разлики […], тоа е исто така и обидот да се лимитира таа игра, да се доместифицира бесконечноста, да се опфати во рамките на конечноста на поредокот" (Laclau, 1990, p. 91). Тука теоријата на Лаклау зависи од концептот *Хегемонија*, кој тој го реартикулираше преземајќи го од Грамши - и вели дека сега „овој поредок – или структура –веќе не добива форма на темелна суштина на општественото; туку, тој е обид – по дефиниција нестабилен и несигурен – да дејствува преку општественото, да го *хегемонизира*". Така, додава, „проблемот на општествената тоталност е поставен во нова смисла: 'тоталноста' не ги воспоставува границите на 'општественото' преку негова трансформација во *детерминативен* објект (на пример 'општество'). Напротив, општественото, секогаш ги надминува границите на обидите да се конституира општество. Истовремено, меѓутоа, 'тоталноста' не исчезнува: ако затворањето[11] кое таа се обидува да го направи е ултимативно невозможно, сепак не е невозможно да се обезбеди релативно фиксирање на општественото преку институирањето на јазолни точки"[…] Секоја општествена формација има свои форми на детерминација и релативна автономија, кои се секогаш институирани низ комплексен процес на над-детерминација и кои затоа не можат да бидат востановени a priori" (Laclau, 1990, p. 91). Според овие позиции Лаклау заклучува дека станува невалидна дистинкцијата меѓу *базата* и *надградбата* како и концепцијата за идеологијата како неминовно ниво на општествената формација.

Вториот марксистички момент којшто тој го дестабилизира е другото разбирање на идеологијата – како „лажна свест". И оваа идеја според него има смисла единствено ако идентитетите на општествените дејственици се фиксирани. За да утврдиме дека постои лажна свест, мора да го препознаеме *вистинскиот идентитет* на дејственикот врз чија позадина можеме да ја диференцираме лажната од вистинската свест. Лаклау додава дека ова „се разбира имплицира дека овој идентитет мора да биде *позитивен и неконтрадикторен*" (Laclau, 1990, p. 91). Вториов марксистички поглед на идеологијата станал невалиден кога почнал засилено да расте процепот меѓу „фактичката свест" и „инсталираната свест" – бидејќи тоа создало своевиден просветителски деспотизам на интелектуалците и бирократите кои зборувајќи во нивно име, требало да им објаснат на масите кој е нивниот вистински интерес. Ова логично доведува до „засилено тоталитарни форми на контрола" и до конструкција на идентитет на масите наспроти нивните претпоставени историски интереси. Истовремено, во напредните капиталистички

[11] Овде Лаклау го користи терминот "suture" што поточно значи зашивање, штепување.

општества, вели Лаклау, идентитетот на дејствениците бил ставен под прашање кога инфлацијата на разлики таму била индикатор за тоа дека хомогеноста на општествените дејственици е илузија. Според тоа, ако идентитетот е, како што вели, „калеидоскопско движење на разликите", тогаш не е јасно во која смисла субјектите би можеле погрешно да се претстават себе си (Laclau, 1990, p. 92).

Но, заклучува Лаклау, распаѓањето на марксистичките позиции поврзани со идеологијата, не може да се сметаат за задоволителни, бидејќи и самата негова теза - тоа дека идентитетот и хомогеноста се илузија - зависи токму од претпоставување на концептот на погрешна претстава (misreckognition). Без ваков самодеконструктивен пристап, вели, секоја деконструкција би била бесмислена. Токму затоа, Лаклау тврди дека мора да се направи инверзија на традиционалниот контекст на концептот на *погрешно претстава,* односно вели:

> „Идеолошкото не би се состоело во погрешното претстава на позитивна есенција, туку токму во спротивното, би се состоело во непрепознавањето на несигурниот карактер на секоја позитивност, на невозможноста за какво и да е ултимативно затворање. Идеолошкото би се гледало во оние дискурзивни форми низ кои општеството се обидува да се институира себе си како такво, базирано на затворање, на фиксирањето на значењата и на непрепознавањето на бесконечната игра на разлики. Идеолошкото би била волјата за 'тоталност' на секој тотализирачки дискурс. И во онаа мера во која општественото е невозможно без некоја фиксација на значењето, без дискурсот на затвореност – идеолошкото мора да се види како конститутивно на општественото. Општественото постои само како попуст обид да се институира тој невозможен објект: општеството. Утопијата е есенција на секоја комуникација и општествена практика " (Laclau, 1990, p. 92).

Од сумирањето што го направив на неговите позиции поврзани со идеологијата, структурализмот и пред сè, со тезата за невозможноста за затворање на општеството како систем, сметам произлегуваат неколку последици за социолошкиот проект: *Прво*, овој деконструктивистички пристап, дестабилизирајќи го традиционалното социолошко теоретизирање – т.е. и неговите онтолошки претпоставки и неговата епистемиологија - истовремено го вовлекува социолошкиот проект во струја која би можела да отвори нов хоризонт во кој би било возможно да се теоретизира општественото, токму на точката на импрегнација меѓу нестабилноста и седиментацијата. Поточно, наместо да се постават прашања поврзани со тоа каков е односот помеѓу „политичките партии" и „општествените движења"[12], двете сфатени како дискретен дел од дискретни структурни домени – да се постави попрво прашањето: на кој начин општествената хетерогеност бива привремено стабилизирана во политички идентитет кој во институционалната седиментација успева (или пак не успева) да ги вовлече во себе вишокот значења. *Второ*, му овозможува на социолошкиот проект да влезе во домени на значење кои поради „научниот сепаратизам"

[12] Како што тоа се прави во анализите за Шарената револуција, види на пример (Vankovska, 2020).

се конституирале како и самите да се дискретни системи на знаење и така останале неоправдано надвор од социолошкото поимање. *Конечно*, тоа што деконструктивниот пристап нè „обврзува“ да ги преиспитаме онтолошките и епистемиолошки претпоставки на социолошкиот структуралистички проект, може да доведе до интересни поместувања на рамките кои често во социолошките истражувања се земаат „здраво за готово“: имено, како кога претпоставките се земени како дадени и потоа врз нив да се гради теоретска кула без да се дискутираат онтолошките и епистемиолошките премиси.

Последниве петнаесетина години беа направени неколку теоретски обиди да се артикулираат постструктуралистичките премиси со социолошката теорија - иако од рамките на социолошкиот канон доминираа силни критики кон теоријата на дискурсот. На критиките и нивната издржаност ќе се задржам во следното поглавје, но овде е важно да се издвојат неколкуте, сметам, потенцијално плодни траектории на теоретско иследување. Веројатно најголем фокус неодамна беше ставен на потенцијалот на Бурдије и неговата теорија на праксата и концептите на *хабитус, капитал* и *поле* (*види* (Lane, 2006; Phelan, 2011; Griggs & Howarth, 2014; Howson, 2017)).

Уште од неговите рани емпириски истражувања поврзани со рурална Франција и Алжир, Бурдије ја увидел потребата за преосмислување на, во строга смисла, од една страна структуралистичките, а од друга страна функционалистичките социолошки премиси кои доминираа во Франција во средината на 1900-тите (Grenfell, 2012). Попрецизно, тој го проблематизирал нивното втемелување во опозицијата меѓу „објективноста“ и „субјективноста“: првата, „структуралистичка традиција“ втемелена во структуралната антропологија на Клод Леви Строс (Lévi-Strauss, 1955) се фокусирала на анализа на *правилата* кои го детерминираат човековото однесување, а втората „функционалистичка“ втемелена во францускиот егзистенцијализам (Sartre, 2022 [1943]) кој повеќе го истакнувал „индивидуалниот избор и носењето одлуки како ултимативен акт на личната слобода“ (Grenfell, 2012, p. 44). Но, во споменатите истражувања, Бурдије увидел дека позициите и на правилата и на општествената практика, биле постојано дислоцирани. Во рурална Франција и Алжир, од една страна постоеле јасни брачни *правила* во поглед на тоа кои индивидуи и на каков начин можат да склучуваат брак, но овие правила не се почитувале секогаш и тие до некој степен биле флексибилни. Истовремено, индивидуите, било увидено, не биле слободни сами да го изберат својот брачен партнер, бидејќи на тоа обврзуваат правилата. *За Бурдије станало јасно дека ниту правилата целосно ги вкотвуваат субјкетите во структурата, ниту пак слободниот избор овозможува арбитрарност во конкретната општествена практика.* Според него, индивидуалната акција била овозможена од *несвесната* калкулација на економскиот или симболичкиот профит и од праксата на стратегиско позиционирање. Концепцијата на *хабитусот* и *полето* се всушност теоретски пробив за да се опфати оваа *осцилаторна практика* во точката на тензија меѓу *правилата* и *слободата,* на начин на кој ќе биде надмината строгата дихотомија меѓу субјективното и

објективното која не дозволува да се увиди динамиката на проблемот. Неговиот излез од дихотомијата е пробивот според кој е возможна *наука* „за дијалектичките релации меѓу објективните структури и [...] субјективните диспозиции во кои овие структури се актуализираат и кои имаат тенденција нив да ги репродуцираат" (Bourdieu, 1977 [1972], p. 3).

Основно прашање тука според Бурдије било, како е можно однесувањето да биде регулирано без тоа да биде продукт на послушност кон правилата (Bourdieu, 1990 [1987]) (Maton, 2012, p. 49). Еве како тој го постулира проблемот во *Логика на праксата*[13]:

> „Предусловите поврзани со одредена класа услови на егзистенција произведуваат *хабитус*, системи на трајни, транспозибилни диспозиции, структурирани структури предиспонирани да функционираат како структурирачки структури, односно принципи кои генерираат и организираат практики и претстави, кои можат објективно да се прилагодат на нивните исходи, без да се претпоставува свесно насочување кон цели или исклучително владеење на знаењето за операциите кои се неопходни за тие да се постигнат. Објективно „регулирани" и „редовни" без на каков било начин да бидат производ на послушност кон правилата, тие можат да бидат колективно оркестрирани, без да бидат производ на организациска акција на некој диригент" (Bourdieu, 1990[1980], p. 53) .

Концептот *хабитус* е предложен за да понуди помирување на овој проблем кој истовремено има и онтолошка и епистемиолошка димензија. Под *хабитус* Бурдије подразбира квалитет/диспозиција на актерите (индивидуи, групи или институции) кој се состои од она што тој го нарекува *структурирана и структурирачка структура. Структурирана* е - бидејќи таа е обликувана од минатите и сегашните околности на живот на индивидуата, а *структурирачка* е - поради тоа што, хабитусот учествува во оформувањето на сегашните и идни практики. А таа е структура бидејќи е „систематски уредена, а не е случајна или несхематска" (Maton, 2012, p. 50). Така, *диспозиција* во оваа смисла означува прво, израз „на *резултатот на една организирачка акција* блиска до зборови како на пример структура; тој исто така означува *начин на постоење, вообичаена состојба* (особено на телото) и конкретно, [означува] *предиспозиција, тенденција, склоност или инклинација"* (Bourdieu, 1977 [1972], p. 214). Но, овој сет структурирани и структурирачки диспозиции на структурата на хабитусот се релациски детерминирани низ она што тој го нарекува „опскурна и двојна релација" или „несвесен однос" меѓу хабитусот и полето – (*види* (Maton, 2012, p. 50)). Хабитусот така, може да се каже е јазолната точка која

[13] Сложеноста на овој сегмент наложува овде да го пренесам на начинот на кој е преведен на англиски јазик: "The conditionings associated with a particular class of conditions of existence produce habitus, systems of durable transposable dispositions, structured structures predisposed to function as structuring structures that is as principles which generate and organize practices and representations that can be objectively adapted to their outcomes without presupposing a conscious aiming at ends or an express mastery of the operations necessary in order to attain them. Objectively 'regulated' and 'regular' without being in anyway the product of obedience to rules, they can be collectively orchestrated without being the product of the organizing action of a conductor".

истовремено прави и синхрониско и дијахрониско *осцилирање* (повеќе отколку поврзување) на фиксирањето на значењето на субјективното и објективното.

Полето, тука е замислено како *порозна граница* на човечката активност, на чија позадина се одвива оваа осцилација. Еве како кусо Шварц го објаснува ова:

> „[За Бурдије] полињата се арените на производство, циркулација, присвојување и размена на стоки, услуги, знаење или статус, како и конкурентните позиции што ги имаат актерите во нивната борба да акумулираат, да разменат и да монополизираат различни видови ресурси на моќ (капитали). Полињата може да се замислат како структурирани простори кои се организираат околу одредени типови капители или комбинации на капитал. На терен, актерите организираат стратегии и се борат околу нееднаквата распределба на ценетите капитали и околу дефинициите за тоа кои се најценетите капитали. Како магнетното поле, ефектите на општествените полиња врз однесувањето можат да бидат далекусежни и не секогаш очигледни за актерите. Теренската перспектива е во остар контраст со широките консензуални погледи на општествениот живот, иако актерите во едно поле споделуваат заеднички претпоставки за вредноста на борбата и правилата со кои таа треба да се спроведе. Концептот на терен стои како алтернативна аналитичка алатка за институциите, организациите, пазарите, поединците и групите, иако сите овие можат да бидат клучни компоненти на полињата. Анализата на полињата ги доведува овие посебни единици во поширока перспектива која ги нагласува нивните релациски својства наместо нивните внатрешни карактеристики и консеквентно мноштвото сили кои го обликуваат однесувањето на секоја од нив“ (Swartz D. L., 2020).

Ова разбирање на хабитусот и полето, иако користи структуралистички вокабулар, повеќе води кон постструктуралистички имагинариум отколку традиционалните рамки на социолошката теорија. И затоа, последниве деценија и пол почнаа да се појавуваат публикации кои сугерираат можна артикулација меѓу овој тип на социолошки пристап кон општествената пракса и постструктуралистичкото теоретизирање.

Прв, којшто сугерираше дека е возможна и дека може да биде аналитички плодна артикулацијата меѓу оваа верзија на постструктуралистичката теорија на дискурсот и премисите на теоријата на праксата во универзумот на Бурдије, е Џереми Лејн (Lane, 2006). Тој, забележува дека на апстрактно ниво, Бурдије и Лаклау имаат доста блиски позиции. Кондензираниот пресек на овие блискости (Phelan, 2011), укажува на тоа дека и двете теории прифаќаат историцистичка позиција (2011, p. 128) во поглед на начинот на кој оперира разумот, односно во поглед на начинот на кој оперира политичката логика - ова ги поврзува двете теории во однос на позициите кон марксистичкиот историцизам, но и во однос на можните траектории за излез од марксистичките догми. Сличноста [меѓу Лаклау и Бурдије] има онтолошки последици бидејќи води кон надминување на фундационалистичките филозофски позиции, односно сугерира дека не постои фиксиран општествен фундамент (Laclau, 1990; Bourdieu, 2000). Ова според двајцата [теоретичари] не значи и дека филозофското иследување треба да се откаже од својот проект (2011, p. 128). Но, тоа што треба исто така да се нагласи, е дека влегувањето на социолошкиот проект на посттеренот,

значи и дека тој треба да ги реконфигурира своите седиментирани практики, вклучително и методолошките пристапи кон анализата. Понатаму, сличност, меѓу двајцата, има и во начинот на кој тие гледаат на структуралната лингвистика, односно начинот на кој двајцата го читаат Сосир – онтологијата на општественото е релациска, наспроти нејзиното поимање како позитивна, супстантивна природа, кое сè уште ориентира голем дел од политичките и општествените анализи (Swartz D. , 2012). Двете позиции, вели овој аргумент, прават основа за надминување на марксистичките дихотомии, предимно, дихотомијата меѓу *базата* и *надградбата* која е одговорна за марксистичкиот детерминизам, и двете се обидуваат да ги урнат дуалистичкиот имагинариум според кој општественото е поделено на „субјективни и објективни практики" (Phelan, 2011, p. 129). Понатаму, се сугерира кај Лејн „двете [теории] ја истакнуваат политичката природа на општествената практика [...] интер-пенетрацијата на моќта и знаењето" (2011, p. 129). Конечно, со оглед на тоа што дискурсот кај Лаклау е конципиран и како општествена практика, која е пак фокусот кај Бурдије, Лејн забележува дека на оваа точка исто така може да конвергираат двете теории.

Излегува, на овој начин, дека Бурдије отвора можност за артикулација на постструктуралистичките филозофски позиции и социолошкиот проект, што би отворило можности за нови парадигматски пробиви. Сепак, за да има артикулација која би имала практична смисла, мора да се направи критички увид во деталите на овие теории и особено начинот на кој тие можат да произведат компатибилни методолошки протоколи за анализа. А ова, се разбира, не е едноставен зафат, бидејќи во методолошка смисла Бурдије беше аналитичар кој се потпира на квантитативни методи, имаше сомнежи кон апстрактната теорија и имаше недоверба кон теоретизациите кои се оддалечуваат од допирот со емпиријата. Од друга страна Лаклау го презираше дескриптивизмот и позитивизмот на социолошките иследувања, бидејќи сметаше дека тој го занемарува онтолошкото ниво на анализа. Поради ова, Шон Фелан во 2011 г., се обидел, врските меѓу Бурдије и Лаклау, сугерирани од Лејн, да ги операционализира во основа за анализа, која ќе ги артикулира теоријата на дискурсот и теоријата на полињата (Phelan, 2011).

Анализата на Фелан се однесува на „медиумското поле" и „новинарското поле" сфатени како неолиберален седимент – овој концепт, "седимент" оригинално воведен од Хусерл, видовме е употреблив и кај Бурдије во неговата теорија на полето и кај Лаклау, кога тој зборува за „институциите" како седиментирана (дискурзивна) практика.

Фелан вели дека ваквата анализа прво би морала да се фокусира на она што Бурдије го нарекува „мета-поле на моќта", бидејќи ефектите на неолиберализација се нееднакво дистрибуирани на цел спектар општествени полиња. Потоа, второ, пристапот на теоријата на полињата би бил да се испита како „диспозициските тенденции на медиумските демократии биле неолиберализирани, земено и од перспектива на поведението на новинарското кон политичкото поле, но и обратно" (Phelan, 2011, p. 137). Трето вели

динамиката меѓу полињата треба да се набљудува низ призмата на концептот на „симболичко насилство". Според Бурдије „симболичко насилство" е нешто што е скриено и не - воочено, нешто во што доминираната страна со-учествува (Bourdieu, 2000, стр. 171) „бидејќи тоа неа ја конструира" (Phelan, 2011, p. 137).

Фелан потоа се осврнува кон начинот на кој Лаклау гледа на прашањето на *идентитетот* и на *универзалното* – односно, како од една страна неговиот концепт на *идентитет* е ставен во опозиција со строгиот *универзализам*, но истовремено и како *универзализмот* е клучен за неговата теорија на идентитетот но и како неговата позиција не запаѓа во релативизам отфрлајќи ја концепцијата за универзализам. Клучот на ова разбирање е повторно концептот на хегемонија. „Концептот на хегемониска универзалност на Лаклау, вели Фелан, „го позиционира универзалното како 'тенденцијално празно', хоризонт кој е исполнет како последица на хегемониската борба меѓу различните дискурси" (Phelan, 2011, p. 129). Кога Лаклау зборува за универзализам тој зборува за неуспешен универзализам – во смисла на тоа дека невозможноста тој да се затвори во целовитост станува негова „онтолошка состојба" – бидејќи кога универзализмот би имал затворање во тоталност и целовитост тоа би бил крајот на политичкото „бидејќи би ја негирал несводливата негативност впишана во сите објективни општествени практики и идентитети" (2011, p. 129).

Токму на оваа точка, во моментот на блискост на „хегемониската универзалност" на Лаклау и "стратегиите на универзализација" на Бурдије, Фелан гледа можност за развој, иако признава дека концепцијата на Бурдије за универзалноста би можела да ја проблематизира позицијата според која таа е „тенденцијално празна", тврдејќи дека таа треба да се изедначи со институционализацијата на историски произведените услови на полето кои се поврзани, особено, со дејственоста на државата, која тој ја опишува како „место на универзалност" (Phelan, 2011, p. 130; Bourdieu, 2000, стр. 124). Затоа Фелан предлага:

> "[…] сакам да сугерирам дека инсистирањето на Лаклау на универзалност заснована на онтолошкиот примат на политичката и радикалната контингенција, може да се артикулира на кохерентен начин со позицијата на Бурдије за општествената практика. Основната теоретска придобивка е тоа што таа дава поостар концептуален акцент на сопствените согледувања на Бурдије за политичката конституција на општествената објективност. Методолошката вредност, од перспектива на медиумската политика, е тоа што го фокусира појасно вниманието на тоа како се хегемонизирани новинарското поле и хабитусот и поширокиот збир на односи во полето во кои тие се вградени" (Phelan, 2011, p. 130).

Фелан овде го препознава моментот во кој може, не запаѓајќи во есенцијализам, да се конструира општествена теорија на хегемонијата која би можела да го третира на позадоволителен начин проблемот на седиментација на никогаш не затворен универзализам, кој кај Лаклау е видлив, но не е целосно елабориран.

Уште еден пример на обид за артикулација меѓу двајцата теоретичари е студијата на Дејвид Хосон *Социологија на постмарксизмот* објавена во 2017 г. (Howson, 2017), која наместо да стигне од Бурдије до Лаклау, зема обратна траекторија. Посочува дека концептот на дискурс кај Лаклау ги опфаќа и реторичките апарати и општествената пракса и така не само што може да го анализира политичкото туку може да го анализира и општественото, не само антагонизмот, туку и седиментацијата. Хосон предлага дека концептот на социјален капитал кај Бурдије е плодна траекторија по која може да се вкотви Лаклау во некаков тип емпириска втемеленост.

Оваа анализа поврзана со артикулацијата меѓу Лаклау и Бурдије ќе застане овде – бидејќи од една страна воочува дека има доволно аргументи кои ја поткрепуваат теоретската теза за артикулација, но од друга страна не може однапред да претпостави дека таа е нужна во овој момент. Така, теоретскиот зафат на детална артикулација ќе треба да биде направен во друг проект откако овдека ќе ги експлоатирам во строга смисла концептите на Лаклау за да дизајнирам истражувачка стратегија за социополитичките процеси на конструкција на политички идентитети во едно историско раздобје во Македонија.

За ова има повеќе причини – во *прв ред* поради тоа што, авторите кои ги анализирав, не се осврнале на дистинкцијата која Лаклау ја презема од Хајдегер (Heidegger, 2010 [1927]), меѓу „онтичката" и „онтолошката" димензија на Битието – односно од една страна на нивото на *актуалност*/*присуство* на тукашно-сегашна диференцијална содржина и партикуларност на елементи и постоења; и од друга страна нивото на *возможност* потенцијал за универзализација и артикулаторна хегемонизација кое е нивото на кое идентитетот е единствено возможен. Оваа, сметам, неексплоатирана дистинкција, во оваа фаза на иследувањето може да ми овозможи со навидум мала, но сепак клучна модификација на постојните „методи на општествените науки" да направам двоен гест. *Од една страна*, „нестабилно да го претставам" онтичкото ниво на „репрезентација" на елементите на дискурзивните диференцијални конфигурации – односно да ги идентификувам општествените барања и да воочам на кој начин диференцијално се конструира нивното значење, или во какви конфигурации се појавуваат тие и во кои спацио-темпорални позиции се привремено фиксирани. Но, *од друга страна* - користејќи деконструктивна стратегија – попрецизно користејќи дискурзивно аналитички пристап дериван од теоријата на дискурсот, да го анализирам онтолошкото ниво, новото на *возможност*. Ова е, сметам исправно, бидејќи не постои начин да му се пристапи на онтолошкото без увид во хетерогеноста на онтичкото. Или како што вели Лаклау во текст ко-авториран со Лилијан Зак: "*Присуствовенствувањето*[14] и она што е присутно, онтолошкото

[14] Овој термин е скован за да го опфати значењето на Presencing. Допуштам дека и друг превод би функционирал подобро во оваа ситуација.

и онтичкото, се непоправливо поделени, но ова има двојна последица: првата е дека онтичкото никогаш не може да биде затворено; втората е дека онтолошкото може да се покаже себе си единствено преку онтичкото“ (Laclau & Zac, 1994, p. 30). Тенденцијалната празност на возможноста која ја означува неодлучната отвореност на процесот на конструкција на идентитет овде е претпоставена. Овој извадок од текст на Славој Жижек убаво го илустрира тоа:

> “’Светствувањето на светот’ [кај Хајдегер] означува точно ‘свет во своето настанување’ во својата можност, што не треба да се замисли како модалитет на актуалност која е фелерична: онтолошката разлика е разликата меѓу (онтичката-актуалност и нејзината (онтолошка) возможност, односно тој вишок на возможност кој се губи во моментот кога возможноста се актуализира себе си. На друго ниво, ‘уредувањето на [политичкиот] поредок’ може да се каже дека го означува ‘отворениот‘ процес на формирање нов поредок, „немирот на настанувањето“ (епитомизирана, во случајот на Романија, со дупката во центарот на нејзиното знаме, претходно окупиран од црвената ѕвезда - Комунистичкиот симбол) кој исчезнува, станува невидлив, во моментот кога се воспоставува нов поредок преку појавата на нов Главен-Означувач“ (Žižek, 1994, p. 74)

*Втората*, причина за решението што го правам е теоретската и истражувачка претпазливост. Аргументите за де-есенцијализација на Бурдије се, сметам солидни, но дел од неговиот вокабулар е сè уште структуралистички, како кога употребува концепти како *систем* или *структура*. Потребно е посебно иследување за да се деконструира нивното значење. Истовремено, возможно е патот кој ја базира анализата предимно на Лаклау е повторно да одведе до моментите на седиментација и институција на Бурдијевоски замислените полиња и до социјалната конструкција на хабитусот – но тоа би бил a posteriori ефект на ова иследување, наместо a priori методолошка позиција. Кога го велам ова, исто така треба да нагласам дека студијава имплицитно ги прифаќа онтолошките аспекти на *Теоријата на полето* – полињата на Бурдије ги разбира во Лаклауовска смисла како „седиментирани општествени практики“ чија конституција и реконституција е овозможена преку политичката логика и конститутивен антагонизам во хегемонизирањето идентитети. Консеквентно, иако пристапот кој го заговарам овозможува увид во тоа како на пример некои хетерономни полиња, како „полето на општественото движење“ доживуваат инфлација и дефлација, сепак, и ова е мојот омеѓен иследувачки лимит, таа не го анализира во детали широкиот социополитички терен на реконфигурација за време на историското раздобје кое е негов фокус. Конечно, треба да се нагласи дека студијава не ги анализира *телата* или пак конфигурацијата на тела во овие „полиња“, туку го анализира *дискурсот* чија политичка логика ги пробива седиментираните граници.

Во ова прво поглавје, прелиминарно ја претставив леќата низ која оваа студија ќе го гледа социополитичкиот контекст на чиј терен меѓу 2006 и 2017 г. се манифестираа повеќе општествени движења, кои на различен начин успеваа да ги артикулираат ослободените општествени барања. Исто така, ја изложив, накусо, релевантната литература која се

занимава специфично со историското раздобје кое ми е овде во фокусот, и при тоа ги издвоив карактеристичните аналитички претпоставки на дел од оваа литература. Ова имаше аналитичка цел – да ги изложам на прелиминарен притисок есенцијалистичките и детерминистички премиси на таа литература што го отвори полето да ја позиционирам оваа студија на постструктуралистички терен – операција која се обидува да ги артикулира потребата од социолошка ригорозност во истражувањата и постфундационалистичките премиси на постструктурализмот. Оваа операција, се надоврзува не неколку обиди за ваква артикулација направени последниве десетина години и се обидува да го отвори теренот за соодветни операционализации - предуслов за едно иследување.

Во второто поглавје, правам преглед и критичка анализа на спектарот дефиниции за концептот „општествено движење“, конструирани и операционализирани во доминантните теории, од средината на 1900-тите наваму, почнувајќи од она што некои автори го обележуваат како (i) *„традиционални (или класични) теории за општествените движења“*; потоа корпусот познат како (ii) *„теории на колективната акција“*; и конечно моделите кои во отсуство на хомогенизирачка нишка станаа познати како (iii) *„теории на новите општествени движења“*. Ги дискутирам аргументите на повеќе автори кои тврдат дека овие три теориски корпуси се наоѓаат на различни парадигматски терени поради што нивната артикулација или помирување е невозможно, како и аргументите на други автори кои го тврдат спротивното – односно дека меѓу сите овие теориски генуси има заеднички содржатели. Се обидувам да деконструирам овие позиции развивајќи ги аргументите возможноста на постструктуралистичката социологија преку анализа на традиционалните социолошки прашања поврзани со макро- и микронивоата на анализа и прашањата поврзани со дејственоста и структурата. Во ова поглавје исто така правам ограничена археолошка операција на разгледување на социолошките аналитичките категории кои транс-историски ги информираа социолошките истражувања обидувајќи се да утврдам кои од нивните премиси, сметам дека се употребливи во постструктуралистичкото свртување.

Ова верувам ќе го расчисти теренот за операционализација на моите позиции и затоа во третото поглавје ја презентирам методологијата која го води моето истражување: ги дефинирам истражувачките прашања и цели, правам преглед на литературата која во различни дисциплини (не единствено социологијата) се обидува да го примени методот на артикулација, го дефинирам примерокот од каде што ја повлекувам граѓата за истражувачкиот проект и го објаснувам протоколот за собирање податоци и протоколот на нивна анализа.

Во четвртото поглавје ја презентирам анализата на истражувачкиот процес која го опфаќа историското раздобје меѓу 2006 и 2017 година, кое се поклопува со подемот и падот на груевистичката влада во Скопје. Анализата се однесува на хетерогеноста на барања и идентитети во социополитичкиот простор во тоа раздобје. Оваа аналитичка операција ми помага да фрлам поглед на широк спектар социополитички процеси на фонот на кој се

одвиваа до тогаш непосведочени артикулативни практики на повеќе манифестации на општествени движења. Ова, се надевам, ќе ми помогне да понудам подобро разбирање за тоа зошто некои артикулации во тоа раздобје *не се* случија и како се случија артикулациите кои *се* случија. Дополнително анализата, се надевам, ќе може да утврди зошто антирежимското движење ги дезартикулираше моментите кои привремено ја овозможија хегемонизацијата на празниот означител *Правда* – односно како овој означител беше овозможено да биде повлечен во неолиберална орбита.

Конечно во петтото поглавје ја заклучувам студијата со некои контрафактуални забелешки, кои преку анализа на возможноста за стабилизирање на нови субјектни позиции можат да фрлат дополнително светло на прашањето на политичките идентитети во седиментацијата на македонскиот социополитички простор.

# II. Концептуална дискусија

## II. 1. Кон постструктуралистичко маркирање во социолошката теорија

- *а. за проблемот на дефиницијата и теориската конвергенција*

Трансформациите на теориските пристапи и на истражувачките програми за анализа на она што може да се нарече *општествено движење*, произведоа мноштво дефиниции за концептот. Овој истражувачки домен, особено по војната, стана толку разгранет, што уште во раните 1970-тите почнаа да се појавуваат изобилство критички прегледи на нејзините суб-домени (Marx & Wood , 1975; Oberschall, 1978; McPhail & Wohlstein, 1983; Jenkins, 1983; Moris & Herring, 1987 [1984]; della Porta & Diani, 2006 [1998]; Opp, 2009; Buechler, 2011) (Martin, 2015; Almeida, 2019). Врз основа на оригиналната, како и врз основа на оваа мета-литература, тука концизно претставувам дефиниции понудени во неколку доминантни теории, од средината на 1900-тите наваму, почнувајќи од она што некои автори го обележуваат како (i) *„традиционални (или класични) теории за општествените движења“*[15]; потоа корпусот познат како (ii) *„теории на колективната акција“*[16]; и конечно моделите кои во отсуство на хомогенизирачка нишка станаа познати како (iii) *„теории на новите општествени движења“*[17].

Целта на оваа вежба е да овозможи прво да ги изложам на притисок некои од клучните концепти на овие три корпуса, и потоа од таа позиција да го презентирам теренот на кој ги поставувам своите аналитички претпоставки.

Во концептуалната рамка на *Теориите на колективно однесување*[18]*,* општествените движења се остро диференцирани од институционалните структури и аранжмани: општествените движења кај овој генус теории е дистинктивен тип *колективно однесување* различен или спротивен на организациското или *институционалното однесување (види* (Turner & Killian, 1987 [1957])). Движењата, од колективните бихевиористи, биле разбрани како неинституционален притисок за општествена промена. Неколку парадигматични дефиниции на теоретичарите во оваа рамка, го поткрепуваат ова тврдење: Херберт Блумер, на пример, еден од основоположниците на интеракционистичкиот фокус во колективниот бихевиоризам, на општествените движења гледа како на „колективни зафати за воспоставување нов животен поредок [*кои на почетокот се*] аморфни и лошо

[15] Теориите на колективно однесување, Теоријата на релативна депривација и Теоријата на масовно општествено.
[16] Теоријата на рационална акција [Ресурсна мобилизација 1], Теоријата на организација - претприемништво [Ресурсна мобилизација 2], Теоријата на политички процес.
[17] Во оригинал New Social Movements Theories
[18] Овој корпус во оригинал е познат под името *Theories of Collective Behaviour*

организирани“ [н.з.] (Blumer, 1951, p. 199). Потоа, кај Курт и Гладис Ланг, општествените движења се дефинирани како „голема, распространета и континуирана елементарна акција насочена кон цел која на некаков фундаментален начин, влијае и го обликува општествениот поредок“ (Lang & Lang, 1961, p. 490). Според Тарнер и Килијан, општественото движење е форма на колективно однесување и според тоа, се работи за "колективитет кој дејствува со одреден континуитет за да ја промовира или пак да пружи отпор кон промената на општеството во целост или пак на групата од која е дел тој [колективитет – *н.з.*]. Како колективитет, движењето е вид група со неопределено и променливо членство и со лидерство чија позиција е одредена повеќе од неформалните реакции на членовите отколку на формалните процедури за легитимирање на авторитетот" (Turner & Killian, 1987 [1957], p. 246). На страна од оваа група Чикашки теоретичари, стои функционално-структуралистичкиот колективен бихевиоризам на Нил Смелсер според кој општествените движења се колективно однесување во кое во содејство се три експлицитно структурални фактори како (1) она што го нарекува *кондуктивност* – или степенот до кој структурата овозможува или поттикнува вон – институционално колективно однесување, (2) *општествена контрола,* односно, на кој начин структурите кои имаат институционална моќ го инхибираат или го стимулираат тоа однесување и (3) *затегнувањето* (strain) – или овозможувањето на врската на, како што вели, „неадекватното функционирање на компонентите на општествената акција“, а тие се: вредностите, нормите, мобилизацијата во организирани улоги и ситуациските детерминанти (Smelser, 1962, pp. 24-28). Врз основа на овие позиции на колективните бихевиористи, јасно е дека за нив општествените движења се континуирани, но организациски нестабилни форми на колективно однесување, кои откако ќе бидат институционализирани, престануваат да бидат предмет за истражување како општествени движења. Консеквентно, целта на оваа истражувачка програма е да идентификува зошто се појавуваат движењата и од каде тие потекнуваат, да ги анализира нивните интеракциски процеси, посочувајќи како во нивниот животен циклус тие доведуваат до општествена промена и утврдувајќи кои социопсихолошки процеси го поттикнуваат овој вид колективно однесување и обезбедувајќи критериуми за нивно класифицирање.

*Теоријата за масовното општество*[19] - струење кое имаше силен замав до 1950-тите, но, подоцна беше речиси целосно отфрлено, има спектар основни дефиниции сличен на оној на *Теориите на колективно однесување*. Така концептуалното омеѓување на Кларенс Кинг подразбира дека општествените движења се „групен потфат кој е проширен и надвор од една локална заедница или еден настан и вклучува систематски напори за да инаугурира промени во мислењето, однесувањето и социјалните односи“ (King, 1956, p. 27). За, Ханс Тох, уште еден претставник на *Теоријата на масовно општество* го дефинира концептот како „потфат на голем број луѓе за колективно решавање на проблем кој тие го

[19] Во оригинал: Mass Society Theory

чувствуваат заеднички." (Toch, 1965, p. 5). Заедничко за овие пристапи, е во тоа што сите тие ги гледаат општествените движења како ефект на масовното општество – на пример, се тврди дека масовното општество го дестабилизира општествениот поредок и со тоа ги дестабилизира формите на општествена контрола заслабувајќи ги така општествените врски, создавајќи социјална хетерогеност и културална конфузија. Според оваа линија на размислување таа „дезинтеграција“ е клучна варијабла која го објаснува појавувањето и растежот на општествените движења.

*Теоријата на релативна депривација*[20] не се фокусирала во тесна смисла на зборот, на општествените движења како такви, туку на манифестациите на насилство, циклусите на протест и револуциите. Така во концептуалното омеѓување на она што го нарекува политичко насилство - Тед Гур тврди дека истражувачката програма на која ѝ припаѓа, се фокусира на прашањето на колективен напад на една политичка единица против еден политички режим. Гур потоа, дефинира неколку типови вакви изблици кои во различна мера се еквивалентни на она што во потесна смисла може да се нарече *општествено движење* и тие се повеќе градирани класификации отколку концептуални омеѓувања: прво концептот *превирање (turmoil)* тој го дефинира како „релативно спонтано, неорганизирано политичко насилство со значајно популарно учество, вклучувајќи насилни штрајкови, немири, политички судири и локализирани бунтови“. Потоа концептот *заговор* (*conspiracy*) како „високо организирано политичко насилство со ограничено учество, вклучувајќи ги тука и организираните политички атентати, микротероризмот, герилските војни, државните удари и побуни“. Конечно поимот *внатрешна војна* (*internal war*) како манифестации на „високо организирано политичко насилство со широко распространето популарно учество, дизајнирани да го соборат режимот или да ја урнат државата кои се проследени со големо насилство, вклучувајќи тука и тежок тероризам и герилски војни, граѓански војни и револуции“ (Gurr, 2016 [1970], p. 11).

Струјата која веројатно произведе најразгранет вариетет „теории од среден опсег“ и истражувања во САД - Теоријата *на ресурсна мобилизација*[21], се тврди во повеќе извори (Moris & Herring, 1987 [1984]; Buechler, 1993; 2011), направи радикално концептуално дистанцирање од бихевиористичките, но и воопшто „традиционалните“ теории за општествените движења. Моделите на ресурсна мобилизација се појавија во седумдесеттите во неколку варијанти – така утилитаристичкиот модел од традицијата на англиската политичка економија (Smith, 1977 [1776]) и политичка теорија (Bentham, 2000 [1789]), беше увезен, со многу контроверзии, во анализите за општествените движења на теориите на ресурсна мобилизација, во таканаречениот „модел на рационална акција“ види (Olson M. , 1971[1965]; Granovetter, 1978). Овој пристап беше преокупиран со индивидуалната мотивација да се учествува во протестно движење и дилемата на

[20] Во оригинал: Relative Deprivation Theory
[21] Во оригинал: Resource Mobilisation Theory

*слободниот - јавач* според чија утилитаристичка логика, енигма е како една индивидуа се вклучува во општествено движење – ако групата која е мобилизирана е мала, таа неизоставно би проценила дека влогот да се учествува е превисок, а ако пак групата е голема, таа неизоставно би проценила дека независно од нејзиното учество, таа ќе ги ужива благодатите од општествената промена. Но, иако овој атомистички пристап, кој бил лесно увезен во социологијата, во 1960-тите уживал силна поддршка, набргу во неговата линија на размислување се појавиле струења кои повеќе се фокусирале на организирањето на општествените движења. Таканаречениот „претприемачко-организациски модел" на ресурсна мобилизација, од оригиналната верзија ја преземал идејата за рационалната природа на актерите кои учествуваат во општествените движења и под влијание на организациските теории и теориите на групите од интерес, ставил фокус, не на самите општествени движења, туку на *организациите на општествените движења*. Според Меккарти и Залд, "општественото движење е збир мислења и уверувања во рамките на популацијата, кои претставуваат преференции за промена на некои елементи на општествената структура и/или на начинот на распределба на општественото добро. Контрадвижење, е збир мислења и уверувања меѓу популацијата кои му опонираат на општественото движење" (McCarthy & Zald, 1977, p. 1217&1218). Ова подразбира дека општествените движења се сеприсутни, и оттаму славната изјава на Залд, наспроти „традиционалните позиции" - дека ресентиментите (grievances) во општествениот домен треба да се земат за даденост, тие се секогаш тука или пак може да бидат произведени од Претприемачите на општествените движења. Наеднаш оваа група теоретичари наспроти Чикашката школа и под влијание на други традиции, на општественото движење гледаат како на *постојана латентна присутност* на преференцијални структури насочени кон општествена промена. Но, бидејќи оваа дефиниција е општа и од неа произлегуваат единствено прашања поврзани со ставовите и уверувањата на определена популација, што не нуди објаснување за развојот на општествените движења, МекКарти и Залд, се вртат кон нивоата на анализа кои не биле отворени во претходните теоретски обиди - прашањата поврзани со динамиката на мобилизација, со дефинирањето на интересот на групата, со отворената манифестација на конфликт или со организациската структура на движењата. Фокусирањето на проблемот на мобилизацијата и анализата на динамиката на конкретните активности на групите за општествена промена се клучен елемент кој ја разликува оваа дефиниција на ресурсната мобилизација од бихевиористички пристапи.

Третиот модел во рамките на корпусот *„ресурсна мобилизација"*, иако произлезе од истото теоретско милје како и другите варијанти, постепено се издвои од нив. И самиот Чарлс Тили, главниот претставник на оваа позиција, тврдеше дека според начинот на кој е поставена неговата теорија, би било погрешно наведување ако за неа се користи името „ресурсна мобилизација"[22]. Теоријата за општествените движења, која стана позната под

[22] Интервју со Чарлс Тили објавено во (Moris & Herring, 1987 [1984])

името *Теорија на политички процес,*[23] не се фокусира целосно на проблемот на организациските ресурси на општественото движење, туку е насочена кон разбирање на динамиката на пошироките политички процеси во чиј контекст се одвива движењето. Тили, општествените движења ги дефинира како „серија континуирани интеракции помеѓу националните моќници и лица кои успешно тврдат дека зборуваат во име на одредена конституанта, која не е формално [*политички н.з*] претставена, а во текот на кои, тие лица јавно упатуваат барања за промени во дистрибуцијата или спроведувањето на моќта, манифестирајќи ги барањата преку јавни демонстрации за поддршка" (Tilly, 1979, p. 12). Истражувачката програма на *Теоријата на политички процес* како и другите варијанти на теориите од генусот „колективна акција", е секако заинтересирана за трансформативната динамика на општественото движење, но таа е истовремено фокусирана и на целокупната социополитичка контекстуална динамика, која на важен начин го одредува појавувањето, развојот и исходот на движењето (Tilly, 1979).

Во Европа, групата хетерогени теории кои, пред сѐ во американската, кон-себе-свртена литература, станаа познати под името *Теории на новите општествени движења* се обидуваат феноменот „да го поврзат со макро структуралните и културалните промени" (Diani, 1992, p. 5). Ален Турен, кој е еден од најекспонираните теоретичари во овие струења го дефинира општественото движење како "организирано колективно однесување на класно втемелениот актер, кој се бори против неговиот класен непријател за обезбедување општествена контрола врз историчноста во конкретна заедница" . Под *историчност*, Турен го подразбира „целокупниот систем на значење кој ги поставува доминантните правила во едно општество". Постои, според Турен, во секое општество, своевидна конфликтна хиерархија, во која има доминантен конфликт, на кој сите други конфликти му се подредени. Во индустриското општество, така, доминантен е конфликтот меѓу работата и трудот, а во постиндустриското општество конфликтот на технократите и нивните опоненти. Доминантниот конфликт според Турен е единствениот во кој може да се зборува за постење на општествено движење а за другите конфликти тој користи други имиња како суб-движење, комунитарно движење, национално движење и т.н. (Touraine, 1981; Touraine, 1985).

Во рамките на овој корпус, позицијата на Алберто Мелучи е исто така истакната. Мелучи ги дефинира општествените движења како „специфична класа на колективни феномени која содржи три димензии: Прво, тоа е форма на колективна акција која вклучува *солидарност*, односно заемно признавање на актерите дека тие се дел од една општествена единица. Втора карактеристика на општественото движење е неговата ангажираност во *конфликт*, а со тоа и во опозиција кон противник кој положува право на истите добра или вредности […] Трето, општественото движење ги *крши границите на компатибилност на*

[23] Во оригинал: Political Process Theory

*системот*. Неговите дејствија ги нарушува ограничувањата или лимитот на толеранција на системот, со што системот го турка надвор од опсегот на варијации кои тој може да ги толерира, а без при тоа да ја промени својата структура" (Melucci, 1989, p. 29).

Оваа теоретска хетерогеност, во 1980-тите и 1990-тите, била средиште на една метатеориска, повеќе може да се каже *дилема* отколку *дебата*, поврзана со можностите за конвергенција на различните концептуални пристапи и за одржливоста на нивната синтеза. На *едната страна* на оваа дискусија, Морис и Херинг (Moris & Herring, 1987 [1984]) - разгледувајќи ги концепциите за општествените движења во теоретските пристапи на марксизмот, веберовата социологија, бихевиористичките теории, теоријата на масовно општество, релативна депривација и варијантите на моделите на ресурсна мобилизација – сметале дека во ова разгрането истражувачко поле, компетитивните теоретски рамки имаат пренагласено дивергентни позиции, за да биде можна единствена концептуализација на општествените движења. Често, тврдат тие, дури и во рамките на иста истражувачка школа, постојат различни, не секогаш совмесни, дефиниции, во зависност од особените теоретски формулации на кои се засноваат тие дефиниции. Поради ова, според нив, не може да има консензус за тоа како концептуално да се дефинира општественото движење (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 2). На другата страна од проблемот, Марио Диани, тврдел дека има далеку поголема конгруенција меѓу концептуалните дефиниции за општествените движења на различните теоретски пристапи, отколку што смета општото уверување меѓу теоретичарите: така, според него, „постои заедничка нишка меѓу анализите на општествените движења, произведени во инаку многу различни интелектуални традиции" (Diani, 1992, p. 2).

Ќе ги изложам аргументите на овие две, на прв поглед, јасно спротивставени тези, бидејќи сметам дека тие овозможуваат експонирање на ранливоста на секоја од овие теории:

Целта на Морис и Херинг била, да ја евалуираат состојбата со теоријата и истражувањата на општествените движења, да утврдат дали во развојот на ова поле настанал парадигматски пресврт и да утврдат во што се состои тој пресврт – така, да посочат на, според нив, можните плодни линии за истражување во областа. Аргументирајќи ја тезата за неконгруентност на хетерогените пристапи и дефиниции, тие земаат главно три критериуми според кои ја прават проценката: (i) како различните теории го теоретизираат потеклото на општествените движења, (ii) како го анализираат нивниот развој и динамиката, и (iii) и низ каква призма гледаат на нивниот исход (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 11). Авторите, од долгата листа теории за општествените движења, прво конструираат два идеални типа за да овозможат споредба меѓу нив, а потоа во рамките на секој од двата, ги разложуваат партикуларните позиции. Така, едниот идеален тип, тие го нарекуваат „*Класични теории за општествените движења*", и низ него посочуваат кон фундаменталните истоветности меѓу *Теориите на колективно однесување*, *Теоријата на*

*масовно општество и Теоријата на релативна депривација.* Според наведените три критериуми, секоја од овој корпус теории ја споредуваат, од една страна, со идеалниот тип, а од друга страна, со другите теории од истиот тип - за да демонстрираат на пример на кој начин позициите на *Теориите на колективно однесување,* се разликуваат во погледот кон макро структурите од идеалниот тип, или пак во која смисла нивниот поглед на причините за појавата на општествените движења, се разликува од погледот на *Теоријата на масовно општество*. Истото го прават со другиот идеален тип, кои тие го нарекуваат *„Модели на ресурсна мобилизација"*, конструкт кој ги типизира *Теоријата на рационална акција*[24], *Организациско-претприемачката теорија на ресурсна мобилизација*[25] и *Теоријата на политички процес*. Еве ги нивните аргументи:

i. *Класичните теории*, според нивната идеално типска конструкција, како фактори за појавата на општествените движења, ги издвојуваат брзите општествени промени, кризите и слабеењето или распаѓањето на општествените врски. Соодветно на ова, за класичните теории однесувањето во општествените движења е еден вид колективно однесување, кое фундаментално се разликува од она што авторите го нарекуваат „конвенционално" однесување, поради тоа што тоа е водено од когнитивни одлуки кои извираат во невообичаени ситуации. Општествените движења, така, според овие теории, не се водени од рационално расудување. Спротивно, моделите на *ресурсна мобилизација*, во идеален тип, доминантни причини за појавата на општествените движења гледаат во барањата за задоволување на интересите на групата, кои не може да се обезбедат низ легитимни или вообичаени политички процедури. Според оваа идеална конструкција, тие сметаат дека однесувањето на индивидуите во општествените движења не се разликува битно од конвенционалното однесување и дека тоа е водено од институционални и организациски фактори.

Овој контраст меѓу двата корпуса, меѓутоа, тврдат авторите, е усложнет поради фактот што и меѓу теориите во секој од нив, има извесни важни несовпаѓања. На пример колективните бихевиористи од Чикашката школа, во основа се согласуваат дека колективното однесување извира од некој тип структурален прекин, кој индуцира неинституционален одговор на „пукнатините во општествената структура" (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 12). Но, нема конвергенција околу тоа што се случува „откако структурата ќе се распадне" (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 13). Изворните колективни бихевиористи како Блумер, зборуваа за таканаречена „циркуларна реакција" која е совмесна со неговата идеја за однесувањето во движењата како „невротично однесување". За најзрелата формулација на колективниот бихевиоризам – Тарнер и Килијан пак, колективното однесување, по структурниот расцеп, е водено од својствата на општествената структура, што тие ги нарекуваат „извирачка норма" (Turner & Killian, 1987 [1957]). Оваа *извирачка норма* што го

[24] Позната и како *Ресурсна мобилизација 1 види* (Buechler, 2011).
[25] Или *Ресурсна мобилизација 2* (Buechler, 2011)

води општественото движење, забележуваат Морис и Херинг, „создава чувство на обесправеност“ или со зборовите на Тарнер и Килијан, „витално чувство дека некоја востановена практика или начин на мислење се погрешни и мора да бидат сменети“ (Turner & Killian, 1987 [1957]). Колективниот бихевиоризам на Смелсер, познат како *Теорија на структуралното напрегање,* во фокусот на објаснувањето на појавата на општествените движења поставува макро (структурално - функционалистички) елементи. Наместо „индивидуалното напрегање“[26] карактеристично за позициите на Чикашката школа, Смелсер зборува за колективно „структурно напрегање“[27]. Колективното однесување, како појавата на општествените движења, може да се објаснат со начинот на кој *структурните варијабли* - кои за Смелсер ги објаснив погоре - *интерактираат со елементите на општествената акција*[28]. Поради овие елементи, чикашките бихевиористи водеа спор со сите позиции кои аргументираа дека теоретичарот од Харвард, Смелсер, има колективно - бихевиористички теориски основи.

Разидувања за ова прашање има, според Морис и Херинг, и во рамките на *Моделите на ресурсна мобилизација*. Теоретичарите на рационална акција, велат авторите „ја отфрлаат идејата дека движењата се резултат на расцеп, релативна депривација, ирационални мотивации и раст на нивото на ресентименти. Наместо тоа, движењата се појавуваат бидејќи индивидуите и групите прибегнуваат кон партиципација во активностите на едно движење за да ги остварат своите интереси“ (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 28). Оригиналната формулација на овој идеен корпус, меѓутоа, има нагласено индивидуалистичка аргументација. Според неа, појавата на некое движење е детерминирано од процената на индивидуите за трошоците и бенефитите (costs and benefits) од учество во движењата. Така, без воведување организациски или институционални варијабли оваа струја не можела да го реши, она што Олсон го нарекува проблем на *слободниот јавач*[29] (Olson M. , 1971[1965]). Затоа, прифаќајќи ги основните премиси, но дистанцирајќи се од целосно атомизираниот поглед на проблемот, теоретичарите на ресурсна мобилизација го развиле организациско-претприемачкиот модел според кој движењата едноставно претставуваат преференции во рамките на популацијата, кои за да бидат манифестирани мора да постои организација. Затоа според нив, анализата мора да се сврти кон корпус конкретни индивидуални и групни актери со различен тип вложени интереси. Движењата се вообичаени појави и се сѐ-присутни, бидејќи сѐ-присутни се и *преференциите за промена*, кои можат да бидат мобилизирани низ дејствувањето на мезо- општествените структури – *веќе постоечки* индивидуални и

[26] Individual strain
[27] Structural strain
[28] Вредностите, нормите мобилизацијата во организирани улоги и ситуациските детерминанти
[29] The free rider dilemma

колективни актери кои можат и да ги произведат ресентиментите онаму каде што тие можеби и не постојат.

Иако произлегуваат од истиот епистемиолошки контекст како и другите теории на ресурсна мобилизација, теоретичарите на *политичкиот процес* не ги гледаат движењата ниту нивната организација како основни единици на анализа. Повеќе ги анализираат различните форми на колективна акција кои го сочинуваат, велат авторите цитирајќи го Тили, „редовниот процес на борба". Овој „редовен процес на борба" – во основа политички процес – има различни манифестации. Некои од нив се уредени и структурирани, а некои не се тоа. Движењата во оваа смисла се појавуваат, според теоретичарите на политичкиот процес, кога во опортун политички момент, предизвикувачите (односно групите во движењето), *се исклучени од политичката единица* и консеквентно немаат лесен и евтин пристап до ресурсите контролирани од владата. Така нивните интереси не можат да бидат задоволени низ операциите на вообичаените политички канали. „Колективната акција и нејзините придружни тактики се средствата на групите кои рационално се обидуваат да ги задоволат своите интереси. Борбата за моќ меѓу членовите на политичката единица и предизвикувачите е таа што го овозможува појавувањето на колективната акција" (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 40).

ii. Морис и Херинг гледаат елементарни разидувања и во поглед на начинот на кој класичните теории од една страна, и моделите на ресурсна мобилизација од друга, гледаат на *развојот и динамиката* на општествените движења. Ова доаѓа од различните концепции, за она што може да се нарече *природа на учесниците* во движењата: класичните теории на општествените движења - според конструираниот идеален тип на авторите - градат аргументи врз претпоставката дека учесниците во нив се ирационални, алиенирани и под голем психички стрес; дека тие учествуваат за да ја намалат фрустрацијата и да го реконституираат општествениот поредок; а растот и ширењето на движењето го објаснуваат низ поими како зараза, животен циклус, циркуларна реакција, дифузија или извиричка норма. Соодветно на тоа, *класичните теории* воопшто не посветуваат внимание на стратегизирањето во општествените движења, а прашањето за организацијата кај нив не е централна категорија, туку на него се гледа како на исход од колективното однесување надвор од опсегот на теоријата на општествените движења. Речиси целосно спротивно, авторите за ресурсната мобилизација во идеалниот тип конструиран од Морис и Херинг, велат дека парадигмата оперира врз претпоставката дека учесниците во општествените движења се рационални и добро интегрирани членови на организации и заедници кои некогаш се и идеолошки ангажирани; дека тие учествуваат за да остварат дефинирани групни и индивидуални интереси; растот и ширењето на движењата го објаснуваат низ анализа на динамиката на мобилизацијата, јакнењето на мрежите, акумулацијата на ресурсите и користењето стратегии и конкретни тактики. Моделите на ресурсна мобилизација посветуваат големо внимание на стратегизирањето во општествените

движења бидејќи врз основа на стратегиите ги прават своите хипотези, а организацијата на движењата, според нив, постои и пред мобилизацијата и користи за остварувањето на целите.

И според вториот критериум, и во рамките на идеалните типови има важни несовпаѓања меѓу пристапи од ист генус, но има и сличности меѓу разнородни пристапи. Колективниот бихевиоризам е социопсихолошка теорија во основа, вкотвена во општествениот интеракционизам. Според верзијата на чикашката школа на колективниот бихевиоризам, тврдат Морис и Херинг, општествените структури немаат постоење независно од нивното субјективно значење кое им го придаваат општествените актери. „Симболичките интеракционисти се фокусираат на процесите според кои актерите континуирано конструираат значења преку општествените интеракции, кои пак ја создаваат основата на човечката акција“ (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 11). Затоа, според нив, општествените појави, какви што се општествените движења не можат да се опфатат со позитивистички пристап туку преку темелни дескрипции и синтетизирачки концепти – концепти, меѓутоа, кои извираат од значењето што актерите им го припишуваат на процесите. Затоа, на пример, Блумер им се противи на сите пристапи кои “го игнорираат клучниот процес преку кој актерите ги обдаруваат со значење, силите кои дејствуваат врз нив и врз нивното однесување” (Ritzer, 2010 [1983], p. 354). Но, чикашките теоретичари, според Морис и Херинг од една страна сметаат дека секојдневното конвенционално однесување е водено од претходни организациски структури и култура, но не го велат истото за колективното однесување – колективното однесување напротив, не е базирано на некое заедничко разбирање за правилата и нормите, туку се појавува кога е потребно за да се пресретне неструктурирана или недефинирана општествена ситуација.

Што открива ова за природата на учесниците и природата на интеракцијата во општествените движења? Бидејќи во вакуумот кој е создаден со декомпозицијата на претходните структури, индивидуите, според овие теории, губат ориентација или се во потрага по ново значење - динамиката и развојот на општествените движења зависат од контингентни нерационални психолошки фактори. Затоа, на пример, во класичната формулација, Блумер тврди дека однесувањето карактеристично за општествените движења е хаотично и неконзистентно и дека „во својата акутна форма наликува на невротично однесување“ (Blumer, 1951, p. 171).  Оваа линија на размислување е карактеристична и за *Теориите на масовното општество* иако, според Морис и Херинг, „за теоретичарите на масовното општество, е помалку веројатно, отколку за колективните бихевиористи - да ги истражуваат директно, општествените движења и нивната динамика. Наместо тоа, тие ги анализираат својствата на општествата, ги специфицираат ‘карактеристиките на личноста’ и психолошките состојби кои тие општества ги произведуваат, и нудат објаснувања на кој начин овие фактори создаваат движења“ (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 7). Сличен поглед имаа и корпусот *Теории на релативна депривација*. И тие на општествените движења

гледаат како на феномен од рангот на паниката, толпата, нередите, сектата, култот и слично – како што покажав погоре со дефинициите на Гур. Фокусот на *теориите на релативна депривација* ставен на генезата на политичко насилство, но според Морис и Херинг, тие не се фокусираа на *динамиката* на насилството. Тие се фокусираат на политичкото насилство, но не ги разгледуваат другите форми на политички процес (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 8). Овој корпус така е поврзан со теоретичарите на толпата од 1800те - индивидуите во колективно однесување се под влијание на „зараза“, „имитација“, „сугестибилност“ итн. А динамиката на движењата се одликува со спонтаност и емоционалност.

Но, во рамките на овој корпус, позицијата на пример на Тарнер и Килијан, кои се важни претставници на колективниот бихевиоризам, ја отфрла претпоставката дека колективното однесување е ирационално или емоционално, што пак има последици и врз анализата на динамиката на развој на општественото движење. Теоретизирањето на „извирачката норма“ кај нив има извесен структурен квалитет. Нивниот пристап, според Морис и Херинг, сугерира дека колективното однесување не се разликува многу од организираното однесување, иако тие не ги поврзуваат развојот и динамиката на општествените движења, експлицитно со претходно постоечките организациски или институционални структури. Овие теоретичари прифаќаат дека организацијата и тактиката се важни за развојот и ширењето на општествените движења, но дека тие како фактори не се централни (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 14). Според симболичките интеракционисти, целите и барањата на движењата се во постојана трансформација и еволуција во рамките на процесите на интеракција меѓу учесниците. Ова произлегува од позициите дефинирани уште рано од првата Чикашка школа и Парк кој го замислуваше општеството како „лабав систем на акомодација, а не како функционално интегриран систем“[30]. И ова е точно фундаменталната точка на разидување на чикашкиот бихевиоризам и оној на Смелсер, според авторите - Смелсер оперираше со логиката на Талкот Парсонс во обидот да ја искористи „големата теорија“ на структуралниот функционализам, за да направи теоретска синтеза за колективното однесување (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 17). Истовремено, Смелсер слично - но не целосно исто - со Тарнер и Килијан, не гледал дискретна разлика меѓу таканареченото колективно и конвенционално однесување и низ таа призма, динамиката во општествените движења ја гледал низ истата призма како кој било друг социолошки релевантен феномен кој вклучува општествена интеракција. Но, она што го поврзува Смелсер со дел од чикашките бихевиористи е, тврдат авторите, аргументацијата дека општествените движења се развиваат низ фази на животен циклус и дека претходно-постоечки или новосоздадени организации го овозможуваат растот и ширењето на движењата – всушност Смелсер правел разлики во улогата што ја играат претходно постоечките, од онаа што ја имаат новосоздадените организации, во мобилизирањето и

[30] Интервју со Ралф Тарнер (Ralph Turner) цитирано од Морис и Херинг (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 18)

динамиката на движењата. Сепак, главниот аргумент му е дека „структуралното напрегање“ и „генерализираните уверувања“ се вистинската сила зад општествените движења и дека тие се овозможени од организации и нивните лидери (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 19). Под *генерализирани уверувања* Смелсер не подразбира рационални мотивации, туку напротив, верувања во исклучителни сили кои според него се сродни со магиските уверувања“. Според Морис и Херинг овде Чикашките бихевиористи ја отфрлаат формулацијата на Смелсер бидејќи сметаат дека тоа го враќа Ле Бон во средината на аргументот.

Вториот критериум на Морис и Херинг, детектира дивергентност и кај моделите на ресурсна мобилизација. *Теоријата на рационална акција*, ја објаснува динамиката на развој на општествените движења низ индивидуалистичко-рационални концепти: индивидуите партиципираат во развојот на движењето доколку утилитарните калкулации ги водат кон заклучокот дека преку успехот на движењето тие ќе го остварат својот интерес. Но, бидејќи ова брзо во теоријата на општествените движења наишло на ќорсокак[31], од оваа „рационалистичка“ линија на размислување се развил претприемачко-организацискиот модел (РМ2), кој пак фокусот го става на претходно постоечки организации и институционални милјеа, и на тој начин тврди дека ја решава дилемата на слободниот јавач и објаснува како се развиваат општествените движења. Според МекКарти и Залд, во оваа насока, постои организациски и институционален апарат кој овозможува општествените движења да се развијат во таканаречен *Сектор на општествени движења* (SMS’) кој се состои од сите *Индустрии на општествените движења* (SMIs) без оглед на тоа за кое општествено движење тие се „закачени“. Во општествените движења пак, оперираат различни *Организации на општествените движења (SMOs)*. Во овие организации според МекКарти и Залд, оперираат *Претприемачи* кои треба да мобилизираат ресурси и да ги дефинираат или да ги создадат ресентиментите кај потиснатите групи. Овие структури, според организациско претприемачкиот модел се водат од вложените интереси и се одговорни за манифестацијата на општествените движења и така се одговорни за развојот и динамиката на движењата. За динамиката на движењата Претприемачите се исклучително важни, според овој пристап, бидејќи тие или ја креираат или пак ја претставуваат каузата на движењата, додека истовремено ја креираат Организацијата која го предводи застапувањето за оваа кауза. Организациите на општествените движења, се според овој пристап, професионални носачи на активностите на движењата – тие ги мобилизираат, ги регулираат и ги насочуваат ресурсите со кои располагаат рационалните учесници, тие се состојат од мала група Претприемачи, со многу мала база на членови, кои немаат база на

[31] Овој пристап беше критикуван затоа што претпоставува дека рационалните актери во движењето имаат *целосна информација* врз основа на која можат да ги дефинираат своите интереси, дека тие *секогаш* без исклучок дејствуваат на начин што ја максимизира добивката од некоја кација, а згора на тоа тие не објаснуваат како индивидуите се собрани во група за да формираат општествено движење и критикувани се за тоа што за група тие го сметаат секој примерок од некоја популација која се наоѓа под ризик (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 29).

ресурси, но знаат како да ја мобилизираат и кои се способни да ги зајакнат или да ги произведат и да манипулираат со ресентиментите на учесниците. Од овие структури и, сугерира овој пристап, од нивната успешност да мобилизираат ресурси, зависи динамиката на движењата. Според Морис и Херинг главната порака на овој модел е дека „растот и ширењето на модерните движења се функција на општественото богатство кое им е достапно на *Организациите на општествените движења SMOs*, на Индустриите на општествените движења и на Секторот на општествените движења.

*Теоријата на политички процес* која во својата основа е поврзана со моделите на ресурсна мобилизација дава пософистицирано образложение за детерминантите на динамиката на општествените движења. Гамсон, на пример, објаснувајќи го моделот се фокусира на политичкиот конфликт и според него општествените движења треба да се третираат како динамика на класичен конфликт меѓу бунтовниците и властите[32]. Според Тили, колективните бихевиористи направиле грешка кога општествените движења ги ставиле во истата група со толпите, паниките, сектите. Според него поточно е да се каже дека динамиката на општествените движења има повеќе сличности со феномени како војните или револуциите[33]. Причините за големото значење на хаотичните и насилни тактики некогаш карактеристични за општествените движења се, според овие теоретичари, присутни поради исклучувањето на предизвикувачите од нормалните текови и уделот во уживањето на добрата на политичката единица. Значи исклучените интереси на групите кои го сочинуваат движењето се катализатор, а за нивната динамика важни се општествените структури и процеси кои им овозможуваат на предизвикувачите да ги остварат своите интереси низ колективна акција (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 41). Теоретичарите на политичкиот процес, организациите на општествените движења повеќе ги замислуваат како инфраструктура на движењето, отколку како формални организации – како што тоа повеќе го правеа припадниците на претприемничко – организацискиот модел. Конечно во контекст на динамиката на општествените движења, *Теоретичарите на политичкиот процес* се фокусираат на поврзаноста меѓу мобилизациските процеси на групите во движењето и нивните претходно постоечки структури и ресурси – зголемувањето на организацискиот и ресурсниот капацитет на движењата, во комбинација со мобилизациските процеси и тактики ја детерминира нивната динамика и воопшто одржувањето на колективната акција.

iii. Конечно, разидувања има и во поглед на начинот на кој класичните теории од една страна, и моделите на ресурсна мобилизација од друга, ги теоретизираат *исходите* на општествените движења. Во идеалниот тип, класичните теории тврдат дека исходот на општествените движења зависи од непредвидливи појави кои ги засилуваат или ги инхибираат протестните манифестации или зависи од тоа што се случува во моментот во кој тие се наоѓаат во нивниот природен тек – животен циклус. Спротивно, според ресурсната

[32] Интервју со Вилијам Гамсон (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 40)
[33] Интервју со Чарлс Тили (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 40)

мобилизација исходите зависат од природата на дефинираните цели, организацијата, стратегиите, опортунитетните структури, моќта на репресивните сили.

Разбирањето според кое врз динамиката на движењата влијание имаат контингентни фактори во чија динамика учествуваат ирационални „невротични“ индивидуи, според Морис и Херинг, ја прави анализата на исходите на општествените движења кај класичните теории невозможна. Успехот или неуспехот на движењата не може целосно да биде предвиден доколку тие се замислени како постојано нестабилни. Затоа, според авторите, колективните бихевиористи го насочиле вниманието настрана од проценета на исходите бидејќи на движењата и учесниците гледале, како што велат, како на „креативни жртви на една флуидност и менувачки реалности, а не како на некои кои ги контролираат тие процеси“ (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 16). Структурално-функционалниот колективен бихевиоризам на Смелсер пак, според авторите, варијаблата за социјалната контрола со која ги објаснуваат исходите од општествените движења, ја гледаат „исклучиво во тоа како властите го блокираат или го спречуваат колективното однесување“ (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 19)

Како и кај сите економицистички инспирирани теории, *Моделите на ресурсна мобилизација* имаат предвидувачки амбиции – во нивниот универзум има специфичен сет варијабли базирани на структурите што погоре ги опишав (изнесени од МекКарти и Залд), врз коишто може да се предвиди, според нив, дали едно движење ќе биде успешно или не. Се разбира дефиницијата за успех тука е рационалистичка и позитивистичка, во смисла на тоа дека за претприемачко-организацискиот модел, движењето има утврдени и стабилни цели чие исполнување го дефинира успехот. Од една страна, исходот во оваа смисла, е детерминиран од напорите на малите професионални организации на движењата и од операциите на Претприемачите, а не од типот и интензитетот на ресентиментите или барањата на групата. Од друга страна, успехот е детерминиран од индивидуалци и организации надвор од тесниот круг на движењето, кои имаат клучно значење во обезбедувањето на опипливите ресурси (Moris & Herring, 1987 [1984]).

*Теоретичарите на политичкиот процес* се фокусираат на анализа на организациските и тактичките избори кои учесниците во движењата ги прават како детерминанти на исходот. Изборите вклучуваат и одлуки за тоа дали да применат умерени тактики или насилство за да ги остварат целите. Во комбинација со овие фактори – прашање за теориите на политичка мобилизација исто така е дали целите на групата се радикални или ограничени – овој избор според Морис и Херинг детерминира до кој степен властите ќе употребат репресивни мерки против групата.

Со една реченица аргументите на Морис и Херинг, сугерираат дека теориската хетерогеност е непомирлива и според тоа не може да се доведе на совместен терен.

Диани (Diani, 1992), од друга страна, аргументира дека меѓу пристапите кои вообичаено се смета дека оперираат во различни парадигми има елементарни совпаѓања поради кои е возможно да се синтетизира една дефиниција за општествените движења, која, сепак, нема да ѝ наштети на истражувачката програма[34]. Во неговата синтетизирана дефиниција „[е]дно општествено движење е мрежа од неформални интеракции помеѓу мноштво индивидуи групи и/или организации, ангажирани во политички или културален конфликт, засновани на споделен колективен идентитет" (Diani, 1992, p. 13).

Тој ја прави оваа синтеза оттаму што тврди дека доминантните теориски пристапи во полето на проучувањето на општествените движења, истакнуваат најмалку четири аспекти за нивната динамика: „а) [аспектот] на мрежите на неформална интеракција, б) споделените уверувања и солидарност, в) колективната акција во однос на конфликтните прашања и г) аспектот на дејствување, кое во основа се одвива надвор од институционалните домени и рутинските процедури на општествениот живот" (Diani, 1992, p. 7).

Кај секоја од поважните теории за општествените движења, Диани гледа фокус на неформалната интеракција, која вклучува „индивидуи, групи и организации". Во оваа смисла, на пример, Мек Карти и Залд, чија верзија на *Теоријата на ресурсна мобилизација* најголемиот фокус го става на истражување на „збирот мислења и уверувања", е исклучително заинтересирана за тоа да утврди како овие „мислења и уверувања", се преточуваат во конкретна акција – што според нив за предуслов го има разбирањето на тоа каква е интеракцијата меѓу она што го нарекуваат СМО (или Организација на Општественото Движење[35]), конституентите на движењето, неговите поддржувачи и обичните набљудувачи кои го гледаат однадвор (Diani, 1992, p. 7). Слично, кај Тили и дефиницијата на *Теоријата на политички процес*, сугерира Диани, анализирањето на општествените движења во контекст на динамиката на пошироките политички процеси, за предуслов го има разбирањето на начините на кои се одвива континуираната интеракција што овозможува конституентите да ги формулираат барањата за редистрибуција на моќта и тоа да го кристализираат низ интеракција со „националните моќници". Кај Турен, имплицирани се, според Диани, мрежите на неформална интеракција, бидејќи и кај него општествените движења се замислени како „колективни актери во кои играат улога организациите, индивидуите и групите" (Diani, 1992, p. 7). Бидејќи и за Мелучи мрежите претставуваат предуслов и ја обезбедуваат позадината врз која се развиваат „светогледите и животните стилови", оваа идеја за вмрежена интеракција и за оваа теорија на новите општествени движења

[34] Диани не разгледува многу од дефинициите конструирани во рамките на теоретски движења кои денес се сметаат за маргинални – како на пример Теоријата на масовно општество, Теоријата на релативна депривација или структурално функционалистичките пристапи кон општествените движења како оној на Смелсер. Издвојува четири, како што вели доминантни теориски кластери и ги разгледува позициите на доминантните фигури во нив: Тарнер и Килијан за *Теоријата на колективно однесување*; Мек Карти и Залд, Теоријата на ресурсна мобилизација, Тили за *Теоријата на Политички процес* и Турен и Мелучи за Теориите на новите општествени движења.

[35] Social Movement Organisation (SMO)

претпоставува постоење на интеракциски мрежи. Така според Диани, инаку различните дефиниции, се обединети околу идејата дека „општественото движење е мрежа на неформални интеракции меѓу мноштво индивидуи, групи и/или организации“ (Diani, 1992, p. 7).

Како обединувачка нишка на различните теориски пристапи, Диани понатаму го гледа аспектот на *споделени уверувања и солидарност* - вели, општествените движења подразбираат постоење на чувство на припадност. Континуалниот карактер на општествените движења, според Тарнер и Килијан се заснова на „групниот идентитет“ и на „идеологијата“, концепти кои според Диани се дефинирани слично на концептите поврзани со системот уверувања. Имплицирана во оваа забелешка е блискоста меѓу дефиниции кои доаѓаат од школи кои се обележани како диференцијални парадигми – струите на колективниот бихевиоризам (колективно однесување) и на колективна акција: првите асоцирани пред сѐ со Чикашката школа, а вторите со теориски пристапи како ресурсната мобилизација или политичкиот процес. Во оригиналната верзија на *Теоријата на ресурсната мобилизација*, забележува Диани, идејата за општествените движења како „збир мислења и уверувања“ не имплицира постоење споделени чувства на припадност. Но, во подоцнежната верзија кај МекКарти и Залд, смета тој, тие се фокусираат и на микро-интерактивните процеси, односно на она што Бенфорд и Сноу го нарекуваат „процеси на усогласување на рамките“ (Benford & Snow, 2000). Тие демонстрираат колку интерактивните процеси на симболичка медијација за нив играат улога во анализирањето на посветеноста на индивидуите да учествуваат во општествено движење. Во оваа смисла според Диани, концептот „колективен идентитет“ е речиси синонимен со концептот „солидарност“ бидејќи едниот, како што вели не може да се замисли без другиот и тие се поврзани со она што Мелучи го подразбира како „перцепција за делењето на заедничка судбина“ (Diani, 1992, p. 8). Оваа конвергенција, го носи Диани во неговиот втор заклучок за допирните елементи на навидум дивергентните теории и во таа смисла кон аргументот за синтетизираниот пристап кој го заговара – дека „границите на општественото движење се дефинирани од специфичен колективен идентитет споделен од актерите вклучени во интеракцијата“.

Третиот момент на конгруентност, според Диани е тоа што сите овие теории ја поврзуваат колективната акција со конфликтни прашања, со тоа што Мелучи, Турен и Тили ставаат поголем нагласок на ова прашање отколку што тоа го прават бихевиористите или теоретичарите на ресурсната мобилизација, кои ставаат нагласок на процесите на општествена промена кои исто така вклучуваат некаков антагонизам. Но, иако на некаков начин сите пристапи го земаат пред вид прашањето на конфликтноста, меѓу нив нема консензус за тоа на што се однесува конфликтот. Затоа Диани, во неговата синтеза остава широк простор за природата на фокалниот конфликт која е конститутивна за општественото движење, а тоа е дека „[а]ктерите на општествените движења се вклучени во политички

и/или културални конфликти, кои треба да ја промовираат или пак да ѝ опонираат на општествената промена на системско или несистемско ниво“ (Diani, 1992, p. 11).

Конечно, елемент што дефинираше различни пристапи кон општествените движења е проблемот на локацијата на овој тип колективно однесување или пак тип колективна акција во анализираниот корпус теории. Идејата дека на општествените движења треба да се гледа како на вон-институционално однесување е поврзано, тврди Диани пред сè, со Смелсер, но, забележува дека меѓу општествените движења и институционалните или организациските аранжмани постојат комплексни интеракциски схеми, дека општествените движења може да се развијат и без манифестации на протест и така колективните идентитети не мора да поминат низ фазата на конкретно раѓање, а сепак да манифестираат жестока акција, дека организациска поставеност на општествените движења не мора да е слабо структурирана. Поради ова, Диани смета дека некои теоретизирани елементи, како на пример нивната надворешно-институционална природа или присуството на насилни или диверзантски тактики, не може навистина да се сметаат за втемелувачки карактеристики на општествените движења иако тие може да се важни за класификација на движењата на пример на скала од насилни кон ненасилни или од високо организирани до дифузни.

Својата синтетизирана дефиниција потоа Диани ја изложува на притисок, за да воочи како таа се однесува во контекст на дискусијата за диференцијација на општествените движења од групите како што се политичките партии, групите од интерес, сектите или религиските групи. Вели:

> „[...] ако нашата дефиниција е точна, тогаш разликата помеѓу општествените движења и другите политички актери не се состои првенствено од разлики во организациските карактеристики или модели на однесување, туку од фактот дека општествените движења не се организации, па дури ниту организации од посебен вид [...]. Тие се мрежи на интеракција помеѓу различни актери кои можат или да вклучуваат формални организации или не, во зависност од околностите кои се менуваат. Консеквентно, една организација, какви и да се нејзините доминантни карактеристики, не претставува општествено движење. Секако, таа може да биде дел од движење, но двете не се идентични, бидејќи организацијата одразува поинаков, по-структуриран организациски принцип“ (Diani, 1992, p. 14).

Има две процедурални поенти, во основа периферни, но не и неважни за мојот аргумент, кои се веднаш воочливи во аргументацијата на овие две тврдења. *Прво*, Диани од една страна и Морис и Херинг од друга, користат различни критериуми според кои го анализираат степенот на конгруентност меѓу теориските пристапи; и *Второ*, нивните спротивни тврдења се засноваат на процедура која зема предвид различно множество теории. Во основата, и двата пристапи имаат инхерентна пристрасност поради што авторите не поставиле прашања кои можат во онтолошка смисла да го востановат теренот на нивната анализа.

За да ги акцентираат разликите меѓу различните теории - при тоа не посочувајќи од каква природа се тие разлики - Морис и Херинг користат стратегија која ги следи претпоставените манифестирани *етапи на трансформација* на едно општествено движење (тие ги сопоставуваат позициите на различните теории во однос на тоа што имаат тие да кажат за појавата, развојот и исходот на општествените движења), и истовремено користат *идеално типска стратегија* за да имплицираат дека постои еквиваленцијална позадина која ги сведува „класичните" теории од една страна и „ресурсните модели" од друга, под различни парадигматски загради. Ова, во класификациска смисла, е доста само-свесен пристап, но да ја испитаме неговата мета-теориска вредност:

Теориите кои ги опсервираат тие, очигледно е, немаат подеднаков влог во конструирањето знаење за секоја етапа која авторите ја издвојуваат – на пример, Теориите на *Масовно општество* и на *Релативна депривација* воопшто не ги анализираат општествените движења *како такви,* туку тие единствено ги анализираат *елементите од кои се состои дислокаторниот момент* – дестабилизацијата, (или со нивната терминологија – распаѓањето) на системот која го овозможува конкретното колективно однесување. Но, тоа што тие - како и повеќето бихевиористички теории од Чикашката школа - не ја анализираат конкретно динамиката на самото општествено движење, сè уште, *не ги поставува нив неминовно на различен парадигматски терен* од моделите на ресурсна мобилизација. Попрво, тоа само демонстрира дека двата корпуса се фокусираат и анализираат *поинаков сегмент на феноменот*. Кога колективните бихевиористи велат дека општествените движења се тип колективно однесување, а колективното однесување се разликува од институционалното или конвенционалното однесување, пред сè поради ирационалната природа на првото, изгледа дека тие сугерираат оти нивната анализа треба да заврши до моментот кога се наѕираат контурите на конструирање некаква организација во општественото движење. Кога овие движења ќе воспостават определен степен на организација, тие манифестираат и друг тип однесување, кое според бихевиористите, не е повеќе предмет на анализа на теориите на општествени движења, но тоа е предмет на анализа на други пристапи - на пример, на социологијата на организации или социологијата на групите од интерес. Дури и позицијата на Тарнер и Килијан, која ја релативизираше „ирационалноста" на учесниците во движењата, подразбира дека општествените движења се интеракциски апарати во кои се конструира извирачка норма, по што може, но не мора да настане организација.  Од друга страна, двата „ресурсни" модели на рационален избор (РМ1) и претприемачкиот модел (РМ2), почнуваат онаму каде што застанува „класичната" група теории на колективниот бихевиоризам, не анализирајќи ги инстанциите на општествена конструкција, ги земаат тие елементи *за дадени* и истражени со квантитативните методи на анкетните истражувања и оттаму ги анализираат секторите на организација на општествените движења – повторно ова е различен фокус на анализата, *но не неминовно и различен парадигматски (значи онтолошки и/или епистемиолошки)*

*терен*. Контрастот меѓу „класичните“ модели од една страна и двете рани верзии на ресурсната мобилизација од друга, е јасно подвлечен од повеќето аналитичари вклучително и тие кои први ги воведуваа промените во начинот на гледање на општествените движења и нивните учесници. Мансер Олсон, под чие симплифицирачко економистичко и утилитаристичко влијание, во социолошките пристапи беше внесена атомистичката идеја за „слободниот јавач“, отвори проблем кој истражувањата ги насочи кон анализа на организациските структури и милјеа на општествените движења, но без навистина да биде разрешено прашањето за „*природата на актерите*“. Истражувачката програма на претприемачкиот модел едноставно го диференцираше својот „рационален актер“ од претходно теоретизираниот „ирационален учесник“ без да објасни кои процеси ја детерминираат појавата на организација (со што пак се занимаваат бихевиористите), ги прифати ресентиментите како дадени или произведени со манипулација, и во основа сметам, се преокупираше со изградба на епистемиолошка структура која не се занимава навистина со онтолошките претпоставки кои би ја оправдале нејзината конструкција. Морис и Херинг секако успеваат да забележат дека некои теории имаат на ум различни феномени кога зборуваат за општествени движења, но затоа, пак, тие не успеваат да се впуштат во деконструкција на теренот на кој сите тие се наоѓаат - *теренот на кој споредбата единствено би можела да биде валидна*.

Сега, ако проблематизирањето на суверената граница на терените на кои оперираат класичните и ресурсните модели го дестабилизира или барем фрла сомнеж врз тврдењето дека тука се работи за теории од целосно различен генус, тогаш анализата која авторите ја прават за *Теоријата на политички процес* - односно отсуството на анализа на нејзини важни аспекти - открива на кој начин уште во 1980-тите, во амбиентот на до тогаш веќе доминантните ресурсни модели, пенетрирале социопсихолошки претпоставки. Значи во основа, внатре пробиле елементите и претпоставките на бихевиористичките модели и симболичките интеракционисти - наспроти отпорот на овој корпус теоретичари експлицитно да го признаат тоа.

Авторите на теориите на политичкиот процес, имено, уште рано сакаа да се дистанцираат од моделите на ресурсна мобилизација, сфатени во потесна смисла и покрај фактот што и понатаму стоеле на основата дека актерот во општествените движења е „рационален актер“. Ова доаѓа оттаму што за концептите како ресурсна мобилизација и на проблемот со организациите на општествените движења, Тили, Гамсон и Обершол сметаа дека се претесни за да ја опфатат *комплексноста на политичките процеси* од кои движењата се само еден сегмент. Така кај Тили, се појавуваат две верзии на општествените движења:

> „Тили претставува две точки на гледање на движењата: гледањето на националните структури на моќ и гледањето на самите учесници во движењето. Општествени движења од ‘перспективата на националните структури на моќта, се кохерентни

феномени, тие постојат сè додека нудат предизвик на доминантните интереси и верувања’. Но, "погледнати од дното нагоре, [општествените движења]... обично се многу повеќе фрагментирани и хетерогени: фракции кои менуваат лојалност, привремени сојузи, разновидни интереси, континуиран флукс на членство и привремени учесници" (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 10)

Следува дека, бидејќи движењата се дел од еден политички процес, *проблематично* е дури и нивното издвојување како посебна единица на анализа. И сега, оваа сложеност, нестабилност и хетерогеност на политичките процеси и ова проблематизирање на тоа што треба да претставува единица на анализа во социополитичките истражувања за феноменот, отвори - за оваа група теоретичари, како и за мноштво други кои оперираа под нивните претпоставки - нови проблеми поради *целосното отсуство на прашањето на социјалната конструкција и идеологијата во рамки на политичките процеси*. Ова е уште еден клучен аспект што Морис и Херинг пропуштаат да го проблематизираат во овој наврат. Имено пропуштаат да го анализираат постепеното, но сигурно и видливо уште во 1980-тите – вртење на припадниците на *Теоретичарите на политичкиот процес,* кон микросоциолошки и социопсихолошки преокупации, и создавањето извесна дистанца од веќе тесната ресурсна мобилизација и ставајќи ја истражувачката линија која беше инспирирана од *Теоријата на врамувањето* на Гофман (Goffman, 1974), сè по-централно во нивните анализи. Само неколку години по овој текст на Морис и Херинг, во публикациите во кој уредник е и самиот Морис се гледа жалењето, на оние кои оперираа под претпоставката на „рационалниот актер“, дека многу лесно ги прифатиле плодовите на теориите на рационален избор, занемарувајќи цел домен објаснувања за колективната акција кои може да се откријат со соодветна социопсихолошка лупа и претпоставката за општествената вгнезденост на индивидуалниот актер. Дел од овој корпус теоретичари затоа предупредуваа – „внимавајте кога економистите ви носат подароци“ (Fireman & Gamson, 1979, p. 8).

Затоа, речиси целата структура американски социолози и политиколози собрани на конференција во Мичиген во јуни 1988 г., ја формулирале потребата од развивање на адекватна социјална-психологија на општествените движења и аргументите кои авторите ги изнеле на овој научен собир биле објавени во хрестоматија која се обидува да го надополни сериозниот недостаток на моделите на ресурсна мобилизација (Moris & Mueller, 1992). Ги изложувам сумираните поенти на Карол Малер, во воведот на оваа публикација, бидејќи тоа го поткрепува мојот аргумент за проблематичната валидност на тврдењето дека постои суверена граница меѓу „парадигмите“. Малер лоцира три позиции:

„Прашањето на смислата (meaning) дискутирано овде, ја одразува засилената преокупација со развивањето на една сеопфатна социјална психологија на општествените движења. (Mueller, 1992, p. 4). […] „Реактуализираната социјална психологија на општествените движења, почнува со *три елементи* [н.з.]: реконцептуализација на актерот; проширувањето на централната улога што ја игра микромобилизацијата во интеракциите лице во лице во рамките на различни групни контексти; и спецификацијата на значењето кое генерира опозициски елементи во

> рамките на социополитичките култури на различни нивоа на темпорално протегање, формалност и инструментална реактуализација“ (Mueller, 1992, p. 6).

Значи, оваа група американски социолози, прво, ја увиделе потребата да ја преиспитаат својата позиција во поглед на *природата на актерот* во општествените движења. Оваа промена се одвивала на неколку позиции кај „мичигенската група“:

> [...] Авторите се осврнуваат на три главни поенти [во поглед на ‘природата на актерот’]. Прво, тие аргументираат дека актерот е општествено лоциран или „вгнезден“, во смисла на колективните идентитети и е вкоренет во општествени мрежи, особено на оние засновани на националноста, расата/етницитетот, класата, родот, или религијата; второ, дека општествените локации се пресекуваат и се преклопуваат, обезбедувајќи ги културалните материјали кои се отповикувани од актерот кој конструира значења и кој со други актери партиципира во интерпретацијата на чувство за постоење на ресентименти, ресурси и опортунитети; и трето, дека новиот модел заснован на споделената судбина го заменува парадоксот на слободниот јавач како централен проблем кој треба да се објасни“ (Mueller, 1992, p. 7).

Тврдам дека во обидот што е можно повеќе да се дистанцираат себе си од чикашките колективните бихевиористи - кои во седумдесеттите во американската социологија биле на некој начин озлогласени поради нивните корени во европските „теории за толпата“ и нивниот конзервативен став за општественото движење како „група луѓе кои полудуваат заедно“ во поведение слично на „невротично“ – ресурсните теоретичари разбрале дека, заедно со плодовата вода се ослободиле и од бихевиористичкиот плод. Она што сепак била карактеристика за претходната генерација, е нејзината социјално-психолошка позиција која, иако на актерот *поедноставено* гледала како на целосно ирационален двигател, сепак, во себе ја имплицирала сложената природа на индивидуалниот и колективниот идентитет, од каде иако во симплификувана „лебоновска“ форма, сепак се назираат формулации на општествено конструираниот субјект кој не може да постои надвор од општествениот процес – па неговата онтологија е така *процес*. Првата генерација ресурсни теоретичари, потоа овој *„пред-фројдистички“ субјект* го замениле, може да се каже, со *„каретзијански“ субјект* кој уште попроблематично го поистовети општествениот актер со неговото cogito - односно со рационалното *Его*. Американската социологија брзо по појавата на претприемачко-организацискиот модел, ја разбрала грешката, но во обидот да ја врати сложеноста, хетерогеноста и нестабилноста на општествените движења, како во случајот со публикацијата на Морис и Малер, пропуштила да признае дека ова е всушност разбирање на „актерот“ во кое се содржат многу елементи на имплицитното разбирање кај колективниот бихевиоризам. Иако фокусот сепак останал на неговата „рационалност“ - „рационалноста“ повеќе не била сфатена како дискретна и непорозна. Ова пак, да се вратиме на оригиналниот текст на Морис и Херинг, тие пропуштаат да го деконструираат и, наместо тоа, за посебноста на парадигмите меѓу „класичните модели“ и оние на „ресурсната мобилизација“, конструираат аргумент кој се базира на надворешно теориски фактори, на

пример како фактори го издвојуваат спонзорството на научните институции кои успеале да ја засенат Чикашката школа, достапноста на истражувачките ресурси, географската блискост на истражувачите и слично.

Преосмислувањето на локацијата и природата на актерот по мичигенската конференција е надополнето и со теорискиот процес на ширење на значењето на микроконструкцијата за општествените движења. Малер вели:

> „Прво, авторите ја идентификуваат централноста на интеракцијата лице-в-лице за процесите на трансформација на хегемониските значења и групните лојалности. Второ, тие лоцираат симболичка поткрепа за и отпор кон истрајните схеми на доминација и нееднаквост во интеракциските рутини на секојдневниот живот. Трето, тие ги диференцираат организациските поврзаности меѓу интеракциите на микрониво и поголемите структури на заедници и организациски мрежи. И конечно, тие го идентификуваат конфликтот или борбата како клучна динамика во процесот на реконструкција на културални значења и групни лојалност (Mueller, 1992, p. 10&11).

Ова сугерира дека групата вовела елементи на симболичкиот интеракционизам доследно на потрагата по социјалната-психологија на општествените движења. Но, истовремено, истражувањето на мезо-организациските структури ги поврзува со микро-социолошки преокупации. Ако го занемариме за момент пејоративниот тон на генерацијата на Парк и потоа Блумер и ако ги исклучиме конзервативните позиции на теоријата на масовно општество или теоријата на релативна депривација кон општествените движења, може да се забележи дека овој корпус градел позиција која е заснована на теоретизирање на своевиден дислокаторен социополитички момент кој ја дезавтоматизира политичката оска и создава динамика која креира некаков вид антагонизам и го насочува колективното однесување. Дистинкцијата што Морис и Херинг ја прават во поглед на „идеалните типови" на класичните теории и моделите на ресурсна мобилизација, не се осврнува на сличностите во поглед на манифестацијата на движењата меѓу класичните теории и *Теоријата на политичкиот процес* – и теоретичари како Тили, Гамсон и Тароу во објаснувањето за манифестацијата на движењата конструираат теорија за нужен дислокаторен момент, нешто што речиси не постои кај оригиналната „ресурсна мобилизација".

Конечно, Малер ги сумира чекорите кои беа направени од ресурсниот корпус за преосмислување на прашањето на пошироката социополитичка култура:

> „Поглавјата овде го шират теоретизирањето на рамките на колективна акција и ги поставуваат во поширок културален контекст и подолга временска рамка. Исто така, се разгледуваат и помалку стратегиските конфигурации на значења, како на пример колективните идентитети, вообичаено асоцирани со европската традиција на „теориите на новите општествени движења". Прво, рамките на колективна акција се позиционирани во релативно кусиот живот на движењето или протестниот циклус, како и во историските димензии на политичките култури како на пример во рамки на општествениот менталитет или во јавниот дискурс. Второ, истражени се мноштвото значења и нивоа на анализа поврзани со колективните идентитети, кога тие

> никнуваат и во стратегиските, но и во спонтаните активности на борбата на општествените движења“ (Mueller, 1992, p. 14).

Трансформациите на ресурсниот корпус оделе во насока на инкорпорирање на таканаречената Драматуршка теоријата и нејзините последици за развојот на теоријата и методологиите на врамувањето (framing), кои по 1980-тите станале интердисциплинарна истражувачка програма (*види* (Entman, 1993; D'Angelo, 2002)). Овие реартикулации лежат на основата на претпоставките на симболичките интеракционисти (иако не се поклопуваат целосно со нив) – општествената стварност е исход на процесот на интер-субјективна симболичка интеракција, општествената стварност така е интеракциски конструкт и нејзиниот квалитет е зависен од субјективната претстава на индивидуите за неа. Во оваа смисла, со „амандманите“ на позициите, особено на Гамсон и со појавата на цела истражувачка програма која се фокусирала на интерпретативните рамки и која сечела преку дискретните „научни“ дисциплини - корпусот кој произлегол од моделите на ресурсна мобилизација направил широк, но сепак јасен круг на приближување кон некои од позициите на социјалната психологија - онаму од каде што тргнале колективните бихевиористи. Јасно е од поглавјата на дваесетина водечки теоретичари во американската социологија, дека се работи овде за сериозна дислокација на изобилството теории и истражувачки позиции на ресурсниот корпус: позиција која е поблиску до бихевиористички разбраниот субјект, според која не може да постои целосно рационален актер кој може да ги има сите информации и врз основа на целосно рационално расудување да направи одлука во која во целосна рамнотежа се измерени и влоговите и добивката од нив; позиција кој е сега поблиску до субјективистичките преокупации на симболичките интеракционисти во контекст на значењето кое актерите им го даваат на објектите и стварноста воопшто и позиција која во себе ја вклучува сложеноста на културата и идеологијата.

Да заклучам – аргументот, што го бранам тука не се однесува на „одбрана“ на една од двете доминантни струења во полето на социологијата на општествените движења – напротив – подоцна ќе стане јасно дека *студијава ги отфрла двете како две спротивни страни на еден ист онтолошки (иако различен епистемиолошки) терен*. Попрво аргументот тука е дека критичкиот преглед на Морис и Херинг стратегиски превидува некои елементи во двата идеално типски корпуса, кои вака изложени всушност ги обвиваат со опскурност елементите на „двата генуса“ теории кои укажуваат на проблематичноста на тезата дека овде се работи за парадигматска дискретност меѓу нив. Истовремено, тврдам, тие одбиваат да побараат истоветности онаму каде што истоветности може да се забележат. Морис и Херинг не го опфаќаат ова „вртење“ на мезо-структуралистите кон социјалната психологија, јасно видливо уште во времето кога го пишувале прегледот и со тоа не успеале да заклучат колкав круг на поврзување со претходната „парадигма“ има направено корпусот на ресурсна мобилизација. Ова сугерира дека нивниот аргумент за неконкурентност на

пристапите и дефинициите во рамки на корпусот теории за општествените движења е проблематичен.

*Но, дали, во тој случај - Диани е во право?* Диани за елементи на неговиот аргумент зема во една смисла поширок круг теории, а во друга смисла потесен. На пример – како европски теоретичар тој допушта значаен елемент на анализата да бидат „европските позиции“ на Турен и Мелучи, теориски корпус кој во американската социологија на општествените движења едвај бил споменуван до почетокот на 2000-тите. Теоретичарите на „новите општествени движења“ се всушност хетероген корпус за кој Диани вели дека додаваат елементи на *конфликтност*, *политичка структура* и *историчност* во анализата, што нив ги прави блиски со *Теоријата на политички процес*, особено во верзијата на Тили, кој на појавата на општествените движења гледа како на историска контингенција на новото социополитичко опкружување од 1800-тите па наваму. Но, истовремено, тој од бихевиористичките теории како парадигматични ги анализира „зрелите“ позиции на Тарнер и Килијан, коишто го релативизирале бихевиористичкиот „ирационален актер“, но не ги анализирал постарите верзии на овој корпус. Тој исто така не ја зема предвид теоријата на рационална акција, а организациско-претприемничкиот модел го анализира во својата зрела форма која е поблиска на *Теоријата на политички процес*. Авторот така, тврдам, направил „виткање“ на теоретското поле и од него ги извлекол единствено аспектите кои можат да се подведат под совместен содржател. Овој тип *селекциска пристрасност*, така не го поткрепува аргументот дека варијететите теории на општествените движења се конгруентни, туку може да се смета за маневар кој му овозможува на Диани да дојде до *негова оригинална синтетизација*. Овој маневар се разбира е валиден за *еден* аспект на тоа што Диани сака да го направи – да дојде до кондензирана верзија на дефиниција на општествените движења, која ќе ги пресекува границите на различни теориски пристапи и како што вели „нема да ѝ наштети на истражувачката програма“.

Но, една од неговите цели е и да спори со позициите на Морис и Херинг во поглед на неконгруентност на теориските пристапи и тоа е цел што не успева да ја исполни поради споменатата *селекциска пристрасност*. Кај Морис и Херинг има во оваа смисла по-инклузивен зафат, во кој во аналитичката рамка се ставени сите варијации во рамките на класичните теории и во рамки на ресурсната мобилизација, па од таа позиција е направен обид за да се конструираат идеалните типови. Диани едноставно од она што Морис и Херинг го смета за класични теории ги исклучил сите освен колективните бихевиористи, а од колективните бихевиористи за парадигматичен случај ги земал Тарнер и Килијан – единствените претставници на ова струење кои го „омекнале“ цврстиот став дека актерот во општествените движења е нужно ирационален и со тоа ја направиле најголемата дистанца од струите во колективниот бихевиоризам кои сметаат дека општествените движења се тип колективно однесување кое во основа е ирационално, па дури и невротично. Значи Диани направил аргумент дека овие теории се конгруентни, но него го изградил, сметам на

пристрасен терен - онаму и до оној степен до кој теориските пристапи можат да бидат прилагодени на некоја заедничка платформа. Аргументот накусо е дека критериумите кои ги дава Диани, ја обединуваат скусената листа на теории кои во својата кристализирана форма станаа доминантни, но кои не ја покажуваат поширокаta слика на теоретска „ферментација“.

Двата текста така, не успеваат да го деконструираат радикално теренот врз кој елементите на овие теории се диференцијално поставени или пак се еквиваленцијално артикулирани. Затоа без оглед на тоа што двата текста бранат спротивни тези, аргументите за тоа, тврдам, не задираат во доста битни прашања поврзани со онтологијата на нивните претпоставки. Ако дебатата е сведена на тоа дали едните теории нагласокот го ставаат на рационалноста, а другите на нерационалноста на *актерот* – тоа во основа не ја дестабилизира имагинариумот според кој „рационалноста“ и „ирационалноста“ се дискретни локации чиј модус на операција е меѓусебно исклучив. Исто така, разликата меѓу фокусот на „колективен актер“ каква што е една *Организација на општествено движење* (SMO) и на „индивидуален актер“ каков што е *поединецот* во еден интеракциски циклус во рамки на општествената структура, не е разлика која теориите ги носи на различен терен, бидејќи таа не го дестабилизира интегритетот на овие единици на анализа кој во нив е претпоставен.

Следува дека, аргументот за интеграција на овие теории, од различни причини од оние кои ги изнесува Диани, навистина *е* можна - бидејќи *нагласувањето* на определени *позитивни* карактеристики на актерите не нè носи неминовно на различен онтолошки терен туку нè тера на истиот терен да утврдиме дали конкретен актер е повеќе „рационален“ или „ирационален“. Но, ова е незадоволително, од причина што тој пристап не успева да објасни политички важни општествени појави, како на пример што е тоа што овозможува конституирање на едно општествено движење, ако актерите во него имаат хетерогени, често спротивставени идеи за причините и целите на нивниот политички ангажман. Така концепти како национализам, популизам или демократија се тешко објасниви држејќи го нивото на анализа со фокус на *актерот* како априорно даден.

А точно на таа точка ќе можел навистина да се види расцепот или континуитетот меѓу бихевиористичките и ресурсните сфаќања за општествените движења и од таа позиција да се аргументира дали овде настанал „парадигматски пресврт“. Овие аргументи сугерираат дека теоретските пристапи во рамки на полето познато под името Теории на општествените движења е можно да конвергираат, бидејќи тие не претпоставуваат различна онтологија на субјектот како нешто што има позитивна содржина, ‘природа’, целина и заокруженост. Но, како е ова можно? Генусот бихевиористички теории на општествените движења има корен во прагматистичката филозофија во која прашањето на човековата природа, од која произлегува интегритетот на актерот за ресурсните теоретичари е дестабилизирана?

- *б. за субјективитетот во теориите за општествените движења*

Кој е примарниот проблем кој, Морис и Херинг од една и Диани од друга страна, не го покренуваат, а кој е истовремено клучен за поставување на теренот за аргументацијата за конгруентност или неконгруентност меѓу теориските пристапи?

Сметам, тука е во прв ред прашањето за *субјектот* - всушност проблемот на *субјективитетот* на општествениот актер/дејственик. Прашањето, како различните теории во овој корпус, го замислуваат „актерот“ во социополитичката конфигурација, која тие ја нарекуваат „општествено движење“. Ова е навидум едноставно: според тезата за неконгруентност, дистинкцијата меѓу дискретните пристапи е еднаква на дихотомијата меѓу „рационалниот“ и „ирационалниот“ актер. Но, дали двете страни на оваа дихотомија имаат радикално спротивна позиција за *субјективитетот* на општествениот актер? Морис и Херинг го велат ова за првите:

> „Пристапот на рационална акција ги објаснува движењата и колективната акција како последици на *рационалниот избор кој индивидуите го прават* [н.з.] за да ги остварат своите цели, кои не може да се остварат на поинаков начин […]. Претставниците на рационалната акција се разликуваат меѓу себе, во поглед на степенот до кој тие ги омекнуваат тврдењата дека утилитарната логика ги објаснува протестните, или активностите на општествените движења. Некои, во нивните модели даваат поголемо значење на утилитарната логика и тврдат дека личните интереси се доволни да ги објаснат речиси сите аспекти на колективната акција […]. За други, претпоставката дека учесниците во општествените движења се рационални е само еден дел од по-општ пристап кој им дава далеку поголема тежина на групите, организациите, стратегиските и политичките прашања“ (1987 [1984], p. 28)

Кај ресурсните теоретичари, значи, има спектар позиции кои земаат различни инстанции како основна единица на анализа – од класично утилитарните за кои индивидуата е единица на анализа до корпоративните за кои групата или организацијата е таква единица. Но, независно од тоа на кое ниво е нивниот фокус, субјектот е *a priori* зададен и заокружен, дискретен, стабилен, индивидуален или колективен идентитет, кој јасно и свесно оспорува или брани определени односи на моќ и кој има дефинирани интереси коишто ја мотивираат неговата акција и врз чии претпоставки тој се манифестира низ колективна акција. Групите се така конфигурации на индивидуални актери кои дефинирале заеднички интерес. Ова се во основа контурите на просветителскиот субјект - карактеристичен за рационализмот на класичната политичка економија и либералната политичка теорија. Идентитетот во оваа конфигурација е исход на свесни делиберативни процеси во кои различни поединци со своите споделени вредности, ставови и перцепции доаѓаат заедно во едно движење. Симплификацијата на оваа позиција, ќе ја сметаме за неприфатлива – она што овој корпус го гледа како „интерес“ е всушност хегемонистичка артикулација која мора да се произведе во операцијата на некаков тип дискурзивни процеси.

Прашањето за субјектот кај „класичните теории на општествените движења“ е далеку посложен и затоа сега се фокусирам на негова критика. Морис и Херинг вака го синтетизираат нивниот пристап:

> „Пристапот на колективните бихевиористи е социопсихолошки во својата ориентација и е вкоренет во *Теоријата на симболичка интеракција* [...]. Така општествените структури немаат постоење кое е независно од субјективните значења *кои актерите им ги придаваат ним* [н.з.]. Симболичките интеракционисти се фокусираат на *процесите според* кои *актерите континуирано конструираат значења* [н.з] преку општествените интеракции, кои пак ја создаваат основата на човечката акција“. Тие тврдат дека човечкото однесување не може да се разбере преку големите теории и позитивистички методологии [...]. Напротив, тоа може да се опфати преку внимателни описи и синтетизирање на концепти кои ги досегнуваат "клучните процеси со кои актерите ги исполнуваат со значење силите кои дејствуваат врз нив, како и нивното сопствено однесување [...] (Moris & Herring, 1987 [1984], p. 11)“ .

Централното прашање за колективните бихевиористи значи е конструкцијата на *значења* низ процесот на интеракција. И дејствието и структурата за нив не може да постојат независно од нивната симболичка конструкција – општествената стварност така е општествена конструкција на мноштво контингентни и нестабилни интеракциски процеси. Но, тука аргументот станува комплициран. Социопсихолошката интелектуална традиција на колективниот бихевиоризам, во филозофските верзии на Чикашката школа, остро се диференцирала од идејата за „вродената свест“ на субјектот во насока на една рефлексивна свест која се конструира низ релациска споделеност во некој симболички поредок. Но, од искуството на читање бихевиористички текстови - ако на колективните бихевиористи, им го поставиме наивното прашање *кој* ја прави оваа конструкција низ процесите на симболичка интеракција – нивниот одговор сè уште би бил – *индивидуите кои учествуваат во интеракциските процеси*. Ова, отвора сомнеж кон општествениот интеракционизам и во тој поглед кон колективните бихевиористи дека конзервираат една во основа сепак детерминистичка позиција на претпоставена човечка природа и позиција која му дава позитивен квалитет на актерот. Кај бихевиористите, *индивидуите* се тие кои *интерсубјективно*, во група, конструираат значења за „силите кои дејствуваат врз нив, како и врз нивното сопствено однесување“. Но, што е *индивидуа*? Кај рационалистичките „ресурсни“ теоретичари таа е како што објаснив, „чистиот“ просветителски и картезијански субјект. Кај бихевиористите ова треба да го утврдиме, бидејќи, последиците од една позиција според која од една страна значењето се манифестира како општествено конструирано, но истовремено, ставена е во формалин и скриена *човековата природа,* би биле многу важни од причина што тие би упатувале кон своевиден фундационализам на овој теоретски корпус, и покрај целата конструктивистичка зграда подигната на тие темели. Ако ова е случај, тогаш легитимно би било прашањето на кој начин е одржлива идејата дека индивидуалните актери конструираат значења, ако нивниот субјективитет и самиот не е конструиран од и во некаков поредок или конфигурација на значења?

Расчистувањето на одговорот на ова прашање, меѓутоа нужно бара да се осврнам на артикулацијата меѓу *колективниот бихевиоризам* и *прагматизмот*, врз која се изградени бихевиористичките и интеракционистичките позиции во теориите на општествените движења. *Прагматизмот* сфатен како позиција според која стварноста не постои сама по себе туку таа „активно се создава од нашето дејствување во светот“, дека индивидуите го оформуваат своето знаење за светот според она што се покажало како корисно за нив, дека ги дефинираат објектите околу нив врз основа на нивната корисност за нив и дека за да ги разбереме актерите мора да го разбереме она што тие го прават во светот – односно да ја разбереме интеракцијата меѓу нив и светот, да ја разбереме оваа интеракција како динамичен процес, а не како статична структура, и да ставиме фокус на способноста на актерите да го интерпретираат општествениот свет (*види* (Ritzer, 1997 [1983], p. 180; Ташева, 1999, p. 373)). *Бихевиоризмот* сфатен како пристап чиј фокус е однесувањето кое може да се опсервира, но и на процесите кои се случуваат „меѓу применият стимул и појавата на реакција“[36] (Ritzer, 1997 [1983], p. 181). Очигледно, фокусот на Мид врз „скриените процеси“ меѓу стимулот и акцијата се веќе резултат на артикулацијата меѓу *прагматизмот* и *радикалниот бихевиоризам* – ако може така да се нарече: *бихевиористички прагматизам*. Оваа артикулација е клучно важна за овој дел од мојата анализа, бидејќи таа се однесува на концептуализацијата на субјектот, која што е лакмус за одржливоста на парадигматската дистинкција меѓу ресурсните и колективно бихевиористичките теории.

Еден од централните проблеми кај Џорџ Херберт Мид е неговата бихевиорална концепција за *себството*[37] (Mead, 1972 [1934])[38]. Според него *себството* не е дадено однапред туку тоа е *a posteriori* резултат на развојна траекторија – неговото постоење претпоставува „јазичен процес“[39] низ кој тоа станува „на себе си објект“. На што мисли Мид кога вели дека карактеристика на себството е да биде „на себе си објект“? Самиот збор *„self“* е, вели Мид, рефлексивен, што значи дека тој посочува кон нешто што може истовремено да

---

[36] Радикалниот бихевиоризам на Вотсон се смета за во основа наивен бихевиоризам, според кој има директна врска меѓу определен стимул и определена реакција. Социјалниот бихевиоризам на Мид внесува значително повисоко ниво на комплексност во вакуумот меѓу стимулот и акцијата.

[37] Во македонскиот јазик има, сметам, три термини кои биле употребувани или е можно да се употребуваат во контекст на преводот на концептот на The Self кај Мид: *Сопство, Јаство и Себство.* Првиот е употребен во контекст на Мид во македонската социолошка литература (види (Ташева, 1999)); вториот, е употребуван во преводи на друга литература како на пример во преводот на студијата Источни филозофии на Џон Колер (види (Колер, 1990)) и третиот, којшто е содржан во дигиталниот речник на македонскиот јазик и за кој е даден следниов опис: „сложена ментална појава што се однесува на себе, т.е. на единката, личноста, составена од многубројни составки: слики за себе, само-оценки, себе-почитување, себе-доживувања, себе-свесност, знаења за себе и др.“ (Дигитален речник на македонскиот јазик). Од трите, поимот Јаство доаѓа како најприроден за употреба на говорникот, но тој истовремено може да се поврзе со поимот Ego кој пак не го исцрпува значењето на The Self. Последниот поим *Себство* којшто е јасно рефлексивен како што Мид го замислувал поимот The Self, изгледа како најпрецизен. Затоа во оваа дисертација го користам поимот Себство, со тоа што допуштам да има валидни аргументи за употреба на други зборови во превод од англиски јазик.

[38] Тука не ја дискутирам неговата позиција за општествената над-детерминација на умот бидејќи намерата не е да дадам целосен преглед на неговата теорија. Теоретизирањето на општествената природа на себството е клучно од друга страна за позицијата на бихевиористите за субјективитетот....

[39] Во оригинал: “a language process”.

биде и *субјект* и *објект*. Оваа дихотомија, како што наложува бихевиоралниот пристап, мора ескперенцијално да се манифестира – „низ искуството во кое физичкиот организам може да биде објект на себе самиот“ (Mead, 1972 [1934], p. 137). Станувањето „на себе си објект“ не е секое искуство на физичкиот организам. Постојат многу искуства во кои, според Мид, себството не се манифестира – како кога индивидуата дејствува целосно обземена од непосредната ситуација[40]. Во други пак, искуства на физичкиот организам, како сеќавањето или антиципацијата, *себството* е “примарен објект“ (1972 [1934], p. 137). Во точно тие искуства, се манифестира себството како нешто што е *на себе си објект*.

Еден физички организам не може да дејствува интелигентно доколку не се искуси самиот себе си во ситуација. Но - и оваа позиција е од клучно значење - ова искуство индивидуата го нема сама по себе и директно, туку тоа е индиректно искуство рефлектирано „од партикуларните погледи на други индивидуални членови на истата општествена група или од генерализираниот поглед на општествената група во целост - на која тој ѝ припаѓа“ (Mead, 1972 [1934], p. 138). Затоа според Мид невозможно е да се појави *себство* надвор од општественото искуство, бидејќи надвор од општественото искуство не може да постои рефлексивна логика низ која *себството* ќе стане објект на себе самото. Тоа е вели, во основа „општествена структура и се појавува во општественото искуство. Откако себството ќе се појави, тоа на некој начин самото си ги обезбедува своите општествените искуства, и затоа можеме да замислиме апсолутно самотно *себство*. Но, не можеме да замислиме *себство* кое *се појавува* [*н.з.*] надвор од општественото искуство“ (Mead, 1972 [1934], p. 140).

Според оваа теорија, *себството* како и разумот, извира низ рефлексивните процеси на социјалната интеракција во кои е возможно физичкиот организам да се подели/дихотомизира: бидејќи нејзиниот поглед кон другите се рефлектира од нивниот поглед кон него, возможно е *себството* да се појави како нешто што е *на себе си објект*. Овој процес има симболички квалитет бидејќи комуникацијата во која *себството* се гледа себе си во рефлексијата на погледите на другите, за него се одвива низ лингвистички терен. Рефлексивноста на искуството, значи, подразбира *комуникација* во една посебна смисла на зборот.

Општава рамка, што ја изложувам овде, сепак бара повеќе детели за да се разбере логиката на процесот на појавување на себството и нејзините последици за конституирање на бихевиористичката позиција за „општеството“:

Во основата на општествениот акт за социјалниот бихевиоризам е таканаречена *конверзација на гестови*[41], која Мид, на елементарно ниво, ја смета за општо биолошка карактеристика која не е специфична единствено за човечкото суштество. Гестот е движење

[40] Мид зборува за човек кој трча бегајќи од некого кој е толку внесен во непосредната ситуација што во тој момент себството “the Self" не се манифестира бидејќи актот е консумиран во непосредната ситуација.
[41] Во оригинал “conversation of gestures”.

на еден организам кој претставува стимул за реакцијата на друг[42]. Мид разликува две нивоа на конверзација на гестови – *конверзација на несигнификантни гестови*[43] и *конверзација на сигнификантни гестови*[44]. Овие нивоа, тој ги гледа како фази во развојот на јазикот и во оваа насока на општествениот поредок, консеквентно на разумот и себството (види (Hałas, 2007; Cronk, 2005)). На елементарното ниво на конверзацијата на гестови може да се види зародишот на значењето, пред да се појави каква и да е свесност за значење. На, ова ниво, постојат прво „меѓу-поврзани секвенци на бихевиорални случувања" (Schneider, 2000, p. 124): еден индивидуален учесник - како во познатите примери на Мид во кој има конфликт меѓу две кучиња - прави гест кој му е стимул на другиот учесник да реагира непосредно со друг гест, при што двајцата влегуваат во некаков директен причинско-последичен однос кој меѓутоа не ја трансцендира дадената ситуација. Конверзацијата на гестови овде е консумирана во ситуацијата и не вклучува свесност кај индивидуата која го прави гестот – односно свесност за тоа што тој гест ќе предизвика кај другиот учесник. Во конверзацијата на несигнификантни гестови едниот учесник не се става во улогата на другиот – таа не ја презема точката на гледање на другиот во оваа бихевиорална секвенца. Учесникот комуницира без да биде свесен дека комуницира – тој е вклучен во несвесна комуникација. Според Мид, „почетокот на актот на едниот е стимул за другиот да одговори на некој начин, додека пак почетокот на овој одговор претставува повторно стимул за првиот да ја прилагоди неговата акција на надоаѓачкиот одговор" (1972 [1934], p. 145). Ова движење во конверзацијата на гестови вклучува некаков тип колективно однесување – гестот на еден организам се однесува и предизвикува одговор на друг организам во конкретна ситуација. Ова движење не содржи референца на себството – не содржи референца на нешто кое е *на себе си објект*.

Конверзацијата на гестови, меѓутоа, станува сигнификантна комуникација кога постои реципрочна *адаптација* на гестови во која, според Мид, единствено може да се појави свесност за некакво значење. Како што вели, „во општествениот акт, приспособениот одговор на еден организам на гестот на друг, е *интерпретација* [н.з.] на тој гест од тој организам – тоа е значењето на тој гест" (Mead, 1972 [1934], p. 78). Во неа сега има разбирање кај индивидуата која го прави гестот како на него ќе реагира другиот, поради тоа што индивидуата може да се стави себе си во позицијата на другиот. Како што вели Мид, таа може: „[...] да поттикне одговор во неа самата како и да одговори на тој поттик – состојбата е впрочем таква што општествените стимули, имаат таков ефект врз индивидуата, каков што имаат и врз другите [индивидуи]" (1972 [1934], p. 145). Оваа рефлексивност сега, е основа за појавувањето на *себството* – "the self", бидејќи, способноста индивидуата да си претстави

[42] Мид бил добро запознаен со извирачката психоаналитичка теорија од неговото време, вклучително и работата на Фројд. Овој елемент така го презема од Вилхелм Вунт види (Wundt, 2010). Гестот според Вунт претставува во основа движење на еден организам кој е стимул за реакцијата на друг.

[43] *Non-significant gestures*

[44] Significant gestures

дека е во улогата на друг значи и свесност за самата себе во таа рефлексија - таа може да стане „на себе си објект“.

Но, оваа конверзација на сигнификантни гестови се одвива нужно на *симболички (универзален) терен – со помош* на она што Мид го нарекува *сигнификантни симболи:* рефлексивноста во општествениот акт подразбира процес на мислење чија операција е нужно симболичка, бидејќи единствено симболот во комуникација, „може да го предизвика кај себе си она што го предизвикува кај другите индивидуи“ (Mead, 1972 [1934], p. 149). Рефлексивноста, која ја овозможува свесноста за значењето на нашите гестови и го овозможува конституирањето на себството, значи нужно претпоставува постоење *јазик*. Еве како Мид го објаснува овој процес:

> “Неопходно за себството е личноста да си одговара себеси, и токму во ваквиот тип општествено поведение се појавува себството. Освен лингвистичката, јас не знам за друга форма на поведение во кое индивидуата станува на себе си објект, и колку што можам да видам индивидуата не е себство во рефлексивна смисла освен ако не претставува објект на самата себе. Овој факт ѝ дава критично значење на комуникацијата, бидејќи во овој тип на однесување индивидуата навистина си одговара себе си“ (Mead, 1972 [1934], p. 142).

Создавањето на себството е нужно општествен исход и тој подразбира постоење на симболички апарат односно јазик. Да се биде „на себе си објект“ подразбира, тврди Мид, дихотомизација на себството која кај децата во првите две години од нивниот живот има развојна траекторија – *да се биде и субјект и објект истовремено*. Тој за да ги објасни општествените услови под кои се појавува себството и за да ја објасни оваа дихотомија во која себството е истовремено и субјект и објект, претставува три нови категории: *игра на улоги*, *игра со друг* и *генерализираниот друг*[45]. Според Мид, во раната возраст[46] на децата тие учат да играат – но играта кај децата на оваа возраст, е секогаш „игра во нешто“[47] односно игра во некоја улога. Така децата играат дека се мајки, татковци, учители или доктори – преземаат различни улоги, практично улоги на она што го гледаат и го распознаваат околу нив (Mead, 1972 [1934], p. 150). Децата во играта и понатаму може да учествуваат во комуникација на сигнификантни гестови слично како кај животните кога се бркаат симулирајќи борба, но играта на улоги подразбира постоење на стимулација за определен тип на однесување – на пример преземената улога на полицаец подразбира акција во која детето треба да уапси некого. Преземањето на улоги може да биде рефлексивна активност – на играње со себе самиот. Во периодот на *игра на улоги* вели Мид „детето ги утилизира

[45] Во оригинал Мид зборува за *Play*, *Game* и the Generalized Other. Македонскиот јазик не располага со два различни термини за да се означи разликата меѓу *play* и *game*. Расположливите преводи на овие концепти сугерираат да се прави разлика меѓу *игра*, *тимска игра* и *воопштениот друг* (Ташева, 1999). Но, поимот *игра* во македонскиот јазик веќе ги покрива двете значења на Мид, и за да ја направам дистинкцијата поизразена ги користам термините во следниов превод: За Play користам „игра на улоги“, за Game ко користам терминот „игра со друг“.

[46] Мид всушност имплицира дека на фазата на *игра на улоги* ѝ претходи некаква подготвителна фаза која многу повеќе одговара на играта кај животните во раната возраст.

[47] Play at something

сопствените одговори кон овие стимули - ги користи за изградба на себството. Одговорите кои тоа има тенденција да ги даде на овие стимули, [всушност] нив ги организира" (Mead, 1972 [1934], p. 150). Повторливоста на овие одговори на сопствените стимули се одвива во темпорално протегање во општественото однесување на детето - неговите стимули кај него предизвикуваат одговор од негова страна, на сличен начин на кој тие предизвикуваат одговор кај другите, а потоа "тоа ги организира овие групи на одговори во определена целина" (Mead, 1972 [1934], p. 151) – овој процес се одвива низ динамичка последователност.

Фазата на *игра на улоги*, Мид ја контрастира со последователната фаза на *игра со друг*. Оваа фаза не треба да се разбере како супститутивна појава туку како агрегирачка – фазата на *игра со друг* не ја заменува логиката на *игра во улоги,* туку се надоврзува на неа и претставува проширување на теренот и елементите на формирање на себството – во оваа втора фаза *играта на улоги* бара од учесникот во неа да биде свесен за позицијата и динамиката на однесување на сите други вклучени. Основната разлика меѓу двете фази на игра е тоа што децата кои почнуваат да *играат со други* мора да бидат подготвени да се стават на местото на сите други кои се инволвирани во играта. Различните улоги на оние кои се вклучени во играта, според Мид мора да имаат дефинитивни меѓусебни врски и учесниците во *играта со други* мора да се стават во чевлите на сите други.

> „Ако едно дете си игра во првата смисла на зборот, тоа едноставно продолжува да си игра, но во таа игра не се пројавува основна организација. Во таа рана фаза, тоа преминува од една во друга улога онака како што го насочуваат импулсите. Но во *играта со други* во која има вклучено повеќе индивидуи, тогаш детето кое презема една улога мора да биде подготвено да ја се стави себе си и во улогата на сите други. [...] Тоа мора да знае што ќе направат сите други за да може да ја одигра својата игра до крај. Тоа мора да ги преземе сите овие улоги. Тие не мора да бидат присутни во неговата свест истовремено, но во некој момент тоа мора да има три или четири индивидуи присутни во позицијата од неговиот став – на пример ставот на оној кој ќе ја фрли топката, на оној кој ќе треба да ја фати и сл." (Mead, 1972 [1934], p. 151)

Оваа конфигурација за свесноста за позицијата на другите се одвива врз позадината на определени правила на таа игра, инаку индивидуата не би можела да претпостави каква е улогата на сите други во однос на неговата улога. Овие правила се менуваат затоа што секоја ситуација налага притисок врз правилата за ја акомодираат целта на играчот. Оваа следна фаза го развива теренот врз кој може да се појави себството, но според Мид, тука сè уште немаме, како што вели „целосно развиено себство", бидејќи детето реагира во рамките на дадена ситуација демонстрирајќи свесност за својата улога, ставајќи се во позицијата на другите, но овој процес се одвива единствено во рамките на играта: „Тој не го организира својот живот, онака како што сметаме дека треба да е организиран, имено како целина [...]" (Mead, 1972 [1934], p. 152).

За Мид оваа „целина" која единствено може да ја создаде и рефлектира целината на себството, е всушност општествената целина од која себството се рефлектира. Вели,

„организираната заедница или општествена група која на индивидуата ѝ го дава нејзиното единство на себството може да биде наречена ‘генерализираниот друг’. Ставот на генерализираниот друг е ставот на целата заедница (Mead, 1972 [1934], p. 154)“.  Значи себството има развојна траекторија која единствено возможна во рамките на општествена конфигурација. Соодветно, неговото целосно заокружување зависи од единството на она од кое тоа се рефлектира – единството на општествената конфигурација како генерализиран друг. На оваа точка се прекршуваат аргументите на кои некои сметаат дека Мид е општествен детерминист и оние кои сметаат дека е конструктивист, бидејќи во поголем дел од неговата аргументација тој навистина изгледа дека брани конструктивистичка теза. Но, јасно е кај Мид дека генерализираниот друг го ограничува, го контролира и го детерминира однесувањето на индивидуите: „Токму во формата на генерализираниот друг општествениот процес влијае врз однесувањето на индивидуите вклучени во негово спроведување, т.е. дека заедницата практикува контрола врз однесувањето на нејзините индивидуални членови; бидејќи во оваа форма, општествениот процес или заедницата влегува како детерминирачки фактор во индивидуалното мислење“ (Mead, 1972 [1934], p. 155).

Значи за диференцијацијата на *себството* не е доволен само процесот на организација на посебните ставови и однесување на другите кон индивидуата и на другите индивидуи една кон друга. Според Мид целосното полно развивање на себството е детерминирано од неговата организација на општествените ставови на *генерализираниот друг* или на општествената група на која таа ѝ припаѓа, *во целина*.

> „Овие општествени или групни ставови се внесени во полето на директно искуство на индивидуата, и се вклучени како елементи во структурата или конституцијата на неговото себство, на ист начин на кој [во ова поле] се внесени и ставовите на поединечни други индивидуи; и индивидуата досегнува до нив или пак успева да ги прифати, со помош прво на понатамошно организирање, а потоа и генерализирање на ставовите на партикуларните други индивидуи во смисла на нивните општествени однесувања и импликации. Така, себството го достигнува својот целосен развој со тоа што ги организира овие индивидуални ставови на другите, во организирани општествени или групни ставови, така станувајќи индивидуална рефлексија на општата систематска схема на групното однесување во кое таа и другите индивидуи се вклучени[…]“ (Mead, 1972 [1934], p. 158).

Социоцентричната концепција за себството на Мид има последици, се разбира врз начинот на кој може да се размислува за замислената диференцијација меѓу субјективноста и објективноста на искуството. Тврди дека „есенцијата на себството […] е когнитивна: таа лежи во интернализираните конверзации на гестови кои го конституираат мислењето, или лежи во условите во кои мислата или рефлексијата се одвиваат. Според тоа, потеклото и основата на себството, како и на мислењето, е општествено“ (Mead, 1972 [1934], p. 173).

Рефлексивноста на себството наметнува диференцијација на нешто што се гледа себе си во организирана рефлексија на ставовите на другите кон него и во ставовите на другите меѓу себе. Мид, за да ја објасни оваа рефлексивност и така да го објасни потеклото на

себството, разликува две инстанции на себството: она што го нарекува Јас (во оригинал “I”) и она што го нарекува Мене[48] (во оригинал “Me”). *Јас* според Мид е инстанција која има свесност за општественото „Мене“. Бихевиористичкиот пристап наложува *Јас* и *Мене* да се манифестираат на некој начин низ процесот на однесување. Мид вака ги објаснува овие две инстанции: „*Јас* (the “I”) е одговорот на организмот на ставовите на другите, Мене (the “Me”) е организираниот комплекс ставови што некој самиот ги прифаќа. Ставовите на другите го конституираат организираниот *Мене* (the “Me”) и потоа тоа реагира кон него како *Јас“* (Mead, 1972 [1934], p. 175).

Траекторијата на оваа диференцијација и според тоа на појавата на себството ја објаснува во повеќе детали кога вели дека прво во конверзацијата на гестови, која ја објаснив погоре, не постои ниту *Јас* ниту *Мене.* Во оваа смисла конверзацијата на гестови е поле во кое се одвива подготвителната фаза во креирањето на себството. Доколку индивидуата во оваа *ситуација со други,* реагира на начин на кој во себе ги произведува ставовите на другите, се појавува *организирана група реакции или одговори.* Кога индивидуата успева да ги преземе и, исто толку важно да ги *организира* овие ставови на другите, таа добива само-свест. Така, според Мид „преземањето на сите овие организирани комплекси на ставови нејзе ѝ го даваат нејзиното „Мене“ – тоа е себството за кое таа [индивидуата] е свесна“ (Mead, 1972 [1934], p. 175). Ова ниво на *себството* според него, постои непосредно во неговата свест – фрлена му е топка во некоја игра, тој ги организира однесувањата на другите индивидуи во конфигурацијата во која што се наоѓа и свесен е што другите индивидуи во групната конфигурација сакаат, кои се последиците од неговиот акт и така презема одговорност за ситуацијата свесен дека треба, на пример, да ја фрли топката кон друг. Сега, вели Мид „токму присуството на овие организирани комплекси ставови го конституираат неговото ‘Мене’ на кое таа треба да одговори како ‘Јас’. Но каков ќе биде тој одговор, тој не знае, ниту пак тоа го знае некој друг. [...] Одговорот на оваа ситуација како што таа се појавува во неговото непосредно искуство е неизвесна, и токму тоа го конституира ‘Јас’” (Mead, 1972 [1934], p. 175).

Подлабоко читање на Мид во ова објаснување на траекторијата на конституцијата на себството во искуството, не може, а да не го отвори, сметам суштинското прашање на моментот на *неизвесност* меѓу организираниот интернализиран комплекс на ставови и однесување епитомизиран во *Мене* и одговорот на *Јас* кон него. Мид не го пренебрегнал ова прашање - и самиот лоцирајќи го, се обидел да го објасни. Сметам дека објаснувањето отвора многу дилеми околу сличноста на Мид со подоцнежната радикална дестабилизација на целовитоста на субјектот. Но, кога го велам ова, мора и да напоменам дека сметам оти, Мид застанува токму на точката во која навистина треба да ги види нејзините радикални

[48] Во оригиналната форма Мид ги разликува “I” и “Me”. На македонски овие термини се преведени со *Јас* и *Моето Јас* (Ташева, 1999, pp. 381-384). Сепак диференцијацијата на субјектната и објектната форма на глаголот To Be во македонскиот јазик има соодветен пар.

последици, на сличен начин на кој Сосир застана на точката на која што треба да ги анализира радикалните последици од тезата дека знаењето се конституира во диференцијалната позиција на означителите, а не во односот меѓу означителот и означеното. Истовремено, конзистентно со критичарите на начинот на кој Блумер подоцна го читал Мид и начинот на кој тој сметал дека ја применува неговата визија за себството и општественото, сметам дека интеракционистите и Чикашките бихевиористи во теориите на општествените движења превиделе многу важен елемент на конституцијата на субјективитетот што ги одвело повторно во есенцијализација на индивидуите во интеракциските процеси. Мид, всушност го дестабилизира субјективитетот на индивидуата, но ја користи концепцијата и имагинариумот на рефлексивноста за да ја објасни над-детерминацијата на индивидуалното поведение. Еве како, во еден подолг цитат Мид ја објаснува оваа нестабилност на одговорот на „Јас" кон објективно конституираното „Мене":

> „На тоа се заснова фактот дека 'Јас', во искуството не се појавува на истиот начин како 'Мене'. Тоа 'Мене', претставува дефинитивна организација на заедницата во нашите сопствени ставови, и тоа повикува на одговор, но одговор кој се одвива во нешто што се случува во моментов. Не постои детерминираност на тој одговор. *Постои морална нужност, но не и механичка нужност за тој акт (н.з).* Откако тој ќе се случи, тогаш гледаме што се случило. Овој опис, сметам, ни ја дава релативната позиција на Јас и Мене во дадената ситуација, и основата за сепарација на двете во бихевиоралниот процес. Двете се сепарирани во овој процес, но тие си припаѓаат едно на друго, во смисла на тоа дека се дел од целина. Тие се поделени, а сепак имаат заедничка припадност. Сепарацијата на Јас и мене не е измислена. Тие не се идентични бидејќи како што реков, Јас никогаш не е нешто што е целосно пресметливо. Мене навистина повикува определен вид Јас, во онаа мера во која ние ги исполнуваме обврските зададени во самото дејствување, но Јас е секогаш нешто поинакво од она што е барано во дадената ситуација. Така, секогаш постои таа дистинкција, ако сакате меѓу Јас и Мене - Јас истовремено го повикува Мене и реагира на него. Земени заедно тие ја конституираат личноста како што таа се појавува во искуството. Себството е во основа општествен процес кој се одвива во овие раздвојливи фази. Ако тие не постојат тогаш не би постоела свесна одговорност, и не би постоеле новитети во искуството" (Mead, 1972 [1934], p. 178).

Изгледа дека Мид, додека, јасно го опишува процесот на нестабилност и контингентност на Јас, истовремено сугерира дека Јас и Мене конституираат или ѝ припаѓаат на *една целина*. Како тезата за контингентност да е насочена кон една радикална теоретска дестабилизација на еснцијалистичкиот субјективитет, но истовремено тезата за целовитост да не сака да ја напушти истата матрица на заокруженост и есенцијалистички детерминизам. Ако одговорот на Јас кон организацијата на ставовите и однесувањето на другите како и кон конструкцијата на *генерализираниот друг* епитомизирани во *Мене,* е нестабилен, непресметлив односно во основа контингентен, тогаш и конституцијата на себството не може да биде замислена како целина од два елемента. Напротив, тогаш конституцијата на себството би морала да се замисли како *невозможност тоа да се конституира*. Невозможноста на себството би требало да биде негова состојба.

Заклучокот што го сугерирам овде, а кој може да се насре во оригиналната позиција на Мид, меѓутоа не би можел да застане овде. Дефинитивноста на Мене како организација на ставовите на другите и општествената контрола на генерализираниот друг, исто така мора да бидат дестабилизирани. Концептот на *организација како тоталност* е неодржлив бидејќи она на што Јас реагира или одговара, може да биде повлечено во повеќе симултани хегемонизирани конструкти кои ги ставаат под притисок ставовите на другите. Освен тоа, контингентноста на ставовите на другите ја прави невозможна гаранцијата дека определени јавни општествени ставови ќе бидат рефлектирани од Јас на индивидуата која минува низ процес на рефлексија. Мид изгледа дека не оди во оваа насока, не само во контекст на концептуализацијата на *себството* туку и на *општеството* кога зборува за *„целовитост на себството кое одговара на целовитоста на општественото“*, како во овој извадок:

> „Единството и структурата на заокруженото себство го одразува единството и структурата на општествениот процес како целина; и секој од елементарните јаства од кои тој е составен, го одразува единството и структурата на еден од различните аспекти во оној процес кој се однесува на индивидуата. Со други зборови, различните елементарни јаства кои го конституираат или се организирани во комплетно себство се различните аспекти на структурата на тоа комплетно себство, кои одговараат на различните аспекти на структурата на општествениот процес во целина – структурата на комплетното себство е така рефлексија на комплетниот општествен процес. Организацијата и унификацијата на општествената група е идентична со организацијата и унификацијата на секое од јаствата кои извираат во општествениот процес во кој одредена општествена група е окупирана или која ги спроведува (Mead, 1972 [1934], p. 144)

Уште една точка која кај Мид сугерира траекторија кон теоретизирање на радикална контингентност на себството - од што би морало да произлезе заклучокот дека и за себството и за општественото, невозможноста да се конституираат е всушност нивен конститутивен момент - е прашањето на a posteriori влегувањето на општественото искуство во свеста. Имено Мид смета дека одлуката се прави во еден момент кој може да влезе во искуството на Јас, но само како „мемориска слика“ - значи ретроактивно како свесен елемент на нејзиното искуство. Ова има сличности со прашањето конституирањето на идентитет во постфундационалистичките теории според кои операцијата ретроактивно именување го конституира субјектот.

За Прагматистите, Мид предимно, лингвистичката форма на општествено поведение е онаа низ која индивидуата станува *на себе си објект*, односно низ која се манифестира себството. Мид и подоцнежната форма на симболичкиот интеракционизам повеќепати ја го подвлекуваат оваа позиција. Но, истовремено тие не развиваат посериозна теорија за јазикот. И тука се наоѓа ранливоста на овој генус теории. Кај Мид, значи, гледаме една комплексна слика за конструкцијата на субјективитетот, која меѓутоа постојано осцилира меѓу негова дестабилизација (кога тврди дека има контингентност во позицијата, ставот и однесувањето на *Јас*) и есенцијализам (кога тврди дека единството на *себството* е

рефлексија на *единството* на општеството). Сликата за субјектот кај него е постојан процес на, би рекол, *прилагодување* низ операцијата на рефлексивност, на *Јас* во однос на *Мене*. Консеквентно, општествената промена е возможна токму поради контингентниот карактер на позицијата на *Јас*, за кој Мид сметаше дека нема над-детерминиран предвидлив алгоритам на реакција, бидејќи кога би имало таков, општествената промена би била невозможна, поради тоа што на секој надворешен стимул *Јас* би одговарал на однапред востановен начин.

Да заклучам, *прво*, кај Мид се гледа моментот на дестабилизација на целовитоста на субјектот, но тој не оди до крај на тој аргумент за да ја увиди и дестабилизацијата на целовитоста на секој можен идентитет; *второ* консеквентно цепењето на Јас и Мене ги гледа во релација на *прилагодување*, *адаптација* и *акомодација*, а не на *раскинување*, *дислокација* и *антагонизам* како што тоа деценија и пол по објавувањето на неговата книга ќе го направи Лакан; *трето* зборува за целовитост онаму каде што треба да зборува за невозможност за целовитост и конечно одбива во анализата да го вклучи втемелувачкото насилство на моќта која е институтивниот елемент на субјективитетот. Како резултат на ова, тврдам последователните симболички интеракционисти во методолошкото транспонирање и социологизирање на позициите на Мид се вратиле кон есенцијалната претпоставка за целовитост на индивидуите кои влегуваат во интеракција.

Социопсихолошкиот имагинариум на Мид, а преку него и некои од позициите на Дјуи и Кули, биле земени како основа во подоцнежните социолошки варијанти на бихевиоризмот и симболичкиот интеракционизам, пред сè на Чикашката школа. Од непосредните следбеници и студенти на Мид[49], Херберт Блумер веројатно е оној со нај-експлицитна теориска врска со него, но и оној чија интерпретација на Мид била поврзана со најмногу контроверзии. Во 1966 година, Блумер објави куса статија која се однесува на социолошките последици од мислата на Мид, и која беше извор на жестока дискусија поврзана со автентичноста на толкувањата на Мидовиот бихевиоризам (Blumer, 1966). Оваа дебата за нас е значајна бидејќи се одвива на точката на операционализација на прагматизмот во социолошката теорија, поконкретно, на теренот на кој може да се види како колективните бихевиористи ги формулирале онтолошките и епистемиолошките (во основа методолошките) последици на Мид за социолошкиот проект.

Според статијата на Блумер, позициите на Мид се револуционерни во однос на главната структурално детерминистичка струја во американската социологија во 1950-тите и 1960-тите – бидејќи тој ги отфрли вообичаените претпоставки дека „човековите суштества поседуваат однапред 'зададени' умови и свести, дека живеат во свет на претходно постоечки и само-образувани објекти, дека нивното однесување се состои од реакции кон тие објекти и дека групниот живот е всушност содружување на овие реактивни човечки организми" (Blumer, 1966, p. 535). Сепак, анализата на Мид не создава, како што вели

[49] На пример Вилијам Томас, Еверет Хјуз и Анселм Страус.

Блумер, скица за карактерот на човековото општество, иако премисата за човековото општество е клучна за неговиот аргумент. Но, оваа скица, верува Блумер, може да се прочита ако се анализираат социолошките последици од Мидовата теорија. Централни во анализата на Мид се според него пет елементи и сите имаат удел во конструирањето слика за општественото: (i) себството (ii) актот (iii) општествената интеракција, (iv) објектите и (v) заедничката акција. (i) Себството, вели Блумер, за Мид е процес а не структура, како што според него смета психологијата и доминантната струја во социолошката теорија во времето кога е пишувана статијата. Мид, вели Блумер, го гледа човечкото суштество како нешто што има себство: „Поседувањето на себство, на човечкото суштество му дава механизам за само-интеракција[50] преку која тој го среќава светот – механизам кој е користен за да го формира и насочува неговото поведение" (Blumer, 1966, p. 535). (ii) Овој процес на само-интеракција, вели Блумеровата интерпретација на Мид, овозможува радикално поинаква позиција за човековата акција во група – актот, општествениот акт, не може да биде едноставно резултат на дејствувањето на структурните општествени фактори на една претходно постоечка психичка структура. Напротив, бидејќи себството е рефлексивен процес на нешто што може да стане на себе си објект, човековата акција е процес на справувањето со светот – „со сигнализирањето кон себе си и со интерпретацијата на сигналите што си ги дава, човечкото суштество треба да скова или состави патека на дејствување" (Blumer, 1966, p. 536). (iii) Во интерпретацијата на Блумер, Мид зборува за два типа интеракција: несимболичка и симболичка интеракција. Првата, се однесува на начинот на кој човечките суштества одговараат на определени гестови или акти. Симболичката интеракција се однесува, вели Блумер, на тоа како човечките суштества ги интерпретираат гестовите и како дејствуваат врз основа на таа интерпретација. Со овој процес, според Блумер може да се објасни здружувањето бидејќи, преку процесите на интерпретација и дефиниција, „учесниците ги прилагодуваат сопствените актови на актуелните актови на другите и ги насочуваат другите да го сторат истото" (Blumer, 1966, p. 538). Блумер истакнува неколку аспекти важни за концептуализацијата на општествената интеракција: Прво, вели тој, општествената интеракција е сама по себе, формативен процес. „Учесниците во неа, мора да ги градат нивните соодветни патеки на однесување преку постојана интерпретација на актуелните патеки на акција на другите. Додека учесниците ги земаат пред вид актуелните меѓусебни актови, тие мора да ги прекинат, да ги реорганизираат да ги прилагодат своите намери, желби, чувства и ставови; соодветно на ова, тие мора да направат расудување за соодветноста на нормите, вредностите, и групните перцепции за ситуациите кои се формираат од актовите на другите. Факторите на психолошката конституција и на општествената организација не се супституција за интерпретативниот процес, тие се прифатливи единствено во смисла на тоа како тие се преземени во интерпретативниот процес. Симболичката интеракција мора да биде гледана и проучувана како посебен

[50] self-interaction

предмет“ (Blumer, 1966, p. 538). Второ, Блумер го истакнува проблемот на соодветствување[51], како што го нарекува. Вели, „соодветствувањето на начините на поведение се прави преку двојниот процес на дефиниција и интерпретација. Овој дуален процес функционира за да ги одржи востановените схеми на заедничко однесување и истовремено да ги отвори за трансформација“ (Blumer, 1966, p. 538). Конечно, вели Блумер процесот на симболичка интеракција се однесува на „целосниот спектар на меѓу-човечки односи“ (Blumer, 1966, p. 539): значи ова се однесува и на процесите на соработка, на конфликт, доминација, консензус, експлоатација, идентификација и слично. (iv) Според Блумеровата интерпретација, човечките суштества живеат во амбиент на објекти и нивните активности се формираат околу овие објекти. Но, Мид имал специфична дефиниција за тоа што претставува *објектот*: „[…] за Мид објектите се човечки конструкти кои не се само-никнати ентитети со интринсична природа. Нивната природа е зависна на ориентацијата и акцијата на луѓето кон нив“ (Blumer, 1966, p. 539). Значи тврди Блумер, „природата на еден објект е конституирана од значењето што тој го има за индивидуата или индивидуите за кои тој е објект […] ова значење не му е интринсично на објектот туку извира од начинот на кој индивидуата изворно се подготвувала да дејствува кон него. [Во оваа насока], сите објекти се општествени продукти во смисла на тоа дека тие се формирани и трансформирани во деминирачкиот процес кој се одвива во општествената интеракција. [...] луѓето се подготвени да дејствуваат кон објектите врз основа на значењето на тие објекти за нив. […] единствено поради тоа што објектот е нешто посочено, човек може да ја организира својата акција кон него наместо непосредно да реагира на него, човек може да го анализира објектот, да размислува за него, да смисли план за акција кон него, или да одлучи дали треба или не треба да дејствува кон него“ (Blumer, 1966, p. 539). Конечно (v) Блумер го користи терминот „заедничка акција“[52] во замена за терминот скован од Мид „социјален акт“. Под овој термин тој подразбира поширока колективна форма на акција која е конституирана преку процесот на соодветствување на однесувањето на дискретни индивидуи во општествениот домен. Блумер подвлекува дека за Мид општествениот акт е „фундаментална општествена единица“ и дека да се анализира општествениот акт значи да се соголи „генеричката природа на општеството“. Потоа Блумер дискутира како различните актови, според Мид, се поврзуваат преку соодветствување во заедничка акција. Нивното порамнување или усогласување[53] „не се случува преку едноставно механичко жонглирање […] преку ненамерна адаптација […]. Попрво, учесниците ги соодветствуваат меѓусебно своите актови, прво преку идентификување на општествениот акт во кој само што не влегле и второ преку меѓусебно интерпретирање и дефинирање на актовите на другите учесници при формирањето на заедничкиот акт“ (Blumer, 1966, p. 540). Ова идентификување на

[51] fitting together
[52] joint action
[53] Блумер го користи терминот alignment

заедничката акција на учесниците во групата им овозможува да се ориентираат во своето дејствување соодветно на дејствувањето на другите. Ова според Блумер има неколку последици: прво укажува на тоа дека „есенцијата на општеството лежи во постојаниот процес на акција, а не во замислената структура на односи. Без акција, секоја структура на односи би била бесмислена“ (Blumer, 1966, p. 541). Следно, прашањето на заедничката акција укажува на тоа дека таа мора да биде анализирана не преку следење на актите на секој од учесниците, независно дали тие се индивидуи или колективитети, туку низ призмата на самата заедничка акција во која различните акции се соодветствуваат и се спојуваат.

Блумер заклучува дека компонентите што тој ги изолирал од теоријата на Мид всушност отсликуваат целосна скица за природата на човековото општество и понатаму овозможуваат од нив да се развиваат социолошки интерпретации за симболичкиот интеракционизам и за неговите правци на истражување базирани на методологија соодветна за социолошката апликација на Мидовата теорија. Еве што пишува Блумер во поглед на методолошките последици од Мид:

> „Во методолошка или истражувачка смисла, проучувањето на акцијата би морало да биде направено од позиција на актерот. Бидејќи акцијата е скована од актерот, од она што тој го воочува, интерпретира или расудува - проучувачот ќе мора да ја увиди оперативната ситуација онака како што ја гледа актерот, да ги воочи објектите како што актерот нив ги гледа, да го извлече нивното значење во смисла на смислата што тие ја имаат за самиот актер и да ја следи насоката по која се одвива поведението на актерот додека тој го организира – накусо, проучувачот треба да ја заземе улогата на актерот и да го види неговиот свет од негова гледна точка. Овој методолошки пристап е целосно спротивен на таканаречениот објективен пристап, толку доминантен денес, имено, оној што го гледа актерот и неговата акција од перспектива на надворешен, изолиран набљудувач. ‘Објективниот’ пристап е под закана од можноста набљудувачот да го замени својот поглед за полето на акцијата, со погледот што го има актерот. Непотребно е да се додаде дека актерот дејствува кон својот свет врз основа на тоа како тој го гледа, а не врз основа на тоа како светот изгледа за надворешен набљудувач“ (Blumer, 1966, p. 542).

Блумер овде најјасно ја дистанцира позицијата на интеракционистите од онаа на структуралната концепција за општеството на генусот теории кои, како што вели, ги гледаат проблемите низ призма на термини како општествени структури, општествен систем, статусна позиција, општествена улога, општествена стратификација, општествен код, општествени норми и вредности. Но ова вели, не значи дека Мид го отфрла постоењето структури во човечкото општество – напротив. Но, структурните концепти не се надворешни детерминанти на определени општествени исходи, „тие се важни единствено кога влегуваат во процесот на интерпретација и дефиниција од кои се формираат заеднички акции“ (Blumer, 1966, p. 543).

Конечно една од клучните социолошки импликации од позициите на Мид, сугерира Блумер, се однесува на начинот на кој му се пристапува на прашањето – што е тоа што го држи општеството, или групата заедно. Наспроти социолошките пристапи кои, вели Блумер,

го објаснуваат општественото единство преку концептуализација на споделени вредности или норми и кои консеквентно на конфликтот гледаат како на нестабилност, неединство и неред, Мидовата позиција овозможува една слика за општествената кохезија преку процесот на соодветствување – ‘fitting together’ како што вели – на акти кои формираат заедничка акција. Овој процес на усогласување може да се одвива од различни причини кои не мора да извираат од споделените норми или вредности ниту пак воопшто да вклучуваат такво споделување.

Но, позициите на Блумер, предизвикуваа многу контроверзии во следните неколку децении, по објавувањето на оваа негова статија. Различни групи, американски социолози го обвинија дека недоследно ги толкувал и репрезентирал онтолошките позиции на Мид (Bales, 1966) , дека тезите не му се поткрепени со соодветно документирани докази, дека термините како значење, интерпретација или заземање на позицијата на другиот, не ги користел на начин доследен на идејата на Мид и дека методолошките постулати не одговараат на намерата што изворно ја имал Мид. Некои од критиките се индикативни не толку за доследноста на Блумеровото толкување на Мид, колку што се индикативни за отпорот кај мезо- и макро - социолошкиот табор кон, како што ги гледале, субјективистички микросоциолошки преокупации на симболичките интеракционисти и бихевиористи.

Поттикнат директно од спомената статија на Блумер, Роберт Бејлс го обвинува дека неговиот пристап кон општествената интеракција ја држи анализата на ниво на апстракција и не ѝ дозволува да се операционализира практично за истражувачки цели и дека во толкувањето на Мид од неговите аргументи произлегуваат „лажни дихотомии и дилеми“ како на пример прашањето „дали себството е процес или структура“ (Bales, 1966, p. 545). Блумер е обвинет дека во својата анализа, со тоа што тврди дека „себството е процес, а не структура“, се фокусира единствено на *Јас*, а го занемарува *Мене.* Овој заклучок Бејлс го извлекува од сопственото читање на Мид според кое *Јас* е видено како процес, а *Мене* како објект односно *структура,* а и двете се дел од *себството*. На ова Блумер одговара дека за Мид недвосмислено, *себството* не е комбинација меѓу *Јас* и *Мене*, туку дека тоа е конституирано во нивната интеракција. Следната „лажна дихотомија“ за која е обвинет Блумер е онаа меѓу идејата за човечката интеракција како „позитивен формативен процес сам по себе“ и идејата за интеракцијата како „неутрален медиум преку кој надворешни фактори влијаат еден на друг“. Бејлс вели дека е важно да се постави прашањето што е тоа што е оформувано низ интеракцијата, од кои човечки суштества, низ каков тип интеракција и за кое времетраење. Во овие прашања нема експлицитни референци на неможноста интеракцискиот процес да даде задоволителен одговор за формирањето макро перспективи, но следните реченици на Бејлс, иако не многу јасно, содржат елементи во таа насока - вели: „Интеракцијата на татко со своето дете во првите 15 години од животот може навистина да ја оформат концепцијата на детето за себе си. Но, тоа нема да направи разлика во преобликувањето на еколошките зони на градот во кој тие живеат“ (Bales, 1966, p. 545).

Блумер на оваа забелешка одговара со забелешката дека целосно не разбира што сака Бејлс да каже и вели: одговорот на прашањето *што* е тоа што е оформено во интеракцијата „очигледно тоа е акцијата на учесниците“ (Blumer, 1966a, p. 548). Но, додава: „ако однесувањето на луѓето не може да биде објаснето во смисла на нивната интеракција, туку во смисла на тоа *што* тие го носат со себе во нивната интеракција, тогаш интеракцијата е неутрален медиум“ (Blumer, 1966a, p. 548). Конечно, Блумер одговара на обвинувањето дека несоодветно ја концептуализира природата на објектите со тоа што за Бејлс вели дека не ја разбира концепцијата на Мид за објектите како нешто што е означено[54] и дека тој не постои надвор од таа дезигнација. Но оваа дебата експонира три нешта – од една страна го експонира јазот меѓу таканаречената *микро-* и *макро*логика на теоретизирање, од друга страна го експонира јазот меѓу индуктивниот и дедуктивниот методолошки пристап, и трето го експонира во основа истиот терен на кој се наоѓаат овие две струи.

Изгледа - да се вратам на основното прашање, имено дали меѓу ресурсните теоретичари и бихевиористите може да се зборува за парадигматска диференцијација - дека во една смисла добро е поткрепена претпоставката дека меѓу овие две теоретски комплекси навистина има парадигматски разидувања – релациското општествено засновано конституирање на рефлексивното себство, се разликува во суштинска смисла од претпоставката за постоење на само-извирачка човекова природа која е a priori дадена во човековата индивидуа, чија операција потоа го конституира општественото. Но, од друга страна, и двете позиции сугерираат *заокруженост и целовитост* на субјективитетот – бихевиористите на без остаток заокружена целовитост на интеракцијата меѓу Јас и Мене кое што ги прилагодува ги помирува двете осцилаторни позиции, а ресурсните теоретичари на заокруженоста на општествениот систем кој е релација меѓу составните делови и релација меѓу нив и целината. Блумер во одговорот на Бејлс вели дека преку процесот на интеракција се оформува акцијата на учесниците, но *не оди до последицата на овој процес – имено дека така се оформуваат (или во постструктуралистичката терминологија се конструираат) и самите учесници*. Затоа, во суштина и може да се замисли како овие две позиции се интегрираат во некој теоретски систем кој би прифати дека двете едноставно само гледаат од различен агол на истата стварност, а не гледаат радикално различно на *онтологијата на стварното*. Овој втор заклучок објаснува зошто, по првиот бран на ресурсни теории откако биле разбрани сериозните недостатоци на овој комплекс, па било возможно да се размислува за конвергирање на позициите на двата комплекса и во ресурсните теории да се внесат важни аспекти на социјалната психологија. Единствениот вистински проблем кој се појавил во тој момент е тоа што од една страна интеракционистите нагласок ставале на таканаречените „микропроцеси“ без да имаат вистинска теорија за макроперспективата односно без да имаат теорија за транспарентноста меѓу микроинтеракција и макроструктурата; а од друга страна ресурсните теоретичари

[54] Блумер го користи терминот designated.

размислувале за „макроструктурите“ кои пак изгледале оддалечени од реалната интеракција.

Од дискусијата следува дека бихевиористичките и ресурсните пристапи, како и нивната интеграција, во поглед на теоретизирањето на општествените движења, запаѓаат во различни типови проблеми: *Прво*, без оглед на филозофската основа на нивните теории, сите тие на методолошко ниво запаѓаат во проблемот на есенцијализација на субјективитетот на колективниот или индивидуалните актери кои оперираат во рамки на заокружени идентитети. *Второ*, и бихевиористите и ресурсните теоретичари, не успеваат адекватно да го премостат јазот меѓу она што традиционално се нарекува микро- и макрониво на теоретизирање, како и да направат поврзувања во јазот на разбирањето на дејствувањето (актерот) и структурата.

Во следниот оддел, навлегувам малку повеќе во овие проблеми поврзани со двата корпуса. Ова, бидејќи проблемот со нивните основни премиси биле мегдан на аналитичка битка која водела кон заклучокот дека кризата во социолошката теорија отворена по функционалниот структурализам на Парсонс, не е разрешена. Воедно таа криза ја експонирала и основата на она што може да се нарече постструктуралистичка позиција во општествената теорија.

- *в. премостувања и расцепи: дејствувањето и структурата во макро- и микронивоата на анализа*

Основното прашање на кое мора да му се врати секој аналитички зафат во општествените иследувања, сметам, е размислувањето за *онтологијата на општественото*. И во овој контекст време е да се осврнам на важно мета – теориско прашање за кое сметам дека е толку значајно што не би требало да постои обид да се предложат сериозни теоретски позиции без да се понуди некакво решение за него: она што социолошкиот проект го смета за динамика меѓу *дејствувањето и структурата*, како и односот меѓу *макро- и микронивоата на анализа*.

Во доцните 1970-ти во европскиот интелектуален контекст, ескалирал решителниот напад врз модернистичкиот детерминизам, и тој доаѓал од една хетерогена група мислители кои застапувале позиции како диференцијална/негативна онтологија и антиесенцијалистичка епистемиологија: идејата дека она што може да се нарече *реално* е дискурзивна конструкција, дека антагонистичката другост е конститутивна за субјектот, дека не постои трансцендентален означител (*види* (Žižek, 1990, p. 249; Best & Kellner, 1991, pp. 1-33)). Пукнатините кои го овозможиле овој радикален имагинариум, кој станал познат под терминот *постструктурализам*, биле видливи во слепите улици на детерминистичкиот светоглед уште кон средината на 1900-тите и тие не укажувале само на тоа дека станува збор

за *херменевтички* спор – спор за тоа *како* треба да се *чита реалното*, туку многу подлабоко, укажувале на тоа дека се работи за *онтолошки* спор - во однос на тоа *што е тоа, таканаречено реално?*

Раздвижувањето до различен степен погоди различни сфери во рамките на востановените текови во социологијата – видовме на пример дека америко-центричните теории на општествените движења во 1960-тите и 1970-тите останале во голема мера недопрени од европските интелектуални пресврти кои во истиот период анализирале многу слични манифестации на популарен субјективитет. Така радикална интелектуалната трансформација, од социолошката ортодоксија, била доживеана како симптом на една длабока криза во општествената теорија – криза која според нив се однесувала (i) на раскинот на врската меѓу *макро-* и *микро*нивоата на анализа и (ii) на замаглувањето на традиционално важната дихотомија на *дејствување* и *структура*.

Да ја земеме позицијата на Никос Музелис во 1990-тите која е парадигматична за укажувањата за *кризната состојба* во социолошката теорија (Mouzelis, 1992; 1993; 2005 [1995]). Коренот на проблемот, според него, е видлив во социолошкиот теоретски одговор кон структуралниот-функционализам (Parsons, 1951; 1966 [1937]). Познати се аргументите против комплексниот систем на Талкот Парсонс: тој е опсежно критикуван дека создал еден гломазен теоретски комплекс без допир со општествената стварност и со статична визија за *општественото* како „систем од системи"; на ниво на микроакција тој е критикуван дека не успеал да развие теорија на интеракција поради што во неговиот конструкт е видлив остар и необјаснив скок меѓу она што тој го нарекуваше unit-acts - *од една страна*, и макро - општествениот систем како исходишна *целина* - од друга (Habermas, 2003 [1981]); на макро-општествено ниво пак, тој бил обвинет дека поради тоа што *општественото* го замислил како структура од четири суб-системи, кои претставуваат корпуси на институционализирани норми насочени кон одговор на четири основни општествени функционални проблеми[55] - целосно ги избришал *актерите* како двигатели на општествените процеси: "Во овој, како кромид-слоевит конструкт, макро актерите, како групите од интерес, општествените движења итн., изгледало дека немаат теоретски разработено место" (Mouzelis, 1993, p. 677).

Во обидот да се надмине оваа теоретска јама, вели понатаму аргументот, одговорот на социолошката теорија одел во два, според Музелис, несоодветни правци: *Едниот*, продолжил да оперира во, *sensu stricto социолошката традиција*[56], но во претераната

---

[55] Се мисли на (1) адаптација, (2) целно-остварување, (3) интеграција, (4) латенција

[56] Музелис овде ако не погрешно, тогаш барем непрецизно зборува за „Парсонска традиција" за да ги маркира оние движења по Парсонс, кои продолжиле да функционираат во рамките на истражувачки – ориентираното, специјализирано теоретизирање, иницирано од „следбениците на Парсонс" во потесна парадигматска смисла; но кои вели, „се справувале исклучиво со Парсонсовото потценување на микро-интеракцијата, ги занемариле макро актерите и така не успеале да воспостават рамнотежа меѓу системот и акцијата" (Mouzelis, 1993, p. 678). Така во оваа линија ги ставил и теоретичарите од (во потесна смисла) политичката социологија како (Lipset, 1960) или (Almond & Verba, 1963); потоа микро – интеракционистите како (Goffman, 1956), етнолозите како (Garfinkel, 1991), но и макро-социолози како (Giddens, 1986). Значи под *традиција* овде тој мисли на хетерогени истражувачки програми кои во строга смисла ги следат социолошки

реакција на, како што вели, „ултра-системските“ столбови на структуралниот функционализам, се фокусирал единствено на теоретизирање на *микро - општествените ситуации*, повторно, воопшто не објаснувајќи како тие нивоа на акција и интеракција се поврзани со макро-институционалните структури и актери. Ова според Музелис, направило непремостлива празнина меѓу макро- и микросоциологијата, целосно и систематски игнорирајќи ја валидноста на, како што ги нарекува, „општествените хиерархии“ во теоретизирањето на *општественото* (Mouzelis, 1993, p. 677). Како одговор на тоа што структуралниот функционализам ги занемари и *макро*- и *микро*актерите, во 1960-тите имало пролиферација на интерпретативни и етно-методолошки ориентирани социолошки теории, кои, тврди Музелис, плашејќи се и бегајќи од објективацијата (реификацијата[57]) карактеристична за Парсонс, од своја страна го занемариле системскиот макро поглед на *општественото*, развивајќи една, како што вели „популистичка“ социологија, фокусирана на интеракцијата единствено на микроактерите, без да го поврзат тоа со, на пример, системските нееднаквости во чиј контекст тие интерактираат – состојба која исто така, дури и повеќе според него, придонесува за исходите во општествената стварност. Конечно, Музелис аргументира дека во овој корпус, биле систематски занемарени *макро актерите* од причина што во интерпретативната социологија, тврди, има сеприсутно и исклучиво „асоцирање на дејствувањето со *микро*, а институционалните структури со *макро* нивоата на анализа“ [н.з.] (Mouzelis, 1993, p. 679) – со други зборови социолошката теорија, според него, се однесувала како да не постои (интер-персонална) интеракција која се одвива *и на микро- и на макрониво*. Ова, вели, прави „изместена слика за општествениот живот“ и оневозможува „адекватно да се идентификува што е тоа што го прави посебно интеракциското ниво [на анализа]“ (Mouzelis, 1992, p. 122). Дополнително, за оваа група Музелис заклучува дека „сè додека микросоциолозите продолжуваат да ги игнорираат *општествените хиерархии* кои ги поврзуваат микро-, мезо- и макроактерите и ги гледаат макро феномените како прости додатоци или претставувања на микро случувањата, тие воопшто не овозможуваат микровтемеленост, туку едноставно даваат лажна редукционистичка слика за општествениот свет“ (Mouzelis, 1993, p. 681). Во овој корпус, Музелис ги става и пософистицираните постпарсонијански социолошки теории, како на пример *теоријата на структурација* (Giddens, 1986) кои според него стигнале најдалеку во конструирањето теорија која ќе ги има предвид истовремено и општествените актери и институционалниот домен, но сепак тие не успеале да направат вистинска оперативна поврзаност меѓу нив.

*Другиот* тип реакција на Парсонс, како што вели Музелис, била предводена од група политички радикални социолози, кои се ориентирале прво кон таканаречените Теории на

востановените епистемиолошки принципи, нивоа на анализа и методи. Можеби попрецизно ова го кажува Рандал Колинс (Collins, 1994 [1985], pp. 181-242) кој зборува за Диркемовата традиција како „вистински социолошка традиција“.

[57] Во оригинал reification.

конфликт, но подоцна, по слабеењето на ортодоксниот марксизам, тие се свртеле кон постструктуралистичките пристапи за *општественото*. Излез од кризата, оваа група, барала надвор од социолошкиот позитивистички канон на раната поствоена социологија - во лингвистиката, психоанализата и политичката теорија. Тој ја обвинува оваа група дека во обидите да ги деконструира детерминистичките коридори на модернизмот, се заплеткала во филозофските/онтолошки спекулации кои ја оттргнале општествената теорија од истражувачката програма на *општествената стварност*. Радикалноста на оваа реакција Музелис ја гледа не само во тоа што, како што вели, таа оневозможувајќи холистички пристап кон теоретизирањето на општеството, целосно ги отфрлила социолошките дистинкции- пред сè меѓу дејствувањето и структурата (agency & structure), и меѓу *макро*- и *микро*-социолошката перспектива - туку и во тоа што таа ги отфрлила и сите конвенционални разграничувања меѓу дисциплините и суб-дисциплините во општествените науки (Mouzelis, 1993, p. 683).

Музелис потоа критикува неколку важни постструктуралистички позиции, за да заклучи дека овој, во основа нихилистички одговор не може да биде сметан „ниту за добра филозофија, ниту за добра социолошката теорија“ (Mouzelis, 1993, p. 678): *Прво,* постструктуралистичкиот одговор на социолошкиот позитивизам е обвинет за тоа дека неговиот *радикален антифундационализам*[58], во основа, не ја динамизира, ами ја слабее моќта на теоријата да постави важни и како што вели *„интересни“* прашања за општествената стварност, кои, според неговата импликација, е возможно да бидат поставени единствено во рамките на некои *холистички теоретски системи*. Постструктуралистите ги отфрлаат сите позиции кои се во потрага по *универзални критериуми* кои би служеле како фундаменти на некоја теорија на *општественото*, бидејќи *општественото* се одликува со дисконтинуитети, расцепи, нестабилност и незаокруженост и поради тоа обидите да се вкалапи во некаков уреден систем би претставувале „научнички“ авторитарен конструкт. Епистемиолошкото втемелување на *примарни научни принципи*, вели аргументот, за постструктуралистите е утопија. И „тие ја сметаат за подеднакво утописка секоја теорија која се обидува да формулира општи закони или општи пропозиции кои би можеле да помогнат холистички да се објасни општеството или општествениот развој“ (Mouzelis, 1993, p. 684). Иако, Музелис признава дека општествените науки немале особен успех во воспоставувањето „први принципи“ на комплексните општествени процеси, сепак тврди дека тоа не значи дека треба да се отфрлат сите холистички теории како утописки.

[58] Фундационализам, во согласност со Филозофската енциклопедија на Станфорд, овде означува спознајна позиција поврзана со структурата на епистемиолошката оправданост, односно со структурата на знаењето. „Тезата на фундационалистите […] е дека (а) постојат некои „основни“ или „фундаментални“ верувања кои имаат позитивен епистемски статус – односно, тие се сметаат за оправдани или [имаат статус на] знаење, без при тоа да зависат од кое и да е друго верување; и (б) за да го има тој статус [на прв принцип], секое друго верување со позитивен епистемски статус мора да зависи, во последната анализа, од фундаменталните верувања“ (Hasan & Fumerton, 2022).

За да ја одбрани позицијата, имено дека не сите социолошки холистички пристапи се утописки – став за кој го обвинува постструктурализмот, Музелис прави, според него, фундаментална разлика меѓу два типа теории: она што го нарекува *супстантивни теории* од една страна и она што го нарекува *концептуални или хевристички рамки* од друга[59] - односно, прави разлика меѓу *супстантивните* и *методолошките* генерализации. Првиот тип теорија ја гледа како состав на супстантивни хипотези кои се обидуваат да кажат нешто ново за општествениот свет и кои поради тоа можат да бидат потврдени или отфрлени. Другиот тип теорија, пак, е состав на алатки кои едноставно го овозможуваат или го подготвуваат теренот за конструкција на супстантивни теории (Mouzelis, 2005 [1995], p. 1). Така теоретската структура на Парсонс би бил пример за вториот тип теорија затоа што таа конструира концептуален инструментариум кој овозможува да се поставаат „систематски и компаративно ориентирани“ прашања за *општествените целини* – за вакви пристапи може да се сметаат и концепцијата за habitus (Bourdieu, 2010 [1984]) и схемата на дуализмот на структурата во теоријата на структурација (Giddens, 1986). И првиот и вториот тип теории имаат холистичка логика, но антифундационалистичките аргументи на постструктурализмот, вели Музелис не се ефикасни во критиката на вториот тип теории. Ако се има предвид оваа дистинкција, Музелис верува дека нема ништо погрешно во конструирањето на холистички и неисторицистички концептуални конструкти, кои како во вториот тип генерализации би овозможиле да се поставаат „прашања за конструкцијата, репродукцијата или трансформацијата на општествените целини *во нивната тоталност [н.з.]*“ (Mouzelis, 1993, p. 684).

*Второ,* тој го напаѓа, како што вели постмодерното (постмодернизмот и постструктурализмот ги гледа како идентични позиции) де-центрирање на *Субјектот,* за како што сугерира, пасивната позиција што таа концепција му ја дава на општествениот дејственик. Познато е дека традиционалните социолошки пристапи дискретно сфатениот субјект (како групата или индивидуата), го ставаат во средиштето на секоја концептуална или емпириска анализа. Едноставно, во општествените истражувања *Субјектот* се зема како даден, автономен, омеѓен, ентитет и неговата опипливост не се проблематизира – се проблематизира интерпретацијата на тоа *што* групите или индивидуите го прават или *значењето* на институционалниот исход на историјата на субјектите во група или како се менуваат ставовите на субјектите во група - но не се проблематизира нивниот *дискретен онтолошки статус*. Постструктурализмот за разлика од ова, не го става субјектот во средина на анализата туку се занимава со општествените практики и дискурзивни

[59] Оваа негова дистинкција се базира на разликите на Алтисер меѓу таканаречените Généralités I, II и III. Généralités I, според Алтисер, се состојат од „суровиот материјал кој теоретската пракса ќе го трансформира во спецификувани концепти (Althusser, For Marx, 2005 [1969], p. 183), Généralités II, според него се „конституирани од корпусот концепти чие повеќе или помалку контрадикторно единство ја конституираат ‘теоријата’ на науката во даден (историски) момент [...] (2005 [1969], p. 184) и Généralités III “кои го конституираат спознанието“ (2005 [1969], p. 183). Теоретската пракса, вели Алтисер „произведува Généralités III преку операцијата на Généralité II врз Généralité I . Кај Музелис концептуалните или хевристичките рамки одговараат на Généralités II, а супстантивните теории на Généralités III кај Алтисер.

конструкции кои, според Музелис се „дисконектирани од актерите кои ги генерирале“ (Mouzelis, 1993, p. 685). Практиките во оваа смисла, тврди, немаат посебен актер кој ги создава – како класата, етничката група или елитата, ниту пак имаат специфична цел или функција. Општественото така, „се состои од системи на разлики, и во оваа смисла му недостасува севкупна кохерентност; нема центар или унифицирачка волја, која што би можела биде водилка или да има сеопфатна цел“ (Mouzelis, 1993, p. 685). Музелис вели дека се согласува со тоа дека практиките на актерите може да бидат несвесни и да имаат ненамерни последици – но вели:

> „[…] сето ова не треба да нѐ натера да ја игнорираме непасивната, свесната димензија на индивидуалниот и општествениот развој. […] Единствениот начин да се покаже како дискурсите се артикулираат и формираат *хиерархиски структурирани целини,* или пак, да се покаже зошто некои дискурси се помоќни од другите, е во центарот на анализата да се поставаат индивидуалните и колективните актери. Кога не се умее да се постигне ова, општествениот свет е редуциран до едно нехиерархиско рамно место, и како тако тоа не може да биде ниту опишано ниту соодветно објаснето“ (Mouzelis, 1993, p. 686).

*Трето*, во основа најрадикалната идеја на постструктуралистите е, забележува Музелис, проблематизирањето на референтот на општествената стварност, дестабилизирањето на концептот на *репрезентација.* Музелис не навлегува во логиката на аргументот на причините за тоа, но овде, се разбира треба да забележам, тоа има корени уште на почетокот од 1900-тите – во структуралната лингвистика на Фердинанд де Сосир. Сосир, за разлика од лингвистичките номиналисти, за структурата на лингвистичкиот систем предложи диференцијална динамика во која за манифестацијата на значењето не зависи од односот меѓу означителот и означеното – туку, од односот меѓу различните означители (Saussure, 2011 [1916]). Онтолошките последици од оваа идеја Сосир не ги развил до крај, но затоа тие имале одек во филозофијата и биле засилени со современите откритијата во психоанализата. Апликацијата на разводот меѓу означителот и неговиот референт, врз домените на општественото и политичкото, не само што изгледало дека ја поткопува валидноста на холистичките пристапи на големите теории, туку и бил искористен како основа за деконструктивно дестабилизирање на секоја друга епистемиолошка стабилност. Ова, пак, натерало многу од критичарите на постструктурализмот, во неговите манифестации да не гледаат ништо друго, освен, отворен или скриен теоретски нихилизам од кој не може да произлезе конструктивна идеја која би можела да создаде слика за *општественото*, или пак која би можела да креира методолошки рамки за да се овозможи некаква истражувачка постапка. Во оваа група спаѓа и Музелис кој, го обвинува постструктурализмот за „неприфатлив релативизам“ – според аргументот, дури и да не постои материјална емпириска референца според која би можело да биде востановено каква е валидноста на определена теорија, сепак, според него, постојат референци од симболички тип кои имаат своја емпириска материјалност, слично на *теориите од втор ред* на Гиденс. „На ист начин

на кој конвенционалните општествени научници се бидуваат да ги тестираат своите теории референрајќи на ‘материјалната стварност’ која постои таму некаде, така еден неесенцијалистички пристап треба да се обиде да ги верификува *теориите од втор ред*, реферирајќи на *теориите од прв ред“* (Mouzelis, 1993, p. 688) .

Конечно, *четврто,* за ерес на постструктурализмот, Музелис го смета радикалното де-диференцирање на дискретните полиња на општествените науки. Според него, наместо аргументот да оди во насока на отворање потемелни канали на комуникација меѓу општествените дисциплини, постструктурализмот целосно ги укинал границите меѓу нив – и отсуството на интердисциплинарна комуникација и укинувањето на границите се според него, непосакувани исходи на теоријата. Токму занемарувањето на интердисциплинарните граници, според него води до замаглување на микро-, мезо- и макронивоата на анализа и на валидноста на општествените хиерархии и создава слободна и недискриминативна мешавина на концепти извлечени од филозофијата, психоанализата, социологијата семиотиката и сл.

Ако главните точки за напад на постструктурализмот, Музелис ги конструира околу позициите на Фуко (Foucault, 2005 [1966]), тогаш нападот за врската меѓу де-диференцијацијата на општествените дисциплини и целосното игнорирање на диференцијацијата меѓу макро-, мезо- и микронивоата на анализа како и игнорирањето на односот меѓу дејствувањето на актерите и општествената структура, го насочува кон позициите на Ернесто Лаклау. Лаклау и неговата соработничка Шантал Муф, во основа се обвинети дека протежираат поедноставена и еднодимензионална слика за општественото - дека замислувајќи го општественото како безгранична дискурзивна игра на разлики и бесконечен ланец на дискурзивни практики, ја занемариле конкретноста на институционалните структури, чија ригидност и трајност, вели, погрешно претпоставиле дека веднаш подразбира инхерентна реификација и есенцијализам. Во читањето на Музелис, институционалниот домен – односно релативно стабилните структури, во нивната теорија се замислени како ефемерна, дискурзивна „фиктивност“ нешто што е во постојан нестабилен флукс. За Лаклау и Муф, вели аргументот:

> „[…]самата дистинкција меѓу општествената и системската интеграција, меѓу практиките на субјектите и институционалната структура, е заблуда: единствената реалност се наоѓа во дискурзивните пракси. Дискурсите/дискурзивните практики непрестајно конструираат и деконструираат само-идентитети, субјектни позиции, јазолни точки, социјални простори и т.н. Со оглед на отсуството на фиксираност и нужност во општествените аранжмани Лаклау и Муф отфрлаат секаква референца кон трајните институционални структури како импликација за есенцијализам. Ова ги наведува кон тоа да ги испитуваат дискурзивните пракси и субјектите кои тие ги конституираат во институционален вакуум. (Mouzelis, 2005 [1995], p. 58).

Тезата на Музелис е дека теоретизирањето на институционалните структури како опипливи стабилни и трајни системи, не нè води неминовно кон есенцијализам и дека

дискурзивноста на општественото не значи веднаш и ефемерност на институционалните структури бидејќи токму институционалните аранжмани како на пример приватната сопственост или поделбата на властите, го ограничуваат и ги овозможуваат дејствувањето на општествените актери. Дискурзивноста е така компатибилна, според него со високиот степен на непроменливост на институционалните аранжмани:

> „Ако ова е прифатено, тогаш станува неопходно да се реши прашањето зошто одредени дискурзивно конструирани институции се потрајни од другите. За да се одговори на ваквото основно прашање, потребно е прикажување на субјектите не едноставно како ненамерен исход на дискурзивните практики, туку како релативно автономни актери, чија различна контрола на ресурсите е директно релевантна за издржливоста или кршливоста на одредени основни институционални аранжмани. Со други зборови, невозможно е ефективно да се разликуваат различните видови дискурзивни практики (во смисла, на пример, на нивниот степен на издржливост или фрагилност), без да ја користиме дистинкцијата меѓу дејствувањето и структурата“ (Mouzelis, 2005 [1995], p. 60).

Деконструкцијата на нападот врз постструктуралистичкиот одговор на социолошката ортодоксија, сметам, ќе илуминира многу од позициите поврзани со, во „тесна смисла“ *социолошкиот одговор* на Парсонс, кои пак подетално ги разгледав во поглавјето во кое ги дискутирам трансформациите во рамките на корпусот што денес доминантно се нарекува – *Теории на општествените движења*. Сепак, овде мора на елементарно ниво, и врз основа на неколку клучни увиди на постструктуралистичките позиции да укажам на теоретски проблематичниот терен на кој Музелис ја поставил својата критика.

Се осврнувам прво на неговата забелешка дека постструктуралистичкиот одговор на Парсонс, завлегла во непотребни филозофски/онтолошки спекулации кои, како што сугерира, го оттргнале фокусот *настрана од истражувачките програми за анализа на општествената стварност*. Историски, постструктурализмот се појави во момент кога глобално, метастазираа општествени движења чие идентитетско одредување не може да се лоцира во економскиот домен – во она што во марксистичката критика се нарекува *база.* Партикуларните барања во неколку афро-американски хипер-локални средини во раните 1960-ти, се кристализираа како артикулација на и мноштво и хетерогени барања за чијашто хегемонизација не може да се најде класна детерминанта лоцирана во економската *база,* ниту пак нивниот „позитивен“ идентитет може да се лоцира во расата или „идеологијата“. Движењето во Полска во доцните 1960-ти се отвори како манифестација на работнички барања поврзани со синдикализмот, но преку серија демократски интерпелации тоа се кристализираше како популарна антитоталитарна мобилизација, без јасен класен печат, а речиси истовремените париски настани, додека артикулираа антикапиталистички барања, беа манифестација и на образованата „средна класа“ во универзитетите и на „работничката класа“ во индустриите. Токму, бидејќи, одговорот на прашањето, како бил конституиран популарен идентитет од овие движења, односно како овие развиле седиментирани практики кои потоа повеќе или помалку биле транспонирани во седиментираните

институционални практики, не може да се бара во „идеолошката содржина“ и во a priori замислените структури, станало јасно дека постструктурализмот мора да се обиде да ја преиспита „позитивната онтологија на социолошкиот канон“ без која не може да се гради теоретска позиција. Така што, одговорот на критиката на Музелис, дека постструктурализмот се заплеткал во онтолошки прашања всушност е тоа дека, без одговор на овие прашања не е јасно на што е можно да се изградат аргументите на какво и да е теоретизирање. Затоа нејасно е како и големи истражувачки програми, вклучително и истражувачките програми во доменот на општествените движења, граделе теоретски и методолошки претпоставки без да дискутираат за онтолошките претпоставки за тоа *каква* е стварноста или пак *дали* е стварноста – туку нив ги земале за однапред дадени. Токму овој пристап, може да се каже е одговорен за она што Музелис го нарекува „криза во социолошката теорија“.

Неговиот втор антипостструктуралистички аргумент се однесуваше на тоа дека де-центрирањето на *Субјектот,* кај Лаклау и другите, го става субјектот во пасивна позиција – и ова е поради контингентната природа на општествениот дејственик. Тврдење, што видовме, го тера Музелис да заклучи дека „единствен начин да се покаже како дискурсите се артикулираат и формираат *хиерархиски структурирани целини,* или пак, да се покаже зошто некои дискурси се помоќни од другите, е во центарот на анализата да се поставаат индивидуалните и колективните актери“. Оваа линија критики интересно оди во повеќе насоки и кон Лаклау и Муф е изречена и од некои постструктуралистички мислители (на пример, како кога Растко Мочник (Močnik, 1993, p. 155) и Славој Жижек (Žižek, 1990, p. 250&251) тврдат дека Лаклау, дејственикот (agent) го замислил на сличен начин како Фуко и неговата „субјектна позиција во дискурзивна формација“, што го ослободува субјектот од политичка дејственост и секаква супстанца, односно ја гледа структурата на веќе постоечки дискурси како *детерминанта на дејственикот*). Како што забележува Ховарт (Howarth, 2000), во одговор на ова Лаклау и Муф, ги отфрлаат целосно обвинувањата за есенцијалистичките пристапи кон субјективитетот во нивната теорија како и обвинувањата за детерминативното сфаќањето на индивидуата[60], со тоа што „инсистираат дека додека човечките суштества се конституирани како субјекти во рамките на дискурзивна структура, овие структури се инхерентно контингентни и нестабилни“. Како што пишува Лаклау, „политичките дејственици (agents) се појавуваат кога дискурсите се напукнати и преземени се нови форми на одлучување – разбрани како идентификации“. Во оваа смисла носењето одлука, конституирањето на субјектот и конструкцијата на нови поредоци за Лаклау се еквивалентни (Howarth, 2000, p. 121). Де-центрирањето на субјектот, едноставно укажува на контингентноста на одлуката која истовремено е конститутивна на субјектот кој не може да е apriori на таа одлука: де-центрирањето на субјектот така не се однесува на тоа дека нема кој да ја донесе одлуката, туку на тоа дека *нема Кој* да ја донесе одлуката. Конечно, де-

[60] На пример, сфаќањето дека индивидуите се предодредени да се стремат да го максимизираат задоволувањето на своите интереси, како и пристапите кои ја редуцираат дејственоста на детерминизмот на претходно постоечките структури)

центрирањето на субјектот е аргумент чии корени се наоѓаат во психоанализата на Лакан кој направил силен аргумент за тоа како субјектот и објектот се конститутивно дислоцирани и лоцирани во нивниот „недостаток“ во нивното „празно“. И токму овој недостаток е локацијата на копнежот по нешто заокружено по конкретен и „зашиен“ идентитет. Видовме кај Мид ова е прашање на адаптација на позициите на Јас и Мене, кај Лакан се работи за драма на недостатокот во конституцијата на индивидуата и групата. Овој онтолошки увид не е нешто што општествените теории можат да го игнорираат – бидејќи и ова отвора можност да се постават интересни прашања.

Овој момент исто така го прави четвртиот аргумент на Музелис чуден, бидејќи тој се обидува да ги есенцијализира границите на секоја „научна дисциплина“ и потоа да воспостави комуникација меѓу нив за да се модифицираат нивните позиции. Но, Музелис мора да увиди дека не е многу веројатно, кога настануваат нови увиди во една интелектуална практика – особено такви што отвораат нови онтолошки или епистемиолошки димензии – дека тоа може да биде целосно игнорирано од другите „дискретни дисциплини“ сѐ до моментот додека не се воспостави „подлабока комуникација“ меѓу нив. И самите „научни дисциплини“ мора да бидат видени на како „стабилни и зашиени структури“ туку како „нестабилни структурации“. Ова е важно и од политички аспекти - треба да биде претпоставено и без да се каже дека и „дисциплините“ седиментираат определени практики кои го есенцијализираат и го реифицираат „корпусот знаење“, во чии опскурни агли се крие моќ. Позицијава која ја застапувам нема цела да каже дека постструктурализмот ги прави порозни границите поради анархистички мотиви, туку пред сѐ поради можноста таа дестабилизација да ги деконструира овие односи на моќ. Затоа кај Лаклау ја има употребата на термини како *постмарксизам* и *постструктурализам*, наместо да се конструираат нови имиња. Бидејќи оваа постпозиција е невозможна без конститутивната другост на есенцијализацијата и детерминизмот. Негирањето на стабилниот референт на постструктурализмот е поместување кое не дозволува да се изгради позитивна онтологија за тоа каква *е* човековата природа – бидејќи, и ова е дури и холистички кажано. Лаклау вели:

> „[С]екој идентитет е диференцијален - и така секој однос е внатрешен - [...] системите на разлики се артикулирани во тоталитети кои се 'историски блокови' или 'хегемониски формации'. Но, за разлика од класичниот социолошки холизам - оној на Диркем на пример или оној на Парсонс, на кои Музлелис реферира in extenso – ние не чувствуваме дека овие конфигурации или општествени тоталитети се само-регулирачки, туку се нестабилни артикулации секогаш под закана на „конститутивното надворешно“. Така ниту тоталитетот ниту елементите, никогаш не успеваат да конституираат целосни идентитети. На овој начин се прави раскинување со априоризмот и рационализмот, а не преку унилатерализација на кој и да е од условите на некаква алтернатива во која секоја од страните споделуваат иста логика на идентитетот“ (Laclau, 1990, p. 222).

Ова е во основа и новоста на позицијата на постструктурализмот – структурите се „хегемониски артикулации“ кои седиментираат некакви практики, кои меѓутоа постојано

под закана и таа закана ги конституира. Ова води до излезот на Лаклау кон еден можен поглед кон потребата да се деконструира класичниот социолошки дуализам и дихотомијата меѓу дејственоста и структурата. Лаклау тука го враќа нападот кон Музелис:

> „Мислам дека вистинската причина зошто Музелис не гледа дуализам во делата на Маркс е тоа што токму истиот дуализам ја подвлекува дистинкцијата која е централна во неговиот сопствен пристап – оној помеѓу практиките на субјектот и институционалните структури. Додавањето на хетерогени елементи и концепти не е доволно за да се изгради обединета теоретска рамка – меѓу нив мора да биде покажана логичка артикулација. Но, ако практиките не можат да бидат објаснети во смисла на структурите, а структурите во смисла на практиките, што е тоа ако не дуализам? Во најстрога смисла на зборот? Парсонс и Диркем, од една страна и симболичките интеракционисти и другите поврзани тенденции од друга, барем имаа доблест да бидат кохерентни во својот унилатерализам. […] Нашиот обид да се справиме со оваа алтернатива не беше базирана на унилатерализација на дејственоста (agency) на штета на структурата, како што вели Музелис, туку во елаборацијата на обединета теоретска рамка и јазик кој ќе дозволи и дејственоста и институциите да бидат замисливи во неа. […] Секако, институциите се целосно присутни во нашиот пристап: тие се она што го нарекуваме *системи на разлики*. Соочени со потврдата дека постојат структури на една страна и практики на друга, ние посочивме дека општествените дејственици мора да бидат *делумно* внатрешни на институциите, што ги принудува и концептот на 'дејственост' и концептот на 'институција' да бидат деконструирани. […] Наспроти претпоставката дека постојат два *посебни* ентитети – дејственици и структури – ние го предлагаме следново: (а) дека постојат само релативни степени на институционализација на општественото, кои го пенетрираат и го дефинираат субјективитетот на самите дејственици; и (б) институциите не конституираат затворени структурални рамки, туку лабаво интегрирани комплекси во поглед на постојаната интервенција на артикулативните практики. […] она што сакаме да го кажеме со тоа што ја предложуваме контингентната природа на општественото е тоа дека не постои институционална структура која не е *ултимативно* ранлива, а не како што разбрал Музелис, дека сè во полето на општественото е во постојан флукс" (Laclau, 1990, p. 223&224)

Деконструктивниот карактер на оваа позиција овозможува, верувам да се види поткрепа на аргументот дека серијата движења во Македонија во раздобјето кое ни е во фокусот не можат да се разберат ако во пристапот на политичките партии се гледа како на заокружени и стабилни идентитети и структури кои го киднапираат движењето и дека наспроти ова, мора да се анализираат артикулативните практики кои на социополитичкиот терен делумно фиксираат идентитети – нови или седиментирани. Исто така, од долгиов цитат е јасно дека за развивање на тезата за „релативниот степен на институционализација на општественото" може да биде плодна артикулацијата меѓу теоријата на полињата на Бурдије и артикулативниот пристап на Лаклау.

Време е, сметам да се интегрира оваа дискусија во претставување на централниот концепт на постструктурализмот. Концептот „дискурс" овде ќе го претставам во смисла на постструктуралистичката теорија на дискурсот, која се разбира има повеќе варијанти.

- *г. постструктуралистичката артикулација на политичката и социолошката теорија*

Додека во американската социологија, особено по 1963 година, се одвивале доминантните социолошки дискусии околу природата на општествените движења - за нејзините водечки теоретичари, останало целосно непознато или пак игнорирано, вистински силното европско филозофско поместување со тектонски последици за политичката теорија, вклучително и анализата на општествените движења. Во Европа, речиси современо со широката граѓанска мобилизација, се случувала интелектуално-социјална мобилизација која кореспондирала со лингвистички и психоаналитички информираната политичка и општествена теорија, во рамките на марксистичката традиција. Импликациите од погледите, особено на француската средина, ги размрдале сите останати интелектуални и социјални домени во Европа. Но, тие немале сериозен непосреден одек во САД, па траекторијата на *Теориите за колективна акција* продолжи да функционира релативно неинфицирана. Кога лингвистичките погледи, конечно станале дел од главната социолошка линија во американската теорија, тие не направиле онтолошко поместување – таканареченото „лингвистичкото свртување“ било во основа враќање на некои од позициите на симболичкиот интеракционизам. Од тој процес произлегоа трансформациите на теоријата за рамките вкоренета во микросоциологијата на Гофман (Tversky & Kahneman, 1981; Gamson, Croteau, Hoynes, & Sasson, 1992; Entman, 1993; Pan & Kosicki, 1993; Benford & Snow, 2000; D'Angelo, 2002). Но ова, не беше реконфигурација која на концептите на структуралната лингвистика и психоанализа ќе гледа како на општи онтолошки категории – онака како што на нив гледа всушност постструктурализмот.

Централно за тогаш новото интелектуално движење било теоретизирањето на диференцијалниот карактер на *општественото,* разбрано како *јазик*. Овој негов увид, кај дел од критичарите предизвика интерпретација која се обидуваше да ја ограничи неговата аналитичка моќ – имено дека постструктурализмот нуди опскурна анализа единствено на лингвистичките аспекти на општественото. Но, напротив - ова социополитички гледано, релевантно движење, истовремено развиваше нова теорија за институциите како *седиментирана пракса* и како *систем од разлики.* Разбирањето на концептот *дискурс* тука е клучно, особено разбирањето, дека *дискурсот покрај реторичките операции ја опфаќа и општествената пракса и релациите што таа ги произведува.*

Но, во рамките на постструктуралистичката логика за дискурсот има извесни, но и битни разлики. Текст на самиот Лаклау (Laclau, 2007[1993]) ги утврдува начините на кои треба да се гледа неговата позиција. Концептот *дискурс*, според Лаклау има корени во трансцеденталното свртување во модерната филозофија, односно во типовите анализа која примарно не се однесува „на *фактите*, туку на *условите за нивната возможност*“. Претпоставките на трансцеденталната филозофија биле дека перцепцијата, мислата,

акцијата, односно самата возможност за нивно постоење зависи од „структурацијата на определено поле на смисла кое егзистира пред фактуалната непосредност" (2007[1993], p. 541). Овде Лаклау мисли на традицијата на Кант за кој времето и просторот биле теоретизирани како категории кои a priori се конститутивни на феномените или пак Хусерл чија феноменологија разликува меѓу *интуиција на фактите* i *интуиција на есенциите.*

Современите теории на дискурсот вели Лаклау во две клучни нешта се разликуваат од трансцеденталните. *Прво*, вели, овие теории се „нагласено историцистички и се обидуваат да ги анализираат дискурзивните полиња кои искусуваат темпорални варијации, и покрај нивната [*на темпоралните варијации* н.з] трансцедентална улога" и *второ*, се разликуваат во тоа што концептот на „дискурзивно поле" во современите теории на дискурсот е зависна од концептот *структура"* (2007[1993], p. 541), замислена како во теориите на Сосир (Saussure, 2011 [1916]) и Леви Строс (Lévi-Strauss, 2008[1958]).

Сега, во рамките на оваа струја на модерната теорија за дискурсот, постојат според него две позиции – едната, која е општа за постструктурализмот и која е строго поврзана со теоретските трансформации во полето на структуралната лингвистика и другата, којашто е карактеристична за Фуко и неговите следбеници, чијашто поврзаност со структуралната лингвистика е далечна и чијашто анализа не вклучува критика на Сосировиот концепт на *знакот* (2007[1993], p. 541). Лаклау потоа ги презентира трансформациите во идејата за знакот од Сосир до француската постструктурална лингвистика, што му овозможува да ги позиционира двете линии на дискурсот, разделени според степенот до кој тие ја допираат оваа дебата за дестабилизирање на „супстанцата" на значењето.

Предавањата на Сосир во Женева во 1906 и 1911 (Saussure, 2011 [1916]), вели аргументот на Лаклау, востановија два принципа на кои се темели структуралната лингвистика – според првиот принцип, „во јазикот не постојат позитивни термини, туку само разлики" и според вториот , „јазикот е форма, а не супстанца" (Laclau, 2007[1993], p. 542). Првиот принцип укажува на тоа дека јазикот конституира систем во кој ниту еден елемент не може да биде дефиниран независно од другите. Вториот принцип укажува на тоа дека „секој систем е исклучиво дефиниран од правилата на неговите комбинации и замените на едни елементи со други" (2007[1993], p. 542). Ова е всушност радикално откритие на Сосир, кое има последици вон полето на лингвистиката. Но, тој не го направил чекорот кој би водел до елаборирање на тие последици. За Сосир, „дискурсот е секоја лингвистичка секвенца поширока од реченицата", и затоа тој сметал дека една лингвистика на дискурсот е невозможна - бидејќи сукцесијата на реченици од која тој дискурс би се состоел, зависи единствено од вештината на говорителот, што значи дека кај неа нема структурална регуларност која може да се опфати со една општа теорија. Тука вели Лаклау, се гледа картезијанската позиција на омнипотентноста на субјектот и дополнително, се гледа неконзистентност во Сосировата теорија - ако од една страна постои само форма, а не

содржина и ако од друга страна постои целосен изоморфизам меѓу редот на означителите и редот на означените, во тој случај овие две нивоа би било невозможно да се разликуваат, од формална гледна точка. Значи дуалноста на врската меѓу означувачот и означеното – спознание на класичната лингвистика - не би можела на ваков начин да се одржи. Така Сосир не тргнал по патот на радикална трансформација на сфаќањето на *системот од разлики*, туку морал да се врати на позицијата според која постојат фонетски и концептуални *супстанци* (2007[1993], p. 542).

Овие неконзистентности, биле опфатени во Копехнагенската лингвистичка школа. Луи Елмслев ја отфрлил концепцијата за изоморфизам во односот меѓу означителот и означеното со тоа што двете единици, ги поделил на единици помали од знакот – така оваа школа дошла до концептот *фонема*. Револуционерното отворање што го направил Сосир, било радикализирано со Копенхагенската школа. Овој тренд на сѐ посилен формализам, вели Лаклау, имал неколку последици:

*Прво*, станувало сѐ појасно дека дискурсот не реферира кон особена група објекти – туку тој се однесува на *ракурс*, на точка на гледање, од којашто е можно да се преопише тоталноста на општествениот живот. Оваа насока според Лаклау насоката што ја преземал Ролан Барт во 1960-тите. *Второ*, супстанцијалната разлика меѓу *лингвистичкото* и *нелингвистичкото* мора да биде отфрлена како што тоа го направил Витгенштајн кога во концептот на *јазичните игри* ги вклучил и *јазикот* и *акцијата.* Конечно *трето* формализмот исто така ја овозможил лингвистичката теорија на дискурсот – бидејќи сите дистинкции морале според Лаклау да бидат гледани како строго диференцијални – т.е. внатрешни на структурата – „субјектот повеќе не можел да биде замислен како *изворот* на значењето туку, наместо тоа, можел да биде замислен како уште една партикуларна локација во тоталитетот на значењата“ (2007[1993], p. 543).

Последново споменато поместување – практично *смртта на субјектот* – било удар врз последното упориште на структурализмот и тоа е нешто што е заедничко на сите постструктуралистички теории за дискурсот: постструктуралистичкиот момент, како што го нарекува Лаклау. Ако идентитетите, вели „се само разлики во дискурзивниот систем, тогаш не постои идентитет којшто може да биде целосно конституиран, освен ако системот не е затворен“ – постструктуралистичкиот увид вели дека има „логичка невозможност за конституцијата на затворен систем“ (2007[1993], p. 544).

Овој прв тип теорија на дискурсот – да се вратиме на линиите на трансформација наспроти трансцеденталната филозофија - има, според Лаклау неколку струи: првата, е позицијата во лингвистичката струја на доцниот Ролан Барт, кој откако во раните семиолошки текстови верувал во строга диференцијација меѓу конотативното и денотативното значење, подоцна сфатил дека не може да се воспостави таква строга диференцијација – затоа во неговиот концепт на *плурален текст* означителите не можат да

бидат перманентно закачени за партикуларни означени (p. 544). Во психоаналитичката струја – Фројд, вели Лаклау, преку нагласувањето на процесот на над-детерминација веќе укажувал на невозможноста за фиксирање на значењето, а Жак Лакан го теоретизирал постојаното лизгање на означеното под означителот – процес во кој означителот е стабилниот елемент. Тоа тој го нарекува логика на означителот (p. 544). Конечно, *деконструктивизмот* како интелектуално движење почнато од Жак Дерида, се обидел да ја експонира, како што вели „радикалната неодлучност која може да се најде во сите структурни аранжмани" (p. 544).

Наспроти овие општо земено, постструктуралистички струи, стои, според Лаклау пристапот на Фуко, односно теоријата за *дискурзивни формации*. Вели, Фуко се обидел да ги „изолира тоталитетите во кои се случува секоја продукција на значења" (p. 544). Класичната феноменологија, вели Лаклау, „се фокусирала на значењето на исказите со тоа што го ставала во заграда нивното референцирање на која било надворешна реалност. Фуко продолжил со второстепена ограда со тоа што покажал дека самото значење претпоставува услови на производство кои самите не можат да бидат редуцирани на нивното значење. Овој 'квази-трансцендентален' потег води кон изолација на стратум на феномени кои Фуко ги нарекува дискурс" (p. 544). Но, тука основното прашање за него е - што е тоа што го конституира единството или кохерентноста на вака разбраното дискурзивно поле или дискурзивна формација, како што уште ја нарекува.

Откако Фуко, според Лаклау, некое време се занимавал со идејата да го најде принципот на единство во она што го нарекувал *епистема* - кој би претставувал основен светоглед што во определен историски период го обединува производството на интелектуално значење. Но, откако се обидел во своите археологии да ги изолира овие епистеми, овие принципи на единство на дискурзивните формации, ја увидел нивната несводлива хетерогеност. Заклучил дека единството на дискурзивната формација не може да биде најдено во нејзиното реферирање на ист објект, или тема, туку во она што тој го нарекол „регуларност во дисперзијата". Лаклау, и ова е важно за неговата теорија, го опишува овој принцип како „константност во надворешните односи меѓу елементи кои не се подложни на основниот или есенцијален принцип на единство на дискурзивната формација" (p. 545). Трендот на анализата на Фуко, вели Лаклау, во неговите *генеалогии* одел во насока да утврди конечно дека ако регуларноста во дисперзијата е единствениот принцип на единство на дискурзивната формација, тогаш останува отворено прашањето за границите *меѓу* дискурзивните формации. Но, ова Фуко не стигнал да го анализира.

Вредноста на овие позиции поврзани со постструктуралистичкото или фукоовото разбирање на дискурсот е нивната употребливост во социополитичките анализи бидејќи, централен проблем за овие теории на дискурсот е прашањето на моќта – нејзината конституција и дисперзија. Лаклау вели:

„Така, додека и постструктурализмот и генеалогијата се занимаваат со прашањето на дисконтинуитетот и неговото производство на незашиени идентитети, тие на дисконтинуитетот му пристапуваат од два различни агли: во првиот случај станува збор за проширување на категоријата на дискурсот до точка во која тој го прифаќа своето радикално друго – т.е. станува збор за покажување на операцијата на една логика на *разликата* која сече преку секоја диференцијација помеѓу лингвистичкото и нелингвистичкото; во вториот случај се работи за прикажување како лингвистичките регуларности зависат од составувањето на елементи кои можат да се сфатат само преку недискурзивни термини“ (Laclau, 2007[1993], p. 546).

Значи основното ниво на разлика меѓу двете главни линии на теоријата на дискурсот е прашањето на постоењето на суверена разлика меѓу лингвистичкиот и нелингвистичкиот домен. Лаклау и неговата соработничка Муф *го сфаќаат дискурсот во првата смисла* што ја отвора нивната теоријата на дискурсот кон можноста за развивање нови траектории на анализа на *општественото* и *политичкото*. Затоа, имајќи ја предвид дискусијата на Лаклау за модерното разбирање на дискурсот, треба да се постави прашањето за аналитичката последица на ваквото разбирање врз начините на кои им се пристапува на социополитичките проблеми? Ќе парафразирам еден пример употребен од Дејвид Ховарт според кој кај Лаклау е имплицитно тоа дека *и* објектите *и* дејствувањето имаат *значење* – и двете го опфаќаат значењето на концептот *дискурс*.

Според примерот, една шума му стои на патот на автопат кој е планиран за градба. Шумата во овој случај може да биде сметана за „непријатна пречка“, кој го доведува во прашање модернизирањето на патниот систем. Но, исто така шумата може да биде предмет на посебен интерес на научниците или пак да биде гледана како симбол на националното наследство кое е под закана на модернизацијата. Значи, вели Ховарт „значењето или ‘битието’ на шумата - она што таа е буквално за нас – зависи од партикуларните системи на разлики или дискурси кои го конституираат нејзиниот идентитет“ (Howarth, 2000, p. 102). Така, додава, на пример во дискурсите на економска модернизација, дрвата може да бидат разбрани како потрошливи средства за постојан економски развој како на пример споменатиот автопат, што треба да се гради. Од друга страна во еколошките дискурси шумата може да значи вреден елемент во еко-системот или пак предмет кој има интринсична убавина. Секој од овие дискурзивни структури, вели Ховарт, „е општествена и политичка конструкција, која воспоставува систем на релации меѓу различни објекти и практики, додека ги овозможува ‘субјектните позиции’ со кои општествените дејственици можат да се идентификуваат“ (2000, p. 102). Овие субјекти во примеров може да бидат „инвеститори“, „натуралисти“, „екологисти“, „еко-герилци“. Конечно додава, „во поширока општествена и политичка смисла, ‘хегемониските проекти’ ќе се обидат да сплетат заедно различни гранки на дискурси за да доминираат или да структурираат поле на значење и така да ги фиксираат објектите и значењата на определен начин“ (2000, p. 102).

Овој пример, ако не експлицитно, тогаш барем по импликација, ги содржи главните елементи на теоријата за дискурсот сфатен *и како реторичка конструкција и како општествена пракса*. Во книгата *Хегемонија и социјалистичка стратегија,* Лаклау и Муф ги деконструираат овие елементи, и тука во прв ред се појавува концептот *артикулација*. Артикулација е според нив „секоја практика која воспоставува релација меѓу елементи на начин на кој нивниот идентитет е модификуван како резултат на артикулативната практика" (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 105). А *артикулативната практика* пак ја сфаќаат како „конструкција на јазолни точки кои делумно го фиксираат значењето; и практичниот карактер на оваа фиксација произлегува од отвореноста на општественото што пак е резултат на постојаното изобилство на секој дискурс во бесконечноста на дискурзивното поле" (2001[1985], p. 113).

Дискурсот во оваа смисла претставува "структурирана тоталност која е резултат на артикулативната практика" (2001[1985], p. 105) во која меѓутоа не се разликува лингвистичкиот од надворешно-лингвистичкиот момент. Она што е артикулирано се таканаречени *елементи* - контингентни разлики кои се неартикулирани и „слободни" во дискурзивното поле и кои кога ќе влезат во артикулативна врска стануваат, како што ги нарекуваат, *моменти* во конкретна и нужна дискурзивна формација односно во конкретни дискурси. Централна за овие елементи на теоријата на дискурсот е категоријата на *хегемонија* (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. x).

Лаклау и Муф ја образложуваат операцијата на овие категории при тоа давајќи објаснување за логиката според која тоа е направено. Во поглед на категоријата *артикулација* прво, велат, унифицирањето на дискурзивната практика треба да биде сфатено во - со модификациите кои беа истакнати погоре - Фукоовска смисла, односно дека не постои трансцендентален извор на значење, а priori субјект кој ја обединува дискурзивната формација во кохерентен тоталитет и не постои единство на искуството, како што тоа е замислено кај прагматистите. Постои, како кај Фуко во Археологија на знаењето (Foucault, 2013) – *регуларност во дисперзијата.* Дисперзијата овдека не е замислена како разлика на елементите во однос на некоја централна референтна точка туку напротив регуларноста на дисперзијата значи дека овде нема центар - дискурзивната формација во оваа смисла, е видлива „како ансамбл на диференцијални позиции". Овој ансамбл при тоа не е израз на некој основен надворешен принцип кој би можел да биде фатен со некое „херменевтичко читање" или „структуралистичко комбинирање" – „туку претставува конфигурација , која во одредени контексти на екстернализација може да биде *означена* како тоталитет" (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 106).

*Второ*, треба строго да се отфрли диференцијацијата на дискурзивни и недискурзивни практики. Лаклау и Муф тоа го прават од причини кои беа видливи погоре во следењето на аналитичката патека на Сосир во моментот кога истите принципи кои ги

дефинирал на синтактичко ниво решил да ги отфрли на дискурзивно ниво – односно според неговото сфаќање, на ниво повисоко од реченицата. Во оваа смисла „секој објект е дискурзивен објект“ и „секоја дистинкција помеѓу она што се нарекува лингвистички и бихевиорални аспекти на општествената практика, или е неточна дистинкција или пак таа треба да си го најде своето место како диференцијација во општествената продукција на значење која е структурирана во формата на дискурзивни тоталитети“ (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 107). Оваа поента е многу важна од аспект на тоа како Лаклау ги замислува институциите, односно неговата теорија на дискурсот ги опфаќа и институциите и општествените практики како што видовме во претходните поглавја каде што зборував за дејственоста и структурата во теоријата на дискурсот. Лаклау и Муф велат:

> „Основно, ако се анализираат таканаречените недискурзивни комплекси: институции, техники, продуктивна организација и така натаму, таму ќе најдеме само повеќе или помалку сложени форми на диференцијални позиции меѓу објектите, кои не произлегуваат од нужност која е надворешна на системот што ги структурира и кои само затоа можат да се сфатат како дискурзивни артикулации. Следно, самата логика на аргументот на Фуко во врска со артикулаторната природа на клиничкиот дискурс, имплицира дека идентитетот на артикулираните елементи мора барем делумно да биде изменет од таа артикулација: односно, категоријата на дисперзија само делумно ни дозволува да размислуваме за специфичноста на законитостите. Статусот на дисперзираните ентитети е конституиран во некој среден регион помеѓу елементите и моментите“ (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 107).

Трето, дискурзивната тоталност никогаш не постои во форма на дадена и омеѓена позитивност и затоа релациската логика во артикулативната практика секогаш е незавршена и како што велат Лаклау и Муф секогаш е „пронижена од контингентност“. Транзицијата велат, од „елементите“ до „моментите“ никогаш не е целосно исполета односно бидејќи елементите не можат да се артикулираат како моменти на целосно затворен систем - се „појавува ничија-земја која ја прави артикулаторната практика возможна“. Во овој случај не постои општествен идентитет целосно заштитен од дискурзивната надворешност која го деформира и го спречува да стане целосно зашиен“ (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 111).

Тезата за невозможноста да се оствари тотална фиксација на значење односно тотално фиксирање на општествен идентитет, имплицира дека мора да постои парцијална или делумна фиксација. Но, ако општественото е невозможно да се фиксира како институционално затворен систем на *општество* тогаш, „општественото функционира само како напор да се конструира тој невозможен објект“ (2001[1985], p. 112). На оваа локација под влијание на Жижек, Лаклау вметнува позиции на Лакан поврзани со невозможниот објект на копнеж - или objet a. Практично дискурсот е обид да се воспостави тотална доминација со дискурзивното поле и да се оневозможи секоја разлика што би конструирало центар - но бидејќи тоа е една невозможност дури и во она што е познато како тоталитарно општество, наместо тоа се креираат само делумни фиксации, кои Лаклау го нарекува *јазолни точки*.

Значи да сумирам, Лаклау и Муф го поставуваат својот аргумент врз тензијата на два теоретски аспекта – првиот е дека не постои позитивно значење односно позитивен идентитет, туку само диференцијални позиции во системот на означување. Нередуктибилноста на оваа позиција би имплицирала дека во социополитичкото поле значењето е толку нестабилно и флуидно што не е возможно воопшто да се конституира значење, односно идентитет. Тогаш се поставува прашањето како се возможни општествените структури, институции, социоекономските формации, воопшто општествениот живот. Затоа, вториот аспект на оваа тензија е увидот дека како што не постои апсолутна фиксација, така не постои ниту апсолутно отсуство на фиксација. Контингентните елементи, вишокот значење кое слободно осцилира[61] во дискурзивното поле може да биде артикулирано во дискурзивни формации коишто може да седиментираат релативно стабилни општествени практики какви што се институционалните, може да конструираат еквиваленцијални ланци кои делумно фиксираат нови идентитети и може да дезартикулираат моменти од други јазолни точки. При тоа за Лаклау и Муф неспорно е дека објектите имаат *постоење* надвор од дискурсот, но, според нив тие немаат *значење* надвор од него. Ова нè носи до теоретизирањето на нивната категорија - *хегемонија*. Практично сите претходно изолирани категории како *дискурс*, *артикулација*, *елементи*, *моменти*, *јазолни точки*/*еквиваленцијални синџири, празни означители,* се поврзани за да ја конструираат категоријата *хегемонија*.

*Хегемониските практики* кај Лаклау, во строга смисла се форма на политичка практика во која различни идентитети и сили поврзани во единствен проект кој инволвира конструкција на нови општествени поредоци преку артикулација на разнородни дисперзирани елементи (Howarth, 2000, p. 109). *Хегемонијата* така е тип фиксација на значењето во еден дискурзивен (значи антагонистички) терен кој „натурализира конкретна артикулација“ (Müller, 2011, p. 9). Историјата на трансформација на концептот хегемонија во рамките на марксистичката традиција е долга, но за Лаклау, Грамши е тој кој прави одлучно поместување од сфаќањето според кое револуцијата е можна како исход на можноста пролетеријатот да обезбеди *привремена класна алијанса* на разнородните интереси на можните сојузници, како што тоа го мислел Ленин. Концепцијата на Грамши вклучувала трансценденција на тесниот групен интерес на таа класа – процес во кој требало партикуларниот класен интерес да се трансформира во интерес на „народот“ во целина при што различни сили би биле артикулирани во историски блок (Gramsci, 1971, p. 181&182), интереси кои ќе станат колективна волја која ќе претставува универзални интереси.

---

[61] Терминот „осцилира“, овде не го употребувам во смисла на тоа дека постои кај субјектот *тешкотија да реши* која одлука ќе ја преземе или кое дејствие да го преземе. Тоа е нешто што Лаклау експлицитно и конзистентно на постструктуралистичката позиција го отфрла во The New Reflections of Our Time. Овде како и во остатокот на оваа дисертација поимот го употребува со значење на *треперење* – односно на конститутивна невозможност дискурсот целосно да фиксира значење. Во анализата, кога зборувам за „осцилирање“ на барањата, не мислам на тоа што субјектите прават од нив туку на тоа што барањата во своето раѓање не можат да бидат крштевани во едно и определено значење

Ховарт (Howarth, 2000) зборува за три етапи на трансформација на концептот на хегемонија кај Лаклау и Муф. Во раните текстови вели, во контраст со марксистичката ортодоксија според која сите идеолошки елементи и интерпелации имаат *нужно класна припадност*, тврделе дека бидејќи овие елементи се контингентни тие можат да бидат артикулирани од сопернички хегемониски проекти кои на практиките им даваат особени класни значења и конотации (p. 110). Во таа смисла хегемониските практики се спроведени од „фундаментални општествени класи кои имаат цел да ја трансформираат државата и начинот на производство во согласност со своите интереси и вредности" (p. 109). Во вториот модел како што е претставен во *Хегемонија и социјалистичка стратегија,* тие тврдат дека „идентитетите на *сите* 'идеолошки' елементи и општествени дејственици се контингентни и нестабилни. Практично хегемониски практики се можни, единствено поради отвореноста и контингентноста на општествените односи. Оваа позиција според Ховарт се потпира на дистинкцијата на „од една страна дискурзивното поле на над-детерминирани идентитети и потфатите на различни политички проекти да конструираат дефинитивни и лимитирачки дискурси" (p. 110). За да постои хегемониска практика мора да има хетерогеност на контингентни елементи и антагонистички позиции кои ќе тежнеат кон нивна хегемонизација. Конечно третиот модел за кој Ховарт вели дека произлегува од скорешните текстови на Лаклау ја проширува идејата за контингентност на елементите за да ги опфати и субјектите на хегемонискиот проект и општествените структури. При тоа тој и општествените структури ги смета за „неодлучни" ентитети кои претпоставуваат дискурзивна надворешност, којашто е закана за нивното постоење, за да можат делумно да фиксираат идентитет. Во оваа фаза тврди Ховарт, тој го истакнува концептот *дислокација* кој се однесува на нарушувањата во симболичкиот поредок (p. 111).

Сите овие фази за кои што зборува Ховарт се практично елаборација на аспекти на истото разбирање на феноменот. Затоа, сметам дека најдобро е да погледнеме како Лаклау и Муф го формулираат во *Хегемонија и социјалистичка стратегија* особено во поглед разбирањето на „субјектот" кој е дејственик во хегемонискиот проект. Лаклау и Муф велат дека појавата на хегемонија е возможна во полето на артикулативните практики односно во оние дискурзивни полиња во кои има хетерогеност и вишок контингентни неартикулирани елементи кои „не се кристализирани како момент" во некоја дискурзивна формација. Таа, велат, не е возможна во затворен систем на релациски идентитети во кои значењето на секој момент е фиксирано, како што не е можна во другиот идеален тип на успешен систем на разлики. Токму поради отворениот карактер на општественото – неговата невозможност целосно да затвори идентитет, возможна е хегемониска практика (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 134).

Но, овде за Лаклау и Муф веднаш се јавува проблем – *кој е субјектот на артикулација*? - прашуваат тие. За класичниот марксизам тој субјект беше фундаменталната

класа, единствениот можен историски дејственик. Но, ова за постмарксистичкиот проект е неприфатливо. Тие велат:

> „Хегемонискиот субјект, како субјект на која било артикулаторна практика, мора да биде делумно надворешен од она што го артикулира - во спротивно, воопшто не би имало никаква артикулација. Од друга страна, сепак, таквата надворешност не може да се замисли како нешто што постои помеѓу две различни онтолошки нивоа. Следствено, се чини дека решението е повторно да се воведе нашата разлика помеѓу дискурсот и општото поле на дискурзивност: во тој случај, и хегемониската сила и ансамблот на хегемонизираните елементи би се конституирале на истата рамнина – на општото поле на дискурзивност – додека надворешноста би била таа што одговара на различните дискурзивни формации. Без сомнение ова е така, но мора дополнително да се прецизира дека оваа надворешност не може да кореспондира со две целосно конституирани дискурзивни формации. Бидејќи она што ја карактеризира дискурзивната формација е регуларноста во дисперзијата, и ако таа надворешност била регуларна карактеристика во релацијата меѓу двете формации таа би станала нова разлика и двете формации, строго кажано, не би биле надворешни една на друга. (И со ова, уште еднаш, можноста за каква било артикулација би исчезнала.) Оттука, ако надворешноста претпоставена од страна на артикулаторната практика се наоѓа во општото поле на дискурзивноста, тоа не може да одговара на два системи на целосно конституирани разлики. Затоа тоа мора да биде надворешноста што постои помеѓу предметни позиции сместени во рамките на одредени дискурзивни формации и „елементи“ кои немаат прецизна дискурзивна артикулација (Laclau & Mouffe, 2001[1985], p. 136).

Значи хегемониската практика е синонимна со политичкото – процес кој конструира идентитети кои никогаш не можат да се конституираат како заокружени и тотални. Таа претпоставува постоење на хетерогеност на елементи кои во општото дискурзивно поле се неартикулирани. Нивната артикулација претпоставува доминација на еден означител чиј идентитет е исто така релациски – детерминиран од надворешната другост која го конституира низ тој антагонизам.

Во следното поглавје разгледувам повеќе концепти во рамките на теориите на општествени движења кои на различен начин го решаваат проблемот на идентитет на групата.

## II.2 Концептуална археологија во теориите за општествените движења

### II.2.а. Концептуалниот апарат на класичната социологија

- *класата по себе и класата за себе*

Единаесеттата теза за Фоербах (Marx K. , 1998[1845]) најјасно го кристализира активистичкиот ‘рбет на сложениот, и во многу аспекти дифузен социо – економско – политички проект на Маркс. Некои од неговите фундаментални и брилијантни теоретски увиди, се читливи во текстови чија примарна намена била да галванизираат услови за револуционерна трансформација од глобални пропорции. Но, истовремено, кај нив лежи и вината за повеќе концептуални поедноставувања[62], кои правеле теориски пукнатини експлоатирани однадвор - од многубројните антимарксистички позиции на напад, но и одвнатре, од нео- и постмарксистичките проекти, родени во рамките на долгата марксистичка традиција. Развојот на два кореспондентни концепта имаат особена релевантност за нашата дискусија: *класната борба*, замислена како економски детерминиран антагонизам на две доминантни општествени класи; и *класната свест (класа за себе)* – како споделена, структурно-економски детерминирана припадност на единствена класа[63]. *Манифестот на комунистичката партија*, заедно со првиот том на *Капиталот- критика на политичката економија,* се инструктивни за тоа како Маркс[64] ја замислувал конститутивната моќ на манифестираниот антагонизам – кој, вгнезден во телеолошкото сфаќање на историјата - ја трансформира *класата-по-себе* во *класа-за-себе*.

Во *Манифестот*, Маркс и Енгелс прават макросоциолошка слика за триењето меѓу стариот феудален режим и буржоазијата од една страна; и буржоазијата и пролетеријатот од друга. Нивното кондензирано објаснување на траекторијата на трансформации меѓу овие општествени формации го кристализира механизмот на класната формација. Накусо, овде ги изложувам нивните позиции за проблемот:

Историското протегање на различните општествени формации е според *Манифестот*, детерминирано од динамиката на класниот антагонизам - и во конечната анализа тоа е над детерминирано од економскиот домен. Во оваа теоретска визија, во секоја пред-капиталистичка општествена формација во историјата, конституиран е сложен општествен

---

[62] На пример, привилегирајќи ја класната борба и со неа поврзаниот класен идентитет Маркс ја потценил релевантноста на други типови идентитети поради што во неговата теорија не се земени предвид - на пример, национализмот како дефинирачка карактеристика на раната индустријализација. Исто така поедонставувајќи ја анализата за конфликт меѓу две економски засновани класи, ја потценил улогата на други „групи“ кои го дефинираат исходот на револуционерната борба.
[63] Маркс речиси и не го употребувал терминот „класна свест“, но користел кантијански категории како класа за себе и класа во себе.
[64] Кој Маркс го ко-авторирал со Фридрих Енгелс за потребите на комунистичката мобилизација во пресрет на европската револуција во 1848.

поредок – аранжман со мноштво асиметрично моќни општествени редови и групи кои „биле во остра спротивставеност една на друга и кои непрекинато продолжувале со, некогаш скриена, а некогаш отворена борба - борба која секогаш завршувала, или со револуционерна реконституција на целото општество или пак со уништување на соперничките класи“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 4). Дистинктивно за буржоаското (капиталистичко) општество, според *Манифестот*, е тоа што низ процес на историска неминовност, оваа општествена формација го симплификува асиметричниот општествен антагонизам: "Општеството во целина, сè повеќе се дели во два завојувани кампа, во две класи кои се директно спротивставени една на друга: буржоазијата и пролетеријатот“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 5).

Револуционерната трансформација на средниот век низ класниот антагонизам, од старите буржи (кметови) – доцно-феудалната субординирана класа од чии редови произлегуваат наемните работници, трговците и административната класа на малите градови - ги направила првите никулци на капиталистичката буржоазија. Оваа класа се развивала под притисок на серија технолошки и општествени револуции кои носеле структурни промени, и овозможувале зајакнување на нејзината политичка позиција. Во раниот модерен свет, глобалната колонијална експанзија и зголемувањето на средствата за размена, ги прошириле пазарите, што значително го зголемило квантумот достапна стока. Јакнењето на трговијата, која поради радикализирањето на европската бродоградба од самиот почеток добила глобална димензија, ги изложила на притисок веќе застарените производствени домени, што пак предизвикало, во гнездото на феудализмот да се конструираат револуционерни сегменти (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 5). Старите структури на производство и размена како еснафските трговци и мајстори биле потиснати од новата средна мануфактурна класа, а „поделбата на трудот помеѓу различните колективни еснафи исчезнала, бидувајќи заменета од поделба на трудот во рамките на секоја работилница“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 6).

Но, оваа трансформација брзо направила и од мануфактурата, застарен начин на производство, затоа што побарувачката на пазарите почнала забрзано да се зголемува – пазарно дуење кое мануфактурата не можела да го пополни со стоки и услуги. Со парната револуција доаѓа и конструкцијата на индустриските машини – кои го втемелувале новото масовно индустриско производство. Така, револуционеризирањето на средствата за производство и размена, станало катализатор за дистинкцијата на новата револуционерна класа, составена од структури кои дотогаш биле потчинети под аристократијата. Низ овој револуционерен процес, била реконфигурирана целокупната поставеност на стариот режим, што имало неминовни политички последици - секоја промена во структурно-економската позиција на новата револуционерна класа била следена од кореспондентни придобивки во конституирањето и јакнењето на системот на репрезентативната демократија – репрезентативната демократија како хегемонизиран политички проект е во

оваа смисла буржоаски аранжман во служба на новата класа. Општествените односи на стариот режим биле радикално урнати, како што велат Маркс и Енгелс, бидејќи новата класа “[г]и удави небеските екстази на религискиот занес, на кавалерскиот ентузијазам, на филистејскиот сентиментализам во студената вода на егоистичката калкулација“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 8). Со други зборови, економската револуционерна тектоника, ги над-детерминирала и општествениот и политичкиот домен, овозможувајќи ја целосната класна супремација на буржоазијата.

Условите за поразот на моќните структури на стариот режим и за воспоставувањето на буржоаската супремација, значи, не се креирани од дејственик надвор од феудалниот систем. Напротив тие биле продукт на системот (производ на неговите контрадикции), кој во еден свој сегмент, во еден момент на неговиот доцен развој доживеал дислокација во економскиот домен – глобалната колонизација, финансирана од дворот и аристократијата во Европа, создале пазарна експанзија што ги направило несоодветни феудалните производствени односи, што потоа, ги револуционеризирало средствата за производство и консеквентно, производствените односи – овозможувајќи ја сопствената пропаст, со што се конституирала нова класна структура на слободната конкуренција, со нови односи на моќ и нови субординирани класни сегменти потиснати во процесите на капиталистичка експлоатација.

Според *Манифестот*, и буржоаската епоха одвнатре системот ги конституира револуционерните никулци на својата идна пропаст. Но, анализата на механизмите на дестабилизација на овој систем открива фундаментална разлика – тој се развива низ постојана структурна контрадикција која се манифестира со повремени економски колапси – таа живее „историја на *револт* на модерните производствени сили *против* модерните производствени односи, *против* сопственичките односи, кои пак се услови за постоењето на буржоазијата и нејзиното владеење“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 15). Оваа перпетуална нестабилност и контрадикција, сметаат Маркс и Енгелс, е дистинктивен белег на буржоаската епоха. За разлика од стариот режим кој ги конзервирал за подолго време производствените односи, оваа е низ постојан процес на дестабилизација - како што објаснува овој можеби најпознат исечок од *Манифестот*:

> „Буржоазијата не може да постои ако константно не ги револуционеризира средствата за производство, односно производствените односи – па така и целокупните општествени односи. Првиот услов за постоење на сите претходни производствени класи напротив беше конзервацијата на старите начини на производство во стабилна форма. Буржоаската епоха е различна од сите претходни, по тоа што постојано го револуционеризира производството, непрекинато ги вознемирува сите општествени односи, креира постојана несигурност и движење. Таа ги брише, сите фиксирани, замрзнати односи, со сите нивни древни обожувани предрасуди и сфаќања, а сите односи стануваат застарени пред да се стврднат. Сè што е цврсто испарува во воздухот, сè што е свето бива осквернавено, и човештвото е конечно присилено да се соочи трезно со својата вистинска животна состојба и со

односите со другите од својот род. Потребата од постојана експанзија на пазарите за стоката ја брка буржоазијата низ целата земјина топка. Таа мора секаде да се вгнезди, да се насели секаде, секаде да воспостави врски“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 10).

Структурните промени во економскиот домен на модерната епоха, кои Манифестот ги објаснува, се манифестни плочи под чиј притисок, во оваа теоретска визија, се одвива класната формација. Растот на буржоазијата истовремено и пропорционално на нејзината моќ изразена во капитал, ја конституирал новата, на буржоазијата потчинета класа – *пролетеријатот*. Како што велат Маркс и Енгелс - „класата работници, кои живеат додека можат да најдат работа и кои наоѓаат работа само доколку нивниот труд го зголемува капиталот. Овие работници, кои мора да се продаваат себе си на парче, претставуваат пазарна стока, како и сите друг трговски артикли и консеквентно се изложени на сите контингенции на конкуренцијата, на сите флуктуации на пазарот“ (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 17). Манифестот тука открива елементи на механизмите на експлоатација. Работникот, под притисок на технолошкиот развој и притисок на новата поделба на трудот, во која луѓе, како работни единици извршуваат фрагментирани задачи од поширок производствен процес – стануваат екстензија на машината, а трошоците за производство поврзани со работникот се сведуваат на потребите за неговиот животен опстанок (subsistence), како што се потребите за репродукција на неговиот род.  И во мерата во која се зголемува употребата на машини и се усовршува поделбата на трудот – се зголемува експлоатативниот товар врз работната сила, кој може да добие различни форми во капитализмот: од зголемување на работните часови до зголемување на нормата во рамките на утврдените работни часови (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 18). И ниската средна класа (ситната буржоазија), во оваа стратифицирана слика, според Маркс и Енгелс, е изложена на притисок кој ја турка кон пролетеријатот – оттаму нивната процена дека капитализмот ја редуцира (ја симплификува) општествената стратификација. Така според *Манифестот*, ситните трговци, сопственици на дуќани и други типови на мали бизниси сѐ повеќе потонуваат во пролетеријатот, бидејќи нивниот мал капитал е недоволен да се натпреварува со оној на големата индустрија и масовно производство.

Но како, а ова е прашање од примарна важност за нас, низ овој механизам на антагонизам и окрупнување се формира класата - *како класа-за-себе*?   Според Манифестот, историското протегање на процесот на класна формација минува низ повеќе фази. Конститутивен елемент на пролетеријатот уште од самиот почеток е антагонизмот со буржоазијата. Во основа овој антагонизам прво се манифестирал на индивидуално ниво *против* посебни буржуи кои директно ги експлоатираат тие работници: на пример незадоволството на изолирани работници, кое потоа прераснува во фрикција на група работници во рамките на една фабрика, што може да прерасне во антагонизам на групи работници од иста гранка против буржоаските сопственици. Целта на работничките напади во првата фаза, според него се производствените инструменти, наместо буржоаските производствени односи (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 20). Овој манифестен антагонизам не

ги прави работниците, па дури ни групите работници, *класа-за-себе*, туку, се работи за „некохерентна маса, распрскана низ земјата", која го нема дефинирано вистинскиот непријател, а дури и работи во полза на буржоазијата бидејќи цел на напад ѝ се остатоците на стариот режим или неиндустриската и ситната буржоазија – практично непријателите на крупноиндустриската буржоазија (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 21).

Во следната фаза, пролетеријатот растел во нумеричка смисла и во смисла на неговата густина. Нискиот наем на трудот воедначено се дистрибуирал низ оваа голема маса и со тоа се хомогенизирале условите за живот на припадниците на оваа група. Како последица на сето ова, според Маркс и Енгелс, политичко-општествената конфигурација сѐ повеќе добивала форма на антагонизам на две дистинктивни класи односно на капиталот од една страна и наемната работа од друга, што пак е потисната плоча под чиј притисок пролетеријатот почнал организирано и институционално да дејствува – да се здружува во одбрана на своите интереси, да биде во напад на буржоаските. Здружувањето (синдикализацијата) тука е важен елемент затоа што *Манифестот* сугерира дека тој процес овозможил работниците од различни локации да дојдат во контакт и она што претходно наликувало на изолирани, фрагментирани конфронтации да биде централизирано добивајќи национални димензии на класна борба.

Антагонизмот така се префрлил во политичкиот домен затоа што „[...] секоја класна борба е политичка борба" (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 23). Антагонизмот, во следната фаза, бивајќи манифестен на политичкиот терен, ја кристализирал, или Маркс и Енгелс очекувале да ја кристализира, класната борба – работничката организација, која прераснува во класа на пролетеријатот, која конечно добива политичка форма на политичка партија, ја насочувала траекторијата на развој кон јасна артикулација на интересот на конституентната класа – манифестација која на почетокот е национално ограничена, но има тенденција да се интернационализира. Има тука една очигледна, но клучна еквивокалност, во однос на релацијата меѓу економскиот и политичкиот домен, која заслужува коментар. Од една страна историскиот материјализам го привилегира економскиот домен како ултимативна основа на социо - политичката динамика (база на надградбата). Но, од друга страна Манифестот вака ја објаснува позицијата на Комунистичката партија кон конституентната класа – пролетеријатот:

> „Непосредната цел на комунистите е иста како на сите други пролетерски партии: *формирање на пролетеријатот како класа* [н.з.], отфрлање на буржоаската супремација, освојување на политичка моќ за пролетеријатот. Теоретските заклучоци на комунистите не се засноваат на идеите или принципите кои биле измислени или откриени од овој или оној универзален реформатор. Тие едноставно ги изразуваат општите фактички односи кои произлегуваат од постоечката класна борба, од историското движење кое се одвива пред нашите очи" (Marx & Engels, 2016 [1848], p. 31).

Иако ова „историско движење кое се одвива пред нашите очи", е замислено речиси како хегелијанска судбина на историската телеологија, тоа (според овој параграф низ кој се

наѕира политичкото), изгледа дека нема да се случи без *политичка интервенција*. Сепак, оваа политичка интервенција во *Манифестот,* не е замислена како дискурзивна артикулација на хегемонизиран идентитет на *класата-за-себе*, туку како последователност на економски мерки од кои примарната е аболиција на приватната (буржоаската) сопственост. Мерки кои го вкотвуваат повторно процесот во економскиот домен, кој пак има политички и општествени последици (односно има последици врз политико - социјалната надградба). Маркс и Енгелс така, формирањето на пролетеријатот како класа го замислиле како автоматски структурен ефект на антагонизмот, а не како хегемониска еквиваленцијална *артикулација*, која е во постојан реторички антагонистички однос со другоста и која тежнее да се заокружи, никогаш не успевајќи во тоа. Антагонизмот е замислен како антагонизам на структурни позиции.

*Манифестот, како и Капиталот,* не навлегува во разложување на механизмот на функционирање на класната формација, бидејќи низ неговата макро – економистичка леќа може да се види однадвор единствено дека *класата-ПО-себе* постои и дека оној што набљудува може да има уверување дека таа има конкретни „објективни“ карактеристики, интереси и цели. Но, бидејќи марксистички сфатената класна формација, нема психолошка димензија - како што исправно тврди Лукач (Lukács, 1972) - односно бидејќи таа не ја деконструира идентитетската слика истовремено, низ микро-социолошка леќа – таа не успева да одгатне каква улога има антагонизацијата во хегемонизирањето на односот на дискурзивните позиции. Парадоксално, но примарната функција на *Манифестот* е да служи како мобилизациски катализатор и програмски артикулатор на класните маркери, со тоа тој е неминовно дискурзивна котва на привилегираниот пролетерски и комунистички идентитет. Тој практично учествува во конструкцијата на *класата-ЗА-себе* идеја која треба да резонира на психо-социолошко идентитетско ниво – барајќи од „Пролетерите од сите земји да се обединат“. Оваа очигледна *недоволност на економската база* како извориште на колективен идентитет се гледа и во неговите анализа во *Класните борби во Франција* (Marx K. , 2019) и *Осумнаесеттиот бример на Наполеон Бонапарта* (Marx K. , 2023)[65]. *Особено во второв случај, Маркс се соочува со п*олитичката тежина на „Лумпенпролетаријатот“ (структурниот вишок во неговата теорија), што ја експонира потребата за една теорија на хегемонијата која пак ќе се појави со Грамши. Тука ја оставаме марксистичката рамка која упатува на конструкција на колективен идентитет и се свртувам кон теоретските позиции на Диркем.

[65] Задржан е оригиналот- се мисли на 9 Ноември датумот на кој во 1799, Наполеон Бонапарта се прогласил за диктатор со државен удар.

- *солидарност и аномија*

*Поделбата на трудот во општеството* (2013 [1893]) на Емил Диркем, претставува еден втемелувачки социолошки проект. Основната идеја во неа е, во основа функционалистичката, теорија на солидарноста - сфатена како морален регулатор на општествената кохезија и теоријата на аномијата - сфатена како патолошка девијација од „нормалната“ состојба. Диркем, за разлика од Вебер и во остра спротивност со Маркс, имал ставено силен интелектуален фокус врз прашањето на општествената стабилност - особено, објаснувањето на проблемот на општествена стабилност во состојба на растечката модерност и индивидуална автономија. Ако дефиниpачка карактеристика на модерното општество е нагласената индивидуализација или индивидуалната атомизација, радикалната специјализација и сложена поделба на трудот, слабеење на религиските врски и на семејните состави – тогаш прашањето од примарна важност мора да е конституирано околу идејата за општествената кохезивна сила во услови на модерност – нејзините својства, нејзините механизми, модалитети на дејствување, структурните манифестации и функции.

Накусо, да ја изложам *теоријата на солидарноста* онака како што се чита во *Поделбата на трудот во општеството:*

Диркем користи дихотомна и контрастивна епистемиолошка логика: за да се востанови кои *општествени факти* имаат функција на морален регулатор на општествената кохезија во модерното општество, потребно е претходно, да биде утврдено: кои општествени факти претставуваат *функционален еквивалент* на таква регулација, во она што Диркем го обележува како *примитивно општество*. Да се стигне до основниот регулативен механизам во примитивното општество е од примарно аналитичко значење, бидејќи тогаш тој ќе може да ја искористи таа конструкција како своевиден спознаен негатив, во јукстапозиција со регулативниот механизам карактеристичен за модерното општество. Теоретската кристализација и контрастирањето на структурата, функциите и причините за развој на оваа кохезивна сила меѓу двата општествени типа, тогаш ќе може да ги илуминира карактеристиките на двата. Така ќе се види, според неговиот метод, до кој степен и како тие типови солидарност ги извршуваат интегративните општествени функции. Овој примарен методолошки зафат има и еволутивна смисла: на аналитичарот му овозможува, во контролата на дихотомната рамка, да следи како историски се трансформирале манифестациите на општествената солидарност[66].

Аналитичкиот процес меѓутоа, не смее да биде спекулативен - во согласност со „Контовската епистемиологија“ на Диркем. Истрагата мора да има емпириска и научна (во основа позитивистичка) тежина, што значи дека тој тип заклучоци мора да се базираат на каузално детерминирана анализа на некој опиплив предмет – бидејќи „[…] изучувањето на

---

[66] Истата методолошка логика Диркем ја користи и во *Елементарните облици на религискиот живот* (Rupnik, 2023). За методолошките пристапи во класичната социологија види (Георгиевски, 2021)

солидарноста лежи во рамките на доменот на социологијата. Таа е општествен факт, кој може да биде темелно спознаен е*динствено преку неговите општествени ефекти* [н.з.]" (Durkheim, 2013 [1893], p. 54).

Тука за Диркем е експониран првиот проблем за неговата емпириска амбиција: производствените односи во економскиот домен, каде што тој би можел лесно да го лоцира „опипливиот предмет", за него не можат да бидат појдовна точка, како што тоа било претходно случај кај редица мислители од Адам Смит кај либералите, до Карл Маркс кај комунитаристите. И тоа е така затоа што неговиот фокус не е тука да ги лоцира односите на моќ, антагонизмот и производствената продуктивност, туку да утврди која е функцијата на поделбата на трудот – поточно која е нејзината *морална* функција и до кој степен, солидарноста што е ја создава поделбата на трудот во општеството – или што е условена од неа, придонесува кон општествената интеграција[67].

> „Ние сме упатени, затоа, да ја разгледаме поделбата на трудот во ново светло. Во овој случај, секако, економските услуги што таа [поделбата на трудот, н.з.] може да ги даде, се безначајни во споредба со моралните ефекти што таа ги произведува. А нејзината вистинска функција е меѓу двајца или повеќе луѓе да создаде чувство на солидарност" (Durkheim, 2013 [1893], p. 46).

Тука треба да се разјасни на што мисли Диркем, кога ќе го употреби зборот *функција* (заедно со нејзините деривати). Има во основа две кореспондентни компоненти во неговата органицистички конструирана дефиниција: едниот се однесува на *движењето* или *дејствувањето* на конкретен елемент во рамките на целината, а вториот, се модалитетите во кои тоа движење или дејствување кореспондира со *потребите* на целината. Движењето или со-дејството на елементите во набљудуваниот општествен феномен, предизвикуваат општествени ефекти кои пак се однесуваат, до различен степен, на определени потреби во целината. „Така, да се праша, која е функцијата на поделбата на трудот е всушност да се истражи на која потреба таа ѝ соодветствува" (Durkheim, 2013 [1893], p. 41). Ова не имплицира дека некоја појава постои *заради ефектот* што го произведува, туку повеќе, дека ефектот, за да биде произведен и за воопшто да постои, требало за тоа да има нужни услови детерминирани во движењето или дејствувањето кои му претходат во каузалниот ланец. Ваквиот поглед на *функциите,* секако е во врска со неговата позитивистичка потреба, следејќи ги природните науки да утврдува каузални врски меѓу *емпириски екстерно манифестните* процеси. Притоа, таа и на *причината* (дејствието) и на *ефектот,* гледа како на *затворени констелации во омеѓени ентитети кои се легитимен предмет на изучување*.

Економскиот аспект на анализа на поделбата на трудот, значи според него, ги објаснува *ефектите* од поделбата на трудот во смисла на зголемената ефикасност и продуктивност –

[67] Конт инаку, пред Диркем сугерирал дека во поделбата на трудот има нешто повеќе од само економски однос. (Durkheim, 2013 [1893], p. 52).

таа објаснува во суштина, како овој нов тип организација на производството го зголемува количеството луксуз во цивилизацијата, што не може да се смета за нејзина вистинска *функција*. Анализата треба, наспроти ова, да ги објасни конститутивните (структурните) услови за постоење на цивилизацијата, што е прашање од морален карактер, бидејќи „потребата за ред, хармонија и општествена солидарност, се општо земено, морални прашања“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 51). Без оваа емпириска, мерлива, тактилност, општествената солидарност е, за Диркем, недофатлив феномен. Затоа тој го супституира, како што вели „внатрешниот датум – којшто ни се измолкнува“ со „надворешен - којшто го симболизира феноменот“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 52). Таков видлив симболизирачки објект, Диркем гледа во *правниот корпус.* Овој корпус за Диркем е манифестација на уреденоста на општествениот живот:

> […] општествениот живот, онаму каде што тој опстојува низ времето, има неминовна тенденција да добие јасна форма и да стане организиран. Правото (законот), не е ништо друго туку самата таа организација во својата најстабилна и прецизна форма. Севкупниот општествен живот не може да се прошири, без активноста на правото, истовремено, пропорционално да се зголеми. Така, можеме да бидеме сигурни дека во правото се одразени сите есенцијални варијетети на општествената солидарност“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 52).

Тоа што некои важни аспекти на кохезиската регулација може да се содржани во обичаите и другите непишани форми на општествена врска - значи надвор од правниот корпус што е главниот извор на анализа на општествената солидарност - за Диркем е загуба што мора да се прифати, во име на заклучоците засновани на емпириски докази. Но, интересно е неговото објаснување на ситуациите кога обичаите (и нормите кои од нив произлегуваат) не се синхронизирани или се во судир со оние во правниот корпус. Дали, полемизира Диркем, ова значи дека тие може да произведат друг тип солидарност од оној кој може да се востанови од анализата на правниот корпус. Според него - ова се јавува само во исклучителни околности и тогаш, како што вели, тоа е симптом за патолошка форма. Во нормална форма, вели „обичајот не му е спротивставен на законот, напротив, тој ја создава неговата основа“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 53).

Правниот корпус, уверен е Диркем, несомнено „ги репродуцира главните форми на општествена солидарност“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 54), и анализата треба да оди во насока на класификација на законските (правните) типови и да се востанови, со каков тип солидарност кореспондираат тие и во која етапа од општествениот развој биле конституирани. Конзистентен на дихотомните теоретски конструкции, тврди дека има два релевантни типа во правниот корпус: оној што се однесува на *репресивните* санкции и оној кој се однесува на *реститутивните* санкции. Првиот се однесува на кривичниот правен комплекс (code pénal), а вториот на комплексот граѓански, корпоративни, конституционални правни комплекси.

Начинот на кој историски е конституирано репресивното право (на пример кривичните кодекси со религиско потекло) на Диркем му укажуваат на механизам во кој е манифестирана *колективната свест* на еден дефинитивен општествен ентитет кој живее засебен живот (Durkheim, The Division of Labour in Society, 2013 [1893], p. 63). Овој правен корпус енкапсулира колективни сентименти и диспозиции кои се детерминативни за еден специфичен тип солидарност најкарактеристичен за она што тој го нарекува „примитивно општество“ – имено, солидарноста на сличности или *механичката солидарност*.

Аргументот на Диркем се развива вака: Репресивното право се однесува на оној аспект од обврзувачката општествена врска којашто ако се прекрши - тоа би конституирало кривично дело. Во дефиницијата за тоа што конституира кривично дело, тој во основа го истакнува односот меѓу делото и (динамички сфатените[68]) општествените сентименти: „Кривичното дело ги вознемирува оние чувства кои во секој посебен тип општество можат да се најдат во секоја здрава свест“. [...] единствениот елемент карактеристичен за сите кривични дела е тоа што, со очигледни исклучоци [...] тие се состојат од дејствија универзално осудени од членовите на секое поединечно општество“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 59). Овде, концептот „универзално“, треба да се забележи, го нема истото значење што го има во политичкиот либерализам – имено како квалитет на човековата природа универзално присутен во целото човештво, туку, како универзален сентимент *во рамките* на едно општество – сентименти кои се „споделени од повеќето индивидуи во просек во едно исто општество“. Правилата на репресивното право - и ова е клучно за аргументот на Диркем - *се вткаени, длабоко во свеста на секого* – во она што тој го нарекува *нормална состојба,* „сите знаат за нив и чувствуваат дека [тие правила] се праведно засновани“. (Durkheim, 2013 [1893], p. 60). Надвор од оваа „нормалност“, кога на пример индивидуите не се свесни за правилата или пак одлучуваат да не ги почитуваат, тоа за Диркем е патолошка манифестација. Како патологија, според него може да се сметаат и случаите кога некое казнено правило опстојува, иако е оспорено од сите – таа состојба е абнормална и неодржлива.

Ова го објаснува, според него, посебниот начин на кој казнените закони се конструирани. Тие не содржат експлицитно дефинирани обврски на кои им кореспондираат казни ако овие обврски се прекршат - на дефинитивен и директен начин поставуваат санкција бидејќи во нивната формулација инхерентен е сентиментот и разбирањето на заедницата за имплицитната обврска. „Несомнено – вели Диркем – ако едно дело е казнето, тоа е поради фактот што тоа дело оди наспроти задолжителното правило, но ова правило не е експлицитно наведено. Може да има само една причина за ова: тоа е затоа што правилото

[68] Диркем не тврди дека овие сентименти се исти за секое општество или пак дека се исти во рамките на едно општество транс-историски. Напротив.

е познато и прифатено од сите“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 60)[69]. Во оваа смисла сентиментите се дефинитивни и поседуваат јасна униформност поради која нема можност за различни интерпретации. Овој комплекс на споделени сентименти и сфаќања кои конституираат дефинитивен систем, се всушност фундаментот на она што Диркем го нарекува *колективна свест*. Колективната свест е истовремено во оваа смисла „нешто целосно различно од индивидуалната свест, иако таа егзистира единствено во индивидуите“ (Durkheim, 2013 [1893], p. 63), и вели во дефинитивна смисла, „[…] едно дејствие е криминално, кога ги повредува силните, јасно дефинирани состојби на *колективната свест*“.

Но, својствата на колективната свест може навистина да се разберат единствено низ поглед врз *механизмот* преку кои таа функционира. И на оваа локација, верувам, може да се види како одеднаш кај Диркем е дестабилизирана позитивната идеја за општествената кохезија, наспроти неговата вистинска намера да го дефинира општествениот систем (примитивен или модерен сеедно) низ маркерите на стабилност. Диркем го објаснува процесот на конституирање на колективна свест како неантагонистички акт на хармонизација и универзализација. Тој се конституира сам по себе влечејќи ја силата *оттаму што* и *поради тоа што* колективните сентименти *не се оспорени* и добиваат посебна почит затоа што се универзални. Вели:

> „Исто како што спротивставените форми на свест меѓусебно се ослабнуваат, така истоветните форми на свест, испреплетувајќи се едни со други, заемно се засилуваат. Додека во првиот случај тие си одземаат нешто една на друга, во вториот случај тие си додаваат нешто. Ако некој ни изрази идеја која ние веќе сме ја имале, нејзината репрезентативна евокација се надоградува на нашата идеја; таа се наслојува врз неа, се испреплетува со неа, и ја пренесува врз неа сопствената виталност. Од овој акт на фузија, расцветува нова идеја која ги апсорбира претходните и која, консеквентно е исполнета со повеќе виталност отколку секоја од претходните идеи одделно. Ова е причината зошто во големите собири на луѓе, една емоција може да предизвика толкаво насилство. Тоа е затоа што силата со која е произведена таа во секоја индивидуална свест, одекнува во свеста на сите други [индивидуи] (Durkheim, 2013 [1893], p. 76).

Значи, колективниот еквилибриум се создава со хармонично и еволутивно пластење на истоветни сентименти чие содејство создава квалитет кој не е еднаков на сумата на составните делови, креирајќи солидарност (механичка солидарност) која овозможува универзално разбирање на правилата на заедницата. Ако колективните сентименти низ овој агломеративно-трансформативен механизам се манифестираат како универзалност за

[69] Но, ова отвора нов проблем за Диркем, ако казнениот правен комплекс енкапсулира споделени сентименти и е манифестен за колективната свест, тогаш зошто воопшто треба пишана кодификација на овие форми. Зошто обичајот или религиската норма не е форма која би стоела на место? Според него, тоа е затоа што прашања кои може да бидат предмет на спор има потреба јасно да се дефинираат – потребно е да се дефинираат значи нијансите на казната, а не самата облигација чиешто кршење е санкционирана со дефинираната казна. А токму облигацијата е тоа што не е скаменето во пишана форма заради имплицираната колективна свест која што ја унифицира.

заедницата, тогаш криминалниот акт е радикална пукнатина во универзалноста, поради тоа што го демострира спротивното – одејќи наспроти колективниот сентимент, таа демонстрира дека тие *не се универзални*. Затоа, казнениот правен комплекс не е беспричински брутален заради самата бруталност - туку заради тоа што колективната свест мора да ја заштити својата универзалност во моментот кога таа ќе се соочи со опозиција (опозиција какво што е криминалниот акт). Единствениот начин тоа да го направи е да демонстрира „одвратност" кон актот, што пак е можно единствено преку чинот на повреда и страдање на сторителот. Овој реактивен процес - кој наликува на морална кондензација на заедницата - овозможува повторно етаблирање на резонанцијата на индивидуалните свести во општествена колективна свест. Но, од каде доаѓа пукнатината во универзалното? Кај Диркем таа е екстернализирана, доаѓа однадвор – вон универзалниот домен. Ако беше поинаку Диркем ќе заклучеше, како Маркс, дека внатрешните контрадикции на системот го прават конфликтот инхерентен на системот. И ова, парадоксално, но ја комплицира позицијата на Диркем, особено во моментите кога треба, во војот омеѓен, конечен и релативно статичен органицистички универзум, да ја инкорпорира конфронтативната *реакција* на заедницата кон криминалниот акт, како во овој параграф:

> „Што се однесува до колективниот карактер на реакцијата - таа произлегува од колективната природа на сентиментите кои се повредени. Бидејќи овие може да се најдат кај секоја од индивидуалните свести, направената повреда, кај сите кои го сведочеле или знаат за неговото постоење, предизвикува индигнација. Сите се засегнати од него, консеквентно, секој се стврднува себеси против нападот. Реакцијата не само што е општа, туку е колективна - овие две не се исто нешто. [Реакцијата] не се јавува кај секоја индивидуа изолирано, туку кај сите заедно, унисоно, и соодветно на поединечниот случај [на повреда]. Всушност исто онака како што спротивставените сентименти меѓусебно се одбиваат, така истоветните сентименти се привлекуваат – и оваа појава е посилна, колку што се поинтензивни сентиментите. Опозицијата претставува опасност која ги заслабува [колективните сентименти], *но тоа ја засилува нивната моќ да привлекуваат"* [н.з.] (Durkheim, 2013 [1893], p. 78) .

Што прави тука, Диркем во анализата на „колективната реакција" на нанесената повреда во име на одбраната на сентиментите на колективната свест? – Упатува на добро познат механизам на контракција на колективниот идентитет во услови на криза. Нападот на заедницата, предизвикува нејзините членови поцелосно да се конформираат во репертоарот колективни сентименти – со други зборови, тој сугерира дека во операцијата на механизмот кој гради солидарност, *конфликтот* ја јакне унисоноста на заедницата. Диркем се чини, на мала врата овде ја внел идејата која е туѓа на неговата теорија за солидарноста – идејата за конститутивноста на конфликтот во градењето колективна солидарност. Но, овој редок блесок, е згаснат неколку страници подоцна, кога Диркем, дискутирајќи поинаков проблем од овој релевантен за оваа дискусија, вели:

> [...] казната е пред сè е тука за да има ефект врз чесните луѓе. Бидејќи таа ги зацелува раните нанесени врз колективните сентименти, и таа може да ја исполни својата

улога онаму каде што такви сентименти постојат, и само доколку тие [сентименти н.з.] се активни (Durkheim, 2013 [1893], p. 81).

Овие сентименти се секогаш веќе постоечка даденост. За нив Диркем нема одговор како *во нивната инаугуративна конституција се восточичил механизмот на напластување сентименти односно како тие се активирани во основа*. Ги гледа како стабилен комплекс на колективната свест кој ја одржува солидарноста на истоветности во заедницата (солидарноста на „чесните луѓе“) и ја замолкнува забелешката дека тие се операционализираат, односно се активираат, во моментот кога нивната универзалност е нападната. Диркем, застанува, со други зборови, таму каде што треба да почне - кај онтолошката дискусија за конституирање на колективните сентименти и улогата на нарушувачките пукнатини на конститутивната антагонистичка другост - тема која се чини случајно извира од *Поделбата на трудот* дестабилизирајќи ја неговата позитивна теорија.

Да се осврнам, многу накусо, на проблемот на органска солидарност[70]. Во контрадистинкција со солидарноста овозможена преку сличности на индивидуалните елементи во една колективна свест, органската солидарност Диркем ја замислил како кохезивен процес овозможен од меѓу-зависности кои се ефект поделбата на трудот во модерното општество. Технолошкиот напредок овозможува зголемување на популациската густина, што пак ја индуцира потребата за специјализација на индивидуалните задачи - органска солидарност – „култ кон индивидуата“ како што ја нарекувал (Durkheim, 2013 [1893], p. 317).

Од 1960-тите и во 1970-тите во социолошката теорија (особено во американските кругови каде што Диркем сè уште имал со силно влијание), била отворена дискусија поврзана со тврдењето на некои социолози, дека Диркем во подоцнежните текстови ја напуштил својата оригинална типологија на *механичка* и *органска солидарност*, прифаќајќи дека сите општествени системи – вклучително и модерните - се регулирани според принципите на униформност карактеристична за механичката солидарност.

Еден концизен текст на Хокинс (Hawkins, 1979), најсоодветно ги сумира овие позиции. Неколку клучни елементи, сугерира Хокинс, се важни за концептот „солидарност“ изнесен во *Поделбата на трудот во општеството* и кај сите нив може да се види важна

[70] Мноштво дискусии кои се однесуваат на овие два фундаментални концепти кај Диркем, прават, може да се каже, симплификација кога ја образложуваат дистинкцијата меѓу нив. Нивниот аргумент е дека Диркем ја асоцирал механичката солидарност индуцирана од колективната свест со примитивното општество, а органската солидарност индуцирана од култот кон индивидуата и поделбата на трудот со модерното општество. Се добива впечаток вака дека, овие концепти не се замислени слично како кај Вебер, како идеални типови туку како апсолутни карактеристики на двата типа општество. Познато е дека Вебер и Диркем радикално се игнорирале, иако размислувале за слични проблеми, но и дека биле свесни за работата на другиот.

трансформација којашто оди во насока на заклучокот дека Диркем бил во процес на правење ревизија на својата оригинална теза – имено дека принципот на „меѓу-зависност“ ја има моралната моќ да ја регулира социјалната кохезија кај модерните општества, наспроти принципот на „идентичност“ кој ја има истата функција на морален лепак на заедницата во примитивните општества. Во текстовите и предавањата објавени по 1902 г. Диркем го намалил опсегот на *conscience collective* (Hawkins, 1979, p. 161). Оригиналната теза на Диркем - дека колективната свест била регулатор на целкупниот живот во примитивните општества, вклучително и регулацијата на приватната сфера – почнала кај него да ослободува еден цел домен кој бил надвор од покривањето на таа регулација. Диркем овој домен го означува како „кругот на физичките нужности“. Тој не ја објаснува во повеќе детали, вели Хокинс, врската меѓу овој „круг“ и приватната сфера. Колективистичката теорија за човековата природа на Диркем, според која „во примитивните општества, отсуствуваат нужните предуслови за развој на индивидуална свест (психа)“ бидејќи единствената свест (психа) што може да се развие е онаа што е заедничка и идентична за сите членови на групата, упатува на заклучокот дека Диркем овој „круг на физички нужности“ го замислувал биолошки – како домен на инстинктите како нерефелксивен модалитет на однесување (Hawkins, 1979, p. 156). „Доцниот“ Диркем, забележува Хокинс, го ограничил опсегот на колективната свест во примитивното општество и многу активности и однесувања во подоцнежните текстови ги ставил надвор од неговата јурисдикција – *види* (Durkheim, 2013 [1893], p. 269&270). Понатаму, сугерира Хокинс - онаму каде што Диркем оригинално тврди дека морфологијата на примитивните општества е сегментарна, составена од мали единици кои се поврзани на нехиерархиски начин, што овозможува посилна интеграција на поединецот во гнездото на колективната свест - во подоцнежните текстови тој тврди дека се недоволни да ја одржат „[...] неперсоналноста, неопходна за креирањето на детерминистички системи на морална контрола [...]“ (Hawkins, 1979, p. 163). Веројатно клучна забелешка за овој корпус поместувања во неговата теза, е фактот што Диркем по 1902 година веќе не сметал дека логиката на функционална меѓу-зависност има специфична морална функција во современите општества односно дека поделбата на трудот има моќ да воспостави морални врски меѓу елементите и консеквентно дека „conscience collective конституира основен извор на солидарност во напредните општества“ (Hawkins, 1979, p. 163). Конечно, ако оригиналната теза е дека промената на еден тип солидарност со друг го овозможува еволутивниот општествен напредок, тогаш во подоцнежните текстови еволутивните поместувања доаѓаат низ постепено ширење на „ист тип солидарност во заеднички систем на идеи и сентименти“ (Hawkins, 1979, p. 163).

Среде, нему современото, општествено и интелектуално милје, дисертацијата на Диркем е своевиден артефакт за контрадикцијата во која тој се нашол себеси, бивајќи истовремено, и политички либерал со длабоки индивидуалистички уверувања, и апологет на раниот социолошки проект според кој групната структура го над-детерминира

индивидуалното дејствување. Целокупниот негов опус може да се чита и како проект за помирување на овие две позиции. Како што вели Козер „тој сакаше да ја засили автономијата на индивидуата дури и кога зграпчено се држеше за идејата дека таква автономија може да биде обезбедена единствено ако таа има сигурни темели во условите на општествената солидарност, која цврсто ги поврзува членовите [на заедницата] заедно" (Coser, 2013 [1984], p. xiv). Оваа контрадикција, меѓутоа не се трансформирала кај него, во интелектуален песимизам. Напротив - Диркем, *општественото,* не го гледал како неприродно насилство врз индивидуата. Само во *општество*, индивидуата може да биде среќна и морално исполнета (Cladis, 1996, p. 457). Во оваа смисла, во *нормални услови* - фраза што е постојано надвисната над секој аргумент на Диркем – не постои конфликт меѓу човековата природа и општествениот живот[71]. Кај Диркем не постои обид да се востанови логиката на дистрибуција на механичката солидарност и за тоа е виновен позитивистичкиот пристап кој ги зема нештата како што ги гледа „во фактуалната појавност". Антагонизмот, манифестациите на незадоволство или протест, се гледаат како симптом на дисфункционалност или како општествена патологија. Диркем во некоја мера не е исклучок од Geist на неговото време, како што ќе го видиме тоа кај втемелувачите на социјалната психологија.

- *сугестија, зараза, имитација*

Една серија концепти кои за разлика од пристапот на Маркс и на Диркем, во социолошкиот имагинариум внесуваат психолошка димензија, без којашто како што исправно тврдат, не е можно да се разбере конструкцијата на колективен идентитет. *Психологија на толпата* (1895) – студијата на Гистав Ле Бон – е, по многу нешта, производ на чувството на вакуум, кое што го имала европската интелигенција од втората половина од деветнаесеттиот век, под притисокот на капиталистичката експанзија и консеквентните

[71] Интелектуалната призма која на општеството и на групите во него им дава корпорални карактеристики - како да е тело чии составни делови се заемно-зависни и конституираат интегрирано единство, во деветнаесеттиот век претставувала моќен светоглед. Начинот на кој новите општествени дисциплини го читале Дарвин – како заводлива „комбинација на позитивизам и еволутивен напредок" (Giddens, 1970, p. 172) имале непосредно влијание на овој поглед обележан како - *Органицизам*. За Диркем, оваа идеја е дефинирачки интелектуален импулс – кристализиран преку неговиот ран контакт со група германски мислители[71]. Веројатно клучниот меѓу нив е Алберт Шефле, чија книга, *Конституцијата и животот на општественото тело* (1875), бил големо рано органицистичко влијание врз Диркем. Тој во неа видел значајна анализа на општествената морфологија, бидејќи таа успева да ги разложи различните општествени формации до „нивните основни елементи" (Durkheim, 1885, p. 84). Фокалната идеја на Шефле, интерпретирана од Диркем, е дека - „општеството не е едноставна колекција на индивидуи, туку битие кое им претходи на оние од кои е составено и кое врз нив дејствува повеќе отколку што тие дејствуваат врз него, и кое има свој живот, своја свест, свои интереси и своја судбина" (Durkheim, 1885, p. 85). Обидувајќи се да ги објасни структурните елементи на оваа конституција, Шефле ги споредувал со различните делови на биолошките организми. Но, според Диркем, сосем е погрешно, овие употреби да се сфатат буквално: „Иако тој [Шефле] зборуваше за општествена хистологија или општествена органографија, оној кој чита знае дека тие се употребени чисто метафорички" (Durkheim, 1885, p. 86). Диркем дури сметал и дека кај Шефле има јасна делинеација – дека постои „радикална и многу значајна дискрепанција меѓу животот на еден организам и оној на општеството: животот на биолошкиот организам е раководен 'механички', а општеството е поврзано не со физички врски, туку со идејни врски" (Giddens, 1970, p. 173).

општествени промени индуцирани од последиците на револуционерниот бран меѓу Француската револуција и плимата европски револуции во 1848г. Бидејќи, вели Ле Бон, „идеите од минатото, иако половина уништени, сепак се многу силни, а идеите кои треба да ги заменат се сé уште во процес на формирање – модерната ера претставува период на транзиција и анархија“ (Le Bon, 2009 [1895], p. x). Реакционерната и во основа, секуларно - конзервативна интелектуална генерација на Ле Бон, сведочејќи го јасно зачнувањето на она што подоцна ќе стане познато под називот „масовно општество“, во него гледала манифестација на колективна патологија со антицивилизациски последици – поткрепувајќи го тоа со опсервацијата дека „барањата на масите стануваат сé појасно дефинирани и тие не претставуваат ништо друго туку решеност целосно да се уништи општеството какво што е денес, за да се вратиме на оној примитивен комунизам кој беше нормална состојба за сите човечки групи пред раѓањето на цивилизацијата“ (Le Bon, 2009 [1895], p. xi). Алузиите на закана, распад и варварство, така, провејуваат низ целокупниот негов еклектичен опус.

Но, ако се ослободиме од големото количество шум во неговата теорија – ако го занемариме на пример, вредносно пејоративниот тон што тој го има во контекст на колективните состави и движења, на коишто гледа како на инхерентно брутални, криминални или варварски; или пак, неговиот интелектуален елитизам и контроверзното протежирање на аристократијата како единствено можен носител на цивилизациски вредности - што го става во редот реакционерни противници на буржоаската масовна демократизација; или пак, неговата јасна недоверба и скепса кон демократизирачкиот ефект на борбата на суфрежетките од неговото време – тогаш, останува еден, иако недоразвиен, сепак моќен поглед на прашањето на *колективната свест* и создавањето на *колективните идентитети*, кој ќе влијае на психоаналитичките, социолошките и политичките теории во целиот дваесетти век, од Фројд до Лаклау, како што ќе видиме подоцна.

Низ овој филтриран поглед, од неговите позиции, извира идејата за концептот за „колективниот ум“ кој ги трансформира колективните состави - од агрегат на мислечки изолирани и дистинктивни индивидуи, во, тоа што Ле Бон го нарекува, *психолошка толпа* - општествен ентитет кој има, иако транзиторна, сепак автономна и унисона логика на своето постоење и дејствување. Значи, постои *процес на конституирање* кој се раководи од она што Ле Бон го нарекува „психолошки закон на менталната унија“ (Le Bon, 2009 [1895], p. 3&4), според кој индивидуите конституирајќи *толпа* – го „заборават“ својот индивидуален интерес и логика, кои пак биваат супституирани од колективниот интерес и логиката на колективниот ум (2009 [1895], p. 1&2).

Јазолот на оваа трансформација го води Ле Бон понатаму во обидот да ги изложи причините (и самиот не ги нарекува каузални механизми), кои ја овозможуваат оваа метаморфоза на индивидуалната во колективна свест, односно во обидот да објасни зошто

толпата има, иако често транзиторни, сепак свои суверени специфични карактеристики - кои не се карактеристики на секој од нејзините индивидуални составни делови.

*Прво,* го издвојува *сентиментот*, на како што вели, „непобедливата моќ“, кој е детерминиран од бројноста на индивидуите кои формираат група и консеквентно, нивната анонимност која ги попречува механизмите на социјална контрола и одговорност. Овој *сентимент*, на индивидуата ѝ овозможува да им се предаде на инстинкти кои, кога таа би дејствувала самостојно, би ги држела под контрола и воздржаност (Le Bon, 2009 [1895], p. 6). Идејата за *сентиментот* - не во специфична форма туку *сентиментот* per se - како важен елемент во создавањето колективна свест, беше во видоизменета форма кусо експлоатирана во рамките на традиционалните школи во Социологијата на општествените движења како што видовме погоре, но потоа таа била минимизирана или пак влечена низ кал, за конечно парцијално и на неодреден начин да се врати во доцните 1970-ти, под притисок на конструктивистичките позиции во Европа.

*Вториот,* елемент со кој Ле Бон, ја објаснува трансформацијата кон колективна свест, е *заразата* (2009 [1895], p. 6&7). Се работи за интер-когнитивна зараза - *сентиментот* во оваа смисла е заразен. Заразата и нејзината експанзија, според него, се лесно воочливи феномени, но тешко може да се објасни зошто се тие кондуктивни. Ле Бон, нема подлабоко објаснување за феноменот на зараза која овозможува индивидуите кои изолирано не се способни да дејствуваат во определен правец, тоа да можат лесно да го направат во толпа. Но, според него, заразата треба да се гледа како феномен од „хипнотички ред“, нешто што ќе биде исто така експлоатирано од психоаналитичката теорија и социјалната психологија подоцна.

Конечно, *Психологија на толпата* зборува за *сугестијата,* како клучен елемент во конституирањето на психолошката толпа и кој ги детерминира, специјалните карактеристики на индивидуите кои се дел од толпа (Le Bon, 2009 [1895], p. 8). Во основа, сугестијата и заразата се, по импликација, заемно-поврзани процеси – заразата е претставена како ефект на сугестијата. Објаснувањата на Ле Бон за механизмот низ кој ова се случува се доста основни и на моменти наликуваат на пејоративни дескрипции за начините на кои рационалните индивидуи ја напуштаат својата индивидуалност и како субјекти со „парализиран ум“ следат некоја сугестија на масовен хипнотизер – процес низ кој хипнотизираниот е доведен во „[...] специјална состојба што наликува на фасцинација [...]“.

## II.2.б. Континуитетот и дисконтинуитетот на бихевиористичките теории за општествените движења

- *циркуларна реакција, колективна редефиниција и извирачка норма („оригиналниот колективен бихевиоризам)*

Првата Чикашка школа, може да се каже, сè уште функционирала во рамката на европските психо - социолошки концепти предложени од теоретичарите на толпата. Но, во основа таму веќе се кристализирал теренот на тензија меѓу социјалната психологија и социолошките концепти за *општественото* како исход на процесот на општествена интеракција и на структурната тектоника. Меѓу предавањата на Мид во Чикаго - објавени постхумно (Mead, 1972 [1934])*,* и *Теоријата на колективното однесување* на Нил Смелсер (Smelser, 1962), може да се види една концептуална трансформација кон доменот на *политичкото*, еманципирање на истражувачката програма поврзана со општествените движења, слабеење на востановениот пејоративен став кон општествените движења и - поврзано со последново - јакнење на функционалистичката теоретска логика. „Политизацијата" на истражувачкиот пристап, видлива јасно во *втората* Чикашка школа од 1960-тите и 1970-тите, е важно придвижување, имајќи ја предвид одбивноста на раната Чикашка школа кон размислување за политичките последици од општествените движења *види* (Lutters & Ackerman, 1996). Ќе се обидам овде да ги фатам концептуалните трансформации на проминентните идеи од овој теоретски контекст кои имаат импликации за нашиот проблем - конструирањето на популарниот субјективитет на групата низ општествените движења.

Роберт Езра Парк[72], една од втемелувачките фигури на Чикашката школа, чиишто социолошки обиди, биле стигматизирани, потиснати и заборавени по втората светска војна, бил под силно влијание на теориите на заразата и имитацијата, дискутирани во претходното поглавје. *Толпата и Јавноста* (Park, 1972 [1904]) и поглавјата посветени на толпата во *Воведот во социолошката наука* (Park & Burgess, 1921), така, се во голема мера експликација на идеите на Сигеле (Sighele, 2018), Болдвин (Baldwin, 1894), Де Тард (Tarde, 2010) и Ле Бон (Le Bon, 2009 [1895]). Но, истовремено, се чини, како несвесен производ на неговиот еклектицизам, тие прават извесно зајакнување на функционалната интерпретација на однесувањето на толпата – рудиментарно присутна, видовме, уште кај Ле Бон и доцниот Сигеле - како фактор на општествена и институционална промена. За теоретичарите на толпата, јасно е дека овој тип „примитивна" групна манифестација е симптом на општествено пропаѓање. Кај Парк, иако таа дислокаторна предлошка е сè уште имплицирана - толпата добива извесна трансформативна, но добива и аналитичка функција. Практично,

[72] Роберт Езра Парк беше ученик на прагматизмот на Џон Дјуи и на Георг Симел во

*Толпата и Јавноста,* може да се чита како обид да се диференцира социолошкото поле од она на колективната психологија и политичката економија[73] - преку одбрана на идејата за научна опипливост на *групата* (во оваа смисла *толпата*) како социолошка единица. Затоа, Парк нè воведува во проблемот на книгата истакнувајќи дека тој „верува оти секој важен напредок во социологијата мора во финалната анализа да навлезе во истражувања како оние почнати во полето на психологија на толпата – односно со *опис и објаснување на активностите на човечките групи*" [н.з.] (Park, 1972 [1904], p. 6); а потоа, го објаснува дистанцирањето на Скипио Сигеле од индивидуалната психологија на криминалистиката од неговата школа (Park, 1972 [1904], p. 10), од што произлегол концептот *колективен ум или ум на толпата;* ја претставува позицијата на Ле Бон според која толпата има специфична дефиниција како единствен *ентитет* - која е есенцијална карактеристика на општествената група и која како таква треба да се анализира (Park, 1972 [1904], p. 12); ја изнесува позицијата на Паскал Роси според која „толпата изгледа како прототипска форма на асоцијација" (Park, 1972 [1904], p. 14) и конечно кусата, еклективна и на моменти дифузна книга, ја завршува со поглавје во кое ја објаснува идејата за *општата волја* (General Will) како израз на „цврстата традиција" на групната „ментална перспективна, која не може да биде израмнета со променливите состојби на групата" (Park, 1972 [1904], p. 62). Ова е така, јасно, за нас релевантна, дискусија со онтолошки и епистемиолошки импликации.

Да се задржиме за момент на оваа дилема - што е групата во социолошка смисла - Парк гледа дека нејзината супстанција им се измолкнува на концептуалните маневри поради тоа што „сетилата не ја перципираат групата како физичка единица" (Park, 1972 [1904], p. 23). Просто кажано, општествениот домен не може да подлежи на едноставни класификациски зафати бидејќи тој е во постојано дислокаторно лизгање - една индивидуа може да биде дел од повеќе - дури и несовмесни меѓу себе - групи; повеќе - според социолошки критериуми, исти индивидуи - можат да бидат дел од групи кои се обединети околу различни интереси, истории и традиции. Но, овој основен проблем за него не е вовед во потрага по лингвистичките или психоаналитичките онтолошки категории за да ја востанови основата во која групата би била замислива; туку, воден од параметрите за научност во социологијата – доминантен во тоа историско раздобје – ја бара социолошката основа за конструирање на „физикалноста" на групата како предмет на истражување:

> „[...] општествената група не постои како реален ентитет, таа мора да биде трансформирана во таков ентитет. Општествените врски може да се разберат

[73] Како прагматист Парк не ги отфрла позициите на политичката економија и социјалната психологија. Вели „Кога ќе се споредат колективната психологија и политичката економија, барем нивните првични предлози, изгледаат јасно спротивставени. Додека за политичката економија егоистичките индивидуи ги претставуваат основните единици од кои е составено општеството, колективната психологија не го смета поединецот како психички ентитет: односно неговото однесување не се пренесува и определува со самосвест, туку напротив реагира директно, квази-инстинктивно, на неговиот објект. Соодветните премиси на колективната психологија и класичната англиска политичка економија можат да се оправдаат во рамките на нивната област на загриженост и во поглед на различните интереси што ги претставуваат. Но, сè уште останува можноста, дури и неопходноста, да се изгради наука со перспектива способна да ги вклучи двата пристапи. (Park, 1972 [1904], p. 29)

> каузално; тие претставуваат реципрочни акции кои потоа може да бидат изразени како закони. Откако ова ќе биде разбрано тогаш за општествената група ќе може да се зборува како за стварен ентитет, односно, ќе стане објект кој научно може да се објасни“ (Park, 1972 [1904], p. 24).

> „Фундаменталните единици на социологијата тука се разбрани како волни-ставови (Willenshaltungen) на индивидуите кои интерактираат во групна ситуација. Овие ставови може да бидат изразени или како чувства (желби и уверувања) или пак како свесни идеи. […] Конечно, мора да биде истакнато дека социолошкото единство не е идентично со каква било дефинитивна физичка едност. Дискретните индивидуи, како и општествените институции низ кои тие интерактираат, сочинуваат голем психо-физички механизам; но ова само по себе не создава социолошко единство. Социолошкото единство е всушност функционално единство кое се остварува преку овој механизам“ (Park, 1972 [1904], p. 31).

Групата – всушност доменот на *општественото* како таков - според Парк, ни се открива како *функционално единство* кое е остварено преку *големиот психо-физички механизам* на *реципрочни акции*. Општественото е за него значи е *социолошки процес* кој тој го објаснува низ концептите како имитација, со-чувство, опозиција итн., а кој се одвива во свеста на индивидуите вклучени во општествената интеракција, и се открива како процес низ кој се оформуваат, се адаптираат, се потиснуваат и се менуваат идеите, интересите и чувствата на индивидуите.

Во *Воведот*, Парк и Бурџес кондензирано даваат социолошка дефиниција на толпата која во голема мера извира од идеите на социјалната психологија. Во основна смисла, велат, толпата е збир на индивидуи – но тие стануваат социолошки релевантна толпа тогаш кога меѓу овие индивидуи ќе се создадат услови на *поврзаност* (Park & Burgess, 1921, p. 893). Терминот што го користат во оригинал е *rapport* и тој означува „однос на согласување, заемно разбирање и емпатија, што ја прави нивната комуникација возможна и лесна“[74]. Во услови на *поврзаност*, членовите на групата се заемно-реактивни (responsive) – тие непосредно, спонтано и со-чувствително реагираат на сентиментите и ставовите на сите други членови. Идејата, која очигледно е поврзана со поимите како зараза на Ле Бон, имитација на Тард, па дури и со-чувство на Дејвид Хјум, сега Парк и Бурџес во изолиран облик ја споредуваат со *хипнозата* во психоанализата – однос во кој психоаналитичкиот субјект „автоматски одговара на сугестијата на експериментаторот, но е очигледно несвесен за сугестиите кои доаѓаат од други индивидуи чие присуство тој не го перципира или пак го игнорира“ (Park & Burgess, 1921, p. 894). Ова го открива механизмот кој Парк и ко-авторот го имаат на ум: Ако една, во збирот индивидуи, реагира со-чувствително кон други две индивидуи, тоа значи дека првата индивидуа развила став на сугестибилност и рецептивност на ставовите и сентиментите на другите двајца – тоа значи дека трите индивидуи се во состојба на *поврзаност* која предизвикува „инхибициите, кои под вообичаени околности,

[74] Толкување преземено од Merriam-Webster Dictionary online Rapport Definition & Meaning - Merriam-Webster

служат за да се зачува изолацијата и само-свесноста на индивидуите се разлабавени или целосно распаднати“ (Park & Burgess, 1921, p. 893). Под овие услови, вели понатаму аргументот, постои реципрочно движење – додека секоја од индивидуите во својата свест и емоционални реакции, ги одразува чувствата, сентиментите и идеите на сите други, истовремено, таа и самата ги модификува сентиментите и ставовите на тие други. Така е произведена, според Парк и Бурџес, „зајакната, интензивна и релативно имперсонална“ состојба на свеста, споделена од сите но истовремено во некоја смисла независна од секоја од индивидуите кои се дел збирот. Но, *организацијата* на толпата не станува вистинска единица сè додека *вниманието* на индивидуите не стане *фокусирано*, како што велат авторите, на некој конкретен предмет или пак цел:

> „Овој објект така фиксиран во фокусот на вниманието на групата настојува да добие карактер на *колективна репрезентација*. Тој се претвора во тоа бидејќи тој е фокусот на колективно зајакнатата емоција и сентимент на групата. Станува репрезентација и симбол на тоа што групата го чувствува и за што има волја во моментот кога сите членови се опфатени со заедничка колективна возбуда и се доминирани од заедничка и колективна идеја. Оваа возбуда и оваа идеја заедно со значењата залепени за неа, се нарекуваат колективни бидејќи се продукт на интеракциите на членовите на групата. Тие не се индивидуални туку корпоративни призводи“ (Park & Burgess, 1921, p. 893).

Значи толпата се конструира низ следниве фази на интеракцискиот процес: (i) воспоставување на состојба на поврзаност која подразбира ниво на заразна возбуда и засилена сугестибилност меѓу членовите, (ii) како последица на првото, воспоставување ниво на ментална изолација на групата, своевидно свртување кон внатре за да се овозможи со-чувствителна реакција меѓу членовите, (iii) развивање на фокус на внимание кон определен објект или цел и конечно (iv) колективна репрезентација. Социолошкиот фокус не треба да биде на психичките процеси кај индивидуите во група туку на самиот процес на интеракција – толпата така станува вид на колективно однесување

> „[…] кога луѓето се собрани каде било […] без оглед на тоа колкава е социјалната дистанца меѓу нив, самиот факт што тие се свесни за присуството на другите, воспоставува жива размена на влијанија; и однесувањето кое произлегува оттаму е истовремено и општествено и колективно. Општествено е во смисла на тоа дека патеката на мислење и дејствување кај секоја индивидуа е под влијание, повеќе или помалку, на дејствувањето на сите други. А колективно е, до толку до колку што секоја индивидуа дејствува под влијание на расположението или на менталната состојба која ја споделуваат сите, во согласност со конвенциите кои сите несвесно ги прифаќаат и кои, присуството на секоја една [индивидуа] ги наложува врз секоја друга. […] Колективното однесување е, тогаш, однесувањето на луѓето под влијание на импулс кој е заеднички и колективен, импулс со други зборови кој е производ на општествена интеракција“ (Park & Burgess, 1921, p. 865) .

- *извирачка норма*

Концептот *извирачка норма*, односно теоријата која е произлезена од верзијата на бихевиористичката теорија на Тарнер и Килијан (Turner & Killian, 1987 [1957]) е исто така вкоренета од една страна во теоријата на толпата, а од друга во традицијата на симболичкиот интеракционизам. Хипотезата на оваа теорија е дека „нетрадиционалното однесување (како што е поврзано со колективната акција) се развива во една толпа како резултат на појавата на нови норми на однесување и како одговор на претпоставената криза. За приврзаниците на *Теоријата за извирачки норми*, колективната акција ги вклучува сите видови општествено однесување во кои конвенционалните норми престануваат да функционираат како водичи за општествено дејствување и наместо тоа, луѓето колективно ги превртуваат или ги надминуваат нормалните институционални практики и рамки на општеството и затоа мора да се формираат нови конвенции како дел од колективното дејствување“ (Arthur, 2013, p. 1&2). Теоријата на извирачки норми сугерира дека толпата се креира затоа што се случува криза која ги принудува луѓето да ги напуштат претходните сфаќања за тоа што претставува соодветно однесување и да најдат нови начини на дејствување (p. 2).

- *структурно затегнување – strain („другиот колективен бихевиоризам“)*

Во 1950-тите во американската социологија постоел фокален теориски конфликт меѓу интеракционистите и големите теории излезени од структурално-функционалистичката традиција на Парсонс и ова се одразило врз разликите во редовите на колективните бихевиористи. „Проблемот“ со Смелсер е најистакнатиот пример во ова смисла. Идентификуван како колективен бихевиорист тој се разликува во една фундаментална смисла од Чикашката школа на општествен бихевиоризам, во тоа што во својата теорија внесол структурни детерминанти на општественото дејствување (Smelser, 1962). Изолирајќи ги детерминантите сакал да објасни како секоја од нив влијае врз конечната манифестација на однесувањето – овие структури потоа ги искористил за да објасни појави како паника, виралност, непријателски изблик, движење ориентирано кон норма и движење ориентирано кон вредност. Вака Џејмс Ормрод (Ormrod, 2014) ги сумира овие детерминантите кај Смелсер:

i. „Најосновното ниво е она на „структурна кондуктивност“, со кое Смелсер реферира на структурните карактеристики на општествата, кои служат за да дозволуваат или да инхибираат епизоди на одредени видови колективно однесување. Кросли (Crossley, 2002) сугерира дека ова е аспектот на формирањето на социјалното движење за кое толку се интересираат теориите за политички опортунитет развиена од Тароу и Тили“
ii. Најважно е веројатно она што Смелсер го нарекува „структурно затегнување“ - специфично структурно протегање кое функционира во комбинација со структуралната кондуктивност. Тоа се манифестира како затегнување тогаш кога

околностите не успеваат да ги исполнат групните или индивидуалните очекувања и затоа е тоа е и психолошка состојба и објективен услов. Смелсер тука реферира на „нејаснотии, лишувања, конфликти и несогласувања“ како главни типови на „затегнување или напрегнување“.

iii. Сепак, колективното однесување нема да се случи доколку нема раст и ширење на едно *генерализирано уверување*. Ова уверување е тоа што на актерите им овозможува да внесат некоја смисла во затегнувањето - што е тоа што го предизвикало и што треба да се направи околу тоа затегнување […].

iv. Но, мобилизацијата сè уште не може да се случи без постоење на „ненадејни фактори“[75] – „драматични настани“ кои предизвикуваат избувнување на колективното однесување. Тој дава пример за расни тензии поттикнати од доаѓањето на црнечко семејство во бел кварт. Овде се гледа реактивниот светоглед на Смелсер за општествените движења […].

v. Следната детерминанта е „мобилизација на учесниците за акција“, со други зборови, придвижувањето од чувства и идеи кон акција. Кросли (Crossley, 2002) сугерира дека оваа *фаза* е недоволно теоретизирана од Смелсер, особено во однос на тоа како се манифестира дејствувањето […]

vi. Конечно, Смелсер ја прифаќа како валидна улогата што ја игра „операцијата на општествената контрола “; односно на оние сили кои „спречуваат, прекинуваат, отстрануваат или инхибираат“ градење на колективно однесување“ (Ormrod, 2014, p. 185&186).

[75] Precipitating factors

## II.2.в. За таканаречените „парадигматски пресврти“

- *организација и мобилизација на ресурси*

Како што беше нагласено во теоретската дискусија, *Теоријата на рационална акција*, ја објаснува динамиката на развој на општествените движења низ индивидуалистичко-рационални концепти – индивидуите партиципираат во развојот на движењето доколку утилитарните калкулации ги водат кон заклучокот дека преку успехот на движењето тие ќе го остварат својот интерес. Клучни за оваа теорија не се прашањата поврзани со психо-социјалните аспекти на појавата на општествените движења, туку попрво организацискиот и институционален апарат кој овозможува општествените движења да се развијат - таканаречен *Сектор на општествени движења* (SMS’) кој се состои од сите *Индустрии на општествените движења* (SMIs) без оглед на тоа за кое општествено движење тие се „закачени“. Во општествените движења пак оперираат различни *Организации на општествените движења (SMOs)*. Во овие организации според МекКарти и Залд оперираат *Претприемачи* кои треба да мобилизираат ресурси и да ги дефинираат или создадат ресентиментите кај потиснатите групи. Овие структури, според организациско претприемачкиот модел се водат од вложените интереси и се одговорни за манифестацијата на општествените движења и така се одговорни за развојот и динамиката на движењата. За динамиката на движењата Претприемачите се исклучително важни, според овој пристап, бидејќи тие или ја креираат или пак ја претставуваат каузата на движењата, додека истовремено ја креираат Организацијата која го предводи застапувањето за оваа кауза. Организациите на општествените движења, се според овој пристап, професионални носачи на активностите на движењата – тие ги мобилизираат, ги регулираат и ги насочуваат ресурсите со кои располагаат рационалните учесници, тие се состојат од мала група Претприемачи, со многу мала база на членови, кои немаат база на ресурси но знаат како да ја мобилизираат и кои се способни да ги зајакнат или да ги произведат и да ги манипулираат ресентиментите на учесниците. Од овие структури и, сугерира овој пристап, од нивната успешност да мобилизираат ресурси, зависи динамиката на движењата. Според Морис и Херинг главната порака на овој модел е дека „растот и ширењето на модерните движења се функција на општественото богатство кое им е достапно на *Организациите на општествените движења SMOs*, на Индустриите на општествените движења и на Секторот на општествените движења.

- *(политички) опортунитетни структури и политички процес*

За прв пат, со Тили, општественото движење не е гледано како изолиран во себе затворен процес, туку како дел на поширока политичка динамика. Тоа станува процес на континуирана интеракција и според неговиот аргумент, тоа е производ на деветнаесеттиот век. *Теоријата на политичкиот процес (Political Process Theory)* или *Теоријата на политичкиот опортунитет (Political Opportunity Theory)* како што уште се нарекува, повеќе од три децении е доминантна перспектива во истражувањето на општествените движења. Всушност нејзината доминација е толкава што некои прегледи на социолошките проблеми поврзани со општествените движења, таа е претставена како синонимна со теоријата за општествените движења воопшто (Almeida, 2019; Opp, 2009). Нејзината еманципација од дотогаш доминантната Теорија на ресурсна мобилизација беше иницирана кон крајот на 1970-тите. Општествените движење се појавуваат во определен организациски амбиент во кој политичките опортунитетни структури се клучни. Според Тароу „политички опортунитети може да бидат широко дефинирана како „конзистентни, но не нужно и формални, постојани или национално ограничени сигнали кои општествените или политичките актери ги поттикнуваат или пак ги обесхрабруваат да ги користат своите внатрешни ресурси за да формираат општествени движења“ (Tarrow, 1996, p. 54). Мек Адам издвојува четири димензии на операцијата на политичките опортунитетни структури: (i) релативната отвореност или затвореност на институционализираниот политички систем; (ii) стабилноста или нестабилноста на тој широк ансамбл елитни порамнувања кои обично се опфатени од една политичка единица; (3) присуство или отсуство на сојузници меѓу елитата; и (4) капацитетот и склоноста на државата за репресија (McAdam, 1996). Сепак како што вели Гуини “како што се случува со сите концепти и пристапи кои стануваат доминантни во одредено поле, концептот на политички можности станал предмет на критики, кои на моменти се претвориле во фронтални напади“ (Giugni, 2009, p. 362). Овој концепт е нападнат поради тоа што почнал во своето значење да вовлекува широк спектар на феномени и ја загубил аналитичката моќ (Gamson & Meyer, 1996)

- *врамување и реврамување (framing, re-framing)*

Според синтетичката дефиниција која беше конструирана во полето на комуникологијата, под терминот врамување (framing) се подразбира “контекстуализација која ги поставува специфичните тврдења во селективен, кохерентен, и целисходен интерпретативен контекст (Baden, 2010). Оваа дефиниција е синтеза која влече корен од неколку теории на врамувањето. Врамувањето, според Баден е “селективно” оти подразбира избор на специфични аспекти на една комплексна реалност и нивно

издвојување како релевантни (Entman, 1993); рамките се "кохерентни" поради тоа што тие ги поврзуваат селектираните аспекти на стварноста и објаснуваат зошто нивната врска е релевантна (Gamson & Modigliani, 1987). Конечно, рамките се "целисходни" оти водат кон определен заклучок (Snow & Benford, 1992).

Теоретичарите издвојуваат две линии кои се занимаваат со проучувањето на медиумските ефекти на врамувањето. Една линија студии се занимава со врамувањето како зависна променлива, а другата линија се занимава со врамувањето како независна променлива (Tewksbury & Scheufele, 2019). Првата, всушност се занимава со она што во комуникологијата се нарекува „градење на рамката" (frame building) и таа објаснува како се конструираат рамките. Градењето на рамката се однесува на создавањето и општественото преговарање на дискурзивните рамки во еден културален или политички контекст. Тоа е процес кој почива на претпоставката дека медиумското врамување ги детерминира стандардите според кои публиките и јавностите проценуваат низ која призма треба да ја интерпретираат стварноста и анализира од кои елементи е конструирано тоа врамување. Втората линија, пак, се однесува на она што може да се нарече поставување на рамката (frame setting). Поставувањето на рамката е аспект кој ги третира потенцијалните исходишта на конструираните врамувања – односно одговара на прашањето каков ефект би можел да има поставувањето на рамките (frame building), врз индивидуите (Tewksbury & Scheufele, 2019, p. 24) и нивната интеракција.

Но, пред комуникологијата да го преземе развивањето на овој концепт, тој бил втемелен во дисциплини како социологијата, економијата, психологијата и когнитивната лингвистика. Во рамките на психологијата и економијата, Канеман и Тверски во 1980-тите години развија методологии за проучување на медиумските ефекти од врамувањето (Kahneman & Tversky, 2013 [1979]). Тие во експериментален истражувачки дизајн успеале да утврдат дека начинот на кој се конструираат врамувањата на медиумските содржини поврзани со економските движења, предизвикуваат ефекти во поставувањето на рамките кај носителите на одлуки што се рефлектира врз чекорите кои тие ги преземаат на берзата. За овие истражувања Канеман ја добил Нобеловата награда бидејќи посочил кон еден од можните ефекти што врамувањето може да го има врз општествените и економските движења. Сличен напредок во полето на когнитивната лингвистика имал и Џорџ Лакоф кој го истражувал ефектот на врамувањето врз одлуките на електоратот во Соединетите држави (Lakoff, 2004). И кај него низ експериментален дизајн биле покажани различните ефекти кои диференцијалните врамувања можат да ги имаат врз тоа како јавноста ги прифаќа информациите дисеминирани преку медиумите.

Во полето на социологијата, темелите на анализата на врамувањето ги постави канадско-американскиот социолог, Ирвинг Гофман во 1974 (Goffman, 1974). Неговата студија *Анализа на врамувањата* (Framing Analysis), ја постави основата за сите сукцесивни

истражувања. Неговата теорија е корисна во анализа на тематските мрежи со кои оперираат јавностите во нивната општествена интеракција

Социолошката дефиниција на врамувањето според Гофман се потпира на она што тој го нарекува *примарни рамки* (primary frameworks) кои што претставуваат шеми, стекнати или научени преку општествената интеракција кои служат како конечни или ултимативни референтни точки за врамувањето на секојдневното искуство (Goffman, 1974). Овие примарни рамки, иако се перципирани како базични, не треба да се гледаат како непроменливи и цементирани конструкции вкоренети во несвесното, туку повеќе како шеми кои се секојдневно општествено репродуцирани, но и оспорувани од групите (во овој случај контрајавностите) во искуствената стварност. Гофман тврди:

> „[Р]амките (frames) не се единствено прашање на когницијата туку тие, во некоја смисла, соодветствуваат на начинот на кој се организирани аспектите на самите активности – особено активностите кои директно ги вклучуваат општествените дејственици. Организациските премиси се клучни овде, и тие се нешто до што когницијата пристигнува, а не се нешто што когницијата го креира или го генерира. Врз основа на нивното сфаќање за тоа *што всушност во стварноста се случува*, индивидуите ги вкалапуваат сопствените дејствија на тоа разбирање, и вообичаено сметаат дека светот во кој нештата се случуваат го оправдува таквото разбирање. Овие организациски премиси – кои се одржуваат и во когницијата и низ самото дејствие – јас ги нарекувам рамки на дејствувањето" (Goffman, 1974, p. 247).

Како што беше подвлечено, рамките не се цементирани когнитивни премиси туку тие се замислени како преговарани шеми низ кои се прекршува процената на стварноста. Ова значи дека Гофман на врамувањето гледа како на шеми кои можат да бидат оспорени или дестабилизирани. Дестабилизацијата на рамките може да се случи и од индивидуално - психолошки и од општествено интеракциски причини. Затоа Гофман зборува за таканареченото „прекршување на рамката", под што тој подразбира дејствие кое (макар и привремено) ја деконструира рамката – такво прекршување може да настане како резултат на пример на искуство кое е поинакво од тоа што го сугерира примарната рамка. Поврзано со овој механизам е процесот што тој го нарекува преврамување (reframing). Тоа се однесува на конструирањето на дејствието во нова рамка – на пример едно протестно движење може да биде врамено како дејствие на етничка група, но може да биде и преврамено како дејствие на класна група. Треба да се нагласи дека ефектите од дестабилизација на една рамка не значат неминовно и стабилизација на нова рамка. Така ако низ медиумите е оспорена идејата според која протестот е дејствие на етничка група, тоа го дестабилизира привремено „етничкото врамување на протестот", но тоа не значи дека таа дестабилизација неминовно ќе произведе преврамување на протестот во нешто друго. Преврамувањето ќе зависи и од други фактори поврзани со примарната рамка.

Влијанието на анализата на врамувањето на Гофман е воочливо во повеќе дисциплини вклучително и во комуникологијата и социјалната психологија. Но, и покрај

широкото влијание и применливост на неговата теорија во овие дисциплини, сепак во рамките на социологијата, нема многу теоретичари кои го следат неговиот аналитички пристап. Пристапот на Гофман е  микро социолошки поради што тој е сметан за симболички интеракционист. Таков пристап може да се забележи кај социолози како на пример Харви Сакс, кој правеше детални студии за тоа како индивидуите го користат јазикот во секојдневието (Sacks, 1974) и Емануел Шеглоф, чијашто интеракциска лингвистика го содржи гофмановиот микро социолошки пристап (Schegloff, 2006). Последните двајца теоретичари се едни од креаторите на таканаречената конверзациска анализа (conversation analysis) - важна во проучувањето на таканаречените интерпретативни репертоари кои јавностите ги користат во толкувањето или конструирањето на емпириската стварност во секојдневната интеракција.

## II.2.г. Два концепта на таканаречените *Теории за новите општествени движења*

Во дискусијата за епистемиолошките и онтолошките позиции на различните теории на општествени движења, нагласив дека во отсуство на униформна нишка која би ги пронижувала - како во случајот со теориите за кои се тврди дека се од „ист генус“ - европските поствоени теории за општествените движења, биле нарекувани *Теории на новите општествени движења*. Под ова име така биле „обединети“ теориите на Кастелс, Хабермс, Турен, Мелучи итн. Според некои автори, овие теории се обидувале прашањето за општествените движења „да го поврзат со макро структуралните и културалните промени“ (Diani, 1992, p. 5), според други пак кај *Теориите на новите општествени движења* може да се види дистинкција меѓу она што се нарекува „политичка“ преокупација од една страна и „културална“ преокупација од друга (Buechler, 1995). И покрај признанието дека хетерогеноста на овие теории не овозможува тие да се подведат под ист епистемиолошки кров, сепак Бјучлер, тврди дека сите тие произлегуваат од разбирањето дека марксистичкиот редукционизам бил неадекватен да ги опфати сложеностите на феноменот. Според него овие теории се справувале со два типа редукционизам кај класичниот Марксизам – прво неговиот економски редукционизам, односно сфаќањето дека секоја општествена акција е вкотвена ултимативно во економската основа – на пример капиталистичките сили и односи; и вториот е класниот редукционизам односно сфаќањето дека фундаменталната идентификација која ја објаснува општествената мобилизација е класната (Buechler, 1995, p. 441&442). Бјучлер тврди дека може да бидат изолирани пет тематски елементи, кои се важни преокупации на теоретичарите на новите општествени движења. *Првата*, според него, „ја нагласува симболичната акција во граѓанското општество или културната сфера како главна арена за колективна акција заедно со инструменталната акција во државната или политичката сфера“[76]; во *Втората*, како што тврди теоретичарите „ја нагласуваат важноста на процесите кои промовираат автономија и самоопределување наместо стратегиите за максимизирање на влијанието и моќта“[77] *Третата*, „ја нагласува улогата на постматеријалистичките вредности во многу современи колективни дејствија, наспроти конфликтите околу материјалните ресурси“[78]; *Четвртата*, „има тенденција да го проблематизира често кревкиот процес на конструирање колективни идентитети и идентификување на групните интереси, наместо да претпоставува дека конфликтните групи и нивните интереси се структурно определени“[79]; *Петтата*, „ја нагласува општествено конструираната природа на ресентиментите и идеологијата, наместо да претпоставува дека тие можат да се заклучат од структурната локација на групата“[80]. Конечно, во шестата, се

[76] Како кај (Cohen, 1985; Melucci, 1989)
[77] Како кај (Habermas, 2003 [1981]; Rucht, 1988)
[78] Како кај (Inglehart, 1990; Dalton, 1990)
[79] Како кај (Hunt, Benford, & Snow, 1994; Laraña, Johnston, & Gusfield, 1994; Stoecker, 1995; Melucci, 1989)
[80] Како кај (Laraña, Johnston, & Gusfield, 1994; Klandermans, 1992)

препознаваат според него „различни потопени, латентни и привремени мрежи кои често се во колективна акција, наместо да претпоставува дека централизираните организациски форми се предуслови за успешна мобилизација“[81].

- *историцитет*

Ален Турен, кој е еден од најекспонираните теоретичари во овие струења го дефинира општественото движење како "организирано колективно однесување на класно втемелениот актер, кој се бори против неговиот класен непријател за обезбедување општествена контрола врз историчноста во конкретна заедница" . Под *историчност*, Турен го подразбира „целокупниот систем на значење кој ги поставува доминантните правила во едно општество“. Постои, според Турен, во секое општество, своевидна конфликтна хиерархија, во која има доминантен конфликт, на кој сите други конфликти му се подредени. Во индустриското општество така доминантен е конфликтот меѓу работата и трудот, а во пост индустриското општество на технократите и нивните опоненти. Доминантниот конфликт, според Турен, е единствениот во кој може да се зборува за постење на општествено движење, а за другите конфликти тој користи други имиња како суб-движење, комунитарно движење, национално движење и т.н. (Touraine, 1981; 1985).

- *културални лаборатории*

Во рамките на овој корпус, позицијата на Алберто Мелучи е исто така истакната. Мелучи ги дефинира општествените движења како „специфична класа на колективни феномени која содржи три димензии: Прво, тоа е форма на колективна акција која вклучува *солидарност*, односно заемно признавање на актерите дека тие се дел од една општествена единица. Втора карактеристика на општественото движење е неговата ангажираност во *конфликт*, а со тоа и во опозиција кон противник кој положува право на истите добра или вредности […] Трето, општественото движење ги *крши границите на компатибилност на системот*. Неговите дејствија ги нарушува ограничувањата или лимитот на толеранција на системот, со што системот го турка надвор од опсегот на варијации кои тој може да ги толерира, а без при тоа да ја промени својата  структура“ (Melucci, 1989, p. 29).

[81] Како кај (Melucci, 1989; Gusfield, 1994)

## II.2.д. Радикалната општествена теорија: идентитет, артикулација и хегемонија

„Дури и Буш тесно да ги загуби изборите, неговиот наследник ќе открие дека неговите движења се ограничени од лудачката кошула на една хегемонистичка формација чии параметри остануваат во голема мера непроменети“ (Laclau, 2005, p. 138).

Од причини што ги изложив во воведните поглавја, потребно е да се вратиме на Ернесто Лаклау. Неговиот проект - неговата верзија на *теоријата на дискурсот,* беше зачнат во моментот на неговиот одлучен раскин со марксистичката општествена и политичка теорија - раскинот со идејата за привилегираниот статус на пролетеријатот како револуционерен субјект на историската сцена и со детерминистичката примарност на економскиот домен врз *политичкото* и *општественото* (Laclau, 2012 [1977]; Laclau & Mouffe, 2001[1985]; Laclau & Mouffe, 1987). Многу подлабоко од првиот впечаток за причините – се работело во суштина, за раскин со онтолошките и епистемиолошките премиси на еснцијалистичкиот позитивен субјективитет во структурално – функционалистичкиот светоглед во општествената и политичката теорија. Лаклау во оваа смисла бил дел од еден радикален (но исклучително хетероген) мислечки бран индуциран од една долга траекторија на немир и теоретски трансгресии во рамките на западната марксистичка традиција (*види* (Sim, 2013 [2000])). Процес, во основа предизвикан од длабокото читање и соочувањето со теоретските последици од позициите на структуралната лингвистика и на психоанализата.

Постструктуралистичкиот радикален пресврт, епитомизиран овде во Лаклау, има втемелувачки последици за социологијата на општествените движења и теориите на општествениот идентитет. Последици кои, како што веќе демонстрирав, врз големо мнозинство современи социолози имале минимално или ограничено влијание. Почнувајќи од доцните 1970-ти – значи истовремено со јакнењето на популарноста на повеќе, многу влијателни во социолошки рамки, теории на колективна акција - Лаклау од онтолошката дестабилизација на теоретската традиција од која самиот доаѓа, синтетизирал теорија за политичката конструкција на групните/популарни/народни идентитети, која во неговиот универзум е претставена како синонимна со концептот *популизам*[82]. Ова тврдење – имено дека популизмот е во основата на секој социополитички процес и е *радикално конститутивен на групниот идентитет* (како *objet petit a*) - теоријата на Лаклау ја спротивставува на сите претходни незадоволителни обиди, кои на придавката

[82] Оваа е кристализирана во 2005 г. во една негова книга: On Populist Reason (Laclau, 2005) - на македонски јазик преведена како *Популистичкиот ум*; и еден краток есеј *Populism what's in a name* објавен во збирката On the mirrors of Democracy. Овие две кристализации од кои може да се назрат патеките на можната истражувачка операционализација се конзистентни со постмарксистичкиот проект кој Лаклау (некогаш сам, а некогаш во соработка со Шантал Муф) го градел уште од 1980-тите, особено во инаугуративниот текст *Хегемонија и социјалистичка стратегија* (Laclau & Mouffe, 2001[1985]).

*популистички* му дава *позитивно*[83] значење диференцирајќи ја од концепти на исто аналитичко ниво како со идеолошките одредници - „фашистички“, „либерален“, „комунистички“ (Laclau, 2005a, p. 103). Ова, за Лаклау е проблематично, бидејќи овие пристапи така не можат да ја хегемонизираат дефиницијата – таа постојано им се измолкнува. За да ја обележат „популистичката природа“ на некое општествено движење или идеологија, тие се принудени постојано да му додаваат позитивни содржини со што, она што го подразбираат под *популизам* го претопуваат во значењата на диференцијални концепти или пак до апсурд го шират значењето на поимот. Овде не е возможно сеопфатно да се опише процесот на еманципација на лаклауовиот *популизам*, од напластените значења кои доаѓаат од дефинициите вкотвени во *позитивната онтологија*, но доволно е да се каже дека концептите кои во популизмот гледаат - манифестација на политичко однесување во кое под закана на модернизацијата еден рурален општествен сегмент ги наметнува своите примитивни принципи на заедништво на народот (MacRae, 1969); или кои на него гледаат како на амалгам на дивергентни идеолошки позајмени елементи или синдром на политичко опаѓање (Minogue, 1969); или пак во признаената немоќ дефинирачки да го опфатат, тврдат дека тој феномен во себе содржи контрадикторни елементи – како на пример барањето за демократизација, еднаквост и социјални права помешан со авторитарни елементи кои се фокусирани на моќта на харизмата на лидерот и елементи на национализам, одбрана на ситното сопственииштво, негирање на важност на класата, но со вклучување на социјалистички барања, што го прави невозможен да се фиксира долж идеолошките екстреми на лево и десно (Germani, 1978) – се несоодветни да ја опфатат негативната онтологија на конструкцијата на групните идентитети, *види* (Laclau, 2005, pp. 3-20).

Лаклау предлага алтернатива – *популизмот*, и во оваа смисла, конструкцијата на популарните/народните идентитети, да се теоретизираат како *политички практики*. Но, какви политички практики? Вели, ако тој потег „е воден од *единството на субјект конституиран на нивото на идеологија или политичко движење* [н.з] очигледно не сме напреднале многу [...]“ (Laclau, 2005a, p. 103). Во овој случај, популистичкиот карактер на политичките пракси на општествените актери би се читал како израз на нивната внатрешна веќе конституирана природа, што ја враќа анализата на почетната позиција – да ја бараме *позитивната* иако *флуидна* содржина на поимот. Затоа Лаклау го предлага постструктуралистичкиот пат според кој политичките практики не ја *изразуваат* природата на веќе конституираните општествени дејственици, туку, напротив - *тие дискурзивно* ги *конституираат* тие дејственици низ политичките практики. Политичката практика, во оваа смисла, е *начин на артикулација*. Вели:

> „Во тој случај политичката пракса би имала некаков онтолошки примат над дејственикот (agent) – втсриов би бил историски исход на првиот. Поинаку кажано, праксите би биле по-елементарни единици на анализа од групата – *т.е. групата би*

[83] Значи есенцијалистичко.

> *била само резултат на артикулацијата на општествените пракси (н.з)*. Ако овој пристап е исправен, би можеле да кажеме дека едно движење не е популистичко бидејќи во неговата политика или идеологија тоа претставува фактичка *содржина* која може да се идентификува како популистичка. Туку, пред сè , бидејќи тоа демонстрира особена *логика на артикулација*, на таа содржина – каква и да е оваа содржина“ (Laclau, 2005a, p. 104)

Последиците на оваа постструктуралистичка дислокација за онтологијата на општественото, како што веќе демонстрирав, се огромни - како што се огромни последиците и за социолошката дисциплина која го анализира општественото - неговата конституција и неговата дезинтеграција. На пример, за да анализираме некој „предмет на истражување“, како што би бил дефиниран во класична социолошка смисла, би требало да тргнеме од дефинирање на, во реалноста, веќе омеѓена/заокружена *група* –„класа“, „етничка група“, „нација “, „раса“, „група на интерес“, „сексуално малцинство“ и сл. Би утврдиле, како што наложува позитивната онтологија, кои се нејзините позитивни карактеристики, нејзината „идеологија “, „норми“, „политички догми“, нејзината differentia specifica нејзиниот raison d'être, и потоа би ги анализирале нејзините структури, историјата на тие структури, функциите на нејзините составни делови и нејзината функција во повисоките макро-структури; би ги анализирале акциите и интеракциите меѓу нивните дискретно сфатени индивидуални членови, како заокружени актери чии дејствија се детерминирани од рационални или ирационални мотивации, и конечно би извлекувале каузални или интерпретативни заклучоци за тоа кој ансамбл на „објективно“ и „позитивистички“ видливи манифестации, придонесува за некаков исход или пак би утврдиле како интеракцијата меѓу дискретно омеѓените, a priori идентитетски дефинираните членови и структури, го конструираат исходот. Меѓутоа, пост - структуралистички и деконструктивно гледано, онака како што на овие процеси гледа Лаклау, овие седиментирани елементи на истражувачкиот апаратус, не можат да постојат претходно – нивниот субјективитет е a posteriori.

До тука оваа негова позиција е јасна. Сепак таа е од тактички причини поедноставена. Нејзината вистински радикалната длабочина е видлива во прашањето за *субјективитетот,* која во повеќе детали ја изнесов на почетокот. Тука, а во контекст на процесите на конструкцијата на групните/народни/популарни идентитети, значењето на *a posteriori исходот на субјективитетот,* не претпоставува негово фиксирано заокружување, целовитост, што секако би нè вратило на структуралистичките позиции. Напротив, субјективитетот, во оваа смисла, „a posteriori идентитетот на групата“ - е во лакановска смисла, *копнеж*, *objet petit a*, и во деридаовска смисла –една *радикална неопределивост.* Тој не може да се фиксира со позитивна содржина, туку, како што објаснив, дискурзивно трепери во нередукционистички негативната онтологија. „Групата“, ниту пак дискретно сфатената „индивидуа“, затоа, не може да бидат земени како основни аналитички единици.

Со сето ова земено предвид, за Лаклау основната единица за анализа на популизмот, и во оваа смисла, за анализата на конструкцијата на групните идентитети воопшто е

дискурзивната манифестација – што тој го нарекува *барање (demand)*. Тоа, е како што вели, „елементарната форма на општествените врски“. Во некоја смисла овој термин е непреводлив. Тој истовремено на англиски јазик означува барање како молба (request), но тој има и императивна форма, како побарување или положување право кон некого [claim/imposing a demand on someone] (Laclau, 2005; 2005a). Барањето во оваа смисла не е нешто што може да се оствари само по себе, туку тоа треба да биде исполнето од инстанција различна од онаа во која барањето е формулирано. Така, флуидно определената единица, му овозможува на Лаклау потоа да ја замисли релацијата меѓу *барањата* кои можат да бидат асоцирани (или дисоцирани) преку она што тој го нарекува *логика на артикулација*. Популистичката артикулативна логика, е само еден начин на создавање на идентитети во операцијата на општественото (Laclau, 2005, p. 73).

Треба да се нагласи дека, прелиминарното лоцирање на барањето како основна единица на анализа, не ни објаснува ништо особено за „природата“ на субјектот - ниту во хоризонтална ниту пак во вертикална смисла на комуникациската трансакција – зафатот на пример, во оваа форма не претпоставува дека адресатот на *барањето* е даден и заокружен субјект, ниту пак дека во самиот момент на исказот тој „картезијански“ бива конституиран. Не претпоставува ниту дека вертикалната инстанција е заокружена во структурна или во идентитетска смисла на зборот. Лаклау не дава повеќе информации за тоа зошто *барањето* треба да биде земено за таква дискурзивна единица, но може имплицитно да се види дека тоа е однос меѓу најмалку две асиметрично конструирани инстанции (како власт и популација), што е основата на политичкото.

Тој претставува две екстремни, поедноставени сценарија во кои едно *барање* може да биде формулирано *во* и адресирано *од* некоја општествена инстанција - на пример локална населба - и тоа може да се однесува на некаква општествена потреба: на пример, потребата во населбата да има функционална водоводна мрежа. Оваа потреба не може да биде задоволена сама од себе, ниту пак неа може да ја задоволи самата општествена инстанција која ја формулира. Неа може да ја задоволи некоја инстанција „надвор“ од онаа која го формулира барањето. Во првото сценарио на Лаклау, барањето е формулирано адресирано и консеквентно задоволено. Бидејќи барањето е институционално задоволено на, како што го нарекува, диференцијален начин – односно е задоволено одвоено од други барања, тоа не ја проблематизира моќта на инстанцијата која треба да го задоволи барањето. Ваков тип барања, вели Лаклау „не создаваат никаков расцеп во општественото“. Има тука значи, рутинска операција и институционална траекторија на затворање – барањето е, може да се каже, еднакво на самото себе. Општествената логика која оперира низ систематски и институционален модалитет на задоволување диференцијални дискретни барања, Лаклау ја нарекува *диференцијална логика (logic of difference).* Оние барања, пак, кои се изолирано и диференцијално манифестирани, без оглед на тоа дали се задоволени или не, ги нарекува *демократски барања*.

Во алтернативното теоретско сценарио, ова *барање* не е апсорбирано од институционалниот систем и тоа се надоврзува на серија други незадоволени барања. Бидејќи нема диференцијална апсорпциска моќ кај институционалната инстанција за задоволување на овие барања, состојбата може да трае, што го зголемува расцепот – конструирањето другост меѓу „институционалниот систем и луѓето/народот“. Под тој притисок се создаваат *еквиваленцијални врски* меѓу седиментираните барања. Наеднаш барањата повеќе не се тоа што изгледаат дека се – нивната диференцијална синтагматска манифестација упатува на парадигматски пластови – посебните барања стануваат само врв на сантата мраз:

> „Ова значи дека секое посебно барање е конститутивно поделено: Од една страна тоа претставува свое партикуларизирано себство (particularised self). Од друга страна тоа посочува, преку еквиваленцијалните врски, кон тоталитетот други барања“ (Laclau, 2005a, p. 106)

Значи, *барањето,* низ оваа еквиваленцијална логика, прави дискурзивен расцеп – тоа секогаш веќе е истовремено и партикуларно и универзално, неговата манифестација веќе упатува на сложен седиментиран „систем“ други *барања* кои се незадоволени. Расцепот, е конститутивен расцеп, бидејќи тој конструира внатрешна граница околу која се дихотомизира политичкиот простор, а со него се дихотомизира и општественото – *Народот* наспроти *Моќта*, *локалната заедница* наспроти *корумпираната власт*, *Ние* наспроти *Тие* и сл. Тој конструира *другост/исклучување/антагонизам* конститутивен на социополитичкиот домен. Оние барања, кои преку својата еквиваленцијална артикулација „конституираат поширока општествена субјективност“, односно го конституираат *народот*, Лаклау ги нарекува *популарни барања.* Веќе може да биде доловен дискурзивен механизам низ кој диференцијалната и еквиваленцијалната логика оперираат:

> “Ова јасно ги покажува условите за појавата или исчезнувањето на популарниот субјективитет: Колку повеќе општествените барања имаат тенденција да бидат диференцијално апсорбирани во рамките на успешниот институционален систем, толку послаби ќе бидат еквиваленцијалните врски и толку поневеројатно ќе биде конституирањето на популарен субјективитет. Спротивно, ситуацијата во која коегзистираат мноштво незадоволени барања и растечка неспособност на институционалниот систем диференцијално да ги апсорбира, ги создава условите за популистичкиот расцеп. [...] не постои појава на популарен субјективитет без внатрешен расцеп“ (Laclau, 2005a, p. 107).

Но, разликувањето на овие две логики, е исто така симплификација потребна за да се долови во „чиста“ форма дискурзивната конструкција. Овде всушност не се работи едноставно за дихотомни позитивни типови логика што би овозможиле некаква класификација. Ова е така по две основи: *Прво*, затоа што поимањето на еквиваленцијалноста концептуално е невозможна без нејзин онтолошки расцеп со што таа е дефинирана од она што таа го исклучува – во овој случај диференцијацијата. Спротивната замисла би ја вратило целата теорија во есенцијализмот на позитивните значења. И *второ*,

затоа што конструкцијата на еквиваленцијалниот домен не подразбира содржинско обединување на *барањата* - тие во еквиваленцијалниот синџир треперат во негативна семантичка позиција едни од други, разликата меѓу нив е конститутивно присутна. Дополнително, и соодветно на ова, различните дискретни барања манифестирани преку диференцијалната логика - не се слободни – тие се исто така тотализирани. Но оваа тотализација, *институционална тотализација*, како што ја нарекува Лаклау, е различна од популистичката. Еве, низ еден подолг цитат како тој го објаснува проблемот:

> "Разликата помеѓу  една популистичка и една институционалистичка тотализација може да се најде на нивото на овие привилегирани, хегемонистички означители кои го структурираат, како јазолни точки, ансамблот на една дискурзивна формација. Диференцијацијата и еквиваленцијата се присутни и во двата случаи, но институционалистичкиот дискурс е оној кој се обидува да направи границите на дискурзивната формација да се совпаднат со границите на заедницата. Така, универзалниот принцип на „диференцијалност" би станал доминантна еквивалентност во тој хомоген комунитарен простор. (сетете се, на пример, на „Една нација" на Дизраели). Во случајот на популизмот се случува спротивното: границата на исклучување го дели општеството на два табора. „Народот", во тој случај, е нешто помалку од тоталитетот на членовите на заедницата: тој е делумна компонента која сепак се стреми да се сфати како единствен легитимен тоталитет. Традиционалната терминологија – која е преведена на заеднички јазик – ја прави јасна оваа разлика: народот може да се замисли како *популус*, тело на сите граѓани; или како *плебс*, обесправените. Сепак, дури и оваа дистинкција не го доловува точно она кон кое што целам. Бидејќи, на дистинкцијата лесно може да гледа како на *законски* признаена и во тој случај таа едноставно би била една диференцијација во хомоген простор која и им дава универзален легитимитет на сите нејзини составни делови - имено, односот помеѓу нејзините два термина не би бил антагонистички. За да ги добиеме „народот" на популизмот, ни треба нешто повеќе: потребен ни е *плебс* кој тврди дека е единствениот легитимен *популус* – односно парцијалност што сака да функционира како тоталитет на заедницата. („Целата моќ на Советите" – или нејзиниот еквивалент во другите дискурси – би било строго популистичко тврдење.) Во случајот на институционалистичкиот дискурс, видовме дека диференцијалноста бара да биде единствениот легитимен еквивалент: сите разлики се сметаат за еднакво валидни во рамките на еден поширок тоталитет. Во случајот на популизмот, оваа симетрија е нарушена: постои дел што се идентификува себе си со целината" (Laclau, 2005, pp. 80 - 81).

Усложнувањето на елементарниот опис на онтолошкиот зародиш на конструкцијата на народен идентитет, сега ни објаснува нешто повеќе за дискурзивната операција која се случува во тотализацијата на партикуларните дискурзивни јазли и низ какви дискурзивни операции се креира еквиваленцијален синџир од *барања* – како се универзализираат, партикуларизираните барања. Да потсетам, според постструктуралистот Лаклау, значењата на различните *барања* се возможни само низ процесите на диференцијација. Не се работи овдека само за серија позитивно дефинирани барања – бидејќи ниту едно значење не може позитивно да се конституира. Исто така, кога една манифестација на политички барања се

шири низ социјалниот домен – експанзијата се движи во сите насоки. Значи, навлегува во простори во кои имало други *барања* кои неминовно се однесуваат на поинакви антагонистички жаришта очекувања и преокупации, барања кои се појавиле во различен контекстуален ансамбл и кои, според негативната онтологија, треперат во доменот на разликите поради што не можат позитивно да се фиксираат. Значи, се работи за несведлива хетерогеност. Еквиваленцијалниот синџир е така невозможно да се замисли ниту како едноставна унија на овие *барања*, бидејќи во тој случај сложеноста би било невозможно да се репрезентира и таа би претставувала екстремен случај на институционализиран дискурс. Ниту пак, таа може да се замисли како нивен елементарен содржател, бидејќи содржателот би ја задушил тензијата меѓу еквиваленцијата и диференцијацијата на *барањата* задушувајќи го нивниот идентитетски потенцијал, како што отсуството кислород би згаснало оган. Со зборовите на Лаклау, „еквиваленцијалните барања веднаш нè соочуваат со проблемот на репрезентација на специфично еквиваленцијалниот момент" (Laclau, 2005a, p. 107). Ова нè носи до потребата за објаснување за тоа како, според Лаклау, во конструкцијата на популарен идентитет настанува оваа замена на „делот со цело", ова политички релевантна реторичка синегдоха низ која една партикуларност, како *плебс,* тежнее да ја репрезентира целината како *популус*. Не се работи тука за континуитет на тоа како едното, преку самиот процес на усложнување се амалгамира и се претвора во друго. Туку се работи за, *радикален расцеп* на онтолошко ниво, за антагонизам конститутивен за субјектот – во случајот на оваа анализа на Лаклау - за „народот". Тука тој ги воведува идеите за *празен означител* и *хегемонија.*

Има, според Лаклау неколку димензии на радикалниот расцеп, во конституирањето политички граници и идентитет. Една димензија е искуството не еден фундаментален недостаток (lack) - своевидна длабока празнина која не дозволува општественото да се конституира како една целовитост како еден хармоничен затворен континуитет:

> „Овде започнуваме да согледуваме зошто *плебсот* се гледа себе си како *популус,* делот како целост: бидејќи целосноста на заедницата е само една имагинарна спротивност на една ситуација доживеана како *недоволно битие*, оние кои се одговорни за ова, не може да бидат легитимен дел од заедницата, јазот меѓу нив е непремостлив" (Laclau, 2005, p. 86).

И ова може да се види во основата на конструкцијата на секој популарен идентитет. Да ја земеме нацијата за пример: ако логиката на национализмот се води од премисата за *конгруентноста* „меѓу политичката и националната единица" (Gellner, 2008 [1983]), тогаш конгруентноста е името и на нејзината конституција, но и истовремено на нејзината невозможност. Конгруентноста, значи затворањето и целината, е во вистинска смисла неостварливата финалност на проектот на заокружување, бидејќи, според постструктуралистичката позиција на Лаклау, ова конечно заокружување би значело крај на политичкото – „народот" би исчезнал во истиот момент со неговото финално

конституирање. Оваа позиција се разбира, е вкоренета во сфаќањето на Жак Лакан, и таа доби важно место кај Лаклау под притисок на лакановскиот теоретичар,  Славој Жижек.

Другата димензија се однесува на играта меѓу *онтичката* содржина и *онтолошката* функција на означувањето во конструкцијата на политички граници и социјален дихотомиски расцеп низ кој не само што се создава субјектот, туку дискурзивно се конструира непријателот. Еквиваленцијалната врска (исходот на процесот на згуснување) често не може да биде претставена на онтичко ниво – односно онтичката содржина не може да ја игра улогата на тотализатор на потенцијално популистичките барања – на пример, едно идеолошки вкотвено барање не може да го универзализира политичкиот простор, туку тоа може да го направи само антагонизмот како таков. Или, ако земеме пример од Лаклау - определено време онтичката содржина може да ја игра таа улога, но потоа таа да се исцрпи и да не може да ја хегемонизира хетерогеноста и да кристализира една конститутивна неопределеност на сигнификацијата. Еве на како го образложува тоа:

> „Во Франција традиционално постоело левичарско гласање заради протест, изразено главно преку Комунистичката партија [...], која била гласот на исклучените од системот. Јасно дека тоа бил обид да се создадат „peuple de gauche", втемелени во конструкцијата на една политичка граница. Со колапсот на комунизмот и создавањето на естаблишмент на центарот, во кој Социјалистичката партија и нејзините соработници не беа поразлични од Голистите, поделбата меѓу левицата и десницата стана сè повеќе замаглена. Меѓутоа остана потребата за радикално протестно гласање, и како што означителите од левицата го напуштаа таборот на социјална поделба, овој табор беше окупиран од означителите на десницата. Онтолошката потреба да се изрази социјалната поделба беше посилна од нејзината онтичка поврзаност за левичарски дискурс, кој сепак веќе не се обидуваше да ја создава. Ова беше претворено во значајно придвижување на поранешните гласачи на комунистите кон Народниот фронт" (Laclau, 2005, p. 86).

Миграцијата на сигнификацијата значи, низ политичкиот спектар, овде упатува на една фундаментална неопределеност на содржината на барањата, но упатува и на онтолошка сингуларизација и на субјектот и на неговиот Друг.

Уште една важна димензија на процесот на артикулација на популарните барања е *тензијата меѓу еквиваленцијата и диференцијалноста*. Секое демократско барање енкапсулирано во еквиваленцијалниот ланец од една страна е материјализирано бидејќи е издигнато од теснецот на неговата локална дискурзивна конфигурација во нешто поголемо и позначајно, но истовремено тоа е на ветрометина - изложено на ризик од жртвување во еквиваленцијалниот синџир – бидејќи „народот" како тотализирачки конструкт хегемонизира нешто што можат да се наречат моменти, кои пак не мора да конвергираат со секоја од содржините на барањата кои ги овоплотуваат – еве ја уште еднаш разликата меѓу *онтичката* и *онтолошката* тотализација.  „Народот", групниот идентитет е, со зборовите на Лаклау, *хипостаза* која во еден момент започнува да има свои барања.

„[...] еквиваленцијалните односи нема да отидат подалеку од некакво нејасно чувство за солидарност, ако не се кристализираат во одреден дискурзивен идентитет кој повеќе не ги претставува демократските барања како еквивалент туку еквиваленцијалната врска како таква“.[...] Иако врската изворно била зависна од барањата, таа сега дејствува над нив и, преку инверзија на односот, почнува да се однесува како нивна база“ (Laclau, 2005, p. 90).

„И од истата причина идентитетот на непријателот исто така сè повеќе зависи од еден процес на политичка конструкција. Можам да бидам релативно сигурен за тоа кој е непријателот кога, во ограничени борби, се борам против општинската власт, против оние кои се одговорни за здравствениот систем, или против универзитетските власти. Но, народната борба подразбира еквивалентност меѓу сите тие делумни борби, и во тој случај глобалниот непријател кој треба да се идентификува станува многу помалку очигледен“ (2005, p. 105).

Овој момент е исклучително важен за процесот на конституирање група – групен/народен/популарен идентитет: тој подразбира мистична кристализација - постоење на своевиден онтолошки скок кон универзалност, кој не може да се објасни со проста анализа на конвергенции на содржините на демократските (диференцијалните) барања. За да конституираат идентитет, барањата треба да се кондензираат, односно да бидат подложени на една хегемониска операција. Хегемонизацијата на еквиваленцијалниот синџир подразбира коагулација на мноштвото барања околу некој означител – реторичка направа или имаго-симбол, кои се однесуваат на еквиваленцијалниот синџир *како тоталитет* (Laclau, 2005, p. 96). Но, овие означители не може да бидат исполнети со содржина која може да ги опфати хетерогените барања – тие се со зборовите на Лаклау во вистинска смисла: празни означители. Конструкцијата на популарен субјективитет е возможно единствено врз основа на дискурзивната конструкција на тенденцијално[84] *празни означители* (empty signifiers). Празните означители се артикулаторни носачи кои дискурзивно го конституираат антагонистичкиот момент креирајќи ја внатрешната граница и конститутивниот Друг. Концептите како „демократија“, „слобода“, „еднаквост“ според Лаклау имаат функција на празни означители и тие можат да бидат „фатени“ од спротивставени идеолошки кампови да хегемонизираат еквиваленцијални ланци кои немаат позитивна врска. Тие „функционираат како имиња на исполнетост која е конститутивно отсутна“ (Laclau, 2005, p. 96).

Лаклау не ги замислува *празните означители* како некакви апстракции на концептуалната содржина на барањата бидејќи за него тоа би значело дека заедничкиот именител на сите барања е изразен како позитивна вредност. Напротив, празните означители се во вистинска смисла празни, бидејќи можат да ја тотализираат секоја

[84] Преводот на поимот „тенденцијално“ во извесна смисла се разликува од поимот „тендециозно“ што би одговарал повеќе на употребата на овој англизам во македонскиот јазик. Но, и во англискиот оригинал има разлика меѓу двата - во речникот Merriam-Webster *Tendential:* relating to or indicative of a tendency or trend и *Tendentious:* marked by a tendency in favor of a particular point of view, biased.

содржина на хетерогени па дури и контрадикторни барања, доколку тоа е возможно во соодветната дискурзивна конфигурација.

> „Добро е познато дека Алтисер го употребувал поимот кондензација за да ја анализира Руската револуција: сите антагонизми во руското општество биле згуснати во едно раскинливо единство околу барањата за „леб, мир и земја“. Моментот на празнина овде е решавачки: без празните поими како „правда“, „слобода“, и сл. да бидат вложени во трите барања, последниве ќе останеа затворени во својот партикуларизам; но заради радикалниот карактер на вложувањето, нешто од празнината на „правда“ и „слобода“ било пренесено на барањата, кои на тој начин станале имиња на една универзалност., кои ги надминуваат нивните вистински конкретни содржини. Партикуларизмот, меѓутоа, не е елиминиран: како и во сите хегемонистички формации, народните идентитети се секогаш точки на тензија меѓу универзалноста и партикуларноста. Сега треба да биде јасно зошто имаме работа со празнина а не со апстракција: „мир, леб и земја не биле концептуалниот заеднички именител на сите руски барања во 1917. Како и во сите процеси на над-детерминација, ресентиментите, поплаките кои немале ништо заедничко со тие три барања и покрај тоа, се изразувале себеси преку нив“ (Laclau, 2005, p. 97).

Еквиваленцијалната врска значи не го произведува *концептуалното единство* на групата – кога би било така секое од индивидуалните барања би требало да конвергираат со својата содржина кон една позитивно значење, што, со оглед на тоа дека барањата секогаш се произведени во хетерогени општествени контексти односно хетерогени дискурзивни конфигурации, е невозможно. Невозможно е на семантичко ниво да се затвори значењето на сите барања во еквиваленцијалниот синџир. Еквиваленцијалната врска е така попрво конструирана низ нејзината упатеност на нешто надвор од неа. Но, и тоа на што е упатена таа врска исто така, не е фиксна зададеност со позитивна содржинска вредност – кога би било така, индивидуалните барања во рамките на еквиваленцијалната врска би биле неважни, бидејќи нешто веќе фиксно и полно без остаток, еднакво на себе си, би ги над-детерминирало. И во овој случај повторно би западнале во нов есенцијализам – ако „работникот“, „еднаквоста“ или „слободата“ се означители со позитивна веќе полна семантичка (идеолошка) вредност, и наметнати врз еквиваленцијалниот синџир тогаш со својата судбина ќе бидат името на една посебна идеолошка конфигурација и нема да може да бидат повикани од еквиваленцијални синџири конструирани на спротивни страни од политичкиот спектар. Но, бидејќи тоа не е така – бидејќи поимите „работник“, „еднаквост“ „слобода“ можат да бидат отповикани на пример и од политичката екстремна левица и од екстремната десница истовремено, Лаклау е принуден да заклучи дека овде се случува токму спротивен процес: Конститутивната отсутност на тоа на кое упатува еквиваленцијалната врска е *неодредена* и нејзината сигнификација е во вистинска смисла *празна*. Ова е *хегемониската* операција на неговите *празни означители*.

Ова го носи аргументот на Лаклау - по деконструкцијата на конститутивните *моменти* на појава на партикуларни барањата, нивната артикулација, конфигурирањето на

еквиваленцијалните врски, поврзувањето со празните означители и универзализацијата на хегемониската операција во конструирањето народни идентитети - кон поблизок поглед врз номиналната кристализација на празниот означител во синџирот на еквиваленцијалната врска.

Тој тука го контрастира она што го нарекува „*именување*“ од она што го нарекува „*концептуална детерминација“.* Името е ознаката на онтолошкиот скок низ кој се хегемонизираат барањата. Лаклау, за да стигне до теоретска кристализација за природата на именувањето на народниот идентитет, се надоврзува на една дебата, која се однесува на тоа како имињата се доведуваат во врска со предметите (*види* (Nelson, 2003)). Во дескриптивистичкиот табор на оваа дебата се верува дека *секое име има една содржина дадена од група дескриптивни особини* (Russell, 1905). Во антидескриптивистичкиот табор, пак се верува дека имињата *не ги опишуваат нештата преку нивните заеднички дескриптивни карактеристики туку преку 'првобитно крштевање' кое целосно се ослободува од описот* (Kripke, 1972). Дебатата значи, во контекст на сосировските корени на позицијата на Лаклау, се однесувала на природата на поврзувањето на означителот и означеното. [...] „Она што го прават дескриптивистите е воспоставување на фиксна корелација меѓу означителот и означеното; додека антидескриптивистичкиот пристап подразбира ослободување на означителот од каква било врзаност за означеното“ (Laclau, 2005, p. 102).

Ова во основа Сосировска, позиција на антидескриптивистичкиот табор меѓутоа во вистинска смисла е врвот на сантата мраз. Според Славој Жижек на кого Лаклау се повикува овде, стандардната верзија на антидескриптивизмот сепак го гарантира, идентитетот на објектот – го остава недопрен од операцијата на именување. Но, ако се претпостави дека *и покрај, и по* сите интервенции на дескриптивните операции, објектот останува апсолутно ист, тогаш што е тоа што е апсолутно исто „во него“, што е *идентитетот на објектот*? Лаклау се повикува на Жижек според кој одговорот на ова прашање е Лакановски, идентитетот на објектот е „ретроактивниот ефект на самото именување: токму самото име, означителот е она што го поткрепува објектот“ (Žižek, 2009, p. 104). Името, така, го втемелува и идентитетот и хомогеноста на објектот (Lacan, Ecrits: A selection, 2001).

Како исход од оваа дебата Лаклау сумира четири поенти кои го овозможуваат разбирањето на поврзаноста меѓу празниот означител и еквиваленцијалната врска на народниот идентитет. *Прво*, за идентитетите да бидат возможни, потребно е она што Лакан го нарекува *јазолна точка* или *точка на фиксно врзување* без која е невозможно да постои дискурзивна конфигурација од каков и да е тип. Така без оваа точка на фиксирање не би постоел момент на артикулативна кристализација на значењето на *народот* – како што вели Лаклау „демократските еквивалентности би останале само виртуелни“ (Laclau, 2005, p. 105). *Второ*, во оваа точка на фиксирање, исклучително важно е разбирањето на тензијата меѓу

партикуларноста и универзалноста во утврдувањето на идентитетот на јазолната точка. Ако хегемонизацијата или функцијата на фиксирање е поврзана со универзалноста, дали токму симболизацијата на таа универзалност е начинот како таа може да се изрази, како идеолошкото поле на Жижек што треба да биде изразено како „означител без означено". Но овде Лаклау се разликува – оваа позиција на постоење на означител без означено ја чита како себе - поразувачка врева која е „надвор од системот на означување". Она што тој го има предвид кога зборува за празни означители има легитимно *празно место* во системот на сигнификација:

> „Кога говориме за 'празни означители' ние мислиме на нешто потполно различно. Ние мислиме дека постои место во системот на означување, кое е конститутивно непретставливо, но ова е празнотија која можам да ја означам, бидејќи се соочуваме со празнина *внатре* во означувањето. [...] Освен тоа [...] ексклузивната алтернатива на исполнетост/празнотија е неоснована: како што видовме, народниот идентитет ја изразува/конституира – преку еквивалентноста на мноштво неисполнети барања – исполнетоста на заедницата како нешто што е ускратено, и како такво, останува неостварено – празна исполнетост, така да се изразам. Ако не се занимаваме со означителот на празнотијата како конкретна локација, туку со означител кој не е прикачен на *ниедно* означено, но кој и покрај тоа, останува во сигнификацијата, тоа единствено може да значи дека тоа е името на *наполно постигната* целовитост, која како таква ќе нема никакви структурни падови" (Laclau, 2005, p. 106).

Универзалноста, има логика на синегдоха – ова сумирано би бил излезот на Лаклау од оваа дискусија. За да се случи тотализација на народниот идентитет, една од непотполните единици на еквиваленцијалниот синџир треба да продолжи да ја претставува целината – како кога плебсот е претставен како популус. Универзалноста не е екстерно репрезентирана над-детерминација, нејзиното претставување како тотализирачка јазолна точка е овозможено преку партикуларноста. Додека едно *барање* од еквиваленцијалниот синџир ја репрезентира универзалноста на народниот идентитет, тоа истовремено продолжува да има партикуларната позиција во рамките на синџирот.

Трето - и ова оди до суштината на специфичната лаклауовска верзија на теоријата на дискурсот - артикулацијата на тензијата меѓу универзалноста и партикуларноста не се одвива само на теренот на сликите и зборовите, таа е исто така „наталожена во праксите и институциите". Подоцна ќе видиме како некои современи постмарксистички социолози во оваа идеја за теоријата на дискурсот гледаат социолошка апликабилност на Лаклау. Во основа ова значи дека практиките исто така имаат артикулаторна моќ да тотализираат и така да ги стабилизираат институциите – како хегемониски конфигурации на пракси. Ова пак претпоставува повторно расцеп – секое премостување на хегемониската конфигурација треба во овој контекст да се гледа како прекин и реконфигурација. Државата така, вели Лаклау, не е сфатена во рестриктивна правна смисла туку како етичко-политички момент на „заедницата".

И конечно, ваквото сфаќање на универзалноста и партикуларноста бара посебен однос кон хетерогеноста – она што Лаклау во неговите ко-авторирани текстови со Шантал Муф го заговара како радикален плурализам. Еден тип на хетерогеност е самото барање кое е поголемо од она што е диференцијално претставено во него, друг тип хетерогеност е односот меѓу неисполнетите барања. Хомогенизацијата на оваа хетерогеност целосно зависи од „општествената продуктивност на името“. Оваа улога името може да ја игра само ако има улога на чист означител кој не игра никаква концептуална улога – само така може да ја хомогенизира хетерогеноста. И понатаму може да е плодно во смисла на тоа дека ќе има тенденција секое идно неисполнето барање да го вклучи во еквиваленцијалниот синџир независно од неговата содржина.

*Objet petit a:* Последната важна компонента во теоријата на популизмот како што го разбира Лаклау е она што тој го нарекува „радикално вложување“ кое што, според, него ја објаснува силата со која е конструирана универзалноста. Ако воспоставувањето на еден хегемониски однос подразбира скок во кој одредена партикуларност означува недостижна универзалност, тогаш афектот (љубовта/омразата/ресентиментот) играат важна улога во тој процес. Но афектот Лаклау не го сфаќа како дискретен елемент наспроти сигнификацијата во креирањето на народниот идентитет. Напротив, го разбира како услов без кој сигнификацијата е невозможна – „односот меѓу означувањето и афектот е многу поинтимен“. Следејќи ја сосировата дистинкција на синтагматски и парадигматски пол на јазикот – афектот е според него основа на парадигматската асоцијативна димензија,

> […] парадигматските односи се состојат како што видовме, од супституции кои дејствуваат и на ниво на означителот и на ниво на означеното и овие поврзувања се водени од несвесното. Не постои можност за јазик во кој *вредносните* односи би биле воспоставени само помеѓу единици кои можат да бидат *формално* специфицирани. Значи, афектот е потребен за означувањето да стане можно. Но, пристигнуваме до истиот заклучок, ако ги разгледаме нештата од гледна точка на афектот. Афектот не е нешто што постои само од себе, независно од јазикот; тој се создава себе си само преку диференцијалната катекса на еден означувачки синџир. Токму тоа и значи „вложување“. Заклучокот е јасен: комплексите кои ги нарекуваме ‘дискурзивни или хегемонистички формации’, кои артикулираат диференцијални и еквиваленцијални логики, би биле неразбирливи без афективната компонента“ (Laclau, 2005, p. 111).

Оваа димензија на теоријата на популизмот е целосно преземена од Лакан и нејзината предлошка е тоа што психоаналитичките концепти како нагон, љубов, омраза, копнеж, желба во општа смисла - *афект*, конститутивни за процесот на сигнификација, се земени како дел од теренот на „општата онтологија“. Ако празнотијата на означителот ја подразбира секогаш присутната отсутност на целовитоста на објектот на желба и во таа смисла секогаш присутната отсутност на затворање на субјектот, кои се поради тоа конститутивни на нивниот идентитет, тогаш концептот *objet petit a* на Лакан на еден суштински начин ја објаснува втемелувачката улога на незавршеноста или незавршливоста за политичкото. Афектот така не е  надвор од политичките процеси кои, според премисите

на либералната демократија под студената сенка на просветителството – треба да бидат раководени од *рационално* расудување и делиберација. Она што Сосир го нарекувал парадигматска димензија на јазикот – способноста да прави врски надвор од буквалното е всушност неговата афективна димензија. Кога би замислиле јазик во кој секој означител би имал само едно денотативно означено - тој не би можел да функционира

Теоретизацијата на конструкцијата на *еквиваленцијалните врски* меѓу *демократските барања* кои се дискурзивно *хегемонизирани* преку сликите, зборовите и институционалните практики на *празните означители* го овозможува значи, постструктуралистичкото гледање на конструкцијата на групни идентитети. Оваа механика подразбира хетерогените барања (секое различно од другото) дискурзивно да се поврзат меѓу себе преку својата спротивставеност на опресивен режим. Кристализацијата на еквиваленцијалната врска прави едно од барањата да стане означител на целиот синџир – *празен означител* кој ќе ги хегемонизира хетерогените барања. На пример барањето за работнички права на Солидарност во Полска во 1980-тите, станало означителот на низа други демократски барања, како барањата за востановување и заштита на правото на глас, неприкосновеност на приватната сопственост, слобода од советската контрола итн. Но, во оваа слика недостасува *антагонистичкиот момент* на самиот еквиваленцијален синџир – како што секое од хетерогените барања е партикуларно, но и ансамблот на тие барања се еквиваленцијално поврзани преку антагонизмот на претпоставениот непријател, исто така целиот еквиваленцијален синџир е овозможен и одржуван од антагонизацијата со некаков непријател. Без оваа конструкција на *антагонистички Друг,* еквиваленцијалниот синџир би се распаднал во диференцијалните барања. Овој процес во „чиста“ форма го доловува идентитетот на *плебсот* кој се претставува како *популус*, но тој не објаснува една очигледна и *секогаш присутна* компликација:

> „[…] [Ш]то се случува ако дихотомиската граница, без да исчезне, е замаглена како резултат на тоа што опресивниот режим и самиот станува хегемонистички – со други зборови , се обидува да го прекине еквиваленцијалниот синџир на народниот табор со алтернативен еквиваленцијален синџир во кој некои од народните барања се артикулирани на целосно различни алки (на пример, како што ќе видиме набргу, одбраната на „малиот човек“ наспроти моќта престанува да се поврзува со некој левичарски дискурс, како во американскиот “New Deal”, и се врзува со „моралното мнозинство“. Во тој случај *истите* демократски барања го примаат структурниот притисок на *ривалските* хегемонистички проекти. Ова создава автономија на народните означители различна од онаа која до сега ја разгледувавме. Партикуларизмот на барањето повеќе не станува самостоен и независен од која било еквиваленцијална артикулација, а неговото значење е неодредено меѓу алтернативните еквиваленцијални граници“ (Laclau, 2005, p. 131).

Практично, некои од барањата (независно дали се работи за она кое го хегемонизира еквиваленцијалниот синџир како празен означител или пак кое и да е друго барање компресирано во синџирот), може да бидат истовремено впишани во друг *антагонистички*

еквиваленцијален синџир. Значењето на секое барање е во една смисла неодредено поради тоа што секое од нив манифестира внатрешна граница меѓу партикуларноста (диференцијалната вредност на секое барање) и универзалноста (неговата упатеност на една глобална битка и непотполна целост). Но, во усложнувањето кое го презентира Лаклау неодреденоста доаѓа оттаму што едно исто барање е повлечено од барем две вшмукувачки еквиваленцијални сили, кои се на спротивната страна од антагонистичката дихотомија. Овие означители чие значење е на овој начин одложено – Лаклау ги нарекува „лебдечки означители“.

Разликата меѓу *празни* и *лебдечки* означители е направена во моментот на структурација на еквиваленцијалните моменти за антагонистичките дискурзивни табори. Празниот означител е категорија која ја објаснува конструкцијата на народен идентитет ако претпоставиме дека има една *чиста и стабилна граница* меѓу народниот еквиваленцијален табор и дискурзивната конструкција на еден непријател – ситуација којашто во играта на дискурси е, може да се каже, невозможна. За лебдечки означител Лаклау зборува кога се обидува да ја *фати* “логиката на поместување на таа граница“ (Laclau, 2005, p. 133). Но, како што за Лаклау е незамисливо да има чист празен означител со стабилна дихотмизирачка граница, така е тешко замисливо да постои и целосно флуктуирачка променливост која би правела континуирана дислокација без можност да има моменти на фиксирање на границата. Лаклау практично на лебдечките и празните означители гледа како на парцијални димензии на еден ист проблем на хегемонистичко конструирање на народен/ групен идентитет. Конечно на нив треба да се гледа како на аналитички направи со чија помош може да се гледа на проблемот и синхрониски и дијахрониски.

Новиот теоретски проблем кој се појавува со вклучувањето на идејата за лебдечки означители е, дали кое и да било неисполнето барање може да биде впишано во еден еквиваленцијален синџир, исто така – дали кое и да било барање од еден еквиваленцијален синџир може да биде впишано од друг? Додека посебните барања се универзализирани под притисок на дихотомистичката антагонизирачка граница, тие истовремено ја задржуваат својата партикуларност – без која не можат изворно да се впишат во еквиваленцијалниот синџир. Исто така, како што еквиваленцијалниот синџир може „да изневери“ или „да жртвува“ дел од барањата за да ја одржи еквиваленцијалната врска, исто така може да не ги вклучи оние барања чија партикуларност е антагонизирачка кон еквиваленцијалната логика.

Од дискусијава, може да се види јасно дека кога Лаклау зборува за „невозможноста на општеството“, не само што прави аргумент против есенцијализмот и консеквентно, детерминизмот на доминантните струи во социологијата, туку тоа е и нешто целосно различно од речиси идентичната изјава на Маргарет Тачер која во 1987, која од хајекијанска

позиција (Hayek, 2001[1944]), рече дека „не постои такво нешто како општество“[85]. За нас станува јасно дека „невозможноста на општеството“ претставува зајакнување и насочување на социолошката анализа кон „општественото“.

## II.2.ѓ. Поместувањата во концептуалниот репертоар

Од аргументите изнесени во досегашната дискусија, станува јасно дека во истражувачкиот процес низ кој помина оваа дисертација, беа изложени на притисок концептите од кои тргнав да го анализирам проблемот на општествените движења - односно проблемот на конструкција на значење во социополитичкиот простор - во периодот од *Портокаловата влада во 2006 година* до *Крвавиот четврток во 2017-та*. Концептуалните поместувања треба да се гледаат, сметам, не како методолошка колебливост, туку напротив, како методолошки придонес. Ова оттаму што, секое истражување, независно дали тоа е спроведено во општествените или во природните науки, мора да биде отворено за преиспитување на своите спознајни претпоставки. Тоа подразбира, не само отвореност за преиспитување на начинот на интерпретација на собраните податоци, туку и - што е веројатно уште повеќе суштествено - отвореност за преиспитување на самите епистемиолошки и онтолошки премиси, врз кои се заснова самата стратегија на собирање и анализа на тие податоци. Концептуалните поместувања во оваа дисертација, се парадигматични токму за едно такво преиспитување: примената на постструктуралистичкиот аналитички апарат не само што овозможи низ поинаква аналитичка призма да ја видам структурацијата на социополитичкиот терен, туку овозможи и поиздржани одговори на прашања кои, треба да се гледаат како примарни, фундаментални – или, социолошки прашања од највисок ред – прашањето „како е конструиран социополитичкиот идентитет, односно како е конституиран субјективитетот на групата?“ или, „Како е овозможена стабилизација на идентитетот низ времето?“.

Има најмалку две причини за ова поместување: Првата, „историска„ причина, е тоа што во моментот на конципирање на истражувачкиот проект во 2014 година, не беше возможно да се види артикулацијата на мноштвото хетерогени елементи кои метастазираа низ социополитичкиот терен од 2008 до крајот 2014 година – хегемониските дискурзивни операции низ кои беше јасно дека се манифестира нов популарен социополитички идентитет беа експонирани дури во текот на 2015 и 2016 година, а нивната делумна дезартикулација беше видлива во 2017 година.

[85] Тачер во оригинал: "They are casting their problems at society. And, you know, there's no such thing as society. There are individual men and women and there are families. And no government can do anything except through people, and people must look after themselves first. It is our duty to look after ourselves and then, also, to look after our neighbours." – in an interview in Women's Own in 1987 Available at: Margaret Thatcher: a life in quotes | Margaret Thatcher | The Guardian

Втората причина е „спекулативно-спознајна“: Концептите од коишто тргна истражувањето, запаѓаа во истиот есенцијализам и детерминизам кој го критикував во воведот бидејќи, како што тврдев тие отвораат проблеми кои го оневозможуваат опфатот на сложените општествени прашања со кои е преокупирана дисертацијата. Тие концепти, претпоставуваа a priori даденост и онтолошка позитивност, а со тоа и епистемиолошка несоодветност. Бидејќи оваа состојба беше станала неодржлива, концептуалниот апарат беше потребно да се „лизне“ на она што може да се нарече „постструктуралистички терен“. Пред да ја изложам методологијата, во полза на истражувачката транспарентност, должам кусо објаснување за ова „лизгање“:

- *Од „Медиумски активни лаички јавности (МАЈ)“ до „артикулација на општествени барања“*

Иницијално, теоретскиот аргумент беше организиран околу одбраната на субјективитетот на она што беше наречено *Медиумски активни лаички јавности организирани* како *контрајавности*. Овој концепт требаше да ги опфати оние исклучителни сегменти на медиумските публики кои се *замислуваат* себе си како членови на една вредносно и/или тематски специфична група; кои се *ориентирани кон Другиот* во своето дејствување, кои се формирани во општеството како *природни групи*, и кои дејствуваат преку социјалните мрежи и другите партиципативни медиумски канали, со цел да конструираат *агенди за акција*. Клучно за оваа дефиниција на МАЈ е нивната јукстапозиција со концептот *Публики* како *Audiences* (Hartley, 2002). На почетната позиција, беа издвоени пет критериуми според кои концептот МАЈ се диференцира од концептот Публики. Тие се диференцијални според (i) групната само-имагинација – концепт кој Бенедикт Андерсон го користеше за да го објасни субјективитетот на нацијата (Anderson, 2020 [1983]); (ii) „социјативноста“, односно својството на „рационална заедница“ составена во форма на фактички социјален договор, концепт кој е практично превод на Даниел Дајан на концептот Gesellschaft – повеќе на Вебер отколку на Тенис (Dayan, 2005) (iii) локусот на нивната формација, односно одговорот на прашањето дали тие се формираат во *општеството* или *во медиумите* (McQuail, 2010), [iv] постоење или отсуството на *агенда за акција* (Tenenboim-Weinblatt, 2013) и конечно [v] степенот на активно учество во конструирање на јавен дискурс преку медиумите (Micevski, 2014).

Во теориската одбрана на оваа дисертација објаснив зошто пристапите кои ја земаат групата како даденост, пропуштаат да го фатат процесот на нејзина конструкција и така ја есенцијализираат, со што влегуваат во аналитичка грешка. За анализата на општествените движења, на кои може да се гледа како на лабораторија за конструкција на идентитети, ова е само-поразителна позиција, бидејќи таа пропушта да види на кој начин, тие ја дестабилизираат социополитичката седиментација и на кој начин општествените движења – преку логиката на артикулација, можат да произведат нови социополитички идентитети и

нова дистрибуција на моќ. *Медиумски активните лаички јавности,* е концепт кој сметам, влегува во ваква грешка. Дополнително, овој концепт, отвораше и еден методолошки проблем. Во услови во кои *општественото* (односно теренот на седиментација), е дестабилизирано од инфлација на *политичкото*, (односно напливот на антагонизам), концепти како МАЈ мора да диференцираат меѓу *вистинските* јавности од *оние кои тоа не се*, што е неодржливо – ниту во онтолошка, ниту пак во епистемиолошка смисла. Ова, бидејќи експанзијата на политичкото во општественото, доаѓа од различни домени, вклучително и од релативно, но никогаш целосно стабилизираните, *институционални* или *партиски* полиња.

Наједноставно кажано - ниту една *група* не може да биде конституирана *целосно* и *чисто*, бидејќи флуктуирачките моменти на различни еквиваленции, со конститутивна нестабилност го пронижуваат социополитичкиот терен - постојано. Дискурзивната нестабилност важи и за содржината на *социјалните мрежи* – не постојат *прво јавностите* со нивниот дефиниран интерес, којшто го туркаат во јавноста преку *социјалните мрежи*, како што не постои *прво нацијата* со целосен идентитет и дефинирани интереси кои потоа ги остварува преку државата – постои искуството на дискурзивна нестабилност и нејзините привремени хегемониски коагулации, како „јазички-игри“ – Sprachspiel (Wittgenstein, 2019 [1953]). Групата, како што сметам исправно тврди постструктурализмот, е привремена и нестабилна артикулација на хетерогени елементи. Овие елементи се дискурзивни – но со интервенцијата на Лаклау сфатени и како лингвистички позиции и како манифестирана општествена практика.

- *Од „Интерпретативни рамки и интерпретативни репертоари“ до „радикална конструкција на социополитичкиот терен“*

Концептот „интерпретативни рамки“, во почетната формулација на истражувачкиот процес, беше конципиран во согласност со цела низа интердисциплинарни теории на „врамувањето“, концепт кој произлезе од микро - социолошките иследување на Гофман (Goffman, 1974). Така, синтетичката дефиниција на Кристијан Баден вели дека „врамувањето е контекстуализација која ги поставува специфичните тврдења во селективен, кохерентен, и целисходен интерпретативен контекст (Baden, 2010). Оваа дефиниција влече корен од неколку теории на врамувањето. Врамувањето е селективно, поради тоа што тоа избира специфични аспекти на една комплексна реалност и ги издвојува како релевантни (Entman, 1993). Рамките се кохерентни поради тоа што тие ги поврзуваат селектираните аспекти на стварноста и објаснуваат како нивната врска е релевантна (Gamson & Modigliani, 1987). Конечно тие се целисходни оти водат кон определен заклучок (Benford & Snow, 2000). Во оваа дефиниција има два проблема поради кои беше потребно лизгање на концептот интерпретативни рамки кон призмата на радикална општествена конструкција. Прво, херменевтичката логика на овие концепти претпоставува стварност која има неутрален

позитивен квалитет кој а на еден или друг начин интерпретиран од индивидуите – но, како што образложив претходно, моментот на „интерпретација на општествената стварност“ е всушност „момент на негова нестабилна конституција“. Отсуството на теориска рамка која ќе ја опфати оваа разлика, ја внесува анализата во детерминистичка опасност – позитивното разбирање на „вистинскиот идентитет на стварноста“ не го прави транспарентен начинот на кој сме стигнале до позицијата според која постои стварноста, независно од „процесите на интерпретација“. Процесот на интерпретација така е процес на артикулација на дискурзивни елементи, односно интерпретацијата е дел од процесот на сигнификација. Во оваа насока и концептот на Џонатан Потер, „интерпретативни репертоари“ (Potter, 1996) е инкорпориран во постструктуралистичкиот концепт на дискурзивна конструкција, бидејќи и двете линии претпоставуваат дека контингентноста на артикулацијата, не е независна од историчноста и протегањето на дискурзивното поле. Сепак, приодот пропушта да воочи на кој начин и оној кој интерпретира е дискурзивно конструиран. Потер тврди дека постојат таканаречени *интерпретативни кодови* кои им се на располагање на индивидуите кои се дел од она што тој го нарекува *интерпретативни заедници* и кои имаат специфичен симболички капитал кој го мобилизираат во интерпретацијата на стварноста.

Сличен аргумент може да се даде и за концептот *Контрајавности* кои во иницијалната фаза беа претставени како антагонистички групи кои се во отворен или латентен конфликт за определено прашање. Субјективитетот на овие групи ова истражување не го зема за даденост туку ја анализира операцијата низ која дискурзивните елементи конституираат никогаш незатворен идентитет.

- *Од „партиципативност“ до „антагонизам“*

Во политичката теорија на Шантал Муф, поимот „агонизам“ е поврзан со инхерентниот антагонизам на секоја социополитичка врска или процес, кој меѓутоа не мора да претпоставува конфликт. Така поимот „партиципативност“, кој означува ангажман во некаков општествен или политички процес, се однесува на конститутивната Другост во социополитичкиот терен. Но, процесите кои дисертацијата се обидува да ги дофати, не можат да се сведат на прашања на „индивидуално учество“, бидејќи смета дека анализата на дискурзивното поле не подразбира нужно антагонизам меѓу индивидуи или групи туку антагонизам на дискурзивни елементи на социополитичкиот терен, а чие мноштво и хетерогеност не се доволен, но се нужен услов за конструкција на секој идентитет. Бидејќи анализата мора да го опфати соодветно овој тип сложеност - поимот партиципативност мораше да се трансформира во постструктуралистичката идеја за конститутивниот дискурзивен антагонизам без кој не може да се конституира идентитет – бидејќи така не би биле можни ниту еквиваленцијалната ниту диференцијалната логика чија операција ги артикулира или дезартикулира елементите кои осцилираат во дискурзивното поле.

- *Од „Јавна сфера“ кон „дискурзивно поле и хегемонија“*

Хабермасовата „јавна сфера“, во која таа е разбрана како платформа во која се конституира “нешто што може да се нарече јавно мислење” (Habermas, 1991, p. viii), претпоставува процес на целисходната делиберација меѓу рационални индивидуи. Буржоаска јавна сфера, кај Хабермас, го подразбира просторот помеѓу приватната сфера на цивилното општество и доменот на моќта на државата. Тоа е, според него, комплекс на институции и практики кој претставува форум за рационална дебата. Јавната сфера во оваа смисла на зборот е историска манифестација – конституирана е во 1700-тите и таа ги овоплотува органите за информација како што се дневните весници или журналите, но таа исто така ги опфаќа институциите за слободна дискусија, како парламентите, политичките клубови, литературните салони, пабовите и така натаму. Оваа дефиниција подразбира постоење на општествено прифатена идеја за концептот *Слобода* (Berlin, 1969) оти претпоставува постоење на слобода на мислење и изразување, подразбира слобода на платформите за дискусија и во таа насока слободни медиуми, како што подразбира и јасна демаркација на доменот на *јавното* и доменот на *приватното* (Arendt, 2013 [1958]). Оваа сфера ги подразбира и премисите на просветителството како што е рационалната дебата под која Хабермас ги подразбира “типовите говор во кој учесниците ја тематизираат предизвиканата (contested) валидност на тврдењата и настојуваат да ја расветлат или да ја критикуваат нивната валидност” (Habermas, 2003 [1981], p. 18). Според Хабермас, во доцните 1900-ти, јавната сфера се „рефеудализира” (Kellner, 2014, pp. 19-43) и опаѓа - јакнењето на корпоративниот капитализам, значи и приватизација на просторот во кој јавното мислење може слободно да се конституира, па така според него не може повеќе да стане збор за јавна сфера во смислата на концептот кој тој го изгради. Аргументот за опаѓањето, тој го брани со тезата дека буржоаската јавна сфера е конституирана со рационално аргументирана политичка дебата и во неа бил возможен консензус додека во *изместената* јавна сфера на капитализмот на социјалната држава (welfare-state capitalism), „јавното мислење е администрирано од политички, економски и медиумски елити кои го менаџираат јавното мислење како дел од менаџирањето на системот и на општествената контрола“ (Kellner, 2014: 4). Функцијата на медиумите во оваа смисла е дегенерирана – тие од носители и овозможувачи на рационалната јавна дебата каде што се структурира аргументиран став во јавната сфера, се претвораат во структура која го обликува и ја ограничува слободата само на оние теми и оние интерпретативни рамки кои се одобрени од медиумските корпорации и како такви се теми кои го бранат партикуларниот (приватниот) интерес. На овој начин, сугерира Хабермас, раскината е врската помеѓу сферата на активните индивидуи во цивилното општество и јавната сфера и таа е претворена во само домен на проток на информации и спектакл.

Хаберамасовата анализа за буржоаската јавна сфера е опсежно критикувана особено од теоретичарите на новите форми на партиципативна демократија кои вклучуваат и анализа на новите технологии и социјалните мрежи (Almeida & Lichbach, 2003; Wei, 2008; Fuchs,

2008). Според овој бран критика, хабермасовата теорија го обезвреднува разгранетиот развој на алтернативни јавни сфери во доцните 1800-ти, кои подразбираат јакнење на аргументативниот домен на дотогаш маргинализирани општествени групи – во оваа насока, не може да се зборува за јавната сфера, туку повеќе за јавните сфери, во кои се развива политичко и критичко мислење. Исто така, според овие критичари, Хабермас ја ограничува својата теорија на *комуникативна акција* на таканаречените традиционални медиуми, избегнувајќи ја анализата на новите медиуми кои на прв поглед ја фрагментираат јавната сфера, но преку нив е можно да развијат рационални аргументации кои одат во полза на консензусот преку партиципативноста.

Оваа критичка линија секако има основа во феминистичката критика на концептот јавна сфера на Ненси Фрејзер според која Хабермас направил превид кога во јавната сфера гледал монолитен и единствен конструкт на јавност. Според неа има неколку елементи кои се експонирани и проблематизирани околу Хабермасовиот концепт, од таканаречената ревизионистичка историографија – а меѓу другото и феминистичката историографија: *Прво* вели Фрејзер, проблематична е „претпоставката дека е можно соговорниците во јавната сфера да ги заградат статусните диференцијали и да учествуваат во делиберација „како да се“ социјално еднакви, односно претпоставката дека општествената еднаквост не е неопходен услов за политичката демократија“ . [...] *Второ*, проблематична е „претпоставката дека пролиферацијата на мноштво сопернички јавности неминовно е чекор подалеку, а не чекор поблиску до поголема демократија, и дека единствената сеопфатна јавна сфера е секогаш претпочитана пред мрежата на мноштво јавности“, [...] *Трето*, „претпоставката дека дискурсот во јавните сфери треба да биде ограничен на размислување за општото добро, и дека појавата на „приватни интереси“ и „приватни прашања“, е секогаш непожелно, и четврто, проблематична е претпоставката дека „функционалната демократска јавна сфера претпоставува остра поделба меѓу граѓанското општество и државата“ (Fraser, 1990, pp. 62 - 63).

Значи Фрејзер не само што ја плурализира призмата низ којашто се гледа на јавната сфера - којашто никогаш не била монолитна како што тврди Хабермас, туку и ги проблематизира либералните политички нормативни претпоставки за тоа што конституира соодветен демократски аранжман. Погледот на Фрејзер е во таа насока несомнено еманципаторски, но може да се тврди дека дури така тој остава извесни траги на есенцијализам – во оној момент кога Фрејзер тврди дека има пролиферација на мноштво јавности кои не се заемно изолирани, таа сепак не го проблематизира и не го дестабилизира самиот концепт „јавност“, кој не може да биде разведен од неговите значења поврзани со буржоаската јавна сфера и неговите значења во либералната демократија која Фрејзер ја критикува. На плурализираните јавности треба да се гледа, предлагам како на привремени дискурзивни артикулации кои никогаш не може да се стабилизираат и кои на социополитичкиот терен на означувачи конституираат значења. Во некои историски

моменти овие значења може да конституираат хегемонии, токму каква што е Хабермасовата „јавна сфера“ која иако во важна смисла го реконфигурира дискурзивното поле, и репродуцирајќи ја седиментираната практика тежнее кон негова монополизација - таа никогаш не може да се затвори во еден тоталитет. Но, ова важи и за сите други артикулации, сите други „јавни сфери“ и сите други „јавности“. Групите на социјалните мрежи ја експонираат оваа нестабилност и токму од оваа причина насоката на истражувачкиот проект не го користи концептуалниот апарат на теоријата на јавната сфера или на јавните сфери.

Имајќи го сето ова предвид може да се каже дека процесот на истражување изложувајќи ги на притисок иницијалните теоретски постулати го дислоцира концептуалниот апаратус и така го изострил фокусот на иследувањето од оригиналното зглавје кон следнава формулација на насловот: „Општествените движења и конструкцијата на популарни идентитети: хетерогеност и хегемонија во македонскиот социополитички простор меѓу „Портокаловата влада“ во 2006 и „Крвавиот четврток“ во 2017“.

Овие појаснувања дозволуваат сега, да ја изложам интегрално методологијата за ова истражување.

# III. Методологија

## III. 1 Цели и прашања

Во претходните поглавја, верувам, успеав да изведам неколку аналитички операции: *Прво*, да ги идентификувам важните недостатоци на македонската политичка социологија и политичка анализа, поради кои таа не успева до крај да ја опфати логиката на политиките артикулации кои во историското раздобје на груевизмот овозможија да се појави нов политички идентитет на социополитичкиот терен – консеквентно таа не успева до крај да го види и моментот во кој еквиваленциите на овој идентитет, беа дезартикулирани и повлечени кон различни политички орбити. Да сумирам – тврдев дека антигруевистичкото општествено движење во Македонија е гледано или како од почетокот, партиско-политички навигиран и елитистички контролиран процес, или пак како процес во кој има почетна искра на она што популарно се нарекува „автентичен (грасрут) активизам“, кој во еден момент бива историски киднапиран од дефинитивни партиско-политички „узурпатори“, кои ги користат своите ресурси и меѓународното спонзорство за да ја спроведат својата однапред утврдена агенда. Двете позиции, тврдев, почиваат на разбирање за a priori заокруженост на идентитетот и на интересот на „узурпаторот“ на движењето. Овие позиции не се разликуваат, тврдев, од популарниот резон кој, не успева да ја деконструира својата аналитичка позиција, односно не успева да му направи субверзија на *фактот* што тој неминовно се наоѓа на истиот терен на сигнификација, како и историските настани кои се обидува да ги анализира – наместо тоа, додека бива вшмукан од истите артикулаторни процеси во дискурзивното поле како и „движењето“, истовремено на него гледа како на целосно „екстернализиран и реифициран предмет“ на својата анализа. Ова е, сметам, незадоволително. Симплификацијата, со која една така богата хетерогеност е колабирана во неколку сѐ-објаснувачки премиси, не само што жртвува голем квантум информации, туку таа е и логички неодржлива и погрешно-наведувачка операција која групата ја гледа a priori на артикулаторните процеси.

*Второ*, сметам, ги идентификував главните теориски матрици низ коишто, транс-историски се размислувало за прашањата поврзани со општествените движења – „нивното појавување, животен циклус, угинување, позицијата на индивидуалните членови во нив, нивната организација, опортунитетните структури, порамнувањето на интерпретативните рамки, политиката на оспорувањето, призмата низ која се проценува успехот или неуспехот на политичкиот процес“ и сличните теориски гледишта. Во полемика со овие матрици, се обидов, да ги изнесам главните аргументи на нивна критика, извлекувајќи заклучоци поради кои сметам, дека е можно и одржливо, една постструктуралистичка позиција да го води процесот на ригорозно иследување – наспроти сомневањата на традиционалните теории за општествените движења дека тоа не е можно. Да сумирам – тврдев дека

постструктурализмот, особено наспроти „конзервативните“ линии на американската социологија, успева да ги деконструира, во социологијата вкоренетите дихотомии, како дејствувањето и структурата, или макро и микро-нивоата на анализа, и така да го надмине есенцијализмот и унилатералноста во нивните пристапи. Потоа, низ критиката на теориите за општествените движења почнувајќи од класичната социологија, па до теориите на новите општествени движења, се обидов да ги задржам оние нишки кои се конзистентни со постструктуралистичка критика и да ги доведам на терен којшто овозможува да се дизајнира протокол за нивна операционализација.

Сега е возможно, сметам, да се направи валиден обид низ оваа призма фактички да се анализира социополитичкиот терен на едно историско раздобје во кое се појави, претходно неосведочена хетерогеност на манифестирани барања, протестни настани и антагонизам – процеси кои видливо ги дестабилизираа вкоренетите општествени практики ветувајќи нов политички идентитет – видлив во еквиваленцијалните операции на она што вообичаено се нарекува *општествено движење* и податлив за социолошка анализа. Иследувањето има така *двојна цел:*

*Прво*, на целисходен начин да учествува во постструктуралистичкиот теориски исчекор, кој последнава деценија, јакнејќи ја ефективноста на антиесенцијалистичките и антидетерминистички позиции, прави терен, за до сега малку експлоатирани или дури и воопшто неексплоатирани артикулации меѓу социолошката ортодоксија и политичката филозофија – терен кој уште од 1980-тите имаше потенцијал да ги разграни социолошките истраги, но тоа почна да го прави дури неодамна. Овој исчекор, кој сметам, се должи најмногу на теориските артикулации на Лаклау, го прошири поимањето на дискурсот како општествена практика и така овозможи да се внесе ригорозност во социополитичките анализи – во овој случај во анализата на општествените движења.

*Второ*, истрагата има цел да даде апликативен придонес кон анализата на конкретните политички процеси и манифестации на општествените движења во Македонија во спацио-темпоралното протегање на *груевизмот*. *Груевизмот*, сфатен како популистичка конфигурација, во која серијата социјални и етнички барања беа артикулирани со напластени антиестаблишментски, антиелитистички и антиинтелектуални барања, во една авторитарна конфигурација, која во својата орбита го повлече лебдечкиот означител „народна правда“, полнејќи го со содржини кои му овозможуваа ширење на неговиот спацио-темпорален терен за да ги опфати повеќето општествени и политико-институционални домени, а границата на антагонизам да ја исцрта наспроти симплификуваниот *бранковизам, заевизам, соросоидите, странците, предавниците, комуњарите* и сличните дискурзивни конструкции. *„Груевизам“,* како што посочив во предговорот, тука е користен како име за едно раздобје и еден стил на социополитички артикулации. „Името“, се разбира, хегемонизира една делумно фиксирана дискурзивна конфигурација и ова истражување не може целосно да го еманципира терминот „груевизам“

од елементите со кои тој е артикулиран. Затоа, овде ја правам транспарентна употребата на терминот, на сличен начин на кој во социополитичката анализа се употребливи термини како „перонизам“, „тачеризам“ „меккартизам“ „Труманова ера“ и слични, со сите нивни асоцијации, вклучително и пејоративните. Разбирањето на „негативната онтологија“ на овие жаришни историски процеси, верувам ќе овозможи да видиме под каква социополитичка компресија се конструираа нови идентитети тие повеќе од 11 години.

Двете цели ги преточувам во следиве две општи *истражувачки прашања* кои подразбираат и неколку специфични прашања изведени од нив. Одговорите ќе ги барам низ анализата информирана од позициите на една, сега веќе може да се каже, Постструктуралистичката социологија и нејзината теорија на дискурсот:

*Првото* општо истражувачко прашање поврзано со методолошкиот придонес на оваа студија е: *Дали е можна артикулација меѓу востановените социолошки методи на иследување и постструктуралистичката преокупација со нестабилноста и незатвореноста на секоја „структура“?* Односно:

1. Дали употребените методи во ова истражување може да осигурат репликабилност на процесот на идентификација на општествените барања во историското раздобје?
2. Дали за истражувачката процедура може да се обезбеди транспарентност на дискурзивната анализа, без да се западне во методолошки позитивизам?
3. Дали деконструктивните методи на оваа постструктуралистичка социологија може да обезбедат задоволително ниво на аналитичка моќ?

*Второто* општо истражувачко прашање поврзано со анализата на дискурзивното поле во оваа студија е: Дали и *на кој начин општествените движења во историското раздобје во фокусот, го реконфигурирале дискурзивното поле на социополитичкиот терен во Македонија*. Односно:

1. Кои општествени барања беа манифестирани на социополитичкиот терен во селектираното историско раздобје?
2. Кои од овие барања беа артикулирани во еквиваленцијални ланци и низ која антагонистичка динамика беа конструирани овие еквиваленции?
3. Колку стабилни беа популистичките артикулации во антиавторитарниот дискурс и да*ли* може да се зборува за конструкција на популарен субјективитет од хетерогените општествени движења во селектираното историско раздобје?

Одговорот на овие прашања се очекува да водат кон одбрана на следниве две епистемиолошки и две емпириски тврдења[86]:

Епистемиолошки:

1. Тврдам дека методолошките пробиви на Постструктуралистичката социологија придонесуваат кон потемелно разбирање на начините на кои се артикулира или се дезартикулира конституцијата на општествените движења, кое ги надминува можностите на востановените позитивистички и структуралистички социолошки методи.
2. Тврдам дека пристапот на Постструктуралистичката социологија го надминува проблемот на унилатералност на анализата која произлегува од нетранспарентноста меѓу макро- и микронивоата на анализа и го надминува проблемот на дихотомизација на дејствувањето и структурата.

Емпириски:

3. Тврдам дека во селектираното раздобје меѓу 2009 и 2014 година во Македонија во дискурзивното поле биле овозможени засилени и контингентни артикулации на општествени барања кои низ социополитичкиот терен спорадично конструирале нестабилни и краткотрајни *антиавторитарни идентификации*. Овие идентификации дисперзирани низ спацио-темпоралното протегање, истовремено направиле повеќекратни операции на исклучувале на *алтернативни идентификации*, кои исто така биле возможни. Алтернативните еквиваленцијални јазли тежнееле да артикулираат *антиестаблишментски* и *антикапиталистички* моменти конструирајќи компетитивни субјектни позиции.
4. Тврдам дека во селектираното раздобје меѓу 2015 и 2017 година, се случила куса и нестабилна хегемонизација на хетерогените општествени барања. Тоа го компресирало социополитичкиот терен во еден фокален антагонизам, кој за момент манифестирал засилена популистичка логика. Новата конструкција на „Граѓаните" – новото име на „Народот" - уривајќи го стариот режим, ги артикулирала антиавторитарните означители, но истовремено на одлучен начин направила операција на исклучување на антиестаблишментските и антикапиталистички дискурзивни елементи. Овој артикулаторен процес, тврдам, објаснува важен дел од причините зошто општествените движења во Македонија меѓу *Портокаловата влада* и *Крвавиот четврток*, не обезбедија стабилизирање на нов социополитички идентитет.

[86] Тврдење е термин карактеристичен за квалитативни истражувања, терминот хипотеза е повеќе карактеристичен за квантитативни истражување каде што има протокол за докажување на корелациите меѓу варијаблите види (Bryman, 2016).

Сеопфатен преглед на литературата за проблемот на општествените движења е направен во претходните поглавја. Во следното поглавје се фокусирам на преглед на литературата која го користи пристапот на Постструктуралистичката анализа на дискурсот, независно од темата на истражувањето.

## III. 2. Преглед на литературата поврзана со операционализација на теоријата на дискурсот

Постои, во литературата на општествените истражувања, веќе широк спектар обиди, конзистентно да се операционализираат методологии кои се информирани од постструктуралистичката теорија на дискурсот. Самото ова укажува на заклучокот дека сè повеќе автори ја гледаат постструктуралистичката теоретска рамка како нешто што може да се преточи во методологија (Howarth, 2005). Но, како што пишува Мартин Милер „транзицијата од теорија на дискурсот во дискурзивна анализа е остварена тогаш кога аналитичарот на дискурсот ја адаптирал теоретската рамка на дискурсот на предметните емпириски феномени“ (Müller, 2011, p. 6). Со оваа методолошка рамка се обидувам да го направам токму тој чекор, но претходно, правам преглед на методолошките оправдувања кои ги користи оваа литература, во која сепак, не може да се најдат многу примери со кои теоријата на дискурсот е операционализирана за анализа на долги раздобја и во кои истовремено се анализираат мноштво манифестации на остварени и неостварени артикулации во дискурзивното поле. Огромното мнозинство литература се задржува на поединечни спорови и поединечни инстанции на антагонизам и нема ригорозен пристап кон собирањето податоци.

Се разбира има и извесни исклучоци. На пример, во контекст на политичката економија, Нонхоф (Nonhoff, 2006) употребува дискурзивна анализа информирана од Лаклау и Муф за да анализира на кој начин моделот на *општествената пазарна економија* станал хегемониски дискурс во поствоена Германија и како германската популација го прифатила овој модел како супериорен социополитички аранжман. Студијата ја протега својата анализа низ долг временски период и ги комбинира дискурзивната теорија и емпириската анализа за да ги изолира, како што ги нарекува авторот, „стратегемите“ на таа хегемонизација (Nonhoff, 2006; Müller, 2011). Особен методолошки придонес во идентификувањето на асортиманот празни означители во дискурзивното поле имаат студиите на Бруел (Bruell, 2006) Матишек (Mattissek, 2008) и Шулц (Schulz, 2006).

Во културолошкиот домен една студија на Гласе (Glasze, 2007) е интересна бидејќи се обидува да ја дофати флуктуацијата на празните означители во спацио-темпорално протегање. Операционализирајќи ги Лаклау и Муф, Гласе ја анализира артикулацијата на Франкофонијата во глобалниот простор, дефинирана од Меѓународната организација на

франкофонијата (OIF) како „геокултурен простор“ и заедница од повеќе од 50 држави. Наодите на студијата укажуваат на тоа дека „Франкофонијата е конституирана за време на процесот на деколонизација, како заедница поврзана заедно преку идејата за заеднички јазик – во голема мера репродуцирајќи обрасци на супериорност на францускиот јазик и култура. Критиката против неоколонијалниот карактер на Франкофонијата и промената на контекстите на меѓународните односи, доведоа“, вели Гласе, „до прекини и поместувања на дискурсот. Така, од крајот на 1990-тите, OIF ја омеѓува Франкофонијата како простор на културната различност против културна хомогенизација на „Англосаксонската глобална доминација“ (Glasze, 2007, p. 655).

Во комуниколошкиот домен, Гласон (Glasson, 2012) низ призмата на Лаклау и Муф, го анализира прашањето на антиинтелектуализмот во медиумскиот популистичкиот дискурс во Австралија. Тоа го прави анализирајќи 60 печатени текстови и како што вели конструкцијата на „четири поврзани антиинтелектуалистички теми“ (2012, p. 101). Авторот го реконструира антиинтелектуализмот како кондензација на два типа како што вели „(дез)артикулации“ на алиенацијата – политичката алиенација и само-алиенацијата, за да заклучи дека „овие два типа дискурзивен антиинтелектуализам – како специфични артикулации на формална негативност на интелектот – ја поткрепуваат популистичката конструкција на националниот морален субјект и на општествениот простор“ (2012, p. 110). Иако оваа анализа користи дел од вокабуларот на Лаклау, таа не прави сериозен обид да ја развие анализата користејќи го поширокиот аналитички апарат на Лаклау без што таа не само што е ограничена во опсегот, туку ја губи смислата – не се анализира како елементите се конструираат во моменти на еквиваленцијален ланец, не се укажува на тоа како овие артикулации се хегемонизираат или со флуктуацијата на кои лебдечки означители функционира антагонизмот во нивната артикулација и сл. Шон Фелан (Phelan, 2011) во своето истражување на медиумските организации, ја става призмата на Лаклау за да ги анализира овие организации како седиментирана практика. Но, правејќи го тоа се обидува да укаже на потенцијалните врски меѓу теоријата на дискурсот во ваква постструктуралистичка верзија и Теоријата на Полињата на Бурдије – артикулација што до некој степен јас ја експлоатирам во ова истражување. Според Фелан, теоријата на полињата може да отвори вкотвување на постструктурализмот во емпиријата.

Во социополитичкиот домен статија на Садерленд (Sutherland, 2005) се обидува да дизајнира пристап којшто ќе го анализира конструирањето на *нацијата* низ премисите на теоријата на дискурсот. Авторката тврди дека рамката на Лаклау и Муф е податлива за анализата на национализмот како идеологија, особено во анализата на антагонистичката динамика меѓу доминантниот и малцинските национализми (2005, p. 185). Воочувајќи дека според теоријата на дискурсот „општествата се конструирани според контингентни принципи, кои привремено ги фиксираат идентитетите на нивните конститутивни елементи“ (2005, p. 191), заклучува дека „идеологијата така може да биде окарактеризирана како еден

аспект на Дискурсот – мрежа на заемно-односни концепти кои формираат подгрупа на светот на Дискурсот“ (2005, p. 191). Концептот *антагонизам* ги маркира границите на идентитетот односно границите на нацијата, а концептот *хегемонија*, кој кај Лаклау е инспириран од Грамши, овозможува да се разбере можноста за релативно стабилна артикулација во услови на хетерогеност и нестабилност. Ова ја води авторката кон прашањето како да се аплицира теоријата на хегемонија врз емпириските истражувања на национализмот. Забележува дека „хегемониската моќ кај Лаклау и Муф ја претставува доминантната форма на поведение и значење во даден општествен поредок“ (2005, p. 196), но, тоа не ја задоволува нејзината потреба за операционализација бидејќи, концептот според неа има значење само на макро-ниво така што тој се задржува на нивото на апстракција како процес на делумно фиксирано значење. Садерленд потоа бара одговор на оваа дилема кај Хајер кој хегемонијата ја дефинира како „политички проект кој конституира генерална политико-стратегиска програма на специфично општествено ниво“ и кој емпириски му приоѓа на проблемот преку концепти како *дискурзивна структурација* и *дискурзивна институционализација* (Hajer, 1989, стр. 32). Садерленд тврди дека ваквата операционализација може да ја открие динамиката меѓу националистичките партии да го дефинираат доминантниот дискурс на определена територија. Така според неа „анализата на дискурзивна структурација би вклучила истрага за степенот до кој дискурзивните моменти пенетрираат во дискурсот на централните актери. Условите на институционализација на дискурсот [...] повеќе се фокусираат на начинот на кој политиките се имплементираат отколку со нивната содржина“. Со ова, сметам, Садерленд направила две операции: на мала врата ја колабирала теоријата за дискурсот во теорија за дејствувањето и структурата на a priori сфатените индивидуи или групи и во обидот да ги операционализира концептите вовела функционалистички елементи во теоријата на дискурсот – структурацијата значи процес на органско поврзување преку кристализација на проблем и решавање на тој проблем, а хегемонија значи дискурзивна операција на истовремено усвојување и конститутивна супресија на хетерогеноста – хетерогеноста е предуслов за хегемонијата. Освен тоа, уште од објавата на *Нови рефлексии за револуцијата на нашето доба* Лаклау зборува за транспарентност меѓу она што традиционално се нарекува макро и микро нивоа на анализа и транспарентност меѓу дејствувањето и структурата – со други зборови процесите на артикулација се тие кои се конститутивни на групата и тие се видливи и онаму каде што извираат изолирани барања и онаму каде што се артикулира популарен антагонизам. Но, оваа статија е пишувана во 2005 г. во исто време со објавата на книгата на Лаклау *За популистичката логика* и можеби оттаму впечатокот дека хегемонијата е премногу апстрактен концепт за да може да се операционализира.

Критички тон кон објаснувачкиот потенцијал на Лаклау може да се види во апликативната статија на Ли Артз, поврзана со конструкцијата на популарна хегемонија во Никарагва во 1990-тите (Artz, 1997). Авторот го признава потенцијалот на Лаклау да

обезбеди нов поглед на политичките настани, но вели дека централните позиции на неговата теорија за дискурсот „колабираат во светло на дури и површното читање на современата историја на Никарагва“. Дискурсот, вели статијата, “ниту им претходни, ниту доаѓа на местото на, ниту пак им следи на општествените односи кои го придружуваат капитализмот. Повеќе може да се каже дека тој произлезе како одговор на драматичните општествени прилагодувања - кога различни колективитети на актери со споделени искуства втемелени во нивните дефинитивни општествени позиции, одговорија на нарушувањата во општествениот поредок“ (Artz, 1997, p. 101).  Позицијата на авторот е класичен пример за економски детерминизам и во основа таа го занемарува фактот што иако во Никарагва во 1990те популарниот субјективитет се хегемонизирал околу означителите поврзани со прашањето за економската правда – артикулацијата на економско-социјални барања не единствениот модалитет кој може да хегемонизира популарни идентитети. Кога би било така артикулацијата на популарен идентитет би се случила автоматски - онака како што Маркс изворно го замислуваше процесот, во кој лумпен-пролетеријатот не требаше да биде воопшто дел од историската сцена, но сепак на крајот тој мобилизаторен момент го реши исходот од револуцијата во 1848 г.

Во истражувањата поврзани со полето на образованието Постструктуралистичката варијанта на Лаклау исто така наоѓа примена. Томаш Шкудларек (Szkudlarek, 2011), става фокус на семиотичките аспекти на теоријата на политичкиот идентитет и ја анализира врската меѓу тропите: метафорите, метонимиите, катахрезите и синекдохите. Овие се анализирани од Лаклау како *реторички основи на општеството* бидејќи преку нив станува возможно разбирањето на дискурзивното „производство“ на идентитет во политичките и образовните практики. Авторот ги користи овие концепти, а како што вели, се фокусира „на моментот кога едно одредено барање го презема застапувањето на тоталитетот, кој, кај Лаклау, е оставено да биде детерминиран „контингентно“. Авторот се концентрира на овој момент бидејќи овие тропи го откриваат токму онтолошкото ниво на конструкција на идентитетот клучно за постструктуралистичката анализа. Сепак заклучува дека теориите на образованието не може ексклузивно да останат фокусирани на онтолошкото туку мора да ги теоретизираат онтичките димензии односно, „содржината“ на образованието, деонтичката димензија како должноста, обврската и општо нормативното, како и она што тој го нарекува деонтолошка димензија, односно врската помеѓу тоа „што постои“ и „она што не постои“ (вклучувајќи го и она што треба да биде) како што вели, како локус на образованието. Во сличен манир на анализа на тропите во дискурсот, Ховарт и Григс (Howarth & Griggs, 2006) ја анализираат динамиката на конструкција на воздухопловната политика во Британија со истрага во процесот на консултации за стратегискиот план на владата на Лабуристите од 2003 година да го прошират капацитетот на аеродромите во Велика Британија, односно на која начин Коалицијата Freedom to Fly ја структурирала јавната логика по ова прашање. Студијата ги испитува реторичките стратегии и механизми со кои јавните интелектуалци

спојувале разновидниот опсег на интереси за проширување на аеродромите. Притоа, статијата испитува три реторички логики - метафора, катахреза и еквивалентност.

Во студиите за конфликтот, Сара Мадисон (Maddison, 2017), се обидува да даде концептуален и емпириски аргумент за една нова рамка на теоријата за помирувањето и трансформацијата на конфликтот преку тоа што се потпира на теориите за таканаречената „агонистичка демократија, пред сѐ на Шантал Муф, за да посочи кон внатрешната и потенцијално продуктивната улога на ненасилниот конфликт во напорите за помирување кои го прифаќаат конфликтот како константен и неопходен. И дополнително, тврди дека помирувањето е задача на повеќе нивоа која бара постојано внимание и насочен напор кон градење на институционалниот систем и релациска трансформација. Мадисон во трудот заклучува дека, штом трансформацијата на конфликтот почнеме да ја разбираме во овие термини, на помирувањето мора да се гледа како на многу потежок и долгорочен потфат отколку што обично се признава.

Теоријата на дискурсот во оваа постструктуралистичка варијанта е аплицирана во корпусот организациски истражувања. Статија на Џоунс и Спајсер  (Jones & Spicer, 2005) на пример, се занимава со претприемачката култура користејќи лакановски идеи за поделениот и невозможен субјект. Авторите се обидуваат да го објаснат како што велат „постојаниот неуспех на претприемачкиот дискурс да му атрибуира позитивен идентитет на карактерот на претприемачот“. Ван Бомел и Спајсер (van Bommel & Spicer, 2011) истражиле, како што велат „како се воспоставуваат и како се прошируваат нови институционални полиња“. Тие тврдат дека тие се создадени од општествени движења кои се вклучуваат во хегемониски борби и кои развиваат стратегии за општествено движење, артикулираат дискурси и конструираат јазолни точки. Авторите го илустрираат ова тврдење со создавањето и развојот на движењето Slow Food. Наодите на ова истражување кореспондираат со линијата на анализа која јас ја заклучувам во оваа дисертација.

## III. 3. „Оперативни дефиниции“

Од прегледот на литературата јасно е дека концептуалниот инструментариум на лаклауовата верзија на постструктурализмот е систематизиран на ниво кое прави доволна основа за операционализација на овие концепти во контекст на анализата на македонските општествени движења за време на груевизмот. Апликацијата на Милер (Müller, 2011, p. 9) тука е најинструктивна, бидејќи кусо го систематизира целкупниот концептуален универзум на Лаклау. Го пренесувам неговиот табеларен приказ, кој е потребен поради тоа што апстракцијата на Лаклау ја сведува на елементарни оперативни дефиниции во вид на речник на концепти, од кој потоа, откако ќе направам извесна корекција на експликацијата на Милер, можам да ги операционализирам моите аналитички елементи:

| Апаратус | Термин | Концепт |
|---|---|---|
| **Дискурс**<br>Релациски ансамбл на означувачки практики кои креираат значење кое се протега низ целиот општествен простор, и внатре-лингвистички и надворешно лингвистички. | Елементи | Означители кои имаат мноштво значења кои сѐ уште не се фиксирани во еден дискурс. |
| | Артикулација | Практика низ која е остварена делумна фиксација на значењата на елементите. |
| | Моменти | Елементи чие значење е делумно фиксирано преку артикулација. |
| | Затворање | Фиксација на значењето на означителот во еден дискурс. |
| | Поле на дискурзивност | Вишокот значење кој е надвор од дискурсот. Дискурсот е секогаш конституиран во релација со полето на дискурзивност. Полето на дискурзивност го содржи потенцијалот за конструирање дискурс. |
| | Јазолни точки | Привилегирани означители во дискурсите околу кои другите моменти се устроени во синџири на еквиваленција. |
| | Лебдечки означители | Елементи кои се особено отворени а различни впишувања на значења и кои може да формираат јазолни точки во различни дискурси. |
| **Идентитет**<br>Артикулација на субјектни позиции во дискурс кој е секогаш нецелосен. | Субјектни позиции | Различни можности за конструкција на значење на субјектот во различните дискурси. |
| | Контингентност | Определен идентитет е возможен, но не и неминовен. Никогаш не може да постои еден единствен дискурс, кој ексклузивно го структурира општественото. |
| | Поделен субјект | Поделениот субјект е перпетуално нецелосен и тој постојано тежнее да стане цело. |
| **Политика**<br>Особена организација на општеството, која исклучува други можни аранжмани. | Антагонизам | Дискурзивна надворешност која претставува заканувачка сила за хегемонискиот дискурс. |
| | Хегемонија | Фиксација на значење на антагонистичкиот терен која натурализира определена артикулација. |
| | Објективација | Дискурси кои навидум стануваат природни преку хегемониска интервенција |
| | Дислокација | Контингентен настан кој не може да биде симболизиран или претставен во еден дискурс и кој така ги нарушува и ги дестабилизира поредоците на значења. |

*Табела 1 Речник на термини во Теоријата на Дискурсот на Лаклау и Муф, (Müller, 2011, p. 9)*

Овој мал концептуален речник на постструктуралистичката анализа може да овозможи операционализација, но под услов да бидат коригирани, од една страна некои елементи кои може да наведат на погрешен заклучок, и од друга страна, неколку елементи кои Милер пропуштил да ги опфати. Во првиот случај се работи за поделбата на трите категории кои тој, како што се виде од прегледот на литературата во претходното поглавје, ги идентификува во контекст на неговата анализа на „гео-политичкиот идентитет“ и во вториот случај се работи за потребата во табелата да се вметне концептот на „празен означител“, кој овозможува подобро разбирање на концептот „лебдечки означител“.

Тој ја дели теоријата на дискурсот на три, како што ги нарекува, „меѓу-зависни апарати“: (1) *апаратусот на Дискурсот*, (2) *апаратусот на Идентитетот* и (3) *апаратусот на Политиката*. Според него, *апаратусот на Дискурсо*т „го концептуализира создавањето, трансмутацијата и фиксацијата на значењето низ дискурси во една хиерархиска, релациска и ситуациска контингентна структура“. *Апаратусот на Идентитетот* „првенствено се занимава со конструкција на значењето и идентификација на субјектите со различни субјектни позиции“. И конечно *апаратусот на Политиката* „го објаснува радикалното, постмарксистичко сечиво на теоријата на дискурсот со воведувањето на концептот хегемонија“ (Müller, 2011, p. 9). Овие три сета на аналитичкиот апарат, Милер ги поврзува со три нивоа на анализа во полето на критичката геополитика, во која анализата се фокусира на, како што вели „три основни димензии – контекстот на анализа, аналитичката форма и политичкиот став на анализата.

Но, презентирани како на Табела 1, „трите апаратуси на теоријата на дискурсот“ наликуваат на дискретни одредници на она што во општествените истражувања се нарекува „нивоа на анализа“ и така е оставен непрецизен, дури и структуралистички, впечаток дека апаратусот на дискурсот кореспондира со микро, а апаратусот на политиката со макро преокупации, иако тоа се чини не е намерата на Милер. Уште повеќе - што исто така е ненамерна последица на табелата - оставен е непрецизен впечаток дека апаратусот на дискурсот оперирајќи со концепти како „елемент“, „момент“ или „артикулација“ се однесува на „јазикот“ во строга смисла, а апаратусот на Политиката се однесува на дискурсот единствено како „општествена пракса“. Но, постструктуралистичката позиција која ја брани ова истражување, наложува целосна транспарентност меѓу нивоата на анализа и на организацијата на општественото, како што го гледа дискурсот како пронижувачки ансамбл и на јазик и на општествена пракса. Затоа, во концептуалната листа која јас ја ревидирам за потребата од јасност на моите операционализации, ги исклучувам имињата на нивоата на анализа. Наместо тоа воведувам две аналитички димензии кои преземени од Хајдегер имаат аналитичка важност за постструктурализмот, но кои не можат да се поставаат на вертикалната оска на табелата како што тоа го прави Милер – димензиите на „онтичкото“ и „онтолошкото“. Дополнително, во концептуалниот речник, од кој ги изведувам операционализациите, ги внесувам и термините „празен означител“ и „идентитет“, во

нивното специфично значење и модифицирам некои од понудените објаснувања за концептите за кои сметам дека не се целосно прецизни.

| | Термин | Концепт |
|---|---|---|
| **Дискурс** Конфигурација на означувачки практики кои конструираат значење и моќ протегајќи се низ целиот општествен терен, и внатре-лингвистички и надворешно лингвистички. | Елементи | Лингвистички или надворешно-лингвистички означители кои се „слободни“, односно сè уште не се фиксирани во еден дискурс. |
| | Артикулација | Практика која воспоставува релација меѓу хетерогени елементи, на начин кој го модификува идентитетот на секој од нив. |
| | Моменти | Елементи чие значење е делумно фиксирано преку артикулација. |
| | Затворање | Фиксација на значењето на означителот во еден дискурс. |
| | Поле на дискурзивност | Структурно недетерминиран терен на кој оперираат спектар сопернички дискурси. Полето на дискурзивност го содржи потенцијалот за конструирање дискурс бидејќи содржи вишок елементи и значења. |
| | Празни означители | Лингвистички елементи во чија идентификација може да бидат впишани мноштво значења. Тие се кристализираат од редот на моментите во еквиваленцијалниот ланец. |
| | Јазолни точки | Контингентни привилегирани празни означители околу кои другите моменти во дискурсот се устроени во синџири на еквиваленција. Јазолните точки ја хегемонизира хетерогеноста на елементите во една дискурзивна конфигурација и се локацијата во која конвергираат повеќе дискурси. |
| | Лебдечки означители | Празни означители кои се особено отворени на различни впишувања на значења бивајќи влечени од различни дискурзивни орбити. Тие може да формираат јазолни точки во различни дискурси. |
| | | |
| | Субјектни позиции | Различни можности за конструкција на значење на субјектот во различните дискурси. |
| | Идентитет | Артикулација на субјективитет во дискурс кој е секогаш нецелосен. |
| | Контингентност | Незакономерност - определен идентитет е возможен, но не и неминовен. Не може да постои еден единствен дискурс, кој ексклузивно го структурира општественото – конструкцијата така е подложна на случајност. |
| | Поделен субјект | Поделениот субјект е перпетуално нецелосен и тој постојано но попусто тежнее да стане затворено цело. Копнежот по невозможна целовитост е конститутивна на неговиот идентитет. |
| | | |
| | Дислокација | Контингентен настан кој не може да биде симболизиран или претставен во еден дискурс и кој така ги нарушува и ги дестабилизира поредоците на значења. |
| | Објективација | Дискурси кои навидум стануваат природни преку хегемониска интервенција |
| | Антагонизам | Фрикција со дискурзивна надворешност која претставува заканувачка сила за хегемонискиот дискурс, но која истовремено е негов конститутивен елемент. |
| | Хегемонија | Фиксација на значење на антагонистичкиот терен која натурализира определена артикулација. Организација на *општественото*, која исклучува други можни аранжмани. |

*Табела 2 Речник на операционализирани концепти во ова истражување*

Во концептуалниот речник, од кој ги изведувам операционализациите, дополнително ги внесувам и термините „празен означител“ и „идентитет“, во нивното специфично значење.

Деталите за начинот на операција на овие концепти во конфигурирањето на популарни социополитички идентитети се веќе изнесени во поглавјето II.2.д. Тука е доволно да се каже дека конструкцијата на значења на социополитичкиот терен не е овозможена *позитивно* – односно, не е овозможена од референцијалноста на означителот на конкретниот објект, туку напротив, „негативно“, врз основа на позицијата на означителот во системот на несведливи разлики – т.е. овозможена е од неговото парцијално фиксирање во тој „систем“. Вишокот *означувачи* на социополитичкиот терен, се *елементите* кои флуктуираат во *полето на дискурзивноста* и кои бивајќи вовлечени во определена орбита низ процесот на *артикулација* која се одвива преку логиката на *еквиваленција* и диференцијалност, се транс-мутирани во *моменти* на дискурзивната конфигурација. Моментите се така делумно и привремено фиксирани елементи во дискурзивната конфигурација. Оваа фиксација е привремено организирана во таканаречените *јазолни точки* кои се привилегирани празни означители околу кои е хегемонизирана идентитетската артикулација. Јазолните точки на социополитичкиот терен хегемонизираат веќе манифестирани идентитети кои се идентификации што артикулираат, односно ранливо фиксираат, определен ансамбл лингвистички елементи и определен сет седиментирани општествени практики. Ефект на оваа артикулација се всушност општествените актери – *општествени, организациски или институционални структурации*[87]. Но истовремено, јазолните точки, пред да бидат артикулирани како привилегирани означители на еден ланец на еквиваленција, оперирале како лебдечки означители кои флуктуирале меѓу две или повеќе субјектни позиции во антагонистичкото дискурзивно поле. Во оваа смисла концептите „празни означители“, „лебдечки означители“ и „јазолни точки“, како што може да се види на табелата, може да се однесуваат на иста појава или гледана во различен момент во времето или пак гледана од различен концептуален агол – така лебдечките означители се означители кои флуктуираат меѓу орбитите на различни артикулации во дискурзивното поле, а јазолните точки се празни означители околу кои е секогаш ранливо и секогаш привремено фиксирана артикулацијата на идентитетот. Конечно, никогаш-незатвореното фиксирање на значењето може да биде ранливо стабилизирано како определена артикулација која е разбрана како „природна“ – ова е централниот постмарксистички концепт: хегемонија.

Вака, табеларно прикажаниот и процесно образложениот концептуален апарат, овозможува сега тој да биде операционализиран, по што ќе стане возможно да опишам како тој може да ѝ даде опипливост на врската меѓу него и концептот „општествено поле“ на

[87] Во оваа смисла политичките партии или државните институции би биле гледани како дискурзивни конструкции на специфичен јазик и специфична седиментација на општествени практики – конституирани во дискурсот.

Бурдије и како определени концепти на овој апарат може да ја алтернираат анализата меѓу она што Лаклау, преземајќи од Хајдегер, го нарекува *онтичка* и она што го нарекува *онтолошка* димензија.

1. Елементи: „слободни“ општествени барања

Основен, за ова иследување е поимот *општествено барање* којшто во овој концептуален апарат на основно ниво се појавува како *елемент* – односно, лингвистички или надворешно-лингвистички означител кој е „слободен“, т.е. диференцијална позиција која не е (или пак сѐ уште не е) фиксирана во еден дискурс. Овој концепт во истражувањето на општествените движења е операционализиран како *„единица слободно општествено барање“*. Од концептуално-теоретската дискусија е јасно дека она што може да се нарече „недостаток (lack)“, е елементарен конститутивен елемент на субјективитетот. Така анализата на општествените идентитети, вклучително и на артикулативните идентитети на општествените движења, нужно треба да почне од анализата на барањата кои флуктуираат во дискурзивното поле – *копнежот да се задоволи овој недостаток е централен за анализата на општествените движења*.

- *Основна единица на анализа во ова истражување е единица „општествено барање“. За „општествено барање во студијата ќе се смета секоја дискурзивно манифестирана претставка, поплака или потреба, на каков и да е ансамбл луѓе, кон определена инстанција на моќ, која е одговор на некаков дислокаторен момент во општествениот терен.*
- *Концептот „елемент“ - во студијата ќе го означува секое „општествено барање“ кое не е артикулирано со други барања или дискурзивни елементи. Во анализата, за неартикулирано барање ќе се смета секое изолирано барање кое се исцрпува со чинот на негова јавна манифестација и неговата формулација не сугерира дека тоа е насочено кон менување на некаков хегемониски поредок.*

*Со пример,* конкретно, за „општествено барање“ ќе се смета широк спектар манифестации (протестни или вербални) со кои жители на некоја населба бараат да се асфалтира пат на нивната локација, бараат да се расчисти дивата депонија во нивната општина или да се реши проблемот со високот ниво на загадување; дискурзивни манифестации со кои пациенти бараат државата да набави лекови за болни од канцер; припадници на мали етнички групи бараат да се расчисти убиство на локацијата каде што живеат, сторено од полициски службеник; манифестации со кои средношколци бараат укинување на екстерното тестирање; социјални случаи бараат повисок надоместок за социјална заштита; стечајни работници бараат отштета од стечајната маса на поранешната компанија; работници кои бараат исплата на заостанати плати; манифестации во кои организации бараат заштита на човековите права и спречување на дискриминацијата; претставници на етнички заедници кои бараат промена на конституционалниот поредок на

државата; демонстранти кои бараат оставки од градоначалникот или од владата. Сите овие примери укажуваат на тоа дека се работи за хетерогеноста на дискурзивни манифестации конструирани како *„општествени барања“*. Како елементи овие општествени барања не се артикулирани со други елементи – односно не се поставени во еквиваленцијална врска со други барања. Конкретно, жителите на општината во која има дива депонија, бараат едноставно да се дислоцира депонијата, но тоа не го поврзуваат со барања кои се однесуваат на намалување на емисиите на штетни аеро-честички, со корумпираноста на државните институции или со барања за промена на власта. Оваа врска не е автоматска – таа треба да биде конструирана во еквиваленција.

2. Моменти: „артикулирани“ општествени барања

Општествените барања кои се артикулирани, односно привремено еквиваленцијално поврзани со други барања, ќе бидат сметани за *моменти* на таа еквиваленцијална врска. Кога едно општествено барање е манифестирано во дискурзивното поле тоа е слободен дискурзивен елемент. Доколку властите диференцијално или посебно го задоволат барањето тие на тој начин го исфрлаат од потенцијалната можност за артикулација. Но, ако не го задоволат, тоа станува потенцијален артикулиран момент. Во англискиот оригинал, како што беше објаснето во концептуалната дискусија, јазикот прави дистинкција меѓу она што е познато како “*request*“ и “*demand*”. Дистинкцијата меѓу двете овозможува аналитички да се поими трансформацијата од една замолителна кон една императивна форма на значењето. Како елементи во дискурзивното поле, овие барања изворно се појавуваат како изолирани во точката на еден дислокаторен момент. Но, отсуството на нивно задоволување може да конституира притисок кој овозможува тие да се *артикулираат* во политичко-хегемониска формација.

- *Како моменти во еквиваленцијална врска ќе бидат означени оние општествени барања кои изложени на притисок од растечкиот вишок елементи во дискурзивното поле, биле поврзани меѓу себе на начин што идентитетот на барањето е „потчинет“ во една јазолна точка.*

Со примерот што го дава Лаклау: „Замислете една голема маса мигранти земјоделци, кои се населиле во ‘картонските населби’ во предградието на некој индустриски град во развој. Се појавуваат таму проблеми со просторот за живеење и групата луѓе кои се засегнати од нив бара некаков тип решение од локалните власти. Овде имаме *барање* кое иницијално е веројатно само ‘замолително барање’ (request). Ако ова барање е задоволено,“ – продолжува Лаклау – „тука завршува овој проблем. Но, ако тоа не е задоволено, луѓето ќе почнат да забележуваат дека нивните соседи имаат други, подеднакво незадоволени барања - проблеми со водоснабдување, здравствена заштита, образование и така натаму. Ако состојбата остане непроменета некое време, ќе постои акумулација на незадоволени барања и растечка неможност на институционалниот систем да ги апсорбира на

*диференцијален* начин (секое изолирано од сите други барања), и појава на *еквиваленцијална* релација меѓу нив. Ова лесно може да резултира, [...], со продлабочена схизма која го сепарира институционалниот систем од народот" (Laclau, 2005, p. 74).

3. Артикулација: модификувачко поврзување на општествени барања

Концептот „артикулација" се однесува на централниот процес преку кој е овозможено да се конструира релација меѓу хетерогени елементи, на таков начин што преку неговата практика се модификува идентитетот на секој диференцијален елемент. Артикулацијата е процесот кој овозможува делумна фиксација на значења на елементите и покрај нивната хетерогеност. Според примерот погоре – барањата како основни дискурзивни елементи се хетерогени и „слободни", сè додека не биде воспоставена еквиваленцијална врска меѓу нив, врска која на онтолошко ниво ги поврзува на начин што ја модификува идентификацијата на секое од нив – трансформацијата на барањата од „елементи" во „моменти" на една еквиваленцијална врска значи дека секое од барањата во таа врска станува поделено. Од една страна тие задржуваат дел од партикуларноста и се диференцијални меѓу себе. Од друга страна тие се повеќе од тоа – стануваат име на еден антагонизирачки идентитет.

- *Артикулација во ова истражување е операционализирана како лингвистичка конфигурација (ансамбл на зборови) или како презентиран опис на општествена практика (опис на нелингвистичка пракса), која/кој обезбедува докази дека се случува или се случило хетерогените дискретни барања да бидат поврзани не преку нивната тематска сродност туку преку нивната онтолошка, значи антагонистичка компресија наспроти нешто друго.*

Со пример кажано, истражувањето прво прави прегледен „попис" на општествени барања во спацио - темпоралното протегање и потоа во дадени историски точки, во содржината на истражувачката граѓа земена за примерок, (1) бара лингвистички конструкции што упатуваат на поврзување на начин кој креира привремена идентитетска фиксација која упатува на конститутивната надворешност и (2) бара описи на социополитички практики кои упатуваат на истиот заклучок. Во првиот случај, лингвистички докази кои барањата за расчистување на случај на едно убиство ги поврзуваат со барањата за граѓанска контрола на функционирањето на полицијата, со барањата за подобрување на општата безбедност, со барањата за спречување на корупцијата и јакнење на доброто владеење, со барањата за универзитетска автономија итн. Индикатор за артикулација е кога во дискурзивната пракса ќе почне да се кристализира празен означител какви што се концептите – „Правда", „Слобода", „Ред", „Владеење на правото" итн. Во вториот случај, бара докази во описите на текстуалната граѓа од која е составен примерокот за артикулативна практика – како на пример институцијата на политичка партија во средината на протестната мобилизација во која се конструира јазолна точка од празниот означител или

пак формирањето на група на социјалните медиуми за да ја фокусира артикулаторната моќ на дискурзивната конфигурација во чија практика излегуваат и се издвојуваат привилегирани означители.

4. Еквиваленцијален ланец: привремено фиксирана еквиваленција меѓу барањата

Политичкиот процес оперира низ различни логики. Лаклау ја издвојува *еквиваленцијалната* и *диференцијалната* логика на операција за својата политичка анализа. Апсолутна диференцијалност и апсолутна еквиваленција меѓу елементите е невозможна – нивната операција алтернира меѓу екстермите на овие две логики. Еквиваленцијалноста е видлива кога меѓу хетерогени елементи, односно елементи кои на прв поглед немаат заеднички маркери се воспоставува релација на истоветност – на пример како во примерот на Шантал Муф кога таа зборува за артикулацијата меѓу либерализмот и демократијата кои имаат на онтичко ниво меѓусебно несводлива конструкција, но меѓу кои е воспоставена еквиваленцијална врска, поради која „либералната демократија“ е името на една хегемонија. Така, во моментот кога праксата на артикулација ќе успее да воспостави поврзување на хетерогените барања на начин кој нивната идентификација ја прави меѓусебно истоветна – станува збор за еквиваленцијална врска.

- *Во студијата еквиваленцијалната врска е видлива како привремен исход на артикулаторната пракса. Кога преку артикулацијата е воспоставена привремено стабилна врска меѓу хетерогени елементи, во случајов, барања, тоа во истражувањето ќе биде обележано како еквиваленција.*

За индикатор за стабилизирање на една еквиваленција ќе се смета појавата во која артикулацијата на барања трае низ времето под притисокот на еден празен означител кој во овој случај станал јазолна точка на една врска. Со други зборови, кога кристализирањето на празниот означител како јазолна точка – „Правда“, „Слобода“, „Ред“, „Владеење на правото“ итн., се протега низ времето определен период.

*5. Дислокација*

За дислокација во оваа студија се сметаат оние контингентни настани кои не можат секогаш да бидат симболизирани во еден дискурс и кои така ги нарушуваат и ги дестабилизираат поредоците на значења. Дислокацијата е моментот на нестабилност внесен меѓу седиментацијата на поредокот и реактивацијата на новите артикулации. Дислокацијата е по дефиниција конститутивен недостаток и нејзиното разбирање е индикативно за деконструкцијата на дихотомијата меѓу дејствувањето и структурата. Лаклау вели дека субјектот постои *поради* дислокациите на структурата (1990, p. 60). Во оваа смисла опозицијата меѓу општеството кое е целосно структурно детерминирано и општеството кое е целосно детерминирано од дејствувањето, за него не претставуваат спротивставени концепции за општественото, туку тие се впишани во општествената стварност – како

моменти на тензија, нестабилност и недетерминираност. Потоа, вели, дислокацијата е изворот на слободата (1990, p. 60), но тоа не е слобода која има позитивен идентитет.

- *За дислокација или дислокаторен момент во анализата на оваа студија ќе се сметаат сите структурни дестабилизации кои ја експонираат тензијата меѓу структурата и дејствувањето и во кои се кристализира елементарно барање и во кое има потенцијал да се хегемонизира групна идентификација.*

Со пример - како „дислокација" во студијата се сметаат настани во кои со владина одлука на Собранието му се предложува нов закон за медиуми кој ќе има негативни последици за слободата на изразувањето по што има мобилизација против законот; објавувањето содржина од прислушувани разговори од лидерот на опозицијата по што има манифестација на протестна мобилизација, природна непогода на која институциите не реагираат брзо, по што се појавуваат барања за обесштетување на оштетените, компензација на жртвите, политичка одговорност и сл. Овие дислокации кои прават дестабилизација на хегемонизираниот поредок, ќе бидат читани како конститутивни на новите идентитети.

6. Празни означители: лебдечки означител и јазолна точка

Во студијава за празни означители ќе се сметаат оние лингвистички елементи чие значење има потенцијал да се полни со мноштво значења. Празните означители се кристализираат од моментите во еквиваленцијалниот ланец кога еден елемент во ланецот го хегемонизира целиот ланец. Оние празни означители кои се особено отворени на различни впишувања на значења бивајќи влечени од различни дискурзивни орбити ова истражување ги нарекува *лебдечки означители*. Тие може да формираат јазолни точки во различни дискурси. Контингентни привилегирани празни означители околу кои другите моменти во дискурсот се устроени во синџири на еквиваленција. Јазолните точки ја хегемонизира хетерогеноста на елементите во една дискурзивна конфигурација и се локацијата во која конвергираат повеќе дискурси.

- *За празен означител ќе биде сметана онаа кристализација на концепти произлезена од еквиваленцијалните врски во кои се артикулирани барањата кои имаат потенцијал да впишуваат спектар значења. На пример означителот „слобода" е празен означител бидејќи во него може да се впишат бесконечно комбинации на значења на „слободата".*
- *За лебдечки означител ќе биде сметан секој празен означител којшто е симултано вовлекуван во две еквиваленцијални орбити – на пример, кога провладини и антивладини демонстранти се повикуваат на истиот означител за да ја легитимираат својата борба.*
- *За јазолна точка ќе се смета оној лебдечки „празен означител" кој во еден момент привремено го фиксирал и стабилизирал своето значење хегемонизирајќи ги барањата на еден еквиваленцијален ланец. На пример, како кога означителот*

*„слобода“ ќе ја засили протестната пракса на антивладините демонстранти станувајќи името на новиот поредок, а истовремено ќе ја ослаби мобилизаторната моќ на про-владините демонстранти.*

7. Хегемонија: името на „народот“

Фиксација на значење на антагонистичкиот терен која натурализира определена артикулација може да се смета за хегемониски дискурс. За хегемонија може да се смета конструкцијата во која елементите се компресирани во една еквиваленцијална врска, што е овозможена преку операцијата на објективација на дискурсот во која еден партикуларен елемент е претставен како универзален – односно почнува да ја репрезентира, онтолошки невозможната, но политички неопходната „тотална“ организација на *општественото*, која исклучува други можни аранжмани. За постструктуралистичката верзија на Лаклау, хегемонијата е „централната политичка операција [...] движење од метонимија кон метафора, од контингентна артикулација до суштинско припаѓање. Името – на едно општествено движење, на идеологија, на политичка институција – секогаш е метафорична кристализација на содржините чии аналогни врски произлегуваат од прикривањето на контингентната поврзаност со нивното метонимиско потекло. Спротивно на тоа, распаѓањето на хегемонската формација вклучува реактивирање на таа контингенција: враќање од „возвишена“ метафоричка фиксација во скромна метонимиска асоцијација“.

- *За хегемониски дискурс ќе се смета оној ансамбл означители кој претставен од еден партикуларен елемент дел од еквиваленцијалните моменти тежнее да се претстави како тоталност. Во конкретна смисла хегемониски дискурс може да се најде во дискурсите во кои е омеѓена границата на „народот“ – „граѓаните“ „патриотите“.*

## III. 3 Примерок

*Темпоралност и селекција на единици на анализа:*

Оваа студија ги следи идентитетските дислокации и седиментацијата на општествени практики во македонскиот социополитички простор, кои во 2015 и 2016 г. еруптираа, во она што изгледаше како *инаугуративен/втемелувачки настан* на нов, или пак претходен а реактивиран, популарен идентитет (ветување за радикална политичка артикулација на претходно неартикулирани дискурзивни елементи). Имплицирано во оваа истражувачка заложба е признанието дека целта е да се анализира еден сложен процес кој е невозможно да се опфати ако едноставно се анализираат видливите протестни манифестации, кои се случуваа меѓу првите објавени снимки на водачот на опозицијата и падот на владата во Скопје. Напротив, таквиот методолошки избор би имал сериозен проблем со пристрасност во изборот на манифестирани барања, а пристрасноста би била детерминирана од предрасудата на истражувачот за тоа кои протестни манифестации се „важни", а кои се „неважни" за анализата. Истовремено, бидејќи пристапот кој го заговарам подразбира ригорозност во регистрирање на процесите на политичка кристализација во дестабилизирачките моменти на нивна трансформација, би било методолошки неоправдано, анализата да се задржи само на некои „поинтересни" општествени барања, а однапред да исклучи други. Впрочем хетерогеноста е услов без кој не може да се конституираат популарни идентитети во општествените движења – единствено низ процесот на истрага може да се воочи дали и кои барања биле исклучени. Сепак, како и во ортодоксните социолошки истражувања, така и во ова – Окамовото сечиво мора да падне на некоја точка и „вештачки", но и аргументирано и со најмала можна штета, да ги омеѓи границите на истражувањето на начин на кој по најкуса можна траекторија може да се стигне до одговори на дилемите покренати во оваа студија. За секоја методолошка одлука поврзана со темпоралноста и селекцијата на единиците на анализа, е обезбедено објаснување.

i. *Темпоралниот исечок за анализата е определен меѓу инаугурацијата на владата предводена од Никола Груевски во 2006 г. (таканаречената Портокалова влада) и политичката кристализација непосредно по насилниот влез на демонстранти во македонското Собрание во 2017 (таканаречениот Крвав четврток).* Има повеќе причини за овој избор: *Прво*, фокалните антагонистички манифестации кон крајот на владеењето на оваа влада, беа јасна антигруевистичка артикулација на хетерогени барања дистрибуирани низ различни социополитички домени. Ова, значеше дека изборот на временска рамка мора да биде поврзан со историското раздобје на груевизмот. *Второ*, единаесетгодишното владеење на десничарската влада, беше водено од, воочливо, авторитарна, но и дислокаторна стратегија – додека правеше дислокација на седиментирани практики на режимите на владеење седиментирани две и пол децении претходно, истовремено правеше отворена супресија на секоја опозиција на тој процес. Овој амбиент беше плоден

терен за манифестација и висока фреквенција на хетерогени општествени барања и поради тоа беше неминовно да се анализираат манифестациите на општествени барања низ целиот период на ова владеење – единствено така може да се види кои и какви барања „успеале“ да се поврзат во еквиваленцијална ланци, кои и зошто не го направиле тоа, или кои и какви барања биле задоволени, а кои доживеале супресија, од кој социополитички домен дошла супресијата и зошто била ефективна итн.

ii. Основна единица на анализа во оваа студија, како што беше кажано во концептуалното објаснување, е *општественото барање* манифестирано на кој било социополитички терен во рамките на темпоралниот исечок дефиниран во (i). Неколку премиси тука мора да се разјаснат: *Прво*, „колективните актери“ и „структурите“ кои ги манифестираат барањата, во постфундационалистичка смисла, се третирани како повеќе или помалку *седиментирани и хегемонизирани општествени практики* препознатливи единствено низ ретроактивниот процес на именување. Така оние колективни актери кои се видливи како заокружени структури, на пример државни институции, политички партии, невладини организации и слично, се третирани како нестабилни, треперливи седиментации подложни на неизвесност и постојана дислокација, чиј идентитет не е детерминиран a priori. Оние групи пак, кои може да се опишат како неседиментирани идентификации, како на пример, жители на некоја општина, земјоделци, групи стечајни работници и слично се третираат како терен за еквиваленцијална артикулација на која, како и кај првите, може да се „конструира“, никогаш незаокружен - идентитет. Од оваа причина барањата и на едните и на другите се третираат како легитимни барања - барања кои можат да бидат артикулирани или дезартикулирани, оттргнати од, потиснати или вшмукани во некоја јазолна точка на еквиваленции. *Второ*, во рамките на темпоралниот исечок, студијата не дискриминира меѓу различните барања – во процесот на кодирање, како што ќе биде објаснето подолу, направен е „тематски попис“ и на оние барања кои низ темпоралното протегање не биле артикулирани во еквиваленцијален ланец – бидејќи биле подвргнати на супресија или биле повлечени од друга еквиваленцијална гравитација, или пак биле диференцијално разрешени - како што тоа се случува во системи во кои институциите успеваат да ги задоволат барањата и со тоа „привремено“ да ги извадат од циркулација правејќи ги „неслободни“ за артикулација. *Трето*, и во блиска поврзаност со претходното - недискриминацијата меѓу општествените барања помага во тоа да се избегне една пристрасност која е често вишана во социолошките истражувања – имено *ограничувањето на анализата само на „успешните“ манифестации на феноменот*. Оваа студија, не го зема за предмет „општественото движење“ како позитивно определлив феномен изолиран од други политички процеси, не го исклучува партиското дејствување како туѓо на движењето, не ги диференцира барањата врз основа на однапред утврден критериум за тоа кое барање има потенцијал да се артикулира ниту пак ги бира барањата врз основа на тоа колку успешно се артикулирале – таа ги анализира и оние барања кои не се артикулирани во

антиавторитарна еквиваленција, бидејќи претпоставува дека таа операција може многу да ни каже за тоа под кои околности, како и конечно зошто тоа не се случило. Овој пристап, ни овозможува да ги анализираме широките социополитички процеси наместо да се фокусираме пристрасно на она што однапред сме го омеѓиле како успешно „општествено движење“.

*Селектирани извори и методолошка оправданост за нивното користење*

Студијата се базира на содржината на четири типови извори:

i. *Медиумска содржина:* Оваа студија ги повлекува содржините за основна анализа од еден македонски дневен весник и два онлајн медиуми во селектираниот период. Селектирани беа оние содржини во кои во различни домени се формулираат општествени барања. Како што беше аргументирано во претходните поглавја, студијата не почива на претпоставката за постоењето на една омеѓена јавна сфера каков што е примерот на хабермасовски сфатената *буржоаска јавна сфера*. Напротив, позицијата усвоена тука е дека има повеќе или помалку седиментирани медиумски практики низ кои трепераат плуралност од антагонизми чија негативна логика, и елементи низ контингентна динамика, биваат хегемонизирани во еквиваленцијална (идентитетски) ланци распрснати низ социополитичкиот терен. Традиционалните и онлајн медиумите се дел од овој пејзаж и се сепак важен извор во истражувањата во општествените науки. Мора да се нагласи дека овој пристап е валиден бидејќи истражувањето не се обидува да го објасни однесувањето на медиумите за време на 11 - годишниот период, туку од селектираните медиуми се обидува да ги извлече изворните манифестации на барања – изборот на медиуми како што ќе видиме, е направен врз основа на процената за потенцијалот на медиумот да илуминира хетерогеност барања. Еден од главните извори затоа, се селектирани медиумски содржини. За анализа се извлечени содржини од следниве медиумски платформи:

   - Од дневниот весник *Вест* од архивата се повлечени и анализирани сите изданија објавени во периодот од 1 мај 2006, до 31 декември 2015 година. Овој дневен весник продолжи да се печати и во првите три месеци од 2016 г. но за истражување ми беа достапни содржините до 31 декември претходната година. Содржините од 1 јануари 2016 година не беа достапни, па затоа не беше возможно кодирањето на неговата содржина да продолжи по тој датум. Изразено во бројка на изданија – во кодната операција за општествени барања беа кодирани 5760 текстови во кои имаше детектирано формулација на општествено барање или пак во кои имаше тематска поврзаност со определени барања или релевантни социополитички контексти. Беа анализирани вкупно 2902 изданија на овој дневен весник.

- Од онлајн-медиумите *mkd.mk* и *sdk.mk* беа повлечени и анализирани вкупно 2335 објави во кои се регистрирани општествени барања во различни социополитички домени.
- Од дневниот весник *Утрински весник*, беа анализирани вкупно 30 колумни и објавени мислења поврзани со јавно манифестирани барања претходно детектирани во *Вест* или онлајн-платформите. Овие текстови не беа повлечени од архивата на весникот која може да се најде единствено во печатена форма во Универзитетската библиотека во Скопје, туку беа анализирани од две изданија на издавачката куќа Темплум која ги има објавено интегрално. Колумните не беа анализирани со истата систематска ригорозност како објавите на Вест и интернет порталите туку беа користени за појаснување на некои аспекти на проблемот.

Неколку аргументи го оправдуваат изборот на овие извори. *Прво*, новинарскиот пристап и стил на селектираните медиумски изданија овозможува највисоко ниво на опфат на манифестирани барања: Особено кај Вест и кај sdk.mk, она што е познато под изразот „висока политика“ му е подредено на она што е познато под изразот „приказната на обичниот човек“. Токму „таблоидноста“ на дневниот весник Вест овозможуваше темите и вестите кои се обработени да бидат покриени со новинарски агол „одоздола“ – ова пак значи дека кај Вест имаше повеќе шанси новинарските текстови да евидентираат барања од голем диверзитет на сектори во социополитичкиот домен, односно имаше повеќе шанси таму да се најде широк спектар социјални, работнички, етнички, образовни барања или барања поврзани со сексуалните слободи, антидискриминацијата, граѓанските права и слично. Слично може да се каже и за *sdk.mk* кој беше создаден од дел од поранешниот персонал на дневниот весник *Вест*. *Второ*, аргумент е професионалноста во известувањето. Таблоидот не е неминовно произведувач на лажни вести. Во случајот на Вест може да се види дека редакцијата, во споредба со другите медиуми, имаше воспоставено високи известувачки стандарди, кои иако презентирани „таблоидно“ не фабрикуваа барања и беа конзистентни низ времето. Вест е и единствениот голем македонски весник кој не беше внесен во корпорацијата ВАЦ што значи дека кај него имаше најмала шанса да се случи содржинска конвергенција – појава според која во уредувачката линија на различни медиуми има семантичко порамнување. Во текстовите на овој медиум можеше да се види најширок можен опфат барања фатени во процесот на известување. Исто така, известувачкиот стил на Вест ги минимизираше новинарските коментари и од текстовите излегуваа вербатим цитатите од групите кои се обидувале да кристализираат барања. Конечно, *Трето*, методолошки оправдано е, во услови во кои е невозможно да се направи систематски структуриран примерок на медиумски содржини, бидејќи тие се недостапни за истражувачот, тој да се раководи според принципот на пригодност, под услов во рамките на таа операција, да се обиде да ги отстрани недостатоците на изборот што го прави. За подготовката на оваа

студија бев во можност да ја добијам за истражувачки цели архивата на Вест во pdf. формат, нешто што не беше возможно за другите медиуми. Потенцијалните шумови кои можеа да се појават беа отстранети со користење на содржинска триангулација – во првиот слој кодирање направив попис на барања од медиумската содржина систематски достапна долж 11-те години, но потоа, во идентификуваните жаришни точки на кондензација на барањата и протестни манифестации користев два други извори – содржина извлечена од социјалните мрежи и содржина извлечена од спроведените фокус групи. Така, медиумската содржина е искористена само како позадинско платно на дискурзивното поле, кое е потоа продлабочено анализирано со содржина од други извори во кои барањата и артикулациите се наоѓаат во автентична форма. На овој начин избегнат е сметам проблемот на пристрасност во примерокот.

ii. *Социјални мрежи:* Текстовите повлечени од медиумските платформи како што е опишано во претходната точка, се само првиот содржински слој кој овозможува да се воочи широкиот пејзаж на манифестирани барања. Вториот слој се содржините повлечени од социјалните мрежи – за ова истражување ја кодирав целокупната содржина на осум цело селектирани Фејсбук групи поврзани со седиментирани барања идентификувани во медиумската содржина. Како извори беа идентификувани следниве фејсбук-страници (pages):

- *SM Прва архи-бригада*: страница администрирана од непознат број локации. Беше креирана на 27 март 2016, а нејзиниот последен пост беше објавен на 28 март 2019. Достигна 3200 следбеници. Сепак првата содржина на оваа страница е содржина произведена во 2009 г. кога беше актуелна Прва архи-бригада - ова значи дека администраторите документирале дел од своите активности 7 години подоцна.
- *SM Сите сме Мартин Нешковски*: Краткотрајна отворена група администрирана од една локација во Македонија креирана на 9 јуни 2011. Последниот пост на оваа група е објавен на 7 март 2012.
- *SM Стоп на полициската бруталност:* Страница администрирана од 6 позиции во Македонија. Беше креирана на 12 јуни 2011, а нејзиниот последен пост е објавен на 5 мај 2016 г. Достигна 5500 следбеници.
- *SM Паркобрани:* Страница администрирана од непознат број локации. Беше креирана на 10 август 2013 г., а нејзиниот последен пост беше објавен на 3 август 2015 г. Достигна 1200 следбеници.
- *SM Студентски пленум:* Страница администрирана од 12 локации: 10 од Македонија, 1 од Белгија и 1 од Холандија. Беше креирана на 23 октомври 2014 г. а нејзиниот последен пост беше објавен на 11 мај 2018 г. Достигна 23000 следбеници.
- *SM Протестирам*: Страница администрирана од 4 локации: 3 од Македонија и 1 од Велика Британија. Беше креирана на 11 мај 2015, а нејзиниот последен пост е објавен на 20 декември 2017 г. Достигна 13000 следбеници.

- *SM Шарена револуција:* Страница администрирана од 5 локации: 4 од Македонија и 1 од Бугарија. Беше креирана на 20 април 2016 г., а нејзиниот последен пост е објавен на 5 јули 2022 г. Достигна 16000 следбеници.
- *ГДОМ - Граѓани за одбрана на Македонија:* Страница администрирана од 9 локации: Од кои 8 од Македонија и 1 од Малта. Креирана на 19 април 2016 г. последниот пост на оваа страница е објавен на 6 јуни 2022 г. Достигнала 7300 следбеници.
- Реакционерно движење *За заедничка Македонија*, релевантно за оваа студија, немаше креирано фејсбук-страница, но реторичките конструкции и социјалните практики околу нивните означители се јасно видливи во медиумската содржина која е дел од примерокот – mkd.mk пренесуваше неколку пати дневно изјави на луѓе кои се идентификуваа како дел од ова движење, кон крај на 2016 и почетокот на 2017 г.




*Графикон 1 Фреквенција на постови на селектираните FB групи низ времето од 2008-ма до 2017-ма.*

Анализата на селектираните медиумски содржини ги екпонираше жаришните манифестации на барања ширум социополитичкиот терен. Социјалните медиуми се добра историски артефакт на интеракции од кои може да се прочитаат начините на кои овие барања биле конструирани, артикулирани или дезартикулирани. Затоа, за секоја идентификувана видлива манифестација на општествени барања кои конструираат антирежимска артикулација, истражувањето зумира во овие интеракциски артефакти и од

нив го кристализира наодот извлечен од медиумската содржина. Овие идентификувани страници се резултат на таквата постапка. Иако секоја од нив има сериозен број следбеници, постови, лајкови и коментари, сепак овие критериуми не беа единствените за нивна селекција – критериум беше проблемот околу која се креирани, односно одговорот на прашањето дали причината за која што се креирани фрла подлабока светлина врз детектираните жаришни точки во медиумската содржина.

iii. *Фокус-групи*[88]*:* Во ова истражување вклучени се оригинални наоди на 8 спроведени фокус-групи во периодот меѓу 2014 и 2015 година. За разлика од целокупниот друг материјал, овие фокус групи се спроведени за целите на европски истражувачки проект наречен INFOCORE кој меѓу 2014 и 2016 беше финансиран од FP7 програмата на Европската комисија. Дизајнирањето на водичот за полу-структурираните групни интервјуа беа само мал дел од мојот авторски придонес во тој проект. Од осумте – пет се составени од етнички Македонци и три од етнички Албанци. Петте групи на Македонски јазик ги модерирав самиот, а трите преостанати групи беа преведени и модерирани од истражувач со познавање на албанскиот јазик. Фокус-групите беа со следната композиција: (1) ФГ Студентски пленум – 9 учесници, (2) ФГ Либертаријанци – 8 учесници (3) ФГ Потомци на бегалци од Егејска Македонија – 8 учесници, (4) ФГ Распеани Скопјани – 9 учесници (5) ФГ Навивачи на фудбалскиот клуб Вардар учесници на антивладините протести 2015-2016 (6) ФГ Студенти на Тетовскиот универзитет и Универзитетот на Југоисточна (7) ФГ Албански интелектуалци, (8) ФГ Навивачи на фудбалскиот клуб Шкендија, учесници во протестните настани 2015.

## III. 3. Методи и протокол на анализа

<u>Протокол за собирање и анализа на податоците податоци:</u>

Откако беше утврден податочниот материјал од којшто може да се извлечат дискурзивните артефакти за анализа, материјалот беше собран и повлечен во софтверската база на MaxQDA, подготвен за кодирање. Во целокупниот процес користена е верзијата MaxQDA 2022 Analitics Pro. Потоа беше дизајниран коден протокол кој го водеше целокупниот процес. Кодниот протокол подразбира три консекутивни фази:

<u>*1. Првостепено „отворено“ кодирање:*</u> Во оваа прва кодна фаза, го применив пристапот налик на таканареченото *отворено кодирање* на содржината. Стратегијата на отворено кодирање е податна во ситуации во кои истражувачот има потреба да дозволи содржината која ја кодира да му ги детерминира аналитичките концепти. Според примерот на Гласер и Страус кои во 1960-тите ја востановија оваа стратегија, вообичаено пристапот треба да се

[88] Роберт Мертон кој прв го предложил овој метод, фокус групите ги нарекувал Фокусирани групни интервјуа, но денес тие се попознати како фокус-групи. Јас го користам скратениот назив.

користи во генерирањето таканаречени втемелени теории - grounded theories (Glaser & Strauss, 2017). Овде јас правам извесно отстапување од школската форма на овој пристап, бидејќи од теоретската дискусија прво ја изолирам основната единица на анализа - општествено барање, а потоа низ целокупната истражувачка граѓа го лоцирам диверзитетот појавности во историското раздобје. Значи, аналитичката единица ја користам за да го фокусирам пребарувањето низ содржината, но потоа кога секое барање е лоцирано тоа е каталогизирано во формата во која е изнесено – на пример барањето „да се асфалтира улица во о. Кисела Вода", барањето „да се исплатат заостанати плати во Сведмилк", или барањето „да се открие кои припадници на полициските Алфи учествувале во исчезнувањето на момче од населбата Шуто Оризари".

*2. Псевдоаксијално кодирање:* Систематската евиденција на општествените барања, овозможува од нивниот ансамбл да почнат да извираат определени кластери кои ги поврзуваат барањата според сличност – ова може да се смета за тематска поврзаност. Веднаш мора да се нагласи дека оваа поврзаност е само една аналитичка привременост која, како што ќе објаснам, речиси веднаш бива деконструирана во дискурзивното поле – во оваа фаза инхерентното несведливо семантичко лизгање е причината зошто ова го нарекувам псевдо-аксијално кодирање и за момент ќе ја оставам на страна. Така, на пример, барањата за платите на вработените од „Сведмилк", истиот тип барања на работени во „Колска", во ОХИС, во Железарница и слично, оставаат можност за второстепено „аксијално" кодирање односно кодирање околу некоја тематска единица. Овој чекор иницијално има извесни сличности со класичната *тематска анализа* - квалитативната техника чија цел е да ги идентификува темите кои извираат од анализираната содржина (Bryman, 2016) и која е користена од аналитичари кои се занимаваат со дискурзивна анализа, втемелена теорија или пак наративна анализа. Во овој случај, она што го добив од систематизираното кластерирање на општествените барања беа 14 економско-социополитички домени низ кои се протега антагонизмот и кои го претставуваат лимитот на општествените полиња според начинот на кој на нив гледа Бурдије: (1) Производствено трговски домен и стечај, (2) Земјоделски домен (3) Домен на социјална политика (4) Транспортен домен и права на транспортни работници (5) Административен сектор (судови полиција, армија и сл), (6) Здравствен систем, права на пациенти и здравствени работници (7) Образовен систем, Култура и права на просветни работници (9) Медиуми, права на новинари и слобода на говор (10) Добро владеење и политички систем (11) Комунален систем и еколошки домен (12) Домен на антидискриминација и граѓанска безбедност (13) Идентитетски маркери и етно/религиски културален домен (14) Етно-политички домен. Но, со овој опис завршува сличноста со класичните пристапи, оттука натаму овој пристап се дистанцира, и од втемелените пристапи и од тематската анализа бидејќи не ги гледа тематските единици како стабилни позитивни семантички конфигурации, како кај Браун и Кларк (Braun & Clarke, 2006), и така не може да го фиксира односот меѓу нив во некаква анализа на тематските мрежи

како што тоа го прави Атрид Стерлинг (Attride-Stirling, 2001). Како што зборував во концептуалната дискусија - бидејќи барањата имаат конститутивна нестабилност и биваат постојано вовлекувани во контингентни врски со други дискурзивни елементи - процес на артикулација и дезартикулација во кој го впишуваат своето значење – тие не може да затворат нешто што би можело да претставува тематска единица[89]. На пример, кога група наставници во тетовско основно училиште бараат повисоки плати и соодветен третман од директорот на училиштето ова барање можеби е работничко барање. Но, да претпоставиме дека овие наставници се идентификуваат во различен етницитет од оној на директорот на училиштето така што барањето за повисоки плати е етничко барање кое е кристализирано под притисок на новата територијална поделба на Македонија и покачувањето на платите само на еден дел на вработените во тоа училиште. Да претпоставиме исто така дека барањето е изнесено еден месец пред локалните избори што ова барање го става во жаришниот антагонизам меѓу различни партии. Од примерот се гледа дека оваа нестабилност на овој сега лебдечки означител е конститутивна и несводлива. Но, зошто, со оглед на ова образложение, е потребна оваа втора фаза од истражувањето. Бидејќи, темелното иследување неминовно бара некаква фиксирана организација на граѓата, на начин што, како во овој случај таа може да биде замислена на една мапа на дискурзивното поле но истовремено таа е можно да биде деконструирана – така процесот е симултано и радикално дестабилизиран во истиот момент во кој тој е скаменет и фиксиран. Практично ја правам оваа псевдо-конструкција за да можам да ја деконструирам артикулаторната игра на барањата, а истовремено за да можам да ја прикажам неа во дво-димензионална мапа која ќе ја води целата анализа. Практично, првите две фази го окончуваат она што може да се нарече „онтичко“ ниво.

<u>*3. Онтолошка димензија:*</u> Конечно, третата фаза на градењето втемелена теорија која подразбира селективно кодирање е целосно исклучена бидејќи таа подразбира едноставно

[89] Од истите причини неприфатливи за ова истражување се и други востановени методи во општествените истражувања како на пример она што е познато како Анализа на содржина – Content Analysis. Врз основа на онтолошкото сфаќање на тоа што може да се нарече „содржина“ Крипендорф (Krippendorff, 2004) прави дистинкција меѓу три типа дефиниции за тоа што треба да се подразбере под *Анализа на содржина*: (а) дефиниции кои почиваат на претпоставката дека содржината е *инхерентна* на текстот; (б) дефиниции кои претпоставуваат дека содржината се однесува на *состојбата или карактеристиките на изворот на текстот* и (в) дефиниции според кои содржината *извира во моментот во кој аналитичарот го анализира текстот* релативно со определен контекст. Типична дефиниција за првиот тип онтологија е дефиницијата на Берелсон според кој „Анализата на содржина е истражувачка техника за објективна, систематска и квантитативна дескрипција на манифестираната содржина на комуникацијата“ (Berelson, 1952, p. 18). Вториот тип разбирање на природата на содржината е поврзана со дефиницијата на Холсти според кого „Анализата на содржина е секоја техника за носење заклучоци (inferences) со објективно и систематско идентификување на посочените карактеристики на пораките“ (Holsti, 1969). Конечно, според Крипендорф „Анализата на содржина е техника за извлекување репликабилни и валидни заклучоци (инференции) изведени од текстови (и други содржини кои произведуваат значење) и контекстите во кои тие се употребени“ (Krippendorff, 2004). Воочливо е дека сите овие дефиниции се согласуваат во идејата дека смислата на анализата се заснова на критериумите на валидност (на мерените концепти) и конзистентност – сигурност (веродостојност) на тие концепти за да се обезбеди повторливост (репликабилност) на анализата. Но и секоја од нив подразбира дека значењата извлечени од контекстот се читливи како релација на означителот, означеното и нивниот контекст.

воопштување на тематските врски кои ги прават елементите на анализа. Но, ова според постструктуралистичкиот светоглед би значело сведување на теоријата единствено на нејзината онтичка димензија – со други зборови поврзувањето на општествените барања во една целина би се одиграло на ниво на некоја тематска сличност или локациска блискост како кај тропата метонимија. Во онтичката димензија метонимијата го структурира и го открива релацискиот карактер на дискурзивното поле, односно таа се однесува на опипливите врски на елементите – како кога две барања ќе бидат поврзани бидејќи и двете се конструирани така што се однесуваат на финансиска компензација за работничкиот труд. Но, како кај Лаклау, метафората како тропа има онтолошка вредност бидејќи таа конституира разбирање за еден елемент преку некој друг – апстрактните идеи какви што се хегемониите се разбирливи како метафорички поредок. Така на ова ниво кодниот процес ќе биде заменет со анализа на метонимиските, метафоричките и сингедохиските релации во дискурзивното поле кои го објаснуваат скокот од онтичкиот во онтолошкиот домен.

# IV. Анализа

Аналитичкиот процес, како што беше изложено во методологијата, во основна смисла подразбираше конструирање на серија темпорални мапи на манифестирани општествени барања долж селектираниот период. Мапирањето на социополитичкиот терен преку изложување на општествените барања беше потребен чекор, бидејќи сметам дека не постои друг начин темпорално да се репрезентираат општествените барања, *а притоа да биде направена транспарентна динамичната операција на нивна артикулација*. Методите на репрезентација на истражувачката граѓа преку мерење на фреквенциите на нивно појавување и нивно протегање низ времето, во овој случај, би била несоодветна постапка. Ова оттаму што, ниту едно барање не може да се формулира само по себе, ниту пак тоа е можно да се стори a priori: значењето на секое барање е конструирано (и видливо, во таа смисла) единствено во отворениот „систем“ на несводливи разлики. Дополнително, несоодветна би била и процедурата на едноставна класификација на барањата според некоја „содржинска“ сличност и потоа следење на нивното манифестирање низ времето. Овој протокол, карактеристичен за пристапи како на пример „анализата на рамките“[90], се задржува единствено на онтичката димензија (при тоа уште и ја редуцира нејзината сложеност[91]) и така не може да го фати моментот на парадигматска артикулација на барањата во колективен идентитет, а уште помалку може да ја деконструира конструкцијата на хегемонија низ тој артикулаторен процес.

Од овие причини, диференцијалната хетерогеност на барањата беше поставена на вкупно 12 темпорални мапи - секоја од мапите од 2006 до 2017 година, ги регистрира детектираните општествени барања во односната година и ги поставува во соодветниот момент во времето кога тие јавно се манифестирале. За да биде овозможено макар и основно ниво на прегледност на овие манифестации, сепак, нужно беше тие само прелиминарно и привремено да бидат асоцирани според нивната метонимиска врска – значи според физичка блискост или асоцијација, што меѓутоа не сугерира нужно и нивна *артикулација*. На пример, серијата барања кои се појавуваат во производствено - трговскиот сектор вклучително и барања за работнички права и барањата поврзани со решавање на стечајниот статус на поранешни работници се ставени најдолу на мапата или веднаш над темпоралната акциса. Серијата етнички барања, односно барањата поврзани со соодветна политичка репрезентација на етнички групи или задоволување на други етнички политички барања, се поставени најгоре, односно најдалеку од акцисата. Распоредени на ваков начин се добива првичен впечаток дека различните барања конституираат 14 дискретни полиња

[90] Frame analysis.

[91] Тоа го прави на тој начин што изолира една или неколку „рамки“ поврзани со некое прашање и го следи низ времето нивното трансформирање. Овој пристап меѓутоа, претпоставува „позитивно“ значење на рамката и пропушта да ја види нејзината релациска конституција во системот на разлики низ целото социополитичко поле. Со други зборови една иста рамка и синхрониски и дијахрониски има инхерентно нестабилно значење кое е не е фатено во анализата.

во кои сите тие се некако поврзани или класифицирани, а секое од овие полиња и барањата во нив се обележани со различна боја.

Но, оваа конструкција и впечатокот што таа го остава - веднаш треба да се расчисти - е привремена и тентативна: распоредот на мапата е конструиран на ваков начин единствено поради потребата да се воведе прегледност во поставувањето на барањата. Оваа, на прв поглед, структуралистичка дистрибуција на барањата кои се организирани во полињата, експонира една природна нестабилност на „системот на разлики" што веднаш наложува потреба оваа репрезентација да се деконструира, што истовремено е и своевиден клуч за читање на мапите.

Еден пример – манифестираното и протестно кристализирано барање во 1997 година да се обезбеди програма на албански јазик на Педагошката академија во Скопје, симултано е вовлечено во повеќе локуси ширум социополитичкиот терен – барањето е конструирано како „образовно барање" на една голема етничка заедница, но вовлечено речиси симултано, според метонимиска блискост, во орбита на „антидискриминаторниот комплекс" барања (барањето припадници на таа заедница да имаат иста шанса за учество во јавниот живот), во комплексот „културални барања" (барањето државата да спонзорира развој на етничката култура) и конечно во комплексот „етно-политички барања" (на пример барањето за политичка автономија на таа група). Бидејќи отворањето државно спонзорирана нова програма отвора прашања поврзани со условите во кои студентите ќе посетуваат настава, прашања поврзани со средствата од каде што ќе бидат платени професорите кои ќе ја организираат наставата, ова барање е постепено вовлечено и во доменот на „работничките права" и на барањата за „позитивна дискриминација" за влез на универзитетот. Со други зборови, семантичкиот полнеж на барањето - бидејќи тоа нема позитивно значење само по себе – трепери, истовремено конструирајќи поле на етнички, работнички, образовни или граѓански орбити и неговиот идентитет не може да се затвори целосно. Делумната и привремена фиксација на идентитетот на ова барање е овозможена во моментот кога тоа е артикулирано во еквиваленција со други барања – како во случајот во етно-политичката еквиваленција во јазолната точка „правична застапеност" која во популистичка артикулација го апсорбирала тоталитетот на дискурзивното поле на етничките Албанци во Македонија.

Овој пример објаснува зошто класичните начини на претставување на некој елемент не можат да се применат во оваа методологија – таа е заинтересирана во тоа да ја дофати и метонимиското треперење и метафоричката артикулација на општествените барања како и сингдохиската репрезентација и хегемонизација под еден означител. За поедноставно да се претстави опсежниот кодиран материјал, анализата ја делам на три дела кои одговараат на три темпорални отсечоци во кои доминира, сметам, различна дискурзивна операција. Во првиот отсечок, кој го нареков *Прва петолетка*, анализирам како непосредно пред општите

избори во 2006 година и неколку години потоа, на социополитичкиот терен имаше пролиферација на работнички и социоекономски барања кои, иако не беа диференцијално апсорбирани од системот – односно не беа задоволени, тие не беа ниту артикулирани во еквиваленцијалните врски, додека во друг агол на дискурзивното поле растечките етнички-барања конструираа популистичка хегемониска врска. Во вториот отсечок, наречен *Втора (Куса) петолетка*, анализирам како, дислокацијата која беше предизвикана за време и непосредно по општите избори во 2011 година овозможи производство на повеќе идентитетски артикулации кои ја кристализираа експанзијата на антагонизам на општествениот терен. Конечно во третиот исечок ги анализирам *Револуционерните години*, историските социополитички ефекти на објавата на прислушуваните телефонски разговори на повеќе функционери во февруари 2015 година. Од кодираниот материјал анализирам, *прво* како, меѓу 2015 и 2017 година, антиавторитарната, антигруевистичка еквиваленцијална артикулација, како и последователните реакционерни артикулаторни манифестации, бивајќи вшмукани во диференцијалната логика на „меѓународно решавање на кризата“, одржаа во живот важни елементи на дотогашната општествена и институционална седиментирана практика и *второ*, како, и поврзано со првото, она што се смета за хомогено антигруевистичко движење, беше радикално плурална борба (struggle) за дефинирање на „името на народот“ борба во која беше оневозможена конструкцијата на нов политички идентитет, чиј субјективитет одлучно би го реконфигурирал социополитичкиот терен.

## IV.1 Прва петолетка: хетерогеност и вишок барања на социополитичкиот терен

Парламентарните избори од 5 јули 2006 година, ја донесоа осмата по ред влада во Скопје - таканаречената *Портокалова Влада*[92]. Бојата за идентификација на главната партија во таа влада беше сменета од дотогашната *црвена,* во новата *портокалова* - визуелен маневар асоцијативен за неколку дискурзивни поместувања:

*Прво*, тој ја маркираше дисоцијацијата меѓу новата „модернизирачка“ груевистичка идентификација од „девалвираната“ и „организациски слаба“ љубчовистичка ВМРО[93]. Дислокацијата од тивкиот преврат од мај 2003 г. во таа партија, донесе нова кадровска конфигурација и овозможи конструкција на нови симболички маркери на еден нов политички идентитет. Од овој идентитет во прв ред, тивко беа дезартикулирани

[92] Види „Портоковлада“: Форум Плус, 7 јули 2006 година.

[93] Термините кои ги користам во анализата – „врховизам“, груевизам, бранковизам, заевизам се всушност дискурзивни артикулации – конфигурација на елементи хегемонизирани во „објективна циркулација“. Тие не се на никаков начин личен политички став на авторот и во таа насока не се прост начин пејоративно да се маркираат овие субјективитети. Овде е прикладно да потсетам на она што го напишав на стр. 154 - „името“ хегемонизира една делумно фиксирана дискурзивна конфигурација и ова истражување не може целосно да ги еманципира овие термини од елементите со кои тие биле артикулиран. Затоа, овде ја правам транспарентна употребата на термини како груевизам, заевизам или бранковизам, на сличен начин на кој во социополитичката анализа се употребливи термини како „перонизам“, „тачеризам“, „меккартизам“ и слични, со сите нивни асоцијации, вклучително и пејоративните.

таканаречените „пробугарски“ или „врховистички“ еквиваленцијални моменти[94], уште од 1990-тите години залепени за љубчовистичката *антикомунистичка артикулација*, и постепено, во релативно стабилната, иако повторно *антикомунистичка еквиваленција*, тие беа заменети со спектар барања поврзани со одбраната на уставното име на Македонија. Овој пат овие елементи беа поцврсто асоцирани со историскиот наратив на грчката граѓанска војна, македонскиот егзил и континуитетот на современите и античките Македонци. Цврсти докази кои ја манифестираа оваа дискурзивна операција во истражувачката граѓа може да се најдат многу пред НАТО-самитот од април 2008 година на кој Атина му стави вето на членството на Скопје и кој во популарните и академските анализи погрешно се смета за објаснувачка варијабла за трансформацијата на македонските конзервативци[95]. Непосредно пред и по изборите 2006 година станаа јасно видливи манифестациите на артикулација на елементите на „современиот“ и „античкиот“ македонски идентитет, со тоа што во некои научни институции беа повидливо промовирани истражувања кои сугерираат дека определени структури на античкиот-македонски јазик се видливи денес во некои од современите македонски дијалекти[96]; во градови како Прилеп[97] и Штип[98] уште во 2006 година беа поставувани споменици на Александар Македонски, а за споменик во Скопје веднаш по изборите имаше искажани најави на официјални лица [99]; за инфраструктурни и транспортни објекти таа година, почнаа постапки за преименување со имиња на антички - македонски личности[100]; нови здруженија на граѓани креираа манифестации како денови на Александар Македонски[101] и јавно искажуваа сомнеж дека нешто се крие од јавноста во контекст на ископувањата на античките локалитети[102]; а претставници на институции како *Управата за заштита на културното наследство* искажуваа претпоставки дека Охридското Кале било оригинално подигнато од Филип Втори Македонски[103]. Ова што го опишав беше всушност појава на нова општествена пракса која во дискурзивното поле конструираше еквиваленцијални ланци меѓу елементите кои прават метонимиска врска меѓу

---

[94] Овде мора да напоменам дека дискурзивната анализа како што ја употребувам овде, маркерите на имињата не ги користи како субјективен став на аналитичарот, туку како локација на антагонизам – услов за „општествената објективност“.

[95] *Види на пример* (Илиевска-Таневски, 2013, p. 154): “Трудот поаѓа од тезата дека последниве неколку години, почнувајќи од 2008, а можеби многу по јасно од 2010 година, се случува реконструирање на карактеристиките на македонскиот национален идентитет, при што медиумите имаат една од важните улоги”.

[96] Промоција на проектот „По трагите на јазикот и на писмото на античките Македонци“ на 29.6 2006 г. Студија достапна на По трагите на писмото и јазикот на античките Македонци.pdf (wikimedia.org)

[97] Види „Споменик на Александар Македонски во Прилеп“, извор Вест број 1806, 30.6.2006.

[98] Види „Споменик на Александар Македонски во Штип, извор Вест број 1817, 13.7.2006.

[99] Види иницијатива на советник во о. Центар, „Општина Центар ќе гради споменик на Александар Македонски“, извор Вест број 1935 1.12.2006, види иницијатива на Светски Македонски Конгрес, „Споменик на Александар Македонски на скопскиот плоштад“, извор Вест број 1945, 13.12.2006.

[100] Види, „Скопскиот аеродром ќе се вика Александар Македонски“, извор вест број 1958, 28.12.2006.

[101] Види „В сабота денови на Александар Македонски во Скупи“, на здружението за древна култура Ксантики, извор Вест број 1823, 20.7.2006.

[102] Види „Каде се артефактите од Мородвис“ барање на здружението Пеонска Лига од Кочани, извор Вест број 1830, 28.7.2006.

[103] Види исказ на директорот на Управата, Паско Кузман, „Престолот на Филип втори се откопува во Охрид“, извор Вест број 1902, 24.10.2006.

античкиот и современиот идентитет, барањата за признавање на тој континуитет, барањата да се зачува уставното име, барањата на децата бегалци од Егејска Македонија, Грција да го признае нивното страдање, нивите барања за имотно обесштетување и барањето за враќање на граѓанските права кои им беа одземени, а во 1980-тите не им беа вратени. Овие елементи во орбитата на новиот политички идентитет станаа меѓусебно заменливи и акцентираа појасни линии на антагонизам со грчките еквиваленции за Граѓанската војна и „Славофоните“ како нивната конститутивна другост.

Оралната историја за овие артикулации која ја регистрирав во фокусна група во 2016 година, ја експонира тензијата од впишувањето на овие барања во еквиваленцијалната врска на тогашната главна владејачка партија[104]:

> Модератор: Зборувате сега за она што може да се нарече „историска жртва“ во смисла на македонската државност или егејското прашање. Но, кого денес, гледате како *жртва* на целиот овој политички процес?
>
> Александар: Јас би се навратил малку на злоупотребата на народите и на малцинствата во политиката. Ќе речам премиерот бившиот наш, не го именувам[105]. Некое потекло има од Егејска Македонија. Голема група Македонци од Егејска Македонија - ако зборам во проценти значи 70%-80% од Македонците од Егејска Македонија, се членови во партијата на Груевски. Симпатизери или членови. Он во мандатот негов, почна да ги бара правата на Егејците во Грција.
>
> Ели: А педесет години кој ги бараше?
>
> Александар: Чекај малку. Он дојде во најлошо време да ги бара правата на Македонците од Егејска Македонија. Имаме ние имот таму. Сите имаме. Грција – членка на ЕУ, ние сме во дворот, а надвор седиме, Груевски од доле им вика „Еј треба да ми вратиш ти мене“. Не е времето да го бара тоа. Стави го на маса и него тука барабар, рамноправно. Тогаш може да бара. Он само ги злоупотреби за да ги придобие Македонците од Егејска Македонија. Го заведе народот.
>
> Ели: Жртва е народот.
>
> Коста: Таа политика беше и со Циле. Тоа е некое непишано правило.
>
> Александар: Се оди на манипулација, сите ние.
>
> Ели: Мене не ми се допаѓа така да ме етикетираат.

Како што сугерира оваа интеракција - популарните разбирања на партиските артикулации како „манипулација“, „злоупотреба“, „етикетирање“, укажуваат на една несводлива тензија меѓу хетерогени дискурзивни елементи во процесот на нивна артикулација, односно еквиваленцијално впишување.

Комплементарно со впишувањето на „античките елементи“, постепеното дистанцирање на новата конфигурација од претходниот лидер на таа партија, во чие еквиваленција беа впишани и стабилизирани „про-бугарски“ или „врховистички

[104] Фокус група со потомци на бегалци од Егејска Македонија, спроведена а 14.04.2016 г.
[105] Се мисли на Никола Груевски кој неколку месеци пред овој разговор си поднесе оставка.

моменти“[106], имаа ефект на симболичен гест на дезартикулација на тие елементи од новиот партиски идентитет. Подоцнежното повторно впишување на историите на екстернализирани историски значења - како на пример означителите „Андон Лазов – Ќосето“ или „Тодор Александров“ - не се случи како операција на инкорпорирање на „внатрешна другост“ во груевистичката еквиваленција, туку напротив како наратив на исправање на неправда кон потиснати елементи на „нормалниот“ тек на македонската историја. И, уште поважно – ова впишување се однесуваше на означители кои се референти за „цврстата“ и „долга рака“ на ВМРО, како седиментирана практика на „новата“ партија. Новата верзија на ВМРО-ДПМНЕ, не навлегуваше во толкување на причините за инкорпорирање на овие значења во македонскиот идентитет – тие едноставно беа метастазирани и оставени да си го најдат местото во хегемониската артикулација, без таа фиксација да биде поткрепена со интерпретативни операции, на пример без да се даваат аргументи кои би го оправдувале идентитетот на партијата (и во таа смисла на нацијата). Но, отповикувањето на нивниот имагинариум преку нивната визуелна репрезентација на пример, во скулптурите пред Основниот суд во Скопје[107] и скопската општината Кисела Вода[108], станаа означители на дискурсот сфатен како општествена практика.

*Второ*, визуелниот маневар, е индикативен за артикулирањето елементи на внатрешната *антиолигархиска борба* и *глобалната борба* за ослободување на демократската држава од економската колонизација на малцинството богати. Портокаловата боја, се разбира, беше визуелниот маркер и името на антиолигархиската артикулација на *Портокаловата револуција* во Украина, која во текот на 2005 година, веднаш по оспорените избори од декември претходната година, хегемонизираше различни елементи зад антиолигархиската борба и борбата против корупцијата[109]. Серијата вакви метонимиски операции, ја засилуваа артикулацијата меѓу „социјалдемократите“, „корупцијата“ и „олигархијата“ и го овозможија вкотвувањето на тоталниот идентитет на социјалдемократите во „Бранко“ - *празен означител* со исклучителен потенцијал за впишување спектар значења во него – така на пример, беше возможно, секој следен лидер на таа партија да биде артикулиран во *олигархиската еквиваленција* и да биде компресиран во значењата на бранковизмот. На овој начин, беше експонирана една конститутивна немоќ на македонската социјалдемократија да ги артикулира означителите „социјална правда“, „работнички права“, „економска правда“ и слчините.

*Трето*, конструираната диференцијација на „Портокаловото ВМРО“, никогаш не стана - бидејќи е невозможно да стане - целосно структурно фиксиран идентитет. Таа во

---

[106] Според објаснувањето во методологијата – ова не е вредносен став на авторот туку е дискурзивна конструкција – ансамбл на артикулирани елементи кои, бивајќи локација на една еквиваленција се претвориле во „моменти“ на една конфигурација.
[107] Поставен во јуни 2012 г., како „коњаник“ , беше именуван како Тодор Александров на 18.10.2012. Извор: Споменикот во Кисела Вода - официјално Тодор Александров (a1on.mk)
[108] „Ќосето“ беше поставен на 6.9.2014, извор: Споменикот на Ќосето: ноќе поставен, ноќе отстранет – DW – 22.02.2018
[109] Таканаречената афера „Кучмагејт“.

текот на целите 11 години кои се опфатени со оваа анализа треперeше во „неодлучноста“[110] на секој од означителите кои ги претставив во претходните параграфи. На примерот со антиолигархиските означители: додека во 2006 година во груевистичката еквиваленцијална врска беа впишани барањата поврзани со борбата против олигархијата и корупцијата, истовремено, во неа беа впишани моментите на *крупниот капитал* и *неолиберализмот*. Ова е видливо во доминацијата на означители како „странски инвестиции“, „економски раст“, но и „мораториум на етничките прашања“, кои за време на Портокаловата влада требаше да обележат една партиска пракса чија операција требаше да обезбеди „развој на македонската економија и држава“[111]. Пристапот на оваа анализа објаснува како и зошто овие елементи, кои на онтичко, или на појавно ниво, наликуваат на контрадикторни позиции на еден „схизматичен идентитет“, се всушност моќно поставени во еквиваленцијален ланец на една хегемониска (популистичка) артикулација, која многу скоро потоа стана името на „народот“ - на „целиот народ“.

Прелиминарнава реконструкција, како што се гледа од аргументот погоре, укажува на тоа дека уште во првите две години на новата политичка конфигурација беше видлива дислокацијата на социополитичкиот терен – но, таа сепак не ја открива целата сложеност на структурацијата што таа ја овозможи. На следниве неколку страници, затоа, ја изложувам хетерогеноста на општествени барања кои флуктуираа во неколку дискурзивни полиња меѓу 2006 и 2010 година, а кои што фрлаат светло врз начинот на кој некои елементи добиваа моќна артикулација и го ширеа политичкиот антагонизам во општественото поле, а некои други, истовремено, останаа да флуктуираат како „слободни“ елементи без да можат да конституираат нов политички идентитет – социјалдемократијата не успеваше да ги артикулира, а немаше ниту впишување на овие барања во нов политички идентитет. Како што кажав во методологијата, за да биде возможна анализата на онтолошката димензија на конституирање на политички идентитети, потребен е некаков инструмент кој ќе ни овозможи да направиме увид на онтичката димензија.

На ова ниво, од пописот на барањата во овие пет години може да се види бројот на регистрирани инстанции на барања и начинот на кој тие се дистрибуирани во привремено конституираните псевдо - типови. На првиот графикон (подолу) се гледа со која фреквенција на социополитичкиот терен, јавно, биле манифестирани општествени барања во различни домени – од 341 инстанција на регистрирани барања во 2006, до 142 инстанции во 2010 година. Привремената дистрибуција на податоците укажува на тоа дека, очекувано, најголем удел имаат оние барања кои се претставени како барања во производствено-услужниот сектор, комунално-еколошкиот сектор, како што има очекувано висока фреквенција на

[110] Во постструктурализмот: undecidability
[111] Види Вест, Форум рамен данок ЦЕА анализа FLAT TAX POLICY ASSESSMENT IN MACEDONIA CEA Final fiscal report_final.pdf

општествени барања кои се манифестирале со етно-политичка и етно-верско-културална идентификација.







*Графикон 2 Фреквенција и рацио на појавност на псевдо-типизирани барања меѓу 2006 и 2010 г.*

Ако се колабираат вредностите на „етно-политичките“ и „етно-верско-културалните“ барања, станува воочливо дека тие континуирано окупирале значаен дел од дискурзивното поле. Во 2006 година, 26 % од севкупно регистрираните манифестирани барања се манифестирале во овие домени, во 2008 година нивниот удел се искачил на 33 %, а во 2009 година бил 30 %. Барањата поврзани со производствено услужниот и земјоделскиот сектор имаат исто така константно висока фреквенција. Ако се колабираат овие две привремени категории ќе се види дека во 2006 година уделот на овие барања во севкупната фреквенција барања бил 24 %, највисок во споредба со останатите години од *Првата петолетка*. Во Административниот сектор, во кој беа класифицирани сите барања манифестирани во судскиот систем, полицијата и војската, нема висок удел во севкупната фреквенција, со исклучок на 2007 година кога 13 % општествените барања таа година доаѓаа од тој сектор. Конечно, барањата во комунално еколошкиот домен во овие пет анализирани години се константно присутни – 14 % во 2006, 11 % во 2007 и 2008 и 10 % во 2009 и 2010.

| Code System | Производствено/ услужен домен и стечај | Земјоделски домен | Домен на социјална политика | Транспортен домен и права на транспортни работници | Административен сектор | Здравствен систем (права на пациенти и здравствени работни | Образовен систем, култура и права на просветни работници | Медиуми, права на новинари и слобода на говор | Добро владеење и политички систем | Комунален систем и еколошки домен | Домен на анти-дискриминација и граѓанска | Идентитетски маркери и етно/религиски | Етно-политички домен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006-01 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006-02 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006-03 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006-04 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2006-05 | 11 | 3 | 12 | 2 | 1 | 5 | 5 | 0 | 0 | 6 | 6 | 4 | 3 |
| 2006-06 | 12 | 0 | 4 | 0 | 4 | 5 | 2 | 0 | 0 | 5 | 8 | 4 | 5 |
| 2006-07 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4 | 7 | 3 | 19 |
| 2006-08 | 7 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13 | 0 | 4 | 4 | 0 | 18 |
| 2006-09 | 5 | 0 | 7 | 2 | 1 | 3 | 2 | 3 | 5 | 6 | 0 | 4 | 2 |
| 2006-10 | 3 | 1 | 8 | 0 | 1 | 4 | 2 | 0 | 1 | 4 | 0 | 2 | 0 |
| 2006-11 | 2 | 0 | 2 | 0 | 3 | 4 | 3 | 2 | 2 | 2 | 0 | 9 | 5 |
| 2006-12 | 6 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 9 | 0 | 1 | 8 | 0 | 4 | 5 |
| 2007-01 | 7 | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 4 |
| 2007-02 | 5 | 2 | 0 | 1 | 2 | 2 | 8 | 0 | 4 | 7 | 0 | 1 | 0 |
| 2007-03 | 7 | 0 | 2 | 3 | 6 | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 6 |
| 2007-04 | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 |
| 2007-05 | 3 | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 24 |
| 2007-06 | 1 | 5 | 0 | 0 | 24 | 1 | 2 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 5 |
| 2007-07 | 6 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 2007-08 | 0 | 2 | 4 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 11 | 0 | 0 |
| 2007-09 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 3 | 7 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| 2007-10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 5 |
| 2007-11 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 8 | 0 | 1 | 0 | 0 | 11 |
| 2007-12 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| 2008-01 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 2008-02 | 6 | 0 | 3 | 1 | 5 | 0 | 3 | 1 | 2 | 6 | 1 | 8 | 4 |
| 2008-03 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 2008-04 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 4 | 2 |
| 2008-05 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 12 |
| 2008-06 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 | 6 | 0 | 2 | 11 |
| 2008-07 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 1 | 3 | 1 | 2 |
| 2008-08 | 2 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 1 |
| 2008-09 | 2 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2008-10 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| 2008-11 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 2 | 11 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 | 0 |
| 2008-12 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 2009-01 | 1 | 6 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 1 |
| 2009-02 | 4 | 9 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 9 | 0 |
| 2009-03 | 3 | 16 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 14 | 0 |
| 2009-04 | 6 | 7 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 10 | 0 |
| 2009-05 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 2009-06 | 2 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 2009-07 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 2009-08 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 12 | 0 |
| 2009-09 | 2 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 5 | 0 |
| 2009-10 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 2 |
| 2009-11 | 0 | 0 | 4 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 | 2 |
| 2009-12 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| 2010-01 | 8 | 8 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 |
| 2010-02 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 8 | 0 |
| 2010-03 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 2010-04 | 2 | 0 | 4 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| 2010-05 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 5 |
| 2010-06 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 2010-07 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 |
| 2010-08 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 |
| 2010-09 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 |
| 2010-10 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| 2010-11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| 2010-12 | 0 | 5 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |

*Табела 3 Фреквенција на појавност на оштествени барања според псевдотипизирани категории*

Повеќето од барањата кои доаѓаат од медиумскиот, образовниот, здравствениот, административниот, земјоделскиот и производствено-услужниот сектор се формулирани

како работнички барања – барања за исплата на заостанати плати, покачување на платите или барања за почитување на правата од работен однос.

Но исто така, во секој од овие сектори регистрирани се барања кои се однесуваат на подобрување на услугите – како на пример барањата на пациенти и нивните семејства за пристап до терапија или подобрување на здравствената заштита. Барањата во комунално-еколошкиот домен се најчесто барања во локални заедници за подобри комунални сервиси. Конечно, етно-политичките барања се манифестирале како барања за ширење на учеството во политичките процеси на најголемата немнозинска етничка заедница. Овој „тип" барања се дистрибуирани низ поголемиот дел од социополитичкиот терен и на табелата погоре може да се види таа дистрибуција во еден темпорален континуум. Во април и мај 2006 година – непосредно пред изборите, се гледа згуснување на фреквенциите на барања формулирани во производствено услужниот домен. Има видливост и на општествените барања во неколку други сектори – на пример административниот, комунално-еколошкиот, барања поврзани со граѓанската безбедност и слично. Непосредно по изборите 2006 година, со кои новото ВМРО-ДПМНЕ ја освои власта, забележливо е згуснување на општествени барања кои се конституирани како етно-политички или кои имаат поврзаност со некакви идентитетски етно-верско-културални значења. Овие барања со различен интензитет, но во континуитет се манифестираат во дискурзивното поле. Така во јуни 2007 година тие повторно се згуснуваат, како што се згуснуваат и барањата на вработени во административниот сектор, додека истовремено се интензивираат протестите поврзани за тие прашања. Во 2008 година, се сменила динамиката на појавност на овие барања – четири месеци пред изборите во 2008 година и два месеца пред одржувањето на НАТО самиот на кој Македонија не успеа да стане дел од Алијансата, јавната манифестација на сите општествени барања речиси исчезнува, со исклучок на барањата кои се идентификувани како етно-политички - тие добиваат видливост во неколку бранови меѓу изборите 2006 и изборите 2008 година, во постојани манифестации на протест и бојкот на институционалните процеси. Во текот на 2009 година, за време и по изборниот процес на локалните избори се зајакнуваат, она што може да се нарече, земјоделски барања и барањата поврзани со идентитетско-верските антагонизми, за конечно во текот на 2010, да се намали агрегатот на општествените барања – состојба која ќе биде сменета драматично по изборите во 2011 година.

Но, ваквата презентација на манифестираните барања, тврдам, тука го достигнува својот аналитички лимит – таа е важна во онаа мера во која е индикативна за една хетерогеност во социополитичкиот простор којашто може, но не мора да биде прашање на *медиумски ефект*[112]. Таа иако е позитивистички непедантна, сепак е индикативна за една

[112] *Теоријата на медиумски ефекти* во комуникологијата, му посветува исклучително внимание на прашањето на медиумската конструкција на стварноста – концепти како *CNN ефектот* или таканаречената *Медиумска пристрасност* (media bias) се земени како објаснувачки концепти за тенденцијата на медиумите да произведуваат или да засилуваат значења кои, е можно да немаат такви димензии во стварноста (Bryant & Oliver, 2009). Компетитивните теории како

хетерогеност. Хетерогеноста, како што видовме во теоретската дискусија е нужен, но не и доволен услов за конструкција на групни идентитети. Оваа презентација, така, не ни кажува многу за тоа дали и како, определен спектар нестабилно манифестирани општествени барања биле вовлечени и поврзани како еквиваленцијални моменти во определена хегемониска врска. Од оваа причина, како што и тврдев во теоретската рамка, потребна е анализа која ќе успее да ја деконструира појавноста на хетерогените општествените барања и која нив ќе ги зафати во нивната инхерентна нестабилност, за да даде објаснување за тоа дали и како тие конструираат еквиваленцијални врски односно, зошто не го прават тоа. Овде, затоа презентирам пет темпорални мапи на манифестирани општествени барања кои, опишуваат мноштво симултани контингентно поврзани социополитички процеси и кои можат да фрлат светло на процесите на конструкција на значење во дискурзивното поле *(види Анекс 1)*.

Темпоралните мапи на општествените барања од изборите во 2006 до предизборјето во 2010, јасно укажуваат на социополитички процеси кои се многу посложени од објаснувањата што можат да бидат понудени од агрегатот податоци за истиот период. Најмалку три важни нешта се веднаш воочливи на нив: *Прво*, воочлива е голема хетерогеност на општествени барања кои меѓутоа не се артикулирани како популарни идентитети, *Второ*, видливи се првите манифестации на антигруевистички артикулации, конструирани како антиавторитарни идентитети, најпрво во образовниот сектор во 2008 година, а потоа во 2009 година и во доменот кој беше прелиминарно идентификуван како идентитетски маркери, и *Трето,* видливо е како е конструирана етничка популистичка хегемонија, со која е овозможена стабилизација на еквиваленцијата меѓу означителот *Демократска унија на интеграција* и „албанскиот тоталитет". На следниве страници, во три точки, во повеќе детали ги образложувам овие процеси:

- *Вишок и хетерогеност барања во дискурзивното поле*

Изборните процеси може да бидат своевиден дислокаторен момент во конструирањето на популарни идентитети во демократските аранжмани, бидејќи нивниот притисок во дискурзивното поле неретко мобилизира и мноштво и хетерогеност општествени барања. Оваа инфлација барања, како во случајот со Македонија во мај и јуни

---

теоријата на политичкиот процес како онаа на Гади Волфсвелд (Wolfsfeld, 1997), тврди дека локусот на значење е кај политичките актери и дека медиумите го преземаат значењето го засилуваат и повторно го враќаат во политичкиот процес. Но, двете овие сопернички теории претпоставуваат дихотомизација на „медиумите" од една страна и „политиката" од друга, занемарувајќи ја контингентната природа на дискурсот и во таа смисла на моќта, која може да конструира локус на различни позиции. Овде е доволно да кажам дека целта на оваа дисертација не е да утврди дали манифестираните барања се прашање на медиумска пристрасност или медиумски ефект, туку да анализира како барањата што на каков било можен начин трепerat во дискурзивното поле (значи јавно), конструираат или не социополитички идентитети кондуктивни за една популистичка манифестација во општествените движења во еден историски момент во Македонија.

2006[113], значеше мобилизација од една страна на мноштво барања на активните работници во здравствениот и во административниот сектор и стечајните работници во производствено-услужниот сектор, а од друга страна значеше зајакнување на јавната видливост на социјално економските барања на социјално загрозените популации.



*Слика 1 Сегмент од темпоралната мапа од 2006 година (за целата мапа види Анекс 1)*

Спектарот барања поврзани со „правата на стечајните работници“, на мапата се видливи најдолу во темно црвена боја. Стечајните барања воопшто се беа манифестирале

[113] Сложеноста на симултаните процеси може да се види на деталните мапи на поширокиот социополитички терен поставени во Анекс 1 на оваа дисертација. Од нив, во текот на презентацијава на оваа анализа вадам исечоци онаму каде што тоа е релевантно за аргументот.

во дискурзивното поле, уште од раните 1990-ти, кога почна она што е познато како *Транзиција* - означител кој ја рационализираше дезартикулацијата на „општествена сопственост“ од доминантниот социополитички аранжман, овозможувајќи ја хегемонизацијата на таканаречениот неолиберализам. Политичката логика на „Транзитологијата“ е фазно телеолошко протегање: сеприсутното зголемување на сиромаштијата е привремена состојба која многу скоро ќе биде надмината од демократизацијата и нејзината неминовна благосостојба – како што тоа е случај со западноевропските земји. Од 1990-тите години оваа политичка логика доби консензус видлив во политиките на општа либерализација и масовна и некритична приватизација на општествената и државната сопственост, вклучително и приватизација на јавниот простор – од социјалдемократијата беа дезартикулирани елементите поврзани со работничките права и социјалната правда, а кај „десницата“ - овие општествени барања беа поставени во еквиваленцијална врска со „етно-националните прокси-мобилизатори“. Во март 2006 година, непосредно пред изборите, беше донесен нов закон за стечај[114] во кој, меѓутоа, не беше предвидено преференцијално обесштетување на работниците од фирмите во стечај. Двата донесени закона од осамостојувањето до тогаш, видливо ги уназадиле работничките права – со нив на пример, штом нема донесен план за реорганизација на претпријатието, вработените веднаш го губеле статусот на вработени и го губеле правото да имаат претставник во одборот на доверители, поради што ја губеле моќта за спогодбено преговарање. Освен тоа, со овие закони било предвидено обештетувањето за неисплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување да се пресметуваат на најниската основица[115]. Мерката за вработување која била предвидена – имено, стечајните работници да имаат предност при вработување кај должникот по стечајната постапка, очигледно станало невозможно да се имплементира. За мнозинството стечајни претпријатија, стечајната постапка значела и финална ликвидација, а пазарот на трудот не успевал да ја апсорбира оваа популација на невработени и необесштетени граѓани - оттаму, пролиферацијата на барања поврзани со обесштетување и вработување на стечајните работници, како што е видливо со темно црвената боја на дното на мапите 2006-2010 година.

Барањата поврзани со социјалната заштита се донекаде, своевиден ефект на истите процеси што ги изложив во претходниот параграф. Но, манифестацијата на барања за социјална правда од 2006 до 2010 година, како што особено може да се види со светло црвената боја на мапите од 2006-2010 година[116] беа пред сè поврзани со исходот од конфликтот во Македонија од 2001 година, по којшто немаше соодветен процес на

---

[114] Овој закон кој го замени законот од 1997 година и беше менуван два пати во периодот кој е во фокус во Првата петолетка – еднаш до крајот на таа 2006 година и еднаш во 2007.
[115] За опсежната анализа за овој проблем види: (Ковачевски, 2010, pp. 165-171)
[116] За повеќе детали погледнете ги мапите во Анекс 1

реконсилијација и враќање на раселените лица во некогаш конфликтните подрачја. Од вкупно регистрирани 76000 внатрешно раселени лица во тој конфликт, во литературата се известува за околу 600 кои немале сатисфакција од подобрување на нивниот статус, а повеќето од раселените биле популација која и пред конфликтот живеела со месечни примања доволни единствено за основна одржливост (sustenance) [117]. Во 2006-та, немаше диференцијално задоволување на овие барања и раселените лица продолжија да бараат да останат во прифатните центри бидејќи не им беше решено станбеното прашање од државата која во 2001 година не успеала да ги заштити нивните домови. Дополнително барањата на овие лица беа поврзани со обештетување, обезбедување социјална помош и вработување.

Дистрибуцијата на барања низ социополитичкиот терен меѓу 2006 и 2010, укажува на манифестација на мноштво барања во здравствениот како и во образовниот сектор. Во здравствениот сектор (розовата боја на мапата) пред и неколку месеци по изборите од јули 2006, се појавиле барања за непрекинат пристап до лекови и соодветни лекарски услуги на лица кои се заболени од хронични заболувања, како и барања од работничкиот „корпус" - поврзани со платите и бенефициите на вработените во здравствениот сектор, како и решавањето на статусот на хонорарно ангажираните лекарски работници. Во образовниот сектор, на сличен начин се појавуваат барања поврзани со работничките права, бенефиции и плати на просветните работници, претставени од СОНК, како и барања на ученици од средно образование кои во овој период бараа укинување на плановите и подоцна спроведувањето, на таканареченото „екстерно тестирање". Барањата во овие домени се провлекуваат низ целиот период на она што го нареков *Прва петолетка,* како што во повеќе детали може да се види во Анекс 1.

Но, наодите сугерираат дека ова мноштво не се транспонирало во антагонизам кој е конститутивен на некаков стабилизиран социополитички идентитет. Барањата во овие домени манифестирани меѓу 2006 и 2010 година се така *неартикулирани барања*, односно тие се манифестирале единствено во својата партикуларност, без да бидат поврзани со други барања што би овозможило да се конституира социополитички идентитет. Со вокабуларот на постструктуралистичката теорија на дискурсот, барањата не направиле онтолошки скок цепејќи го своето значење надвор од конкретниот ресентимент. Динамиката во сите овие домени е различна како што се различни и причините за инхибирање на артикулацијата.

Така, во производствено-услужниот домен, предизборната мобилизација на стечајните барања ја поставило тогашната влада на Бучковски пред дилемата како да ја издише растечката инфлација на ресентименти кои се јавно манифестирани како стечајни барања. По притисокот од неколку протестни манифестации и преговори со *Здружението на стечајци*, кое било промовирано како застапник на стечајните барања, кон крајот на мај

[117] Антрополошка анализа за проблемот е објавена од УКИМ во 2012 види: (Наковски, 2012, pp. 38-54)

2006 г., во Собранието бил донесен *Законот за поттикнување на вработувањето*, кој требало да важи од 1 јули 2006 до 1 јули 2008 година и кој требало да ги апсорбира


ОТКАКО ВЛАДАТА ЗАВЧЕРА ОДЛУЧИ ДА ИМ ДАВА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ



**Стечајците извлекоа пет милиони евра годишно од Буџетот**

"Задоволни сме што од Владата извлековме пет милиони евра годишно и што двегодишните разговори резултираат со толку средства што ќе бидат наменети за стечајците со над 25 години работен стаж", вели Стојан Стојанов, претседател на Здружението на стечајните работници.

Слика 2 Протест на кумановсите стечајци во 2006-та извор Вест број 1777 27.05.2006 и 1778, 29.05.2006

стечајните работници од пазарот на трудот[118]. Но ветувањето на Законот со одложено и краткотрајно дејствие не бил доволен за диференцијално задоволување на барањата. Така било објавено дека владата решила да им даде на стечајците, кои имаат повеќе од 25 години стаж еднократна парична помош за што од буџетот за тоа требало да бидат издвоени 5 милиони евра. Иако оваа помош во најавата на владата била обележана како „еднократна“[119], од образложенијата на стечајците разбираме дека тие сметаат дека добиле редовна постојана исплата за оваа категорија луѓе[120]. До средината на јуни таа година, значи непосредно пред почетокот на изборната кампања, станало јасно дека во случајот се работело за важни разлики меѓу Здружението и Владата околу тоа дали се работи за одобрување на социјален пакет за стечајните работници или за редовна исплата на пари за кои претставниците на Здружението сметале дека секако се пари кои стечајците реално ги заработиле. Откако на 13 јуни, преговорите конечно пропаднале, Владата решила да не го одобри ниту социјалниот пакет, по што Здружението продолжило да организира протестни манифестации, чии значења, овој пат неминовно влегле во изборната кампања[121].

---

118 За опсежната анализа за овој проблем види (Савески, 2010)
119 Види „Стечајците бараат власта да зема плата на три месеци“, Вест број 1777, 27.5.2006
120 Види „Стечајците извлекоа 5 милиони евра годишно од буџетот“, Вест број 1778, 29.5.2006
121 Види „Стечајците ќе ја чекаат идната влада“, Вест број 1779, 14.6.2006

Значи, за момент, пред изборите изгледало како да има диференцијално задоволување на овие општествени барања – секое барање во својата партикуларност во рамките на некаков институционален аранжман. Но, одбивањето да се задоволат овие барања експонирало продлабочен антивладин ресентимент којшто бил уште само една илустративна инстанција на дезартикулацијата меѓу моментите во еквиваленциите на македонската социјалдемократија и барањата за социјални и работнички права. Овој процес експонира една немоќ на социјалдемократите да конструираат социополитички идентитет околу овие барања.

Но дали, се поставува прашањето, овие барања, како резултат на неуспехот на социјалдемократите, биле впишани во други орбити во истиот период. Праксата на она што во теоријата на изборните процеси е познато под името „протестно гласање", е извесно дека ѝ овозможила дополнителна поддршка за дотогашната опозиција - но ова не значи и артикулација на стечајните барања. Процесот на преговори со Бучковистичките социјалдемократи и протестите за исполнување на барањата истовремено биле дислокаторен момент за единствената линија на притисок на *Здружението на стечајци* – веднаш по изборите се кристализирале тактички разлики – тактиката сфатена како седиментирана пракса - меѓу работниците од битолските и штипските претпријатија за кои претходните години бил прогласен стечај. Раздорот се кристализирал во отворен конфликт меѓу лидерите на „штипските" и „битолските стечајци", меѓу другото и околу тоа дали пред изборите требало, или не, да се преговара со владата која во меѓувреме беше сменета. На социополитичкиот терен продолжиле да се манифестираат стечајните барања за добивање месечен паричен надомест, за подготовка на нов закон за обесштетување на стечајците и за нивно вработување. Ова оттаму што ниту *Законот за поттикнување на вработувањето*[122] од мај 2006 не го поттикнувал приватниот сектор да ја апсорбира слободната работна сила[123], а ниту пак Портокаловата влада имала интерес, на почетокот на мандатот да ги задоволи овие барања, третирајќи ги стечајните работници како секој друг невработен граѓанин во државата[124]. Тврдата позиција за ова прашање на тогашниот министер за труд и социјална политика, Мешков, го експонира ефектот на дезартикулација на овие барања и во новиот социополитички аранжман што пак објаснува зошто беше возможно овие барања да продолжат да се манифестираат, често со протестни манифестации, особено во Битола, Штип и Куманово, во текот на следните неколку години. Тоа што овие барања не биле поврзувани низ праксата на протест на самите стечајци со симултаните барања за повисоки плати и сигурноста на работните места во различни други домени, објаснува како била овозможена нивната „слободна" циркулација без да бидат повлечени во орбита на некој извирачки социополитички идентитет.

---

[122] Службен весник на РМ, 62/06.

[123] Види „Ниеден стечаец не се вработи со Бучковиот закон", Вест број 1851, 23.8.2006.

[124] Види „Нема посебен закон за ниту пари стечајците" Вест број 1861, 4.9.2006.

Слична аргументативна логика може да се воочи и во другите домени во периодот меѓу 2006 и 2010 година: изобилство партикуларни барања кои од една стана не се диференцијално задоволени, но од друга страна не се ниту артикулирани и остануваат „слободни“, „вишок“, исцрпувајќи се во својата посебност без да можат да се универзализираат во нов социополитички идентитет. Бидејќи како што постулира постструктуралистичката и постмарксистичката деконструктивна логика - хетерогеноста на ова мноштво е нужен предуслов за артикулација и идентитет, потребно е да се осврнам на мноштвото други барања кои ги изложив погоре, а за кои должам објаснување за „неуспехот“ тие да се задоволат и истовремената инхибиција тие да се артикулираат.




*Слика 3 Протест на раселени жители на Арачиново извор Вест број 1842, 31.8.2006 г.*

Така, во она што привремено и прелиминарно го маркирав како „домен на социјална политика“ - поради дислокаторниот ефект на конфликтот од 2001 и ресентиментите поврзани со таа дислокација, овие социјални барања имаа силна етно-национална кондуктивност, или поинаку кажано артикулаторен потенцијал за популистичка хегемонизација - тие постојано треперат бивајќи конституирани во етно-политички и/или социјално-економски маркери, што е особено видливо во иконографијата на протестните настани на раселените лица од Арачиново. На пример на јунскиот протест 2006 година[125], непосредно пред изборите, како што може да се види на фотографијата, раселените организирани во здружението „Зора“ барале итно решавање на статусот на неколкуте стотици лица кои државата не ги заштитила во конфликтот тврдејќи дека, во населбата не се вратени единствено Македонците што претставува „етничко чистење“. Наспроти овој потенцијал, историското искуство фатено на мапите, укажува на тоа дека во овој наврат, поточно од 2006 до 2008 година, и барањата за социјална правда на социјално загрозените и маргинализирани сегменти – жртви на конфликтот не биле артикулирани со други – на пример, не се случила артикулација меѓу барањата за социјална правда на стечајните работници и барањата на жртвите или меѓу овие барања и во 2006 и 2007 година сè уште активните барања за обештетување на измамените штедачи од штедилниците како ТАТ и измамените купувачи на недвижен како во случајот ФИ-КОМ. Но, колебливоста и осцилацијата меѓу социјалните и етно-политичките маркери, барањата за решавање на

[125] Протестот на раселените Македонци од арачиново на 31.8.2006 година.

статусот на раселените лица ги прави важен артикулаторен капитал во годините по НАТО-самитот од април 2008.

Најголемо мноштво и хетерогеност барања во текот на 2006 и 2007 година се гледа во „комуналниот“ домен. Десетици изолирани барања се манифестираат во овој домен дневно поврзани со решавањето на проблемите со кучињата скитници, прашањата на јавниот превоз во Скопје и другите градови низ Македонија, барања за менување на деталните урбанистички планови, дислокација на објекти за кои се смета дека се хазард за заедницата, па сè до еколошки барања, како на пример деценискиот партикуларен притисок




*Слика 4 Сегменти од темпоралните мапи од 2006, 2007 и 2008 година (за целите мапи види анекс 1)*

за затворање на Велешката топилница или појавата на отпор кај населението кое живее на булеварот Илинден во Скопје против сечата на дрворедот на потегот од зградата на Владата па до Зоолошката градина. Описот на сите овие барања би бил бесмислен и доволно е, во полза на одбрана на аргументот, да се погледнат мапите на „комунално-еколошки" барања меѓу 2006-та и 2008 година, за да се види ова изобилство на изолирани барања – односно такви кои се изолирани во својата партикуларност на посебни конкретни сервисни проблеми, на посебни географски локации и по посебни ансамбли од индивидуи.

Да заклучам, на социополитичкиот терен меѓу 2006 и 2010 има мноштво и голема хетерогеност барања кои останале неартикулирани, ниту пак биле коагулирани во посериозна широка протестна манифестација – анализирав неколку барања во некои од домените, но тие како што може да се види на мапите во Анекс 1 - се насекаде низ дискурзивното поле. Сите овие барања може да се сметаат за „вишок" кој е артикулаторен капитал во конструкцијата јазолни точки и во репродукцијата или продукцијата на нови социополитички идентитети. Во некои случаи, како во примерот со стечајните барања се работи за „замрзнат вишок"- барања кои се постојано манифестни, но никогаш неповрзани. Во некои други случаи, пак, барањата, како оние за социјална правда за раселените лица, тие посилно осцилираат меѓу нивниот етнички и социјално економски „идентитет" и биваат, можно, но не и нужно, повлечени во етно-националистички еквиваленции. Конечно, некои барања, иако неартикулирани конструираат посилна коагулација – и покрај тоа што привремено остануваат партикуларни, тие во определен историски момент се артикулираат со други барања доколку не се диференцијално задоволени. На овој „корпус барања" се фокусирам следно.

- *Рудиментарните артикулации на антиавторитарниот имагинариум*

Видливо на темпоралните мапи е дека, ако ја исклучиме етно-политичката хегемонија на која ќе се осврнам во следниот оддел во ова поглавје, меѓу 2006 и 2010 година се појавиле најмалку четири инстанции на згуснување на неартикулирани барања – повеќето од нив, но не сите, по 2011 година ќе почнат засилено да конструираат антиавторитарен и антигруевистички регистар[126]: *Првата* инстанција на згуснување била поврзана со убиството на момче од ромската заедница во мај 2006 година, од припадник на специјалните полициски единици – еден дислокаторен настан, кој се случи пред падот на Бучковистичката влада и кои манифестираше артикулаторен потенцијал, меѓутоа остана партикуларна манифестација чии маркери не беа артикулирани сè до 2011 година, кога беа метонимиски поврзани со движењето *Стоп за полициската бруталност*. *Втората* коагулаторна

[126] Го користам терминот „регистар" за да реферирам на една поедноставена верзија на концептот на Лакан за егзистенцијата на субјектот низ три регистри – Имагинарното (The Imaginary), Симболичкото (The Symolic) и Реалното (The Real) – сите видливи низ недостатокот (the lack).

инстанција, се однесувала на серијата барања на просветните работници од втората половина на 2008 година, за унапредувањето на нивниот социоекономски статус – работните услови, редовноста на платите, синдикалните барања за потпишување колективни договори кои ќе важат за сите. Оваа манифестација се развивала истовремено со протестите против екстерното тестирање – дел од првиот бран промени во образовниот сектор. *Третата*, се однесувала на серијата барања за да се спречи притисокот од тужби против новинарски професионалци, што веќе во 2008 година почнал да произведува таканаречен chilling effect врз слободата на изразување, кој меѓутоа не се кристализирал како антиавторитарна артикулација сѐ до моментот на апсењето на новинарот Томислав Кежаровски, после кој беше артикулиран во инцијативата *Слобода за Кежо*. *Четвртата*, се појавила во март 2009 година, како отпор против урбаната реконфигурација на главниот град, реконфигурација која нешто подоцна беше кристализирана во владината промоција на проектот Скопје 2014. Конечно, *Петтата*, поврзана со пропаѓањето на инвестицијата во млекарската индустрија на Сведмилк, во кој беа вовлечени општествени барања во производствениот и земјоделскиот домен од крајот на јануари 2009 година.

И без сериозен деконструктивен пристап, видливо е на мапите во Анекс 1 дека речиси секое од овие барања доживеало „цепење - splitting" во својата онтичка димензија, што истовремено го експонира нивниот онтолошки – антагонистички универзален статус. Во постструктуралистичка рамка – секое од овие барања претставува една партикуларна манифестација на потреба да се реши посебен општествен проблем, но речиси истовремено, секое од нив е нешто повеќе од тоа и упатува на својата другост - нивната конститутивна другост. Како кога, на пример, барањето властите да го разрешат случајот на едно убиство од полициски службеник истовремено ја експонира „бруталноста на полицијата", „слабоста на правосудниот систем", „дискриминацијата на определени маргинализирани групи". Процесов на цепење на идентитетот на барањето може добро да се илустрира со барањата поврзани со случајот на исчезнувањето и убиството на Трајан Беќиров.

На 26 мај 2006 година, непосредно пред општите избори кои се одржаа неколку месеци подоцна, пред Собранието протестирале група Роми од скопската населба Ѓорче Петров, барајќи ја вистината за исчезнувањето на 17-годишно момче од нивната населба кое го снемало десет денови претходно во близина на мостот Обединети нации. Ноќта кога се случил инцидентот, момчето, заедно со негов другар, бегало од група претставници на специјалната полициска единица, Алфи, поради учество во кражба. Семејството направило обид да добие информации директно од полицијата, но институцијата не дала образложение за настанот, ниту пак имало изгледи дека се прави истрага. Следниот ден телото на Беќиров било пронајдено и била објавена неговата смрт. На барањето на

семејството за „враќање на Трајан жив“[127], во следните неколку месеци се множеле други барања - семејството и мала група од оваа населба, како што може да се види на мапата, барале да биде истражено под кои околности загинал Беќиров. Во следните денови активисти на *Хелсиншкиот комитет за човекови права* преземале обврска да застапуваат за овој случај и било побарано на виновните за настанот да им биде утврдена одговорноста, што веќе отворено сугерира прекршување на правилата за поведение на специјалните единици[128]. Во следните недели било барано итно да биде објавен обдукцискиот наод кој доцнел неколку недели од определениот рок за објавување, по што бил ангажиран независен тим странски форензичари за да утврдат дали институциите се обиделе да го прикријат предметот. Ова поместување на тежиштето на барањето од партикуларниот случај на исчезнување и убиство кон „институционална дисфункционалност“, „недоверба во праведноста на системот“, „бруталност на институцијата којашто треба да се грижи за граѓанска заштита“, го конституира расцепот на партикуларноста на барањето и негова универзализација. Но, процесот не завршува тука – меѓу мај и август 2006 година барањето поврзано со случајот на Беќиров било делумно артикулирано со други барања за *правда* и *спречување на дискриминацијата* – на пример, барањата од почетокот на јуни таа година, на група жртви на полициско насилство за правен исход на нивните случаи, барањата за исплата за отштета на лице врз кое припадници на специјалната полициска единица употребила насилство, или барањата за ослободување на приведени Роми од Гостивар. Воспоставена е тука, двојна метонимиска врска меѓу овие барања. Поврзаноста е конструирана врз основа на тематска сличност за агресијата на една институција кон група граѓани и ромската етничка идентификација на тие граѓани. Таа врска меѓу барањата е конститутивен момент на идентификација на „Ромите“ како група која е „обесправена“ и „дискриминирана“. Истовремено, тој гледа на седиментираната пракса на институциите како „неправедна“ и „брутална“. Но, оваа конституција на идентификацијата е прекината на ова ниво и таа не излегува надвор од тој тесен агол на конкретниот хронотоп – барањата преку кои е експониран некаков артикулаторен процес откриваат почеток на создавање на еквиваленцијални јазли, но тие не воспоставуваат врски надвор од неколкуте означители како „Роми“ и „дискриминација“ поврзани со семејството на Беќиров, со изолираниот ансамбл на неколку десетици обесправени граѓани и неколку граѓански организации. Артикулацијата на овие барања во поширока еквиваленцијална врска не била обезбедена ниту во 2007 година кога однесувањето на специјалните единици станало цел на подетален мониторинг од организации во непрофитниот сектор[129]. Таа ќе биде овозможена дури во 2011 година, кога била кристализирана идејата за „бруталноста на полицијата“ и потоа таа била повлечена во еквиваленција со други антиавторитарни барања.

---

[127] Види „Вратете го Трајан жив“! Види Вест број 1777, 27.5.2006.

[128] „Алфи Убијци“, бил еден од транспарентите на протестите на група од стотина Роми пред Собранието, Види Вест број 1777, 27.5.2006.

[129] *Хелсиншкиот комитет* и *Коалицијата Сите за правично судење.*

Од различни причини, ќе ги оставам настрана сите други згуснувања – на пример барањата на вработените во Македонската радиотелевизија ќе бидат оставени настрана бидејќи низ целиот период кој е фокус на оваа анализа, и покрај нивното згуснување тие останале неартикулирани, додека во медиумскиот сектор истовремено имало повеќе историски раздобја во кои барањата станувале моменти во еден еквиваленцијален јазол – како што ќе видиме од анализа на артикулациите во 2015 и 2016 година. Други згуснувања пак, како барањата поврзани со спречување на притисокот кон новинарите, ќе ги оставам настрана, бидејќи тие ќе бидат анализирани во следното поглавје кога ќе ја дискутирам нивната артикулација под празните означители „слобода на говор“ и „правда“.

Од излистаните инстанции на коагулација на барања во периодот меѓу 2006 и 2010, се задржувам на две, за кои темпоралните мапи укажуваат дека се основата на антиавторитарниот имагинариум во социополитичкото искуство со груевизмот - односно на




*Слика 5 Сегмент од темпоралната мапа од 2006 година (за целата мапа види анекс 1)*

двете кои најјасно ја експонираа идентификацијата на груевизмот како „режим“, „фашизам“ или „авторитаризам“[130]. *Едната,* во образовниот сектор поврзана со социоекономскиот статус на просветните работници и *другата*, поврзана со отпорот против урбаната и симболичка реконфигурација на македонската идентификација.

Темпоралните мапи укажуваат на константна манифестација на барања за подобрување на социоекономскиот статус на просветните работници. Како што може да се

[130] Повторно потсетувам дека оваа операција на именување не е фиксирана на овој начин поради личната преференција на авторот туку поради дискурзивната објективација која ги фиксираше на тој на тој начин.

види во Анекс 1, непосредно пред изборите во 2006 г. и во следните неколку години – до крајот на 2008 година - имало спорадична манифестација на барања за фер покачување на платите и обезбедување бесплатен превоз на просветните работници, исплата на заостанати плати кои во некои македонски општини доцнеле и по неколку месеци и повремени штрајкови за овие барања организирани од *Синдикатот на образование наука и култура – СОНК* кој исто така организирал штрајкови на кои се барало одмрзнување на сметката на Синдикатот која била замрзната за време на Бучковистичката влада. Меѓутоа по изборите во 2008 година овие барања станале товар за Втората груевистичка влада бидејќи нивната манифестација ги усложнувала промените – промовирани како *реформи*, што таа сакала да ги спроведе, а биле поврзани со организација и проверка на образовниот процес. Подоцна овие чекори на Владата ќе бидат експонирани како структурација на авторитарна контрола




*Слика 6 Сегмент од темпоралната мапа од 2008 година (за целата мапа види анекс 1)*

врз производството на знаење, но во овој историски момент антагонизмот што бил произведен од барањата за социоекономски подобрување во образовниот сектор појасно експонирале уште една инстанција на *бруталност* на новата Влада во Скопје.

Во октомври 2008 година властите најавувале промена во начинот на пресметка на платата – промена поширока од полето на просветните работници. Со оваа промена било најавено дека од јануари 2009 година, надоместоците за хранарина и за превоз немало посебно да бидат претставени во структурата на бруто платата, туку тие требало во неа да влезат како единствена сума за бруто плата. Реформата била препознаена како намалување на приходот на работниците, без тоа да изгледа како намалување. Затоа кон крајот на ноември и почетокот на декември 2008 година, просветните работници организирани од СОНК, по неколкумесечни закани дека целиот образовен процес ќе биде во опасност ако не се исполнат нивните барања, излегле на генерален штрајк во Скопје, со барање

надоместоците да бидат јасни во структурата на платата и тие да изнесуваат 20% од неа. Штрајкот почнат на 24 ноември направил кристализација - оваа протестна манифестација претставувала своевидно метонимиско поврзување на серијата барања кои ги изолирав претходно и нивна моментална артикулација со барањето на СОНК Владата да потпише колективен договор со просветните работници. Ова барање ги компресирало сите останати барања во овој домен во нешто што наликува на јазолна точка која експонирала еден втемелувачки антагонизам, а како свој ефект привремено го конституирала субјективитетот на СОНК на социополитичкиот терен. Изолираните барања на просветните работници до тогаш, можеле да бидат „управувани" од Владата со различни тактики – на пример за време некои манифестации на протест имало владини ветувања кои сугерирале дека барањето ќе биде диференцијално задоволено, или пак низ различни видови на неформалност и клиентелизам можело да се овозможи парцијално задоволување на некои од барањата на некои суб-групи од просветни работници и на тој начин да биде де-мотивирана масовноста на штрајковите. Но, по самитот на НАТО и особено по изборите од јуни, од една страна буџетот на владата бил финансиски исцрпен, а од друга страна конструкцијата и пролиферацијата на „жртвен" дискурс по ветото ѝ овозможило водечката партија, повеќе простор за притисок врз оние сегменти во дискурзивното поле во коишто имало изгледи дека се конституира антагонизам против неа. Затоа, откако на 20 ноември 2008 година, СОНК и просветните работници, поради неисполнување на нивните барања, најавиле генерален штрајк на целата територија на земјата, имало јасна супресивна реакција на властите чија тактика била да ја спречат јавната манифестација на барањата кои не можела да ги исполни. Оваа супресија може да се прочита во владините „мерки" за демотивирање на штрајкот – на неколку национални телевизии почнала платена владина кампања во која на публиката ѝ се објаснувало зошто штрајкот бил неоправдан[131], во обид да ги намали шансите за солидаризација и симпатии на поширокото граѓанство со антивладиниот сентимент кој се креирал. Потоа во обид да ја намали мобилизациската моќ на штрајкот, заменикот премиер Ставревски, широко толкувајќи ги Законите за средно[132] и за основно образование[133], и наспроти уставно загарантираното право на протест, објавил дека Државниот пазарен инспекторат на училиштата и градинките во кои ќе има нарушување на наставната програма ќе им изрекува глоба од 3000 евра[134], било објавено дека директорите на овие градинки и училишта што ќе „дозволат" нарушување на наставата ќе биде поведена дисциплинска постапка, дека ќе има казни и за вработените и дека во случаите кога има целосно

[131] Види „80000 евра дневно, за плашење" Вест број 2533, 26.11.2008. Инаку таканареченото „владино рекламирање" било една од главните алатки за купување на медиумската наклонетост кон „владината вистина" – инструментот бил укинат по таканаречениот *Пржински договор*, кога во Законот за медиуми бил вметнат член 102 кој експлицитно забранува државно рекламирање. Овој член од законот за Медиуми беше избришан и со тоа државното рекламирање повторно дозволено во февруари 2024 година.
[132] Службен весник
[133] Службен весник
[134] Види Вест број 2532, 24.11.2008.

нарушување на наставата ќе бидат разрешувани на директорите[135]. Но, штрајкот продолжил и покрај овие закани – во речиси 70% од училиштата и градинките имало или целосно или делумно нарушување на наставата[136]. Бидејќи станало јасно дека штрајкот почнал да добива сила, инспектори од Инспекторатот за образование почнале да прават „попис“ на вработените кои излегувале на штрајк[137], извесно е дека опасноста од реперкусии ги мотивирале раководствата на образовните установи на просветните работници кои работеле со таканаречени „договори на дело“ да им нагласат дека договорите нема да им бидат продолжени, доколку не го прекинат штрајкот[138]. Освен тоа, мотивите за штрајкот биле поврзани со „замешателството“ на социјалдемократите - артикулација која цела деценија успешно ги делегитимирала сите антагонистички манифестации кон владата, а за време на штрајкот биле мобилизирани и родители на ученици да протестираат против прекинувањето на наставата[139].

Но, додека СОНК најавувал радикализирање на штрајкот[140], повикувал на протест против притисоците на владата[141] и обезбедувал поддршка од Интернационалата за образование за исправноста на нарушувачките тактики на просветните работници[142], истовремено бил вклучен во преговори со Владата. Така на 3-ти декември 2008 година било објавено дека штрајкот бил прекинат поради ветувањето дека ќе се потпишат колективни договори во образованието, дека од 1 јануари 2010 година платите во образованието ќе бидат покачени за 900 денари, а на крајот на март 2009 година ќе бидат потпишани договори за вработување на неопределено време за оние наставници кои имале договор на определено[143].

Но, веднаш по ненадејната објава на „компромисот“, за СОНК станал проблематичен статусот на победник во нерамната битка. Барањата кои конструирале обемен антивладин сентимент на социополитичкиот терен, беа внесени во преговарачки аранжман од каде што станало јасно дека излегле како умерени концесии од Владата[144]. Во исечокот од коментар во тогашниот дневен весник *Дневник* е фатен овој момент:

---

[135] Ibid.

[136] Тогашниот министер за образование Перо Стојановски на 24 ноември 2008 година изјавил дека во 32 % од училиштата и градинките наставата се одвивала нормално. Види „Стојановски: 32 отсто во училиштата наставата се реализираше нормално“, Нетпрес 24.11.2008, и „МОН: Во 32 отсто од училиштата наставата се одвиваше нормално“, Кирилица 24.11.2008

[137] Види *„Инспектори ги попишуваше штрајкувачите“*, Вест, број 2533, 25.11.2008.

[138] Види „Владата држи во рака 8000 наставници“ Вест број 2534, 26.11.2008

[139] Види Терор, понижување и лицемерство, Дневник, 5.12.2008, коментар на Тале Герамитчиоски; “Родители бараат прекин на штрајкот Утрински весник, 2.12.2008.

[140] Види „Штрајкот ќе роди протести“ Време, 28.11.2008 (Архива time.mk), „СОНК од понеделник ќе штрајкува со глад“ А1 28.11.2008, (Архива time.mk), „Кривични за директорите во источна Македонија кои го спречувале штрајкот“ Канал 5 29.11.2008 (Архива time.mk).

[141] Види „Дојчиновски ќе штрајкува со глад“, Вест, број 2537, 29.11.2008

[142] Види „Штрајк со работење не постои“ Вест број 2539, 2.12.2008

[143] Види „Прекинат Штрајкот на учителите“, BBC на македонски, 3.12.2008, Достапно на: BBCMacedonian.com | Вести | Прекинат штрајкот на учителите

[144] „Ретерираше ли СОНК во своите цврсти барања?“, 3.12.2008, А1 (Архива time.mk).

"Кажано со спортски речник - натпреварот заврши нерешено. Но, само навидум. Кога ќе се сумираат резултатите, произлегува дека СОНК „закла вол за кременадла". Синдикатот доби малку, но изгуби многу. Она што останува како горчлив вкус по Пировата синдикална победа е фактот дека членството ја изгуби вербата во слободата на здружување. Се увери дека правата што ги гарантира уставот, воопшто не се загарантирани во македонската политичка практика и дека таа само декларативно се повикува на тој устав. По овој политички опструиран штрајк, членството на СОНК, но и граѓаните во земјава неповратно изгубија верба дека во земјава е можна каква било форма на синдикално организирање и дејствување, па дури и формално. По притисоците со кои власта претходно го скрши штрајкот на СОНК, прашање е дали некој во иднина воопшто ќе помисли, а камоли да се дрзне да ги бара своите синдикални права преку пасивен протест со чмаење на работните места, а уште помалку преку активен штрајк. Во оваа земја таа приказна заврши. Дојчин Цветановски може краткорочно да се гордее на својот мал синдикален учинок, кој заврши како „решение на почек", но долгорочно треба да биде загрижен за „тестаментот" што му остана на синдикалното здружување во Македонија. Особено, треба да биде загрижен за тортурата што ја доживеа наставничкиот кадар за време на штрајкот, како и за архивата од податоци за ученици, родители и наставници, која може да биде злоупотребена од власта за спектар од реваншистички постапки. Меѓу битката за демократијата и за хранарината, настрадаа правата. За жал, тие не може да бидат надоместени со никаков колективен договор"[145].

Мобилизацијата во образовниот сектор во 2008 година, така ја овозможила првата сериозна кристализација на операцијата на моќта на социополитичкиот терен. Пролиферацијата на барања кои не биле диференцијално задоволени, била основата на едно метонимиско поврзување меѓу нив - како коагулиран колективен копнеж кој бара задоволување. Во оваа субјектна позиција, СОНК ги залепил барањата во својата орбита и конституирал пракса која можела да конституира постабилен социополитички идентитет. Пред оваа кристализација, симболичката моќ на груевизмот била разлеана низ дискурзивното поле, конструирајќи внатрешни непријатели од социјалдемократите, како што објаснив во воведот на анализата, но таа артикулација немала овоплотување – не се манифестирала низ јасно читлива пракса.

Осумдневниот штрајк меѓутоа, експонирал неколку елементи закачени на ѕидот на антиавторитарниот регистар: Прво, ја експонирал подготвеноста на втората груевистичка влада да употреби репресивни методи за да ја заштити својата стабилност – да се вовлече во „тортура на наставничкиот кадар", „политички да го опструира" или да го скрши штрајкот на СОНК, како што се гледа на цитатот погоре. Оваа позиција била зајакната со ветото во Букурешт, бидејќи втората влада, антиципирајќи ја можноста за нејзината идентификација да се артикулираат елементи како „изолационизам" и „неуспех", почнала уште поагресивно да ја антагонизира политичката опозиција, во чија гравитација почнала да ги притиска сите типови на отпор кон неа. Така, една од тактичките операции за време на осумдневниот

[145]Види „Си бил еднаш еден штрајк" – Дневник, 4.12.2008, коментар на Анета Тодевска.

штрајк, била, неговиот мотив да биде вовлечен во нарушувачките цели на социјалдемократите.

*Второ*, кристализацијата не завршила на ова основно ниво – кршењето на отпорот бил веднаш поврзан со означители како „демократија“, „разочарување“, „правен поредок“. Токму ова поврзување е сугерирано со разбирањето дека по искуството на осумдневниот штрајк и неговото задушување „членството ја изгуби вербата во *слободата на здружување [н.з.]*“ дека „*правата што ги гарантира уставот* [н.з.], воопшто не се загарантирани во македонската политичка практика“ и дека „меѓу битката за демократијата и за хранарината, настрадале *правата [н.з]*. Оваа артикулација меѓу еден штрајк за притисок за остварување на социоекономска благосостојба кај дел од популацијата од една страна и повикување на „демократијата“, „уставот“ „поредокот“ и „правата“ е исклучително важна кристализација. И покрај тоа што ефектот од неа во 2008 година бил сентиментот на разочарување, сепак таа врска е важна за конструкција на социополитички идентитети.

Конечно, *Трето,* осумдневниот штрајк во 2008 година, ја експонира немоќта да се калцифицираат стабилни дискурси на отпор на социополитичкиот терен и неможноста синдикатот да биде конструиран како историски субјект на нов социополитички идентитет. Извесно време изгледало дека за СОНК како означител се артикулираат елементи на антивладин отпор, но таа структурација многу скоро се дезитегрирала, бидејќи не било воочено дека силната и брза мобилизација е огромен симболички влог во конструкцијата на демократски субјективитет. Конструкцијата на „слабоста“ на отпорот, е конститутивната другост на неприкосновената авторитарната сила на втората груевистичка влада. Затоа, веројатно најважното спознание изнесено во јавноста во тој момент било разбирањето дека кршењето на отпорот во неговиот зачеток е стратегиска одредница на владата по 2008 година – оттаму укажувањето во цитатот погоре дека СОНК не може да слави туку напротив треба да се загрижи за тоа дека штрајкот на груевизмот му овозможил да поседува „архива од податоци за ученици, родители и наставници, која може да биде злоупотребена од власта за спектар од реваншистички постапки“.

Осумдневниот штрајк, значи, не седиментирал нов социополитички идентитет во дискурзивното поле, но неговата манифестација станала елемент во антиавторитарниот имагинариум – потенцијален момент во идна артикулација. Ова дотолку повеќе што поради неисполнување на барањата на просветните работници тие повторно се манифестирале од јуни 2009 година кога покрај покачување на платите била барана и оставка на тогашниот министер за образование.

Втората инстанција на манифестирани општествени барања која ја издвојувам како важна за конструкцијата на антиавторитарен и антигруевистички имагинариум е поврзана со една студентска иницијатива. Во изборната 2009 година, под притисок на почетокот на реконфигурацијата на симболичките маркери на главниот град, во дискурзивното поле се

појавиле барања на група студенти на Архитектонскиот факултет кои, иако користеле „естетски аргументи“ за да пружат отпор на нова планирана градба на плоштадот Македонија, внеле момент на неочекувана дестабилизација на социополитичкиот терен. Таканареченото *Прво архитектонско востание* на иницијативата наречена *Прва архи-бригада*, е јасен пример за конститутивната нестабилност или „неодлучност“ на дискурзивните елементи и нивната неможност да го стабилизираат или да го затворат значењето. Пред да навлезам во ова прашање, потребно е да дадам мала генеза на проблемот за кој во март 2009 година се кристализираше јасен општествен антагонизам на пресекот на кој се наsираше субјективитетот на неколку социополитички идентитети.

Првата груевистичка влада, уште во 2007 и 2008 година најавила обнова на неколку јавни објекти кои биле препознатливи маркери на предземјотресно Скопје. Но, наскоро станало јасно дека зафатот бил замислуван како нешто многу поголемо и многу поинакво од едноставната манифестација на „носталгија“ и копнеж по реставрацијата на неколку јавни објекти урнати во земјотресот. Во декември таа 2008-ма, една година пред официјалната и помпезна промоција на проектот - Скопје 2014, било свртено вниманието кон уште една промена на деталниот урбанистички план на локалитетот кој го покрива најтесниот центар на градот, познат како „Мал ринг“, бидејќи била организирана јавна анкета за него. Овој ДУП, донесен во јули 2007, веќе бил менуван во мај 2008 година[146]. Дополнителната промена била направена за на плоштадот *Македонија* да се впише т.н. маркица за нова православна Црква, за која се објавувале докази дека постоела на таа локација под името „Константин и Елена“, а која била урната по земјотресот во 1963 година. На 28 март 2009 година, меѓу двата круга на истовремените локални и претседателски избори, група студенти од Архитектонски факултет излегле на протест на плоштадот за да го манифестираат противењето на натрупувањето на монументални градби во ова централно подрачје и за






*Слика 7 Протестите на Прва Архи Бригада и Контрапротестите на 28.03.2009 година извор ПАБ*

[146] Види „Во центарот нацртани уште споменици, фонтани и порти“, Вест број 2558, 25.12.2008

отворање јавна дебата за тоа како треба да изгледа иднината на главниот град. Овие барања биле епитомизирани во слоганот „Не го силувајте Скопје!“, кој според протестната иконографија бил претставен со десетици листови кои над главата ги држеле демонстрантите, како што може да се види на *Слика 7* лево. Истовремено, организирано на плоштадот дошла група контрадемонстранти, која со верски транспаренти на кои пишувало „Иако собор правите, Господ ќе го разори, зашто со нас е Бог!“ и „Само на мрачните сили им пречи Бог и неговите храмови„!, и застанала наспроти демонстрантите. Полицијата која во тој момент била на плоштадот не реагирала, кога демонстрантите на Прва Архи-Бригада биле физички нападнати од групата контрадемонстранти. Физичкиот напад и отсуството на реакција на полицијата, биле непосредно по протестот залепени за симболичкиот ансамбл кој ја идентификува „груевистичката влада“ и „полицијата“, како брутални практики. Но, овде сметам дека е поитно да се направи увид врз тоа што експонира контрастираната иконографија видлива на *Слика 7*. За групата демонстранти на Прва Архи-Бригада идентитетот на протестот иницијално имал целосно „естетски“ и „стручно-архитектонски“ преокупации. Протестната иконографија не сугерирала опозиција кон конкретниот план за подигнување на сакрален објект, туку сугерира опозиција кон каков и да е објект кој ќе го задуши центарот на градот и опозиција кон каква и да е реконфигурација на јавниот простор за која нема да има претходна дебата во стручната заедница. Но, ова во истиот момент на одржување на манифестацијата станал невозможен обид да се фиксира значењето на протестот околу овие „привилегирани“ означители за демонстрантите на Прва Архи-Бригада. Контрапротестот ги вовлекол барањата на студентите на терен во кој се пресекуваа верски означители. Ова се случило како во „јазичките игри“ на Витгенштајн – една дискурзивна конфигурација била конструирана како антагонизам со политиката на „де-естетизација“ на главниот град, било „аплицирано ново правило“ на „јазичката игра“, кое ги реконфигурирало врските на конструкција на значење и конструира нова јазолна точка. Но притоа, не се целосно дезинтегриран врските на „естетските“ означителите на Прва Архи-Бригада, поради што барањата останале да осцилираат во дискурзивното поле меѓу овие две субјектни позиции. Еве како некои од учесниците и поддржувачи на протестот неколку дена подоцна, гледале на оваа неможност да се фиксира значењето на протестот и на барањата:

> „Во саботата напладне, на градскиот плоштад во Скопје мала група студенти од Архитектонскиот факултет, со транспаренти од хартија во рацете се обиде јавно да побара мислење од своите професори и од македонската јавност во однос на најновите прекројувања на отворениот простор во центарот на градот. *Студентите не протестираа против некаква Црква, против Исус (?), уште помалку протестираа против политичка опција [н.з.].“*[147].

[147] „Не силувајте го Скопје!“, Јован Ивановски архитект – текст напишан и циркулиран на 31.3.2009 архивиран и објавен на FB групата на Прва Архи Бригада на 27.3.2016.

> „Заради несаканата димензија која настанот ја доби, остана нечуена и несфатена нашата главна порака, поводот за нашиот протест. Ние излеговме да се бориме за скопската архитектура, и во конкретниот случај воопшто за спречување на уништувањето на најстарите градски плоштади кои треба да ги чуваме и да им ги оставиме на наредните поколенија. Никој од нас немаше за цел да протестира против изградбата на црква. Единствено и официјално, сметаме дека избраната локација за тој објект не соодветствува со архитектонско-урбанистичките услови на просторот. Ние нема да се откажеме од нашата љубов кон градот и кон архитектурата, ниту ќе се откажеме од државата како бранител на нашите демократски права. Ќе продолжиме со нашите намери да ја кренеме јавната свест кон она што го сметаме за негативно случување на градот од архитектонски и урбанистички аспект и ќе продолжиме и понатаму да се бориме за нашата кауза“[148].

Рудиментарното движење се соочило со нестабилноста на дискурсот, во таа смисла со нестабилноста на секој дискурс. Независно од јавно прокламираната причина за протестот и педантно напишаната листа барања[149], означителите биле веднаш вовлечени во верска идентификација. Репетитивните обиди да се фиксираат неговите значења во естетската и стручната идентификација наликувале на обид во дланките да се задржи ситен сув песок кој се измолкнува меѓу прстите штом ќе биде подигнат од земја. Така се удвоила антагонистичката линија, од една страна бил манифестно конструиран расцеп меѓу она што било формулирано како *автентична вредност во архитектурата* од она што се манифестирало како *анахронизам, кич и невкус*, а од друга страна бил конструиран расцеп меѓу *секуларизмот* и *државата божја.* Ова може да се гледа како едноставен случај на таканаречениот ефект на врамување – кога еден ист настан е спакуван во целно-различна семантичка опаковка што сугерира различен заклучок за тоа за што се работи и што сугерира определена насока за акција. Но, врамувањето претпоставува фиксирање на секоја од позициите на значењето како интерпретативен зафат на една реалност. Овде, попрво сугерирам конститутивна невозможност да се затвори значењето на рамката, како таа да постои во флукс чие фиксирање е замисливо единствено во нејзиниот антагонистички пресек со алтернативите – верската рамка во случајов ја има естетската рамка како лимит и како нејзина конститутивна другост. Со други зборови – настанот, за рудиментарното

[148] Соопштение за медиуми по протестот, 31.03.2009, Прва Архи Бригада достапно на ПРВА АРХИ БРИГАДА: Соопштение за медиуми по протестот 28.03.2009 - Press release (prvaarhibrigada.blogspot.com)

[149] „Повик за прво Архитектонско востание“, објавено на 23.03.2009, достапно на ПРВА АРХИ БРИГАДА: March 2009 (prvaarhibrigada.blogspot.com), пристапено на 07.03.2024 „Ова се нашите барања: (1) Бараме официјален став од Архитектонскиот факултет во Скопје за случувањата на јавниот простор од општествен интерес; (2) Бараме стручни трибини пред секое ново клучно преземање на градежни работи (3) Бараме најтранспарентни конкурси, огласи и урбанистички анкети, како и формирање на широки комисии со македонски заседавачи и странски консултанти, НЕПАРТИСКИ тела кои ќе одлучуваат за ваквите градби. Во краен случај и изјаснување на референдум како што се прави во европските градови, кога се носат вакви големи одлуки. Дотогаш, мораториум на градба! (4) Бараме политичарите наместо да инвестираат во кич архитектура, наместо да градат вештачки села за развој на селски туризам, наместо да цртаат инстант урбанистички планови, наместо да поставуваат градежни парцели на крајно несоодветни места, да ги насочат парите во зачувување на автентичноста и оригиналноста на старите градби кои веќе постојат и се распаѓаат од негрижа. (5) Бараме граѓаните барем за момент да се разбудат и да размислуваат со своја глава и наместо пасивни посматрачи, да станат активни креатори на својата иднина и иднината на градот.

архитектонско движење, отворил артикулативен процес од една страна меѓу *секуларизмот* и *автентичната вредност во архитектурата* и *религијата/државата божја* и анахронизмот/невкусот/*кичот* на идентитетот на она што било обележано како *Крстоносци* – име кое повлекува значења кои не можат да се разведат од бруталноста и слепо-верноста поврзана со популарното модерно расудување за средниот век. И бидејќи реконфигурацијата на јавниот простор бил проект осмислен и спонзориран од груевистичката влада - настанот отворил можности за артикулација на груевизмот, со сите овие означители. Истовремено, се разбира, бидејќи онтологијата не подразбира позитивна содржина, туку е една конститутивна негативност, неминовно имало и кореспондентен артикулаторен процес на конструкција на антагонистички идентитет наспроти процесот што го отворила Прва архи-бригада. Социополитичкиот терен, значи, тежнеел кон дихотомизација и контрапозиција, а во него, се гледа од настанот и од неговите непосредни последици, флуктуирале повеќе празни означители: „Демократија", „Бог", „Слобода", „Јавен простор" „Иднина" и така натаму.

Исклучително е интересно како означителите „Демократија„ и „Бог" станувале *лебдечки означители* во оваа борба. На контрапротестот на 28.3.2024 на групата за одбрана на идејата за изградбата на црква на плоштадот имало многу транспаренти кои реферирале на „Бог" и „Божјата волја" и овие нема да ги коментирам поради тоа што ги сметам за само-објаснувачка манифестација – нивната врска со настанот е метонимиска и е едноставно да се разбере. Но, како што може да се види на *Слика 8*, дел од транспарентите давале демократска оправдување за протестот. На фотографијата десно се гледа транспарент на кој се вели „*Едноумието заврши сакаме демократија и духовна преродба*" и веднаш до него




*Слика 8 Протестите на Прва Архи Бригада и Контрапротестите на 28.03.2009 година извор ПАБ*

има изобилство државни и црковни амблеми и симболи. Оваа конструкција подразбира артикулација меѓу елементи кои немаат семантички полнеж сами по себе и така не се автоматски поврзани – „демократија", „духовна преродба", „вера", не се означители кои се сами по себе инхерентно и позитивно поврзани. Нивната поврзаност е конструирана низ

еквиваленцијална логика, бидејќи се компресирани од антагонистичкиот Друг, а тоа е во случајов „едноумието"- означител кој е реминисцентен на „репресивниот Комунизам". Во една рамка која може да се нарече *рационалистичка*, поврзаноста на овие елементи е нелогична, дури и схизофрена – протест кој го ограничува правото на друг протест, а при тоа укажува на тоа дека постои *една, единствена и неделлива супериорна сила* која ќе им суди на оние кои мислат поинаку од неа, според оваа *нормативна рационалистичка* логика, не би можел да каже дека е против „едноумието". Но, притисокот на атеистичката артикулација на стариот режим, кој бил конструиран како „антидемократски" и „антирелигиски", ја олеснил артикулацијата меѓу „демократијата" и „религијата" на начин што оваа врска станала „природна" – значи станала хегемониска. „Бог", за овој идентитет, станал јазолна точка на барањата за демократија, слобода на изразување, духовно исполнување и така натаму.

Празниот означител „Демократија" се појавувал и изгледа дека тежнеел да ги хегемонизира и барањата на другиот идентитет. Еве неколку извадоци од блогот и FB страницата на Прва Архи Бригада кои го сугерираат ова:

> „Студентите се собраа да искажат свој став. Точка, Ама било една недела пред избори, соу факинг уот? Што треба да се прави една недела пред избори, да седиме сите дома и да јадеме пуканки гледајќи ТВ дуели? *Ако е ова слободна и демократска држава, таква треба да биде во секое време, во време на дожд и снег, во време на финалето на Лигата на Шампионите, па и во време на проклетите извори* [н.з.]. Дотолку повеќе , мислам дека тајмингот на протестот беше намерно избран единствено од желба да се привлече поголемо медиумско внимание што и се потврди. Инаку кој во оваа држава би се загрижил што мислат студентите по архитектура во „неизборен период". *Тоа што во последен момент на собирот се прилепија или го поддржаа или се оградија од него разни интересни групи, меѓу кои и политички, тоа е сериозен проблем на нашето општество [...] тажно е дека оваа колективна хистерија на поделби полека станува колективно слепило во кое жестоко се втурнува целото општество. [н.з.]*" [150]

> „*Наспроти нашиот мирен, еснафски, демократски протест во група од помалку од 150 луѓе, на избраната и најавена локација во најавениот термин затекнавме огромна толпа на гневни и агресивни луѓе. Иако протестот го поместивме до кејот на реката Вардар, далеку од толпата, за да избегнеме каков било контакт, тие го нападнаа нашиот мирен протестен собир со агресија, закани, пцости и физичко насилство, за само минута го задушија протестот и повредија повеќе негови учесници. Ваквото спроведување на улична демократија од толпата најостро го осудуваме (н.з.).* Спречувањето на студентите да ги остварат своите уставни права и мирно да го искажат својот став, како ултимативно право на општествените нивоа кон кои се стремиме, посакуваме никогаш да не се повтори"[151].

[150] Соопштение за медиуми по протестот 28.03.2009,
[151] Ibid.

Овде означителот „Демократија“ е експониран како протестно искуство. Физичката и симболичката репресија на настанот го кристализирал означителот кој се појавил заедно со означители како „слобода“, „јавен простор“, „естетика“ и така натаму. Така „Демократија“ станал лебдечки означител – фатен привремено во нексусот на два антагонизирани субјекни позиции. Но, идентитетот конструиран околу барањата за естетика во јавниот простор слабо ги артикулирал барањата под овој празен означител – бидејќи да се случело тоа, веќе во април 2009 година во Македонија би имало манифестација на антагонизам кој би бил и долготраен, но и би ги поврзувал во метафоричка врска барањата за кои зборував во претходниот оддел на ова поглавје. Тоа не е случило. Она што се случило бил еден втемелувачки настан кој направил уште една возможност за фиксирање на субјективитети на антиавторитаризам и антигруевизам. Ова се гледа и во cool-memory стратегијата на однесувањето на социјалните мрежи во периодот од 2009 до 2015 година, периодот во кој




*Слика 9 Сегмент од темпоралната мапа од 2009 година (за целата мапа види анекс 1)*

на FB ПАБ и на блогот на ПАБ немало кристализација на отворен антиавторитаризам туку архивирање на стари материјали, објави на настани и изложби поврзани со градот, и исклучително индикативно, обележување на годишнината на задушеното Прво Архитектонско Востание – однесување кое е индикативно за интровертноста на отпорот во тој историски момент.

Но и ова што го напишав дотука за оваа манифестација на отпор, е симплификација на многу посложен социополитички процес. Мапата подолу, која е креирана од комбинација на елементи собрани од медиумското покривање и од автентичните групи на социјалните мрежи низ времето[152], укажува на тоа дека насилството ги мултиплицирало антагонизмите низ социополитичкиот терен многу пошироко од антагонизмот за кој зборував претходно. Обидот да се реконфигурира јавниот простор, општествените барања кои се манифестирале и се згуснале меѓу двата круга на изборите 2009 година и насилното кршење на рудиментираниот „востанички" отпор, речиси истовремено во полето вовлекле изобилство од други нови значења и идентитети – во ова дискурзивно поле биле вовлечени, или поточно вшмукани, означители кои дополнително го дестабилизирале фиксирањето на идентитетот на протестот и на „каузата". На нивниот пресек биле постојано артикулирани и дезартикулирани имињата на повеќе општествени идентификации – *Првата Архи-Бригада*, *Плоштад Слобода, Распеани Скопјани*[153], *Млад Прогресивен Синдикат, Координативен одбор за Бурмали Џамија, Исламска верска заедница, Бектешката заедница, Македонската православна црква, Крстоносци, ВМРО-ДПМНЕ и така натаму.*

Нема да навлегувам во деконструкцијата на сите овие идентификации – но две нешта се битни накусо да бидат обележани – *првото* е продлабочувањето на антиавторитарниот имагинариум со отворените антигруевистички артикулации во *Плоштад Слобода* и естетизацијата на отпорот во формата на протестната група *Распеани Скопјани и второто е* антиавторитарниот ефект на барањата на *Координативниот одбор за Бурмали Џамија.*

Веднаш по скршениот протест на студентите на крајот на март бил раширен спектарот на барања поради метонимиските врски конструирани меѓу протестот против архитектонската реконфигурација на главниот град, несоодветната реакцијата на македонската полиција и контрапротестот и неговата иконографија. Вториот елемент во оваа врска – имено реакцијата на полицијата - не посочувал кон нејзина неспособност да се справи со напливот на насилна толпа, туку спротивно, како нејзина бруталност и корумпираност и партизација. Докази за ова имало повеќе – контрадемонстрантите имале подготвено добро дизајнирана протестна иконографија која не оставала впечаток дека тој протест би можел да биде „спонтан изблик на гнев". Полицијата била информирана за намерите и сепак недостасувала реакција за да се спречи исходот. Ова било поврзано со подготвеноста на главната партија во втората груевистичка влада да поттикне насилство и да оневозможи брза реакција, за да може да демотивира идни манифестации на отпор узурпирајќи го правото на слободно движење, слобода на убедување и слобода на говор.

[152] Види образложение во методологијата. Групите на социјалните медиуми не се групи во смислата во која јас ги употребувам во ова истражување – тие сами по себе не конституираат идентитет. Групата е артикулација на еквиваленцијални моменти и седиментирани практики. Групата на социјалните мрежи е пак контингентен ансамбл на единици кои учествуваат во креирање значење во исто време и на исто место.
[153] Македонија: Студентски протест заврши со насилство · Global Voices на македонски

Ова повторно ги експонирало означителите како „полициската бруталност", „авторитаризам", и дополнително по Првото архитектонско востание – „конзервативизам" и „религиски фанатизам" - елементи кои станале веќе јасни моменти во груевистичката артикулација. Затоа веднаш по иницијалните протести биле формулирани барања кои се однесувале на „заштита на правото на протест", „заштита на уставноста", „обрана на демократските вредности", „одбрана на слободата", „одбрана на слободата на говор" и така натаму – сите овие маркери конструираат антиавторитарна идентификација, видливи во тој момент во манифестациите какви што биле *Плоштад Слобода* или *Распеани скопјани,* кои отишле подлабоко во кристализацијата на антиавторитарната артикулација. Станало јасно дека „естетските барања" на студентите почнале да се артикулираат како притисок за популарна и поширока социополитичка промена. На пример на протестот од 11 април именуван како Плоштад Слобода[154] околу 200 демонстранти, меѓу кои и дел од студентите од архитектонскиот факултет, повикувајќи се на нарушеното право на протест барале „заштита на слобода на говорот". Името на протестот, а потоа и структурацијата на организација *Плоштад Слобода,* било асоцијативно за барањата за заштита на јавните простори, за серијата подоцнежни барања за спречување на урбаната реконфигурација на Скопје, но и барањата за спречување на „културниот инженеринг" на ВМРО, на антиавторитарните методи на тоа владеење, на корупцијата и бруталноста. На јавните манифестации до првата половина на 2010 година имало делумна идентификација на Прва архи-бригада и Плоштад Слобода.



*Слика 10 Протест на организацијата Плоштад Слобода на 11.04.2009. Извор ПАБ*

Но, оваа артикулација немала јасна телеологија и не била праволиниска. На пример, на протестите *Плоштад Слобода*, се појавувале и истакнати функционери на тогашната парламентарна опозиција[155]. Ова претставувала дискурзивна ранливост за јакнењето на движењето во популарен идентитет. Оваа ранливост била резултат на исклучително успешната владина тактика низ својата пропагандна инфраструктура да конструира инстант

[154] Види „Денес протест за правото на изразување", Вест, број 2647 11.4.2009.
[155] На протестот на Плоштад Слобода во текот на март и април се појавиле поддржувачи кои биле социјалдемократски функционери што веднаш предизвикало стигматизација на револтот.

*стигматизација* на секое ново барање со потенцијал да биде артикулирано во популарен идентитет. Популистичката конструкција на ВМРО, која го имала радикално дихотомизирано дискурзивното поле, успевала овие нови општествени барања да ги поврзе со „скриената“ „предавничка“ агенда на социјалдемократите и да ја оспори легитимноста на процесот на осификација на еквиваленцијални барања. Ова креирало и стратегиска ранливост за сите движења сè до артикулацијата на *Протестирам,* во 2015, бидејќи моќта на артикулација се истоштувала во потребата да се објасни дека зад барањата немало „политичка“ [се мисли на партиска] позадина. Манифестациите на сите движења од 2011 до 2015, се натопени со ваков „објаснувачки“ дискурс, како што ќе видиме подоцна.

Еве како на оваа појава гледале дел од учесниците во протестната група *Распеани Скопјани*, со кои спроведов фокусна група, откако им беше проектиран прилог на една национална телевизија. Разговорот не се однесува на оригиналните настани во 2009, туку на известувањето за инцидент во кумановската населба Диво Населје, но е индикативен за перцепцијата на еден тип стигматизирачка тактика[156]:

> Ј: Сè беше сведено на најголемиот непријател на човештвото, а тоа се Заев, СОРОС и СДСМ.
>
> Н: Да, Заев, СОРОС и СДСМ се криви за сè, и сега кога Македонија е нападната од надворешен непријател, они ја спречуваат да иде во Куманово, ние го организиравме протестот во Скопје кај што секој ден има полиција, а треба да се бори со нив.
>
> Н1.: Тоа е нешто многу слично со прилозите претходно. Значи протестите во Скопје не беа заради Куманово баш на тој ден, туку беа за една цела плејада глупости коишто они ги прават.
>
> Н: И не само тоа, имаше... извини пак ќе те прекинам.
>
> Н1: И коишто овие само го искористуваат моментот. Аха, овие сега протестираат таму, нели? А протестите се за сосема друга работа.
>
> Н: Плус имаше и втора страна, протестот... скопскиот протест на 9-ти мај, покрај тоа што не искочив пошто не мислев дека е коректно да се спречува полицијата ако има потреба стварно да иде во Куманово, зашто на никој точно не ни беше јасно што се случува. Имаше уште една страна. Што повеќе полиција ако може да се задржи во Скопје, пошто ни е јасно до некаде дека овие си ги пуштаат своите во оган. Барем ако може да спречиме некој да отиде.
>
> К: Мене нешто што цело време ме вади од такт од сите... мислам дека и општо ВМРО-вскиот начин на зборење е таков да они изигруваат цело време жртва, дека нив цело време некој им прави нешто, ги притиска. Во моментот сега е полицијата, за што се криви СДСМ, СОРОС и Заев и еве како сега ние сакаме да ја земеме државата. Во друг случај е Груевски, како он не можел, како некој друг него му наштетува. Меѓутоа во никој случај ние не слушаме реални факти, според мене, или нешто со што јас можам ... да ме убедува Латас, да го кажам со сигурност. И што е најтрагично, зошто мене ми раѓа тоа таков поим? Затоа што он све тврди како он да бил таму, он знае.

[156] Дискусијата на фокусната група е спроведена на 18.05.2015 година,

Втората манифестација на која треба накусо да се задржам е од првата половина на април, веднаш по изборите 2009 година, под притисок на настаните на главниот плоштад во Скопје, на социополитичкиот терен се појавиле барања за изградба - „обновување", како што било укажано[157], на Бурмали џамијата за којашто се тврдело дека до 1925 година се наоѓала на локацијата на која по нејзиното уривање бил изграден Офицерскиот дом. Деталниот урбанистички план од 2008 година на тоа место предвидувал, како што било објавено, градска куќа и хотел. Видовме дека претходно, барањата на Прва Архи-Бригада биле веднаш вовлечени во „верска" орбита и појавата на она што станало познато како *Координативен одбор на Бурмали џамија* веднаш додало исламски маркери, зајакнувајќи ги верските идентификации. Повторно и овде можело да се види како значењата за идентификацијата на барањата флуктуирале не можејќи да се фиксираат – изградбата на Бурмали Џамијата била поврзана со одбраната на културниот континуитет муслиманите, но истовремено била поврзана и со легалистички преокупации - на пример имало барања кои инсистирале на уредување на имотно правните односи за таа локација, по што би било единствено можно да се планира изградба. Сето ова креирало можност овие два елемента да бидат поврзани во една антиавторитарна артикулација:

> „Да се започне изградба на локација за која не се средени имотно-правните односи е владина тенденција за еднонационална доминантност и дискриминација на слободата на мислење и изразување"[158]

Во една смисла, била овозможена артикулација со барањата на студентите, бидејќи и овде бил формулиран антигуевистички дискурс. Иако овие барања имале верска димензија. Но, од друга тие повторно се враќале во верската орбита. Еве што било кажано по манифестираното барање, за плоштадот да има референдум на граѓаните на центар:

> „Поддржуваме секаков вид демократско изјаснување, но никој не може на двете најголеми верски заедници во земјава да им забрани да имаат свој објект на Плоштадот" [159]

- *Хегемониската артикулација на антигруевистичкиот „етнички популизам"*

Досегашната анализа зборува за исклучително широка хетерогеност на општествени барања на социополитичкиот терен, кои кон средината на 2009 година почнале да се артикулираат придонесувајќи кон конструкција на антиавторитарен и антигруевистички имагинариум, кој бил, сепак, далеку од тоа да конструира нов групен популарен идентитет.

Но, во овој временски исечок треба да се сврти фокусот кон уште една истовремена и во тој момент, единствено моќна, антигруевистичка манифестација во која немало

[157] Види „Баклава за благо да тргне обновата на Бурмали џамија", Вест број 2657, 25.4.2009
[158] Изјава на член на Координативното тело за Бурмали џамија, Вест број 2647, 4.11. 2009
[159] Изјава на член на Координативното тело за Бурмали џамија, Вест број 2749, 15.8.2009

истовремена конструкција на антиавторитарни еквиваленции, а која конструирала популистичка хегемонија, реконфигурирајќи го социополитичкиот идентитет на *Демократската унија за интеграција* – политичка партија која била конструирана како „единствен претставник на Албанците“, односно во чија орбита била хегемонизирана една популистичка еквиваленција: „ДУИ е тоталитетот на Албанците“. Овој процес повторно нѐ враќа на преземањето на власта од Портокаловата влада во јуни 2006 година.

На јулските избори 2006 година ВМРО-ДПМНЕ освоила 45 пратенички места и имала доволен коалициски капацитет за да формира влада со четири други, мали, политички партии[160]. Во неформализираната седиментирана пракса во македонскиот политички аранжман, вообичаено е најмалку една партија на етничките Албанци да учествува во владата. По изборите, груевистичката ВМРО формирала влада која не го вклучувала ДУИ чија коалиција со ПДП освоила 17 мандати на тие избори. Бидејќи ДУИ била партија со најмногу мандати од пратениците етнички Албанци, веднаш по исходот на изборите почнала




*Слика 11 Сегмент од темпоралната мапа од 2006 година (за целата мапа види анекс 1)*

пролиферација на барања поврзана со нејзиното учество во Портокаловата влада.

Како што може да се види на темпоралните мапи, неколку денови по изборите, почнал да се шири антагонизмот во еден агол на социополитичкиот терен – процес кој го реконфигурирал и последователно го хегемонизирал „албанскиот политички идентитет“. Постизборната позиција на Груевистичкото ВМРО станало јасно, исклучувала аранжман во

[160] Во Портокаловата влада, ВМРО-ДПМНЕ ги привлекла ДПА, НСДП, ДОМ и ПЕИ. ВМРО-НП гласала за составот на владата но не влегла во нејзината структура.

кој ДУИ би била дел од македонската влада и покрај тоа што 17 освоени мандати за таа влада би значеле поголема политичка стабилност. Причини за ова има повеќе , но веројатно доминантната е поврзана со конструкцијата на македонскиот идентитет по конфликтот во 2001. Ресентиментите од „загубената војна“, последователниот „уставен пораз“, „предавничката територијална поделба“ „отфрлањето на бранителите“, „заборавот на раселените“, „странскиот заговор со Албанците“, конструирале дискурс на обеспravеност којшто бил артикулиран со антикоруптивните и антикомунистичките елементи[161], како што забележав во воведот на анализава. Во хегемониската конструкција на Груевизмот, идентитетот на „народот“ во важна смисла бил стабилизиран околу еден конститутивен недостаток[162] - „целовитоста и неделивоста на Македонците ослободена од албанскиот ултра-национализам“. Милитантното раѓање на историцитетот на ДУИ, за „Груевистичкиот народ“, овозможило позициите на Арбен Џефери, кој до 2001 година бил гледан како „радикалниот Албанец“, да бидат реевалуирани како „умерени позиции“. Новиот радикализам на Албанците епитомизиран во ДУИ, станал „новиот непријател“ кој го цепел социополитичкиот простор и станал конститутивниот друг за „Груевистички хомогенизираните“ Македонци[163]. Овде воопшто не треба да биде напоменато, како оваа динамика на дискурзивните артикулации овозможила, метонимиско поврзување на социјалдемократите и „радикалните Албанци“ – Владата на бранковистите од 2002 година, кусата влада на Хари Костов и владата на Бучковистите, во след ги имале за политички партнер Ахметистите на ДУИ. Овие коалиции ги спровеле најголемиот дел од обврските на *Охридскиот договор*, кој за Груевистите бил конструиран како артефакт на „македонскиот пораз“. Оттука, антагонизмот со конститутивниот друг, во случајов „Албанците“, станал проекција врз социјалдемократите кои, според потребите, можеле да бидат маркирани како „корумпирани“, „предавници“, „неспособни“.

Да се вратам на маркерите видливи во мапите – од јули 2006 година, структурацијата на социополитичкиот терен забрзано конструирала и интер- и интра-етничка дихотомизација. За ДУИ, поради македонските ресентименти, не постоела можност да конструира „привлечност“ за себе кај Груевистички хомогенизираните Македонци. Веројатно е дека затоа траекторијата по која тргнале, била продлабочување на антагонизмот, по што влезот на ДУИ во Владата би станал „нужност“ наместо „желба“ за груевистите. Барањата на ахметистите добиле израз во серијата најголеми и најдолготрајни протестни манифестации од конфликтот 2001 до тогаш, што пак од друга страна ја засилило потребата на џаферистите да ја зајакнат видливоста на своите барања за влез во Владата. Истовремената манифестација на барањата за учество во владата и на барањата на социјалдемократите поврзани со спречување на зголемувањата на овластувањата на

[161] Овој дискурс е експониран со пејоративната конструкција на социјалдемократите како „комуњари“.
[162] a lack – во Лакановски инспирираната политичка теорија.
[163] Милитантната манифестација на овој антагонизам е популарната изрека во која Македонците бараат „Второ полувреме“.

премиерот, спречувањето на политичкиот притисок и на прогонот на поранешниот премиер Бучковски (видливи на мапите), брзо било брендирано како *политичка криза,* која ќе се решава долж остатокот од 2006 и 2007 година. Протестите на Ахметистите почнувајќи од август 2006 година[164] биле комбинирани со бојкот на парламентот, што овозможило да се создаде конфликтна атмосфера, поради која во решавање на кризата се вклучиле и транснационални организации – пред сè Европската Унија, чиј прагматизам се претворил во отворена поддршка за влез на ДУИ во идната влада, чекор кој овозможил уште еден анти-ЕУ елемент и во таа смисла, антизападен елемент, да биде компресиран во Груевистичката дискурзивна артикулација[165].

Но, поинтересен овде е моментот на конструкција на популистичка идентификација на Ахметистите со тоталитетот Албанци. *Прво*, ДУИ и ДПА биле единствените субјектни позиции кои имале потенцијал да го хегемонизираат „албанскиот социополитички терен" поради тоа што сите други социополитички идентификации во тој историски исечок, биле или веќе дезартикулирани или пак биле вшмукани во орбита на првите две – таков е примерот со „умерените" барања кои биле идентификувани како артикулација на Партијата за демократски просперитет (ПДП), чии идентитетски маркери биле вовлечени и релативно стабилно фиксирани во орбитата на Ахметистите. Аргументот кој го користела ДПА за да му даде тежина на барањето за влез во Владата бил тоа дека коалицијата меѓу нивната партија и Груевистичката ВМРО е логична поради *идеолошката сличност* на двете партии. Се разбира, позитивната семантичка вредност на поимот „десница" е *лажната свест* на политичкиот субјективитет – таа свест е исто така конструирана низ артикулаторна практика. „Десница" е овде празен означител кој бил полнет со значења коишто конструирале (не правејќи го тоа до крај) некаква блискост меѓу Џефеuристите и Груевистите. Сепак, „десничарската" артикулација на идната владина идентификација, не изгледала особено уверливо бидејќи, како што ќе стане јасно подоцна, не овозможила стабилизација на „идеолошки идентитет" на идната Портокалова влада. Но, на Груевистите оваа аргументација им овозможила лесни преговори за формирање на владата.

Аргументот на Ахметистите, од друга страна бил формулиран на начин кој го хомогенизира тоталитетот етнички означители – според оваа логика, „победникот во албанскиот кампус треба да коалицира со победникот во македонскиот". Оваа политичка логика, овозможила конструкцијата на албанската *само-доволност* и *само-омоќеност*, да биде залепена за барањето ДУИ да биде дел од Владата. Истовремено, формулацијата на аргументот имплицирала радикализација на барањата за промена на политичкиот аранжман на начин кој би овозможувал постепено воведување уставно санкционирана консензуалност. Силната манифестација на ова барање ги направила повторно јасно

[164] Види „ДУИ ќе ја руши владата на Груевски", Вест број 1854, 26.08.2006
[165] Улогата на амбасадорот Фуере

видливи митологизираните етно-политички маркери кои континуирано станувале фокална точка на конструкција на македонскиот и албанскиот идентитет.

И имагологшки, како што јасно се гледа на фотографијата (*Слика 12*), но и вербално можела да се види засилена митологизација на социополитичкиот терен. Означителот *Али Ахмети* бил повторно артикулиран како новиот „татко на нацијата“, кој ја има безрезервната поткрепа од сите Албанци, кои се пак клучот и на мирот и на војната во Македонија и на



*Слика 12 Од протестите на ахметистите на 25.8.2006 пред Собранието извор: Вест 26.8.2006*

Балканот и чија непокорност е траен елемент на нивното повторно раѓање и нивната судбина. Еве како во оваа национална есхатологија на „таткото на нацијата“, барањето за влез во Владата било вкотвено во и артикулирано со означителите од конфликтот во 2001[166].

> „Пред избори реков дека ако Груевски како победник не нѐ внесе во владата, ќе има работа. Еве денеска тој има работа со нас. Во 2001 го победив политички и воено. Ќе го победам пак. [...] Војната во Југославија започна со Албанците и заврши со војната на Албанците во Македонија. Нека размисли Груевски со кого има работа“[167].

Овие елементи станале дел од еквиваленцијалните блокови на ахметистичкиот популизам и тие долгорочно ја фиксирале доследно пониската привлечност на електоратот Албанци кон идентификациите на ДПА, а дополнителен контингентен фактор за оваа разврска било бледеењето на политичката аура на „татко на Албанците“ на лидерот (означителот) Арбен Џафери, чија здравствена состојба го отворила патот кон дезартикулација на Џаферистичкиот *„филозофски сепаратизам“* од идентитетот на ДПА кон последователната артикулација на *опортунизмот* на Тачи. Како што може да се види во историските податоци на графиконот, има доследна разлика меѓу двете политички идентификации во неколку последователни изборни циклуси. Во временската линија не е земена за пример 2016 година бидејќи за тој изборен циклус, поради новите артикулации

[166] Овде не ги анализирам националистичките артикулации на груевизмот, кои беа повеќе од видливи долж целото владеење од 2006 до 2017 година. Се фокусирам единствено на оние појави кои одат во полза или пак можат да го поткопаат аргументот кој го градам.

[167] Говор на Али Ахмети на протестите за влез во Владата, пред Собранието на 25.8.2006 година.

од серијата општествени движења во 2015, се конституираа неколку нови, како што се покажа, значајни, етнички партии кои значително ја потиснале ДПА - такви се на пример партиите како Алијанса на Албанците и Беса. Во таа состојба, моќта во тој агол на социополитичкиот терен не била повеќе дихотомна, туку имало конструкција на потенцијално нови идентитети. Во 2014 година односот во поглед на изборната поддршка меѓу двете партии се вратил на нивото од 2002 година, кога веднаш по конфликтот етно-националистичката мобилизација на ахметистите им овозможила брз влез на социополитичкиот терен.

Популистичката артикулација на ахметистите меѓутоа не била така едноставна




операција како што сугерира досегашната анализа. Според концептуалната рамка која ја аплицирам во оваа анализа, популизмот е артикулација на хетерогени дискурзивни елементи, какви што се општествените барања во хегемонизирана тоталност епитомизирана во името на „народот“. Значи видовме како низ реторичките манифестации на ахметистите станала јасна тенденцијата за хегемонизација на „народот“ под означителите на Демократската унија за интеграција, но останува да го анализираме начинот на кој во тоа историско раздобје се манифестирале мноштвото и хетерогеноста на општествените барања кои биле артикулирани за идентитетот на ахметистите.

Портокаловата Влада била инаугурирана на 26 август 2006 година, откако претходниот притисок на ДУИ да биде „албанскиот претставник во Владата“ не успеал да го произведе исходот што им бил потребен на ахметистите. Веќе од септември таа година, истовремено со политичката криза индуцирана од тој исход, на социополитичкиот терен почнала пролиферација на општествени барања на Албанците кои веднаш биле вшмукани во орбитата на ДУИ. Веројатноста овие барања да биле формулирани од самите партиски ахметисти е голема, но во оваа студија тоа е од секундарна релевантност. Она што е важно

е дека овие барања се манифестирале јасно на социополитичкиот терен, доминирале со социополитичкото протегање и се залепиле во еквиваленцијалната врска која го рекреирала „албанскиот народ“ како *ахметистички означена еквиваленција*. Како што се гледа на мапата за 2006, на онтичко ниво - барањата биле формулирани како „образовни“, „културални“ и „работнички“. Но, сите тие барања веднаш добивале поделен идентитет – останувајќи „тоа што се“, истовремено станувале момент во еквиваленцијалниот ланец етнички маркираниот антигруевизам.

Барањата се манифестирале на различни локации[168]. Родители Албанци барале да се обезбедат услови за настава на албански јазик во кумановско училиште, издавачи на литература на албански јазик барале 25 % од буџетот на Македонија за издаваштво да биде наменет за албанските издавачи, потоа било барано во Министерството за култура да има посебен албански оддел, од група историчари и археолози било барано на ископувањата на скопско Кале како дел од тимот да има археолози од Косово. Овие барања продолжиле да



*Слика 13 Сегмент од темпоралната мапа од 2007 година (за целата мапа види анекс 1)*

се манифестираат и во 2007 и 2008 година како што се засилувала, она што станало познато како, „политичка криза“. Во 2007 г., така *културалните* и *образовните барања*, биле артикулирани со барања поврзани со *реконфигурација на уставниот поредок*. На пример, од јануари таа година ахметистите поревносно барале при носењето на планираниот закон за радиодифузија да се примени таканареченото *Бадентерово мнозинство*, парламентарен инструмент според кој за носење или менување на корпусот закони кои се однесуваат на некоја етничка заедница треба да се обезбеди и мнозинство гласови од пратениците кои доаѓаат од таа заедница, инструмент кој од Охридскиот договор бил институционализиран во македонскиот политички систем. Но, ова барање било почеток на пошироките барања поврзани со проширувањето на Бадентеровиот аранжман на полиња кои од 2002 година не биле дел од политичката пракса, на барањата за проширување на употребата на етно-националните симболи на Албанците, да се донесе закон за ветераните на ОНА, и

[168] Види фокусирана мапа 2006 (Слика 13), или целосна мапа во Анекс 1.

највидливото - барање за проширување на институционалната употреба на Албанскиот јазик. Политичкиот притисок на барањето на ахметистите да влезат во Владата, така, јасно ги артикулирал барањата кои се појавиле на различни локација на социополитичкиот простор – родители, наставници, археолози, историчари. Она што на онтичко ниво се манифестирало како културално, образовно, работничко или економско-социјално барање било вовлечено еквиваленцијалниот ланец на ахметистите – означителот ДУИ станал еквиваленцијата на сите овие барања која двојно го дихотомизирала социополитичкиот терен – еднаш кон ДПА, наметнувајќи се како „единствен претставник на Албанците“ и еднаш кон Македонците и со нив артикулираниот груевизам - идентификувајќи се како антигруевистичка сила. Овој




*Слика 14 Сегмент од темпоралната мапа од 2008 година (за целата мапа види анекс 1)*

процес не само што го стабилизирал идентитетот на ахметистите околу нивниот етно-национален недостаток (lack) тој истовремено го хегемонизирал идентитетот на Албанците околу ахметистичките означители.

Сепак, вторава инстанција на антагонизацијата која манифестирала симптоми на отворен оружен конфликт, траела кусо. Како што може да се види на мапата за 2008 година, По априлскиот НАТО-самит, за груевистите станало сложено да го конструираат својот „народ“ врз антагонизацијата со социјалдемократите, чие име било фиксирано околу бранковистичките означители, и истовремено да издржат на антагонизирачката позиција со ахметистите. Затоа, по изборите во 2008 година, Портокаловата Влада била заменета со

Вторaта Груевистичка Влада, во која значаен дел биле ахметистите, чии барања системот ги апсорбирал и почнал диференцијално да ги задоволува, креирајќи дефлација на антагонизирачката идентификација на Албанците. Но, двете политички идентификации и онаа на ахметистите и онаа на груевистите станале името на хегемонизацијата на народот на, соодветно, „Албанците“ и „Македонците“ во Македонија.

Да го заклучам ова аналитичко поглавје – меѓу изборите од 5 јули 2006 г. и изборите 1 јуни 2011 г., во она што го нареков *Прва петолетка*, на социополитичкиот терен се манифестирале вишок хетерогени општествени барања кои не биле фатени во еквиваленцијални артикулации кои би можеле да произведат нов политички идентитет. Ова е видливо на мапите кои беа конструирани од дистрибуцијата на мноштвото барања низ целиот социополитички терен во Македонија. Но, ова отсуство на артикулација не било подеднакво дистрибуирано. Меѓу изборите 2006 и оние од 2008 во еден агол од социополитичкиот терен била конструирана силна етнонационалистичка артикулација во која бил хегемонизиран идентитетот на ахметистите кои биле конструирани како *тоталитетот Албанци*. Оваа хегемонија имала силни антигруевистички означители кои меѓутоа биле издишани кога Втората Груевистичка Влада прво го апсорбирала доминантното барање на ДУИ, за влез во владата, а потоа почнала диференцијално да ги задоволува серијата барања кои биле компресирани во еквиваленцијалниот ланец на ахметистичката хегемонија. Истовремено ахметистите го стабилизирале празниот означител „правична застапеност“, кој претходно бил манифестиран како лебдечки означител меѓу субјектните позиции на ДПА и ДУИ, во својата орбита.

Конечно, вишокот хетерогени барања кои доживеале пролиферација низ социополитичкиот терен, овозможиле во него да се појават, ако може така да се каже, згуснувања на дискурзивни елементи, кои иако не биле артикулирани и стабилизирање во нов социополитички идентитет, сепак биле кристализирани како дискурзивни моменти на идни потенцијални идентификации. Анализата изолираше и најмалку пет такви згуснувања на општествени барања кои овозможиле конструкција на стабилизиран, антигруевистички и антиавторитарен социополитички имагинариум, отворајќи можности потенцијал за мноштво субјектни позиции хегемонизирани околу нови „граѓански“, „антиестаблишментски“, „антикапиталистички“ и т.н. идентитети, отворајќи нови можности за именување на „народот“. Овие манифестации, како што детално анализирав погоре се појавувале од 2008 година, кога мобилизацијата на образовниот синдикат и просветните работници манифестирала серија барања кои биле идентификувани како „работнички“, но за кои Втората Груевистичка Влада немала план да ги задоволи, па не оставајќи ги да тлеат, направила нивна насилна супресија доведувајќи го Синдикатот во ситуација да преговара под, за него, неповолни услови.

## IV.2. Втора петолетка - дислокација и метонимија во дискурзивното поле

Причината за презентирањето на артикулативната динамика на барањата на социополитичкиот терен, во темпорални исечоци, треба да се нагласи, не е целосно арбитрарна операција. Исечоците се конструирани врз основа на промените во динамиката на артикулаторната практика, кои биле индуцирани од притисокот на контингентни дислокаторни манифестации.

Видовме како, во Првата петолетка од владеењето на груевистите, пролиферацијата и хетерогеноста, иако неартикулирани во смисла на постструктуралистичката теорија на дискурсот, во изолирани џебови на социополитичкиот терен, овозможиле делумно згуснување: мноштвото проблемски специфични барања, се презентирале како пукнатини во седиментираната практика на *Портокаловата* и *Втората груевистичка влада*. Во дискурзивно разбраната организациска структурација, груевистичката ВМРО, како што аргументирав погоре, во својата орбита рано артикулирала значења на, меѓу другите, „тврдост“, „дисциплина“, „непопустливост“ и „бескомпромисност“ – епитомизирани во паролата „Долга е раката на ВМРО“. Овој елемент станал еден важен момент артикулиран во партискиот субјективитет - поради хегемониската, мито-историски обезбедена убедливост, тој на партијата ѝ дал дисциплинирачка социомоќ која брзо овозможила таа да ги супституира институционалните протоколи[169] и да го вшмука институционалниот домен во своите седиментирани практики (или обратно). Во ваков амбиент, дури и партикуларните односно проблемски-специфични[170] манифестации на општествени барања, како пукнатини во *Тоталитетот,* можеле да претставуваат закана за неговата репродукција.

Така, во Првата петолетка, видовме, некои од партикуларните општествени барања станале изолирани локации на антагонизам - иако речиси целосно се исцрпувале во својата конкретност и барем јавно, не упатувале на некоја поширока антагонистичка онтологија, како што тоа би можело да се види кај барањата што стануваат моменти во еквиваленцијални ланци. Пукнатините овозможиле иницијална конструкција на антигруевистички и антиавторитарен имагинариум без на одлучен начин да се хегемонизира политички идентитет. Единствениот хегемониски еквиваленцијален зафат видовме, бил „етничкиот популизам“ на ахметистите – се разбира, хегемонискиот груевизам тука го земам за даден. Во ова поглавје, следејќи го процесот на артикулација на мноштвото барања демонстрирам на кој начин почнале да се згуснуваат мноштво субјектни позиции на социополитичкиот терен во кои се конструирале еквиваленции, возможни токму во голема мера и поради иницијалната конструкција на антигруевистички и антиавторитарен

---

[169] Некое ниво на партиска супституција на институционалните протоколи, може да се види во клиентелистичките политички култури. Во Македонија тој тип на седиментирана практика можел да се види во владеењето на сите партии. Но груевистичкото ВМРО ја метастазирал оваа практика пошироко и подлабоко од која и да е друга манифестација на таквиот „систем“.

[170] Конкретни барања кои се однесуваат на конкретно прашање – а пример барањето да не се гради објект на плоштадот.

имагинариум. Исто така, анализирам како низ овие артикулаторни процеси се појавиле нови ресентименти и се множеле субјектни позиции – како што растела фрустрацијата поради повторливиот неуспех за идентификацијата на движењето да бидат стабилизирани антиестаблишментски и во основа антикапиталистички елементи, проектирани во бруталноста на *Системот.*

Треба, меѓутоа, тука да се напомене дека ова движење на дискурзивната динамика не е наивно замислено како „фазен процес“, во кој еден момент телеолошки води кон следниот или врз него прави некаков јасен каузален ефект. Кога овој процес би го разбрале како темпорална „фазна“ последователност тоа би ја вовлекло анализата во истата структуралистичка логика како и во случајот на јасното дефинирање на синхрониски постоечки делови на општествената целина кои така омеѓени имаат односи коишто заемно ги дефинираат тие делови - со тоа што сега, темпоралните фази се тие кои би им дале „структурна омеѓеност“. Напротив, овој процес мора да се замисли како контингентен и разлеан низ социополитичкиот терен – нестабилна „игра“ на дискурсот кој низ контингентни артикулации прави инфлација и дефлација на антагонизмот, правејќи структурација на нови седиментирани практики кои пак овозможуваат нови антагонизми и конструкции на нови идентитети. Во она што го анализирам како *Втора петолетка* – периодот меѓу општите избори од 5 јуни 2011 и почетокот на објавувањето на таканаречените „Бомби на Заев“ на 8 февруари 2015 година – верувам, ќе стане јасно како ова контингентно движење на дискурсот низ серијата манифестации на општествена артикулација од општествени барања, почнало да конструира *воочливо ниво на групна идентификација*, но кое не успевало да *хегемонизира стабилизирани популарни идентитети.*

- *„Ние не сме партија!“ – конструкција на социополитички идентитет, негирајќи го.*

Диференцијалното задоволување на барањата на ахметистите и раната супресија на потенцијалните „граѓански еквиваленции“, направиле уверување дека груевистичкото владеење можело да ја стабилизира својата колонизација на општественото, без сериозен отпор. Но, еден контингентен настан, кој може да се смета за парадигматичен пример за тоа како контингентна дислокација може да направи реактивација на политичкото, почнал брзо да го експонира и да го шири антагонизмот низ социополитичкиот терен, кристализирајќи ја „полициската бруталност“ како идентификација за *Системот*.

Вечерта на 6 јуни, ден по победата на третите парламентарни избори во шест години – груевистите организирале прослава на плоштадот Македонија. За време на прославата се случил инцидент во кој 22-годишно момче за кое јавноста подоцна ќе дознае дека се викало Мартин Нешковски, било претепано до смрт од припадник на специјалните единици „Тигри“, кој во цивилна облека го обезбедувал настанот, како што го обезбедувал и премиерот на државата во својство на партиски лидер. Убиството се случило на очиглед на

група млади луѓе кои во тој момент се нашле на плоштадот. Една од очевидците, преку социјалната мрежа *Твитер* споделила информација за тоа што го посведочила и по социјалните мрежи почнала да се шири информацијата, чија содржина повикувала на мобилизација против насилните практики на специјалните единици. Во следните денови и месеци овој контингентен настан, станало јасно, бил виден како почеток на голема политичка дислокација, која имала метонимиска поврзаност со историски осведочени инстанции на антагонизам меѓу полициските сили и она што брзо почнало да се артикулира како „Граѓаните". Убиството на Мартин било асоцирано со серија други настани – убиството на Трајан Беќиров во 2006 година[171], протестите против репресивните методи на полициската единица Алфа кон младите Роми, десетиците инциденти меѓу млади луѓе и полицијата во урбаните средини, апсењето на земјоделецот Душко Илиевски, отсуството на полициска заштита во протестите на Прва Архи Бригада и така натаму[172].

Овде нема да правам целосна реконструкција на настанот, кој е добро документиран, ниту пак ќе навлезам во детали во анализа на сите аспекти на движењето *Стоп за полициска бруталност*, кое, вкотвено во дислокаторниот настан станало, првата сериозна политичка мобилизација од востоличувањето на *Портокаловата влада* до тогаш, чии артикулаторни практики, макар и за кусо, отвориле потенцијал за хегемонизација на нов, и еманципаторен социополитички идентитет. Затоа, во анализата овде нема да бидат во детали опфатени, инаку социолошки релевантните и важни манифестации на седиментациска практика, како на пример стратегиите на хоризонтализација, операциите на носење одлуки, протокот на информации во „онлајн" и директната комуникација, потенцијалот за мобилизирање ресурси и слично. Ќе се задржам единствено на аспектите битни за мојот аргумент, а тоа е во прв ред, кристализацијата на општествени барања и анализата на артикулацијата на овие барања со други еквиваленции надвор од непосредната акција на движењето, проектирани, како што ќе видиме, *назад* и *напред* во темпоралниот континуум.

Неколку дена по настанот, како што може да се види на сегментот од темпоралната мапа за 2011 година, на социополитичкиот терен се манифестирале барања кои иницијално биле колективно формулирани на протестниот собир на 9 јуни, кога и била формирана ФБ групата *Сите сме Мартин Нешковски*. На собирот била востановена практика, формулацијата на барања, тактиките и стратегиите на дејствување да се случуваат на отворениот амфитеатар зад спомен-куќата *Мајка Тереза*. На овој амфитеатар, брзо била седиментирана групна практика на социополитичка агора на која приватни граѓани можеле да искажат барања или мислења кои можеле да бидат артикулирани во идентификациите

[171] Активисти на Хелсиншкиот комитет на пример потсетувале на оваа поврзаност.
[172] Види интервју на демонстранти на Стоп за полициска Бруталност, А1 ТВ Билјана Секуловска

на движењето. Повторливоста на агора – дискусиите, станала седиментирана практика, реминисцентна на модерно идеологизираната верзија на Атинската директна демократија.




*Слика 15 Сегмент од темпоралната мапа од 2011 година (за целата мапа види анекс 1)*

На ФБ групата може да се види процесот на кристализација на овие барања - репрезентиран на мапата од 2011 година. Вака еден *пост* на оваа група ги фиксира нафрлените барања, кога по протестот на 9 јуни, станало јасно дека масовноста на демонстрантите се зголемува:

> „Протестите на кои чекориме рамо до рамо, не се ни случајни, ниту можат и смеат да се сведат само на трагичната смрт на Мартин Нешовски. Оваа ужасна смрт на млад човек среде главниот град, е само ПОВОД да го дигнеме гласот за сите слични ситуации пред кои досега сме молчеле. Демократијата не се сведува на избори, туку на она што се случува во меѓувреме.
>
> Верувајќи дека зад оваа листа барања кои јавно ви ги упатуваме, стои огромното мнозинство на граѓани на Република Македонија, без оглед на социјална, етничка, верска и политичка припадност, вклучувајќи ги и оние кои ви дадоа доверба на последните избори, нашата волја ја артикулираме низ следните ставови и конкретни барања:
>
> 1. Целосно *расчистување* на сите факти околу причините, начинот на кој е убиен Мартин Нешковски, судење не само на сторителот, туку и на сите негови соучесници кои му помогнале да го прикрие кривичното дело, за да не се „помати“ славеничката атмосфера. Бараме индивидуализација на вината, за да не страдаат и оние лица кои професионално си ја вршат должноста.
> 2. Министерката Јанкуловска (која е и онака во заминување) веднаш да си даде *оставка* [...][173];
> 3. Разрешување на сите инволвирани во прикривањето на чинот и дезинформирањето на јавноста, без оглед на нивниот статус и професија (државни службеници, лекари, новинари);
> 4. Позициите министер за внатрешни работи и министер за правда не смеат да бидат предмет на партиски пазарења.[...][174];
> 5. Целосна *департизација* во Министерството на внатрешни работи [175]
> 6. *Отворање на прашањето* за припадници на службите кои страдаат од посттрауматски синдром од 2001 година [...][176];
> 7. *Преиспитување* на внатрешната систематизација во МВР, особено заради дуплирањето на служби и со неконзистентност во синџирот на командување и отчетност.
> 8. Создавање *независно тело* (надвор од МВР) кое ќе ги испитува поплаките на граѓаните и одговорноста на полициските припадници.
> 9. Највисоките носители на власта се и лично одговорни за составот на службите кои се грижат за нивното лично обезбедување [...][177]
> 10. Сите нови членови на Парламентот како своја прва задача треба да ја имаат *ревизијата на законодавството* од областа на внатрешните работи, кое во

---

[173] Во продолжение [...]не само затоа што носи политичка одговорност (иако таа тоа не го знае или свесно го негира), туку се надеваме дека знае и што е морална одговорност

[174] Во продолжение [...] Јавноста конечно очекува *носители со интегритет*, знаење и одважност да ги отворат сите болни прашања наталожени во двата ресора, а кои директно се одразуваат на состојбата на човековите права во Републиката

[175] Во продолжение [...] проверка на досиејата на припадниците на полицијата, отстранување на сите кои имаат сомнителни досиеја, несоодветно образование, поплаки за нивната работа;

[176] Во продолжение [...] давање соодветна стручна помош, и поставување на соодветни работни места

[177] Во продолжение [...] Животот на функционерите не вреди повеќе од оној на граѓаните, а премиери и министри опкружени со сомнителни заштитари губат и углед и демократски легитимитет на народни избраници.

подолг период создава клима за арбитрарно и неодговорно однесување на припадниците на полицијата, а особено на припадниците на специјалните единици;

11. Создавање на *парламентарна комисија за надзор* и контрола врз работата на безбедносните служби, која конечно ќе почне да си ја врши работата редовно. [...][178]

Сакаме да веруваме дека живееме во демократска држава, ама кога демократијата и човековите права *се газат од оние кои треба да ни ја гарантираат* безбедноста и слободата, подготвени сме сега и во иднина да вршиме активна демократска контрола одоздола – нагоре. Со оглед на политичкиот миг во кој се наоѓаме, и кога се очекува конституирањето на институциите, ова е вистински момент да почнете со реформите.

*Реформирате се прво самите себе и оние од вашето непосредно опкружување. Ние ќе останеме будни и очекуваме брзи и недвосмислени акции, очекуваме да го слушнете нашиот глас и кога не е изразен во гласачко ливче, бидејќи вие сте сега власт на сите граѓани на Република Македонија!“*[179] .

Јасно е уште во овие иницијални формулации дека искуството од Првата петолетка поврзано со насилните практики на дисциплинскиот државен апаратус, овозможило брзо




*Слика 16 „Алфашизам“: од протестите против полициската бруталност, 15 јуни 2011 извор ФБ СПБ*

---

[178] Првата задача на оваа комисија треба да биде преиспитување на статусот на сите поранешни случаи на пречекорување на службената положба и прекумерната сила од страна на припадниците на полицијата.

[179] Предлог петицијата до Власта со 11 барања иницијално формулирана на 9 јуни и објавена на страницата Сите Сме Мартин Нешковски

цепење на конкретното барање за расчистување на случајот со убиството – оттаму, убиството на Мартин е „само повод да го кренеме гласот за слични ситуации пред кои до сега сме молчеле“[180]. *Цепење на барањето* значи дека во секоја негова манифестација е истовремено експонирана неговата конкретност – „да се расчисти конкретното убиство“, но и неговата трансценденција - „да се реформира системот“, „да се воспостави демократијата“, „да се одбрани слободата“ и така натаму. Транспарентот видлив на фотографијата, на кој пишува *Алфашизам (Слика 16),* добро ја илустрира оваа врска на однесувањето на безбедносните структури и системот воопшто. При тоа, според транспарентот, целта на револтот во основна смисла се *Алфите*, иако напаѓачот на Мартин Нешковски бил припадник на *Тигрите.* Ова значи дека била воспоставена еквиваленцијална врска меѓу сите единици на безбедносните структури, кои сега можеле да го репрезентираат *бруталниот систем* на груевизмот, кој сега забрзано бил артикулиран како „фашистички режим“.



*Слика 17 Од протестот на СПБ на 15 јуни 2011*

Логиката на *„цепењето“* е кристализирана во една основна контрадикторност која го фокализира „системот“ како антагонизирана другост – токму оној кој *треба да нè брани, токму тој нè убива*. Истовремено оваа другост е и конститутивен елемент на она што сме *Ние*. Во петицијата трепераат повеќе празни означители – означители чија појавност е особено подложна на впишување спектар значења – на пример се истакнуваат „демократијата„ „слободата“, „човековите права“ и така натаму, но сите тие упатуваат на оваа системска дисфункционалност. Се вели: „[...] кога демократијата и човековите права *се газат од оние кои треба да ни ја гарантираат* безбедноста и слободата, подготвени сме сега и во иднина да вршиме активна демократска контрола одоздола – нагоре“. Мобилизацијата и манифестацијата на барања, така веднаш отворила потенцијал за конструкција на популарен идентитет, кој имал широко-појасни маркери кои кристализирале непредвидлив антагонизам на социополитичкиот терен. И овој расцеп меѓу „Нас“ и „системот“ станал манифестната, секогаш нејасна линија на која во годините што следувале се конструирале социополитички идентитети. Подоцна ќе видиме како неможноста долго време да се фиксира значењето на *Системот* произвело фрустрација во движењето.

Тоа што било енкапсулирано во иницијалниот проглас и што го идентификувавме како кристализација на антагонизам меѓу „граѓаните“ и „системот“ не значи дека

[180] Ibid.

идентитетската конструкција имала a priori стабилна траекторија – наскоро ќе стане јасно дека напротив, *нестабилноста на оваа конструкција станала начин на нејзино постоење*. Само за пример, и во строга смисла поедноставено - од онлајн историските артефакти[181] следува дека, по дислокаторниот, и за јавноста трауматичен настан, имало отворена демонстрација на ресентименти кои биле дисперзирани како дискурзивни елементи низ социополитичкиот терен. Тие истовремено се манифестирале како „страв“, „сочувство“, „семејна трагедија“, „генерациска емпатија“, „гнев“, „неправедност“, „тиранија“, „репресија“, „бруталност“ и така натаму. Сите овие означители биле артикулирани во спектар реторички операции кои трепереле изложувајќи ја инхерентната нестабилност на значењето. Да претставам само две артикулаторни траектории за кои сметам дека во голема мера го вкотвувале значењето на втемелувачкиот настан во кој овие ресентименти можеле да се поврзат и меѓу кои, конечно осцилирале:

*Прво*, некои манифестации на ресентиментите се фокализирале во „семејната трагедија“ на ова македонско семејство кон кое граѓаните чувствуваат емпатија. Ова е, се разбира првиот импулс на колективната реакција на една траума како убиството на Мартин. Има инхерентна метонимиска поврзаност меѓу трагедијата на ова семејство и „трагедијата која можела да му се случи и на моето семејство“ или „да ми се случи мене“. Во една можна артикулација во идентификациите на настанот можеле да се впишат значења на „*семејната сага*“, како што и се случувало кога означителите поврзани со семејството на Мартин биле употребувани за да се *делегитимира* или пак спротивно, да се *легитимира* мобилизацијата. Еве еден таков исказ на почетокот од протестната мобилизација кој е индикативен за ова што го зборувам, изнесен во групата *Сите сме Мартин Нешковски*:

> „Уште еден доказ дека се прави сѐ за да се спречат протестите: По наводната изјава од страна на таткото на Мартин, да се престане со протестите, денес, братот и чичкото на Мартин беа присутни на протестите и ни подарија огромна слика од Мартин, за тој да нѐ води низ нашата борба, и на секој протест да биде со нас. Нагласија дека ја имаме целосната поддршка од целото семејство![182]

Вкотвувањето на колективната реакција во елементите на *семејната сага*, значи, истовремено му давало сила, но и го правело ранлив процесот на социополитичка артикулација - треперењето меѓу позициите на тие значења останало со движењето долго по настанот. Доколку во еквиваленцијалната врска почнале да се кондензираат значења во кои *доминира семејната сага* – како на пример *повикувањето на Бог да му помогне на семејството*, или наметнувањето на *желбата на семејството* за тоа како треба да се дефинираат барањата и кои тактики на протест треба да се применуваат – во тој случај од еквиваленцијалната врска би биле полека отпишувани значењата кои на барањето да се

---

[181] Покрај двете ФБ страници, од кои за потребите на ова истражување беа извлекувани податоци за анализа видливи на мапите, исто така дискурзивно беа анализирани текстови на блогот Правда за Мартин на кој биле собирани текстови поврзани со отпорот. Достапно на Правда за Мартин (justiceformartin.blogspot.com) . Последен пат пристапено на 06.12.2024

[182] Пост во ФБ групата *Сите сме Мартин Нешковски, на* 12 јуни 2011.

спречи полициската бруталност му давале идентитетска фиксација наспроти „системот“. Со други зборови *универзализацијата на дислокаторниот настан повторно би колабирала во партикуларност*.

*Второ,* односно според поинаква артикулаторна траекторија, можело да има двојно движење кое додека убиството продолжило да го вкотвува во партикуларноста, истовремено го еманципирало од неа. Според оваа траекторија, во еквиваленцијалниот ланец би доминирале означители кои експонираат антагонизам со *системот воопшто* и така истовремено во идентификацијата на „системот“ впишуваат значења како „бруталност“, „неправда“ „корупција“. Вторава траекторија била толку поверојатна, колку што успевала реторички да се диференцира од првата, но при тоа, нималку парадоксално според артикулаторната логика, не раскинувајќи ја до крај врската меѓу себе и емпатијата со семејната трагедија. Оваа втора траекторија е поблиску до она што се случило со *Стоп за Полициската Бруталност* – името на ФБ групата не содржело елементи кои ја држат стабилна и цврста врската меѓу убиството и мобилизацијата, како што тоа го правела *Сите сме Мартин Нешковски*. Истовремено именувањето не содржело референци за конкретна борба против груевизмот, што би го направило ранливо на артикулација на парламентарната опозиција. И оттука била возможна поголема артикулаторна отвореност – односно поголема можност во идентификацијата на „Што е тоа што <u>е</u> движењето“, да се впишува поширок спектар значења чии лимити ќе ги видиме кога ќе ги анализирам недоволно силните ефекти на хегемониска артикулација во ова движење.

Само неколку дена по иницијалната формулација на барањата објавени претходно на *Сите сме Мартин Нешковски* [183], на 12 јуни 2011 била формулирана нова листа која во голема мера била идентична со правата, но се разликувала според неколку, сметам, важни нешта. Ова е прочистената формулација на барањата како што се појавиле на групата *Стоп за полициската бруталност*:

> „Ние граѓаните на РМ, загрижени и згрозени од инцидентот кој што се случи на 6 јуни 2011 година на градскиот плоштад во Скопје, јавно го изразуваме нашиот револт против полициското насилство, употребата на прекумерна сила и непрофесионалното однесување на припадниците на МВР, особено дел од нивните единици како Единицата за брзо распоредување на МВР - ЕБР, Посебната мобилна единица на МВР „Алфа“ и Единицата за специјални задачи на МВР „Тигар“. Како граѓани на РМ бараме:
>
> 1. *Распуштање на специјалните единици на полицијата* како што се „Алфи“, „Тигри“ и други. Формирање на нови професионални единици […] [184]

---

[183] Двете ФБ групи постоеле паралелно со слични пораки неколку месеци, но целата сила на политичката артикулација била префрлена на групата Стоп за Полициска Бруталност, која се фиксирала како име на мобилизацијата.

[184] Дополнување на барање 1: За тие намени кои ќе ги исполнуваат следниве критериуми: а) Соодветна стручна подготовка утврдена од независно граѓанско тело. б) Контрола при вработувањето нови кадри во МВР од страна на независното граѓанско тело кое ќе има контролна функција за проверка на криминалното минато на апликантите. Независното граѓанско тело, воедно, би вршело евалуација на работните истории (CV-а) со сите информации за дисциплински мерки, психолошки профили и слично на сите работници во МВР. в) Задолжителни проверки за употреба на наркотици на припадниците на полицијата, по случаен избор, при што секој припадник да биде тестиран најмалку 2 пати годишно. г) Редовни психолошки тестови на секои 6 месеци, како и други проверки на кадрите. д) Задолжително

2. Задолжително присуство на униформиран полициски работник при секој контакт на полицијата со граѓаните;
3. *Замена на секторот за внатрешна контрола во МВР со независно граѓанско тело*;
4. *Зголемена контрола над Министерството за внатрешни работи од страна на Собранието* на Република Македонија [...][185];
5. *Зголемени казни во Кривичниот законик за кривичните дела што работниците во МВР ќе ги сторат без разлика дали се или не се на служба/на работа*;
6. Целосно расчистување на немилиот инцидент каде крвнички беше претепан до смрт 22-годишниот Мартин Нешковски од Скопје и преземање на конкретна одговорност од страна на сите припадници на МВР во хиерархиската низа (врз основа на командна одговорност)[186].

*Прво*, во оваа втора варијанта, елементите кои излегле како примарни биле поврзани со барањето за конкретно и радикално „чистење на системот". Консеквентно, првото барање поврзано со расчистување на убиството на Мартин формулирано на 9 јуни, било ставено подолу на листата на 12 јуни. Увидот во динамиката на конструкција на барањата можеби со поголема прецизност би можел да укаже на причината за ваквата одлука[187]. Но независно од намерата – дискурзивниот ефект би бил ист - не е можно расчистување на ваков случај без *откорнување на стариот систем на дисциплинирачки државен апаратус*. Ако тврдиме дека *системо*т е корумпиран и дека ова не е изолиран инцидент, во тој случај не може прво да бараме корумпираниот систем да го расчисти случајот.

Да се фокусирам за миг, на важната разлика во тоа како, на реторичко ниво било формулирано барањето за расчистување на случајот. Барањето од 10 јуни е поврзано со расчистување на „[...] начинот на кој е *убиен* Мартин[...]", барањето два дена подоцна има

---

доделување на општествено корисна работа на сите полициски работници како дел од секојдневните работни обврски. ѓ) Задолжителна обука за контрола на гнев за сите полициски работници.

[185] Дополнување на барање 4: „Преку формирање на посебна собраниска комисија составена од Претседател кој е претставник во Собранието на партија која нема мнозинство во парламентот, пратеници од сите парламентарни партии, претставници од граѓанскиот сектор и претставници од Народното правобранителство, која преку месечни извештаи ја известува јавноста за спроведената контрола врз Министерството за внатрешни работи. Оваа Комисија ќе реагира на секоја злоупотреба од страна на полицијата, како второстепена комисија, по повод одлуките на Организационата единица на МВР за вршење на внатрешна контрола, и за својата работа ќе го известува Собранието и јавноста најмалку еднаш во 3 месеци".

[186] Дополнување на барање 6 „Во таа насока бараме: а) Осудителна судска одлука за припадникот на специјалната единица "Тигар" – Игор Спасов, осомничен за убиството на Мартин Нешовски, за стореното кривичното дело Убиство од чл. 123 ст.2 т. 1 од КЗ – убиство на свиреп начин. б) Независна истрага за идентификација на припадниците на МВР кои биле соучесници ноќта кога се случило убиството, кои му помогнале на И.С. истото да се прикрие и не го регистрирале ниту пријавиле случајот на надлежните. Кривична одговорност за со-извршителство од чл. 22 од КЗ, во врска со кривичните дела од чл. 364 – Непријавување кривично дело или сторител и чл. 365 од КЗ – Помагање на сторител во извршено кривично дело.
в) Суспензија на министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска со цел спроведување независна истрага, како и утврдување на нејзина кривична одговорност во врска со член 22 од КЗ – Со-извршителство, во врска со кривичното дело од чл. 365 од КЗ – Помагање на сторител во извршено кривично дело. г) Суспензија на лицето одговорно за односи со јавност на МВР, портпаролот Иво Котевски со цел спроведување независна истрага, поради прикривање на веќе достапни информации и погрешно информирање на јавноста. Кривична одговорност за со-извршителство од чл. 22 од КЗ, во врска со кривичното дела чл. 365 од КЗ – Помагање на сторител во извршено кривично дело.

[187] Доколку продолжам со анализа на редоследот на барањата би влегол во честа замка на дискурзивната анализа а тоа е таканаречениот проблем на „прекумерна анализа" – затоа ќе запрам единствено на една основна забелешка под претпоставката дека редоследот на нештата не е неважна постапка.

цел да биде расчистен „[…] немилиот настан каде *крвнички беше претепан до смрт* 22 годишниот Мартин […]*“*. Оваа емфатично вовлекување на брутална слика во формулацијата на барањето има реторичка моќ постојано да го реактивира вкотвувањето на партикуларниот настан во акциите на движењето. Така, поместувањето на барањето на дното на листата додека истовремено е зајакната неговата имаголошка плодност, несомнено сугерира дека она што го изложив погоре е објективна манифестација – дека *Стоп за Полициска Бруталност* низ двојно движење, иницијално била отворена за *универзализација* (впишување на името на „народот“ во еквиваленцијалните операции), никогаш не напуштајќи го поврзувањето со партикуларноста на изворното барање, но намалувајќи ја опасноста да биде колабирана во него.

*Второ,* во верзијата од 12 јуни барањата биле поконцизни и кристализирани, но истовремено дел од нив биле радикализирани. На пример барањето да се распуштат специјалните единици на полицијата и да се формираат нови професионални единици, како и барањето целосно да се замени секторот за внатрешна контрола во МВР со независно граѓанско тело, упатувале на намерата да се урне целокупната седиментирана практика на репресија од оваа институција и да се отворат „партиципативни“ канали за реформа контролирана од „граѓаните“. Радикализацијата на овие барања, овозможила зголемување на мобилизаторниот потенцијал на движењето, бидејќи можела да ја максимизира фрикцијата предизвикана од отпорот на „системот“ да дозволи упад од нему „туѓа“ практика.

*Трето,* потенцираната „индивидуализација на вината“, изложена во првата верзија е целосно избришана во втората. Индивидуализацијата на вината, било воочено, би му овозможил на Министерството за внатрешни работи лесно да го демобилизира движењето со тоа што би биле направени неколку лесни операции за утврдување на вина на директниот извршител на убиството, што би упатувало на тоа дека „системот“ функционира.

Конечно, во *Стоп за полициска бруталност* биле манифестирани популистички артикулации видливи уште во воведот во кој повеќе не се зборува за „мнозинство на граѓаните“ како што тоа било случај во првата верзија, туку се зборува за „Ние граѓаните на Република Македонија“. *Ние граѓаните* така се кристализирал во празен означител во кој можело да се впишуваат значења кои би го стабилизирале ова „име на народот“.



*Слика 18 Од собир на СПБ кај Мајка Тереза 13 јуни 2011*

Но, реторичките направи кои излегувале од протестните манифестации на движењето, коишто изгледале како да ќе овозможат конструкција и репродукција на популарен социополитички идентитет, во текот на втората половина на 2011 година

биле постојано дестабилизирани од дискурси кои во речиси секој наврат ја инхибирале оваа артикулација. Оваа *тензија* мора да се види како локација *на лебдечки означители* за кои неколку субјекти позиции биле во борба за стабилизација на идентитетот на движењето. Има многубројни артефакти кои укажуваат како таа борба се развивала. На основно ниво на пример, една локација на борбата било да се маркира „автентичност“ и „чистота“ на движењето, не само од „партиски манипулации“ туку и од „партиско присуство“ на протестните манифестации (како што може да се види на Слика 19). И ова не била изолирана манифестација, туку таа доминирала во секоја инстанција на разлевање на гневот на улиците. Ова маркирање на „непартискиот идентитет“ на движењето имало најмалку три последици, кои истовремено воделе кон различни артикулаторни можности.

*Првата,* последица на оваа преокупација со *автентичноста*, може да се смета дека било експонирањето на проблемот на контингентноста на мобилизацијата, среде „партиската хегемонија“ и нејзината седиментирана клиентелистичка практика. На пример, во интеракциите на социјалните мрежи во текот на целото лето 2011 исклучително




*Слика 19 Интеракција на ФБ страницата Стоп за полициска бруталност,22.06.2011*

силен фокус имало на „партиската манипулација“ и со неа поврзаната „медиумска пропаганда“ – позитивистички показател за ова е фактот што во 294 анализирани постови во целата 2011 година, во 55 или 18,7% било реферирано на некаква партиско политичка манипулација. Онлајн интеракцијата пренесена на оваа страница е сугестивна за овој ефект.

Денови претходно на собирите кај „Мајка Тереза“, било дискутирано за ранливоста на „партиско етикетирање на протестите“ и било заклучено дека членови на партиите се добредојдени на протестите за да обезбедат масовност, но *во својство на граѓани* и дека истовремено појавата на функционери на партиите би му направиле на движењето лоша услуга. Како што се гледа во ФБ интеракцијата од 22 јуни, кога имало мобилизација за протест, но кога тоа било објавено на ФБ групата, се појавиле позиции кои укажувале на тоа дека барањето да не се појавуваат партиски луѓе го демобилизира движењето, односно ги демотивира луѓето како еден од соговорниците на оваа листа коментари, да се појават на улица. Оваа интеракција ја експонира кршливоста на СПБ како и на секое движење – а тоа доаѓа од контингентноста на протестните практики. Така демобилизација можела да се случи поради пораката на протестите да не се појават партиски луѓе, бидејќи тоа можело да се одрази на масовноста. Истовремено демобилизација можела да се случи и поради тоа што на протестот можеле да се појават партиски луѓе (со или без партиските симболи) по што движењето можело да биде етикетирано и делегитимирало како „мобилизација на политичката опозиција“.

*Втора* последица била тензијата која била конструирана не само околу партиската манипулација туку и околу политичкото дејствување воопшто. „Пуританизмот“ кој бил операционализиран како дисциплинирачки дискурс во *Стоп за полициска бруталност,* особено во првичната мобилизација, конструирал еквиваленција меѓу „политичко дејствување“ и „партиска идентификација“ и ги стигматизирал двете. На пример, во ова интервју на 22 јуни 2011 се гледа дека иако се конструирала молскавична идентификација на движењето со „радикалното реформирање на системот за безбедност“, имало отвореност за впишување и на други барања во неговата идентификација – што би можело да отвори можности и за конструкција на постабилна партиска практика. Се гледа дека и тоа создавало тензија меѓу субјектни позиции кои политичкото дејствување го конструираат како „партиска структурација“ и субјектни позиции кои можната партиската историчност на *Стоп за полициска бруталност* ја убивале уште при нејзиното раѓање[188].

А1: Дали сметате дека ова движење треба да прерасне во политичка партија? [189]

Ениса: Зошто да не. Ако една од формите на дејствување се оцени дека ќе биде ефикасна преку формирање некоја нова политичка партија – тогаш зошто да не? Луѓето кои доаѓаат на протести не ги прашуваме дали се членови на политичка партија

[188] Оваа анализа не треба да се чита како анализа на ставот на интерлокуторите, туку како анализа на динамиката на произведување дускурс во рамките на протестната маса – бидејќи она што го зборуваат претставниците на движењето на ова интервју е индикативно за дивергентните позиции внатре.
[189] Интервју Билјана Секуловска, А1 ТВ, 22 јуни 2011.

или дали планираат да станат членови на партија. Зошто да не – една од можните структури на дејствување понатаму да не биде и граѓанска организација, друга структура да биде политичка партија. Не е исклучена можноста – значи тоа е уште една работа која треба да ја разјасниме дури и помеѓу младите на едната страна на протестите и оние коишто доаѓаат со контрапротести. Многумина велат не зборуваме за политика – не ние зборуваме за политика. Ова е политика и се вика „безбедност". Можеме да зборуваме за други политики подоцна откако ќе го решиме овој случај заедно со институциите на државата [...].

Александар: Сега зборуваме за лични ставови – во што ќе прерасне ова? Ние, групата која секој ден се собира има консензус во однос на овие барања. Сега мислам дека има луѓе коишто не веруваат во политички партии, и не верувам дека би дошло до формирање политичка партија, меѓутоа да ова е активизам којшто поставува политички барања.

Неодлучноста (undecidability) на идентитетската стабилизација - која видовме во теоретската дискусија не е *слабост на едно движење,* туку е иманентна на „природата" на политичкото - меѓутоа, овде кристализирала уште една димензија која објаснува зошто хегемониските операции во *Стоп за Полициска Бруталност* биле тешки или се презентирале како невозможни. Истиот проблем го видовме и во многу помалите протестни манифестации во Првата петолетка. Хегемонискиот дисциплинирачки дискурс којшто го стигматизирал „политичкото дејствување" како нелегитимно ја парализирал артикулаторната моќ на избликот ресентименти и артикулаторните процеси ги држел во рамки кои не дозволувале еманципаторните значења кои почнале да се разлеваат на социополитичкиот простор, да бидат „фиксирани" за еквиваленциите на движењето.



*Слика 20 Од протестот на СПБ на 15 јуни 2011 извор ФБ СПБ*

*Трета* последица на „непартиското" маркирање била дискурзивната инверзија на социополитичката идентификација на движењето. Пуританизмот кој доминирал во дискурзивната продукција, бил кристализиран во паролата *Ние не сме партија!* Во потрагата по мобилизација на нови поддржувачи, означителите кои го диференцирале движењето од партиските организации биле моќни и пролиферирани, и на улиците и на малиот простор кој за движењето го издвоиле традиционалните медиуми, но најмногу во онлајн сферата, каде оваа артикулација се гледала во речиси секоја интеракција. Тврдам, повторливоста на диференцијалната идентификација долж втората половина на 2011 година

за *Стоп за полициска бруталност* станала *состојба на автентична социополитичка идентификација* овозможена преку дискурзивната инверзија. Со други зборови - *негацијата на идентитетот* <u>*е*</u> *идентитет.* За означителите во исказот *„Ние не сме партија“,* почнале да се артикулираат елементи кои направиле кршлива, но сепак видлива стабилизација на значењето на борбата за праведен однос на државата кон граѓаните, значења кои укажувале на потреба радикално да измени односот на граѓаните кон државата потребата да правдата да победи – *(Нема правда нема мир)*. Понатаму тие стабилизирале извесна практика – агонистички протоколи на комуникација и носење одлуки[190], копнеж по учество во контрола на моќта и копнеж по учество во конструкцијата и репродукцијата на она што било маркирано како „демократски институции“. Така, тврдам, негацијата во протестните пароли почнала да фиксира идентификација. Ова, веројатно најсоодветно може да се покаже на примерот кога по повеќе денови извикување *Ние не сме партија* низ улиците на Скопје - на ФБ станицата на *Стоп за полициска бруталност* се појавил постот „Ние *граѓаните*.. не сме партија“ [м.з]. Има голем артикулаторен скок во употребата на означителот *Граѓаните* овде – напуштањето на партиската лојалност станало, така, *состојбата во која било можно да се биде „Граѓанин“*.




*Слика 21 Пост на ФБ групата Стоп за полициска бруталност во кој негацијата на идентитетот конструира субјективитет во името на*

Тука стигнуваме до следното ниво на сложеност на оваа популарна идентификација. За разлика од празниот означител *Правда* кој доживеал инфлација од значења и релативна стабилизација доста рано во движењето, кристализацијата на означителот *Граѓани* и нему кореспондентниот означител *Системот, изгледа* дека одела многу потешко. Бидејќи – *што е тоа што* <u>*се*</u> *Граѓаните и што е тоа што* <u>*е*</u> *Системот*? Тоа дека *Граѓаните* не се партија е ден од елементите артикулирани во неговото значење, како што е и тоа дека се антагонизираат со бруталноста на дисциплинирачкиот апаратус со кој *Системот* бил во еквиваленцијална врска. Но, низ интеракциите можеме да видиме дека стабилизацијата на тоа *„што е тоа што* <u>*се*</u> *‘Граѓаните’ и што е тоа што* <u>*е*</u> *‘Системот’“,* станала исклучително колеблива и неодлучна. Со други зборови *„Граѓаните“* и *„Системот“* станале *лебдечки означители.* Ова значи дека мноштво субјектни позиции во нив можеле да впишуваат елементи кои не можеле лесно да бидат хегемонизирани па тие трепереле во

[190] Агонизам – Во анализата на Шантал Муф полемички модалитети кои го супституираат насилниот антагонизам (Mouffe, 2013)

својата нефиксирливост. На темпоралната мапата за 2011 и на мапата за 2012 година[191], се гледаат позициите околу кои се конструирала фиксацијата на *Стоп за полициска бруталност* – во 2011 и во 2012 тоа биле барањата да запре полициската бруталност, барањата за правда, но и за мир, демократија и така натаму. Овие празни означители се очигледниот дискурзивен апарат за движењето. Но, јас тука ќе се задржам на помалку видливите аспекти, бидејќи тие ни откриваат како дисциплинирачкиот дискурс во рамки на движењето не дозволил *Стоп за полициска бруталност*, да се развие кон можните *еманципаторски, антиестаблишментски и антикапиталистички артикулации* – односно зошто не успеал за идентификацијата на *Системот* да го артикулира *целиот политички естаблишмент* и зошто во тој артикулаторен процес не бил реализиран потенцијалот што кај СПБ бил барем бледо видлив, за антикапиталистичка борба.

За ова е потребно да погледнеме во репертоарот кодови кој во кодната матрица беше обележан како *„дисонанца“* – во него се вметнати интеракциите во кои има максимум неодлучност за фиксацијата на некоја артикулација. Две артикулации се тука особено интересни за анализа, иако во големата слика на движењето на прв поглед тие може да изгледаат маргинално: *Едната*, како што може да се види на мапите од 2011 и 2012, е *повикувањето, одобрувањето и поддржувањето* на антиестаблишментски и во основа антикапиталистички барања епитомизирани во означителот #Ocupy - глобално движење со чии маркери во дел од интеракциите во *Стоп полициска бруталност* биле конструирани компаративни поврзаности – (СПБ е *како* #Occupy, но не и СПБ *е* #Occupy). *Другата* е поврзана со поддршка на барањата на група демонстранти од Гостивар, Тетово и Скопје кои барале казна за полицаец кој застрелал и убил двајца косовски граѓани во Гостивар.

Уште во текот на летото 2011 се појавиле дилеми околу тоа по која траекторија движењето требало да се развива[192] – како што видовме, имало постојана нестабилност и можност универзализацијата да колабира во партикуларноста на барањето за расчистување на случајот со убиството. Груевистичкиот апаратус делумно успевал во стратегијата да ги изолира ресентиментите поради тоа што правел серија псевдо-чекори во задоволувањето на барањето за правда – делумното придвижување на случајот во судскиот систем да го претставува како целосно задоволување на правдата. За дел од демонстрантите станало јасно дека ограничувањето на барањата единствено на полициската бруталност почнувало да станува претесно за да ја одржи плодноста на револтот. Се појавиле елементи кои барале артикулаторни врски надвор од „оригиналните“ барања - фокусот на ова е клучно за разбирањето на конструкцијата на социополитички идентитет – хетерогеноста како што видовме е услов без кој не е можна хегемонизација.

---

[191] Види Анекс 1.
[192] Види Мицевски, И. (2011) „За семантичкиот полнеж на инаугуралниот настан“, Окно. Достапно на https://okno.mk/node/12310 . Последен пат пристапено на 12.6.2024 г.

Во септември и октомври 2011 година администраторите на ФБ групата *Стоп за полициската бруталност*, во повеќе наврати[193] реферирале на мобилизацијата на движењето #Occupy во Соединетите американски држави, како што за барањата на ова глобално движење имало директни дебати кај спомен куќата на Мајка Тереза. #Occupy имало силни антиестаблишментски и антикапиталистички артикулации поради кои неговите барања се разлевале низ глобалниот социополитички терен[194] и во еден момент почнале да се лепат за *Стоп за полициска бруталност*. Од двете интеракции кои verbatim ги пренесувам овде во *Стоп за полициска бруталност* имало дисциплинирачка дискурс секогаш кога барањата излегувале надвор од конкретните барања на движењето и единствениот лесен артикулаторен процес било метонимиското поврзување на барањата со други ситуации слични на полициската бруталност кон Мартин Нешковски.



*Слика 22 Интеракција на ФБ страницата Стоп за полициска бруталност,21.01.2012*

Ваква дисциплинирачка интеракција имало дури и во случаите кога бил конструиран дискурс на согласност или консензус. На пример како во овој случај од 21 јануари 2012 година, значи веќе во осмиот месец по изворната мобилизација на движењето против полициската бруталност. Администраторите на групата споделиле информација поврзана со учество на еден демонстрант во обука и акции на #Occupy Capitol – што требало да донесе инспирација за идна мобилизација. Но, како што се гледа во интеракцијата, ваквиот обид бил веднаш дисциплиниран бидејќи излегувал од она што било перципирано како *агенда* на групата. Првиот коментар по постот на сликата десно е на администратор на *Стоп за полициска*

[193] Во текот на септември и октомври во кодната матрица регистрирани се 7 вакви интеракции. Но бројката на интеракции е од второстепено значење – важно е каква дискурзивна дисперзија може да се прочита од овие интеракции.

[194] Патем ова е доказ за тоа како теоријата на дискурсот го надминува таканаречениот „аналитички и теоретски национализам" од една страна бидејќи ја прави радикално транспарентна артикулаторната логика која сега може да се види како е дисперзирана без „вештачки" да се дихотомизираат „локалните" и „глобалните контексти".

*бруталност*, а следните два се направени од еден ист профил. Интересниот заплет е во тоа што аргументот зошто на постот не му е местото на ФБ групата на СПБ, не е тоа што поддржувачот не се сложува со барањата на движењето #Ocuppy, туку во тоа што се тврди дека *агендата* на *Стоп за полициската бруталност* е различна од *агендата* на #Occupy. Било направено двојно движење во кое било направено цепење меѓу „индивидуалниот“ и „колективниот“ копнеж за промена, но при тоа за конструкцијата на индивидуализмот на овој демонстрант е залепен притисокот за радикална промена, а обратно на конструираниот колектив му се впишани потесни активистички значења. Така е видливо дека во СПБ имало истрајна пракса, артикулаторните потенцијали на оригиналните барања постојано да бидат враќани и вкотвувани во тесната рамка што оневозможувало за движењето да се артикулираат елементи на еманципаторски анти – естаблишментски дискурс .

Вакви дисциплинирачки реторички направи биле присутни насекаде во протестниот простор – ги имало во онлајн интеракциите, на протестните манифестации, во директните агонистички интеракции во агората. И тие не биле поврзани единствено со #Occupy. Туку и со други прашања и движења кои биле современи на *Стоп за полициската бруталност*. Тука се разбира имало и многу повеќе елементи поврзани со локални барања – на пример, како што се гледа на мапата за 2012 година барањата на *Стоп за полициска бруталност* биле артикулирани со оние на иницијативата *АМАН* против поскапувањето на цените на енергијата поради ефектот што тоа би го имало врз сиромашната популација.

Еден друг пример поврзан со #Occupy, веројатно овозможува уште подлабок увид врз артикулаторните практики во движењето, за кои не можело сѐ уште да се каже дека имало изгледи да конструираат популистичка хегемонија, независно од тоа дали во таа хегемонија би биле или не би биле впишувани антикапиталистички елементи. Борбата меѓу субјектните позиции за идентификација на *„што е тоа <u>што е</u> Стоп за полициска бруталност“* е извонредно информативна. На 2 октомври 2011 година, протестните практики на современиот *#Occupy* биле повторно земени како инспирација за мобилизацијата на СПБ. Но, интеракцијата овде е индикатор за контингентноста на артикулацијата. Во коментарите – кои мора да се земат како индикативни за полемиката во рамките на протестната мобилизација воопшто – била конструирана двојна диференцијација меѓу СПБ и *#Occupy*. Прво, диференцијален маркер бил конструиран околу прашањето на солидарноста, довербата и инклузивноста – разликата е вели првиот коментар (Слика 23) во тоа што глобалното движење (*#Occupy)* било „отворено“ и така тој го лоцира проблемот во неразбирањето на групната динамика и ексклузивноста во начинот на кој *Стоп за полициската бруталност* се борело за остварување на целта. Според оваа позиција, во *Стоп за полициската бруталност* не им бил дозволен пристап на различни општествени сегменти и различни социополитички идентитети да се манифестираат низ движењето. Во движењето според оваа логика недовербата и „антипартиската параноја“ прво не дозволиле да се обезбеди потребната долготрајна масовност, а потоа, и консеквентно на првото, не

дозволила да се конструира антагонизам со *Системот* во целина. Другата позиција, видела проблем во тоа  што како што вели „ситните души“, го ограничиле протестот само на полициското насилство и не му дозволиле тој да прерасне „во она во што требало да прерасне“. Размената на овие коментари се артефакт, материјализација не толку за спротивставеноста на овие позиции, колку за колебливоста на фиксирањето на означителот *Систем.* Во коментарите под постот кој се однесува на #Occupy може да се прочитаат најмалку четири потенцијални артикулаторни процеси односно субјектни позиции.

Првиот коментар отвора тактички проблем, но индикативен е за една субјектна позиција, според која, откако на почетокот било утврдено дека „протестот е против полициската бруталност“  понатаму важен бил процесот и „групната динамика“ на движењето. Ова независно што според коментарот на истиот соговорник - тој/таа не биле за „претприемаштвото“ и „слободниот пазар“ Овозможувањето на поголема инклузивност подразбирало вбризгување на дискурзивна хетерогеност во протестот – артикулациите на таа хетерогеност не можело а да не бидат непредвидливи, па оттука и спречувањето на протестот да се манифестираат барања кои би биле артикулирани со барањата на парламентарната опозиција, би претставувале една „нужна контингенција“. Барањето за промена на власта на пример, иако е *антигруевистичко*, не мора да значи дека е нужно и *антиестаблишментско* барање. Ако *Системот Е Груевизмот, а не политичкиот естаблишмент во неговата тоталност,* тогаш од еквиваленцијалниот синџир на



барањата на СПБ би биле отпишани оние елементи кои конструираат антагонизам со социјалдемократите разбрани како „локација на капиталистичката транзиција“. Ако значењето на *Системот* се фиксира околу целиот естаблишмент кој раководел со државата од падот на социјалистичкиот поредок – тогаш „непријателот“ би ги вклучувал и партиските сегменти кои во моментот ја немаат власта. Оваа борба за артикулација на лебдечкиот означител „*Системот“,* била борба за супремација и хегемонизација на движењето.




*Слика 23 Интеракција на ФБ страницата Стоп за полициска бруталност,02.10.2011*

Според друга позиција, тоа во што „требало да прерасне протестот“ била артикулацијата на антикапиталистички елементи епитомизирани во окупацијата на банките воопшто, но тука се издвојува „Комерцијална банка“ – банката чиј директор бил поранешен социјалдемократски функционер и претставник на извршната власт. Поради тоа што овие елементи не биле стабилизирани во еквиваленцијалниот ланец, можело да се смета дека движењето не успеало да го предизвика ефектот „што требало“. *Системот* според оваа субјектна позиција бил „капитализмот“, не само оној капитализам претставен *од тој против чија бруталност сега протестираме*, туку против сите појавности на капитализмот кои се бранети од дисциплинирачкиот апаратус каков што е полицијата.

Трето, може да се прочита позиција за која *Системот* е по дефиниција партискиот естаблишмент (политичарите) без при тоа да има потреба да се отповикуваат елементи кои се однесуваат на социополитичкото уредување и капитализмот. И конечно *Системот*, во последно воочливата субјектна позиција во оваа интеракција, не е нешто што треба да се урне туку нешто што треба да се „поправи“ или да се „реформира“ и тој е поврзан со конкретната реакција на МВР – банките воопшто не се дел од системскиот проблем, според оваа позиција.

Субјективитетот на „*Граѓаните*“ така зависел од фиксирањето на некоја од овие артикулации за *Системот*. Но, *Стоп за полициска бруталност* не успеало да конструира популарен субјективитет околу ниту една од овие позиции. Имајќи го предвид тоа што движењето на почетокот на 2012 веќе слабо манифестирало дискурзивна продукција, но и дека успеало од сигурна анонимност да го извади случајот на Мартин Нешковски и дека неговата манифестација на дефинитивен начин имала ефект да ги зајакне

антиавторитарните, и по метонимиска поврзаност и антигруевистичккиte ресентименти - може да се каже *дека движењето на социополитичкиот терен ослободило елементи кои во 2015 година ќе се манифестираат како обид за хегемонизација на популарен идентитет*. Ова е така, и особено поради тоа што една „проектирана“ идна артикулација поттикната од операцијата на едно *именување* станувала проминентна во неговите ритуализирани манифестации. Тоа бил хаштагот *#Протестирам*, идентитетска консолидација која во „прво лице еднина“ ќе може да го артикулира широкиот спектар барања во една, иако многу нестабилна, социополитичка идентификација со голем популистички потенцијал.

Втората артикулација на која многу накусо се осврнувам имала метонимиска поврзаност со навидум слични барања кои се појавиле на друга локација во социополитичкиот терен. Но, артикулацијата на овие барања за *Стоп за полициска бруталност* креирала голема дисонанца во рамки на движењето, во амбиент во кој македонскиот социополитички простор бил вовлечен во потенцијално милитантна етничка антагонизација – прво поради еден инцидент во западниот град Гостивар во кој еден полицаец застрелал двајца косовски државјани и потоа поради еден терористички напад извршен во близина на Скопје, кај Смилковското езеро, во кој биле убиени петмина луѓе. Во првиот случај, во *Стоп за полициска бруталност* се појавила длабока поделеност и борба меѓу субјектните позиции поврзана со тоа дали да се поддржат целите на протестот против полициската вмешаност во убиството во Гостивар. Агората на групата иницијално го поддржала протестот, не навлегувајќи во деталите на инцидентот во Гостивар кој брзо потоа бил вовлечен во „етничка артикулација“. Откако биле објавени детали за убиството, кои укажувале на можноста неуниформираниот полицаец да бранел малолетен член на своето семејство откако бил нападнат за паркинг-место пред неговата зграда, дисонанцата се претворила во отворен конфликт што ултимативно ѝ наштетил на мобилизацијата. Тактичката грешка почнала да го заслабнува движењето кое почнало да ги инкорпорира своите активности во новата иницијатива што имала цел да ги амортизира етничките тензии – *Стоп за полициска бруталност*, како што може да се види на темпоралната мапа за 2012 година, било привремено апсорбирано во барањата за „етнички мир“ на иницијативата *„Заедно за мир“*.

- *2013: инфлација на антагонизам во дискурзивното поле*

Етничките тензии така дополнително ја заслабнале артикулативната врска меѓу барањата на *Стоп за полициска бруталност* и пошироките општествени барања, поради што движењето повеќе не произведувало дискурс на социополитичкиот терен. Оваа фрустрација на конструкцијата на популарен субјективитет, повторно, изгледало дека за догледно време ќе оневозможи мобилизација за темелна социополитичка промена. Но овој,

во 2012 година, сеприсутен сентимент, ќе биде разбранет со серија дислокаторни моменти, кои во 2013 видливо ќе креираат цело антагонистичко поле во кое сега веќе јасно се кристализирале антигруевистички и антиавторитарни елементи кои почнале да стануваат појасно артикулирани, како што впрочем може да се види на сегментот од мапата за 2013 година. Во овој оддел на поглавјево зборувам за три дислокаторни моменти за кои тврдам дека произвеле ефект на реактивација на политичкото и отвориле можност за антиавторитарна мобилизација која направила извесна структурација на „граѓанска пракса“.

*Првиот* дислокаторен момент, како што може да се види на темпоралната мапа на Слика 24, бил насилното исфрлање на парламентарната опозиција од македонското собрание на 24 декември 2012, настан кој подоцна бил именуван како *Црн понеделник* – како и кореспондентното насилство на една седница во општина Центар во Скопје. *Вториот*




*Слика 24 Сегмент од темпоралната мапа за 2012 година (за целата мапа види анекс 1)*




*Слика 25 Сегмент од темпоралната мапа за 2013 година (за целата мапа види анекс 1)*

дислокаторен момент *(Слика 25)* бил апсењето на новинарот Томислав Кежаровски на 28 мај 2013 година, што овозможило конструкција на идентификацијата на новинарската заедница - „како *заедница“.* И конечно *Третата* дислокација бил отпорот на локалната дискурзивна коагулација наречена *Паркобрани,* по најавата дека е извесно градските власти во Скопје да го уништат малиот парк кај хотелот Бристол, за не негово место да биде изградена јавна зграда - зграда во која подоцна ќе биде сместена *Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ).* Ова, да потсетам, не е историско иследување во тесна смисла на зборот, туку постструктуралистичка анализа на општествени односи – затоа

во овој оддел ќе се задржам единствено на дискурзивните конструкции по овие дислокации, а не и на сите детали во нивното траење.

<u>*Борба за историцитет – бранковизмот* како социополитичко движење</u>: Во декември 2012 година во македонското Собрание, опозициските социјалдемократи го направиле првиот сериозен обид да се спротивстават на структурацијата на тотализирачки социополитички практики на груевизмот. Социјалдемократите се обиделе да го блокираат носењето на државниот буџет за следната година. Причините за филибастерингот биле повеќеслојни. Од 19 ноември, кога почнала расправата во Собранието, до 13 декември, социјалдемократите ја напаѓале стратегијата со „буџетот на тешката сегашност и украдената иднина“[195], преку задолжувања да бидат, како што тврделе „поткупени“ маргинализираните слоеви на електоратот – пред сè пензионерите и стечајците[196]. Барањата, особено на стечајните работници, како што видовме од темпоралните мапи од 2006 до 2010 година, не биле артикулирани, а извесно е дека голем дел од стечајните работници можеле да бидат груевистички електорат на дотогашните изборни циклуси поради груевистичките артикулации кои содржеле елементи на „националната агенда“ и „загрозеност од внатрешните и надворешните непријатели на македонскиот народ“. Задолжувањето на груевистите, тврделе социјалдемократите, имало цел да го амортизира незадоволството на оваа популација, а тоа долгорочно било веројатно да доведе до колапс на економијата која не би имала капацитет во иднина да ги покрие задолжувањата. Независно од економскиот аргумент изнесен во институционалниот домен, очигледни се причините, зошто ова за социјалдемократите не можело да овозможи артикулација на стечајните барања. Попрво ваквата формулација го зголемувала јазот меѓу бранковистите и „маргинализираните слоеви“.

Другиот елемент на напад на груевистичкиот буџет било, тоа што во него не биле предвидени пари за определени категории граѓани – на пример било повторно отворено прашањето за тоа зошто буџетот и во 2013 година не предвидува пари за *Бранителите* и нивните семејства. Овој аргумент на социјалдемократите имал поголема артикулаторна моќ бидејќи од една стана тој се обидувал да ги залепи во својата орбита барањата на таа популација, но од друга страна ги напаѓал маркерите што ја држеле стабилна коалицијата меѓу ахметистите и груевистите. Причината зошто во неколку последователни мандати на груевистите не бил донесен закон за бранителите било барањето на ахметистите дека е потребен закон за борците на ОНА. Овие барања на бранителите биле артикулирани прво во здружението, а потоа и во политичката партија *Достоинство*, која пак поради тоа што, сè до 2015 година се држела единствено до тематски специфичното барање на оваа популација

[195] Види „Опозицијата обвини дека буџетот е за купување гласови“, Вест број 3724, 20.11.2012.

[196] Во говорите на социјалдемократите се споменувал „електоратот“, бидејќи според седиментираната практика на груевизмот, во Македонија се одржувале изборни циклуси на половина од владините мандати – груевистите следеле кога нивниот рејтинг бил највисок и кога опозицијата била најмалку подготвена за избори.

не успеало да конструира обид за поширок социополитички идентитет. Но, барањата на бранковистите не биле видени како артикулаторна практика на овие барања, туку едноставно како лажна репрезентација низ која ѕирка транзициското минато.

Сепак, во собраниската расправа од 13 декември па натаму, почнале да се множат аргументите, кои се однесувале на трошоците што Третата груевистичка влада, сакала да ги направи за спроведувањето на коруптивниот и ревизионистичкиот проект *Скопје 2014*. Барањата на социјалдемократите целеле кон експонирање на пристрасноста на вложувањата во Скопје наспроти оние во другите помали градови во земјата[197], на експонирање на проневерата на пари направена со проектот *Скопје 2014* поради што проектот требало да се замрзне[198], и на потребата трошењето да се намали за нешто повеќе од 200 милиони евра[199]. Министерството за финансии прифатило 44 од предложените стотици амандмани скратувајќи 3 милини евра од предвидениот буџет, но тоа не ги менувало политичките импликации од севкупната буџетска конструкција, особено во поглед на *Скопје 2014*. Со филибастерингот, дискусијата во парламентот ескалирала, по што собраниското обезбедување ги исфрлило надвор целата опозиција заедно со новинарските екипи кои го следеле настанот. Ваквите манифестации на насилство на груевизмот биле важен катализатор за конструкција на антигруевистички ресентименти дисперзирани на секаде низ социополитичкиот терен.

Бранковистите почнале бојкот на Собранието и протести на кои се обиделе да го мобилизираат своето членство и на кои имало повредени. Така надвор од институционалните практики барале пад на Груевизмот, распишување нови избори, демократија, одбрана на институционализмот и така натаму. Но, овој дислокаторен настан овозможил и нешто многу повеќе од тоа. Искуството на парламентарната опозиција станало и искуство на новинарската заедница – ова е пример како дискурсот сфатен како практика може да конструира артикулаторни јазли. Насилна тактика и непопустливоста веќе биле седиментирани за идентитетот на Груевизмот сега веќе кристализиран како „режимот во Скопје“. Првпат по падот на Бучковистите во 2006 година, социјалдемократите биле вовлечени во отворен конфликт надвор од седиментираните институционални протоколи, каде што нивните барања, откако не биле диференцијално задоволени, немало каде да се движат ниту како да се артикулираат – особено поради, како што видовме дисциплинирачкиот дискурс на стигматизираната партизација која не дозволувала лесни коалиции меѓу она што било гледано како „партиски структури“ од една страна и „независното граѓанство“ од друга. Се разбира, оваа дихотомизација била наивно поедноставување на артикулаторните практики, но и покрај тоа, таа од една страна креирала

[197] Види „Бендевска: Ставревски има пари само за Скопје“, Вест број 3745, 14.12.2012
[198] Види „33 милиони евра заштеда со замрзнување на Скопје 2014“, Вест број 3747, 17.12.2012
[199] Види : „СДСМ: Владата мора да скрати 2054 милиони евра од Буџетот“, Вест број 3750, 20.12.2012

видливи ефекти, на голема фрустрација од растечката репресивност на Груевистите и неможност да се калцифицира отпор од друга.



*Слика 26 ОД протест на бранковистите пред Собранието на 24 декември 2013, Извор Вест*

Но, насилното „крштевање на социјалдемократите“, за бранковистите значело дека нивното дејствување било дезартикулирано, *за момент,* од означителите на институционализмот, за кој тврделе дека е уништен, што ослободило за нив вишок производство на хетерогеност на социополитичкиот терен поради што тие биле презентирани како општествено движење чии барања сега можеле да имаат поголема артикулаторна моќ од претходно, како што за кусо време и се покажало. Како што може да видиме на темпоралната мапа за 2013 година (Слика 25), во исклучително нестабилни околности за барањата на социјалдемократите можеле да се артикулираат две дотогаш независни дискурзивни формации – едниот дискурзивен ансамбл доаѓал од медиумскиот сектор и се однесувал на отпорот кон менување на медиумскиот корпус закони, а другиот бил отпорот кон агресивното напредување на проектот *Скопје 2014*, кој до 2013 година ги артикулирал барањата кои се однесувале на естетиката на градот, барањата кои против ревизионизмот барале презервирање на историскиот континуитет на македонската архитектура и серијата еколошки барања, кои се множеле на социополитичкиот терен уште од 2009 година кога почнала реконфигурацијата на централното градско подрачје во Скопје – мал ринг[200]. Но, како оваа артикулација креирала антагонистичко поле во 2013 година, и почнала да стабилизира еден социополитички идентитет?

[200] Сите овие ги дискутирав во поглавјата од првата петолетка.

<u>*Кежо* – празен означител:</u> Како што гледаме на мапата за 2013 (Слика 25), конфликтот на бранковистите во Собранието бил точката на притисок за појасна артикулација на барањата за уривање на груевистите со другите симултани барања во овој историски момент. Се разбира, артикулацијата на барањата не е неминовно прашање на „соработка или отворена коалиција меѓу луѓето и групите“, туку, како во случајов таа е ефект на играта на дискурсот. Затоа во 2013 година може да зборуваме за артикулација на барањата за уривање на груевистите, барањата за спречување на кич-естетскиот, ревизионистичкиот и коруптивниот проект *Скопје 2014*, еколошките барања поврзани пред сè со уништувањето на зелените површини во главниот град и барањата за спречување на узурпацијата на слободата на говорот чиј последен клинец требало да биде новиот законски корпус во медиумскиот сектор.

Ефектот на оваа артикулација го гледаме на темпоралната мапа од 2013 година - во овој оддел накусо го дискутирам згуснувањето на дискурзивните елементи во медиумскиот сектор, *прво* околу носењето на новите законски решенија во медиумскиот корпус и *потоа* околу отпорот кон апсењето, обвинението и судењето на новинарот Томислав Кежаровски. Тврдам дека во првиот случај се случила артикулација на барањата за уривање на режимот во Скопје и барањата за слобода на говорот, а вториот случај, имал галванизирачки антигруевистички и антиавторитарен ефект, за она што во тој историски момент можело да се нарече *новинарска заедница*.

Конструкцијата на Груевизмот како „цврсто владеење“, за Третата Груевистичка влада значело симултано ширење и седиментирање на праксата на дисциплинирање на дискурзивните манифестации кои правеле пукнатини во неговата хегемонија – односно ги јакнеле можностите да биде ослабена врската меѓу елементите во неговата еквиваленција. Ова подразбирало спонзорирање на широко распространета пракса на закани кон новинарите, потоа, пракса на создавање таканаречени SLAPP[201] притисоци кои имале цел да ги одвратат новинарите и неконформираните медиуми од обидите да известуваат за коруптивните и авторитарните практики, но и законско реконфигурирање на медиумскиот сектор, кој требало да стане кондуктивен за општата трансформација на македонското општество кон *Преродбата*. Последново значело подготовка на нов Закон за медиуми и измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои предвидувале институционализација на супер-регулатор кој би ги регулирал сите медиуми, да содржат зајакнати одредби поврзани со државно санкционирано лиценцирање на новинарите и регулација на онлајн-секторот за кој дотогаш не постоела специфична законска рамка[202]. Овие чекори биле препознаени како последниот *напад на слободата на изразувањето* и по тој повод биле мобилизирани неколку професионални организации за новинари во обид

[201] Strategic Lawsuit Against Public Participation (SLAPP)

[202] Види „Владата треба да ја штити слободата н изразувањето“, Вест број 3863, 4.5.2013; „ЗНМ: Влада та го повлече законот за медиуми“ Вест број 3874, 18.5.2013

да се спречат реформите. Процесот почнал во април 2013 година и се одвивал истовремено, како што се гледа на мапата, со зајакнатите барања на новинарските здруженија за спречување на физичките напади и заканите кон новинарите како и на социјалдемократите кои сега го бојкотирале парламентот. Така се конституирал ансамбл барања кој произведувал актери антагонизирани со Груевистите.

Артикулацијата на барањата и зајакнатата фрикција, на исклучително јасен начин направиле нова структурација во медиумскиот сектор. Во 2010 година бил формиран *Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници*[203] а во 2011 година, *Здружението на новинари и медиумски работници*, кое било основано во февруари 1946 година, направило одлучна консолидација, зајакнувајќи ја својата организациска поставеност и избирајќи нов и настојчив претседател. Но, консолидацијата од Груевистите била препознаена како отворање на ранливост за идната антагонизација и затоа во медиумското поле биле материјализирани неколку антагонистички субјектни позиции – на пример Македонската асоцијација на новинари (МАН).

Но, кога кон крајот на мај 2013 година во рамките на таканаречената акција „Ликвидација", бил уапсен новинарот на дневниот весник „Нова Македонија", Томислав Кежаровски, поради наводно откривање на идентитет на заштитен сведок во криминалниот случај „Ореше", станале манифестни протестните барања поврзани со неговото ослободување.

Новинарските протести структурирале координативно тело кое го нарекле *Иницијативен одбор за ослободување на Кежаровски*, кое како што растела протестната мобилизација, така станувало попознато под името *Слобода за Кежо*. Десетици новинари се појавувале пред судските органи да протестираат поради случајот и овој процес имал неколку ефекти.




*Слика 27 Протест на Слобода за Кежо на 25 јули 2013 година пред Апелацискиот суд*

*Прво*, го галванизирал антагонизмот со груевистичкото ВМРО на начин на кој за него биле артикулирани авторитарни елементи. Пред сè била кристализирана идентификацијата

[203] Види „Новинарите за прв пат со самостоен синдикат", Вест број 3118, 13.11.2010;

на груевизмот како *узурпатор на слободата на говорот*. Оваа идентификација за груевизмот како што видовме во Првата петолетка и претходно била манифестирана, но во изолирани дискурзивни јазли. Со движењето *Слобода за Кежо* таа доживеала кристализација, како што празниот означител *Слобода* бил полнет со антигруевистички




*Слика 28 Протест на Слобода за Кежо на 20.1.2015, извор Фокус*

маркери. Потоа, метонимиската поврзаност на судскиот случај против Кежаровски со мноштво други случаи во кои била видлива корупцијата и ВМРО-изацијата на тоталитетот на судскиот систем, го издвоила барањето за *Правда* како празен означител, во кој исто така биле впишани антигруевистички и антиавторитарни елементи. Оваа дискурзивна операција била реминисцентна на барањето правда во артикулациите на *Стоп за полициската бруталност*, што ќе овозможи барањата за правда за Кежо да бидат артикулирани во пошироките социополитички барања. Значењето на означителот *Кежо* било прво дихотомизирано – бидејќи Груевистите забрзано го конструирале како „криминален елемент“, за него брзо биле артикулирани означителите *Слобода* и *Правда,* произведувајќи го во симбол на борбата за нивната одбрана. Ова станало видливо во 2013 година како што може да се види на транспарентите од протестот пред Апелациският суд во јули. На пример транспарентот *Сите сме ВМРО – пуштете го Кежо,* низ својот сарказам сугерира прво дека, овде има кристализација на разбирањето дека режимот тежнее да го хегемонизира



*Слика 29 Конструирање на субјективитет на една професионална група - протест Слобода за Кежо*

дискурзивното поле вклучително и уште повеќе дека таа хегемонизација е комплетна и тотална и се протега и врз *Нас и врз судскиот систем.* Но, истовремено, манифестираното општествено барање - исказот на копнеж да биде пуштен Кежо - е локација на антагонистички субјективитет – *Ние сме тие што ова го бараат*. *Во признанието дека има тотализација, се експонира невозможноста за тотализација.* Артикулаторниот потенцијал ќе се види кога во јануари 2015 година имало протест со илјадници поддржувачи на ослободувањето на Кежаровски, предизвикан од одлуката на судот да го осуди на четиригодишна затворска казна. На протестот извикувањето *Нема правда нема мир,* како и антигруевистичката и антиавторитарна имагологија, е јасно артикулација на барањата за *Слобода за Кежо* од една страна и широките социополитички барања од друга, хегемонизирани под празниот означител *Правда*.

Второ, овој антагонизам почнал да конструира идентификација на една „професионална заедница“ која добивала социополитички идентитет. Во оваа кристализација *Здружението на новинари на Македонија* било конструирано како историски актер под чии означители, можеле да се идентификуваат барањата на тоталитетот на новинарската заедница – ова е пример за тоа како истите артикулаторни процеси може да бидат видливи на различни нивоа – она што класичната социолошка мисла го гледа како макро- и микрониво на анализа. На повеќе протести во поддршка на ослободувањето на Кежаровски, демонстрантите носеле маски со неговиот лик. Дискурзивното читање на овој гест епитомизира една сингедохиска операција – синегдохата како тропа со која *„еден дел ја заменува целината[204]“*. Слоганот кој се појавувал на протестите *Сите сме Кежо,* истовремено демонстрирал солидарност со колега, но во потемелна смисла, конструирал



*Слика 30 Протестот на социјалдемократите за ослободување на Кежо 29 јули извор Фактор*

[204] За тропите види (Ќулавкова, 1984, р. 124)

идентификациска логика на артикулација под еден означител.

Конечно, *Трето*, како што реков, манифестираните барања за ослободување на Кежаровски биле веднаш артикулирани со барањата за ослободување на судскиот систем, одбрана на слободата на говорот и одбрана од авторитарните практики на Груевизмот, одговорност од Груевистите. Овие барања биле артикулирани и јасно видливи во 2013 година што направило идентитетски притисок на парламентарната опозиција и новинарските професионалци. Оваа артикулација добивала и опипливи манифестации, како на пример протестот на социјалдемократите во парламентот во јули 2013 кога сите нивни пратеници на седниците носеле маици на кои пишувало Слобода за Кежо.

*Опсадата на Бристол* – универзализација на едно партикуларно барање: Но, овој артикулаторен процес не е единствениот што е видлив во коагулацијата во текот на 2013 година. Како што може да се види на темпоралната мапа, еден манифестиран отпор поврзан навидум партикуларно барање, конструирал универзализација на социополитичкиот терен, бидејќи бил веднаш артикулиран со поширокиот поле барања поврзани со проектот Скопје 2014 и со еколошките барања манифестирани во Скопје во текот на таа и претходните неколку години. На крајот на јули 2013 година, намерата на градските власти да го ре конфигурираат јавниот простор кај хотелот *Бристол* добила материјализација – бил објавен план да се отстрани малиот парк пред кулите од Градски ѕид и на негово место да се изгради седиште на институција кое ќе биде изградено во необарокен стил.

Отпорот бил коагулиран под означителот Паркобрани и тој укажува на тоа како едно партикуларно барање, како што е барање за да се спречи градба на зграда на местото на еден парк кој на таа локација се наоѓал од 1970-тите години може да конструира универзалност – експонирана преку антагонизмот со Третата груевистичка влада. Конструкцијата на антигруевистички и антиавторитарни ресентименти, како што видовме во Првата петолетка, биле изворно манифестирани во средината на обидите на Груевистите да го реконфигурираат јавниот простор.

Така во 2013 година било конструирано антагонистичко поле кое за момент конструирало фокус на една борба која има единствен непријател.

- *Ќе ја викаме – Автономија! – артикулација на вишокот во образовното поле*

Супресијата на врските конструирани низ социополитичкиот терен, повторно како и пред мобилизацијата во 2011 година направиле стабилизација на тоталитаризирачките седиментирани практики. Институционалниот седимент претрпел сериозна метаморфоза кон репресивни практики и затоа секоја обид да се предизвика завршувал со агресивно кршење на отпорот и дополнително зајакнување на претходната траекторија на општествената трансформација. Ова, јасно, не е ништо друго туку процес на *структурација*

кој стабилизира институционализирани седиментирани практики, но истовремено прави идентитетска компресија од артикулирани барања кои имаат потенцијал да конструираат социополитички идентитет.




*Слика 31 Сегмент од темпоралната мапа за 2014 година (за целата мапа види анекс 1)*

По згуснувањето од 2013 година, отпорот бил прекинат прво, од повторното повлекување на бранковистите во „нормалните" институционални практики во исчекување

на изборите 2014, второ, од кршење или драматична амортизација на отпорот на локални инцијативи како онаа на Паркобраните, и конечно трето, од истрајноста во репресивните практики – на мапата за 2013 и 2014 се гледа како фрикцијата со новинарската заедница се претворила во продолжен студен конфликт, во кој продолжиле протестите манифестации во различни форми, но судскиот систем се движел по истата траекторија како да немало протест.

Навистина овде гледаме како оваа структурација на седиментирани практики и идентификациски јазли не е една линеарна фазна последователност, туку е постојан контингентен процес на ширење и стеснување на дискурзивното поле. Уривањето на власта во таа контингенција не е механичка неминовност – таа треба да биде конструирана, во артикулаторните практики кои ги следиме од 2006 година.

Како што може да се види на темпоралната мапа за 2014 година, така антагонистичкиот простор останал речиси празен, општествените барања или повторно станале дисперзирани и изолирани, или станале невидливи во јавната манифестација. Груевистите така можеле да се фокусираат на следните избори – праксата на мобилизација на насилство кон секаков манифестиран отпор околу изборните процеси станала институционализирана практика што веројатно имала обесхрабрувачки ефект (chilling effect). Дополнително, изгледало во 2014 година, дека не постои „ресурс“ барања кои можат да произведат хетерогеност за идна артикулација. Ова овозможило институционалната практика на Третата Груевистичка Влада да ја шири тотализирачката аура во образовното поле – овој пат целејќи кон автономијата на Универзитетот, чии практики настојувал да ги заобиколи воведувајќи уште еден систем на надворешно-универзитетска контрола. Но, одбраната на Универзитетската автономија веќе претставува метонимиско поврзување на серија барања кои се појавувале во образовниот сектор а биле поврзани со таканареченото „екстерно тестирање“. Прашањето, годините претходно, предизвикувало мобилизација меѓу учениците и наставниците од средните училишта, но кога логиката на екстерно тестирање се проширила на Универзитетот, во октомври 2014 година се случила голема мобилизација во кампусот на универзитетот св. Кирил и Методиј. Движењето кое било именувано како *Студентски пленум*, станало означител - катализатор на нова општествена артикулаторна практика. Деконструкцијата на инаку сложените процеси кои од Универзитетот се разлеале насекаде во физичкиот и онлајн просторот би требало да пополни страници на посебна студија. За мојот аргумент е, меѓутоа, доволно да упати кон една практика која ја видовме во дислокациите на *Стоп за полициската бруталност* - конструкцијата на мноштво субјектни позиции кои внатре, поврзувале елементи кои истовремено конструирале антагонизам со надворешна другост, на моменти компресирајќи идентитет на групата, но истовремено создавале антагонистички субјектни позиции „внатре“ во движењето растегнувајќи ги неговите идентификации.

Партикуларното барање владата да се откаже од екстерното тестирање за студентите, доживеало *цепење*. Тоа истовремено се презентирало како *тоа што е,* но истовремено почнала семантичка дисперзија која овозможила универзализирачки процес – тоа истовремено станало одбрана на Универзитетската автономија, одбрана од упадот на авторитарните структури во образовниот сектор и така натаму. Како јакнела мобилизацијата и ескалирала во окупацијата на Универзитетот, така меѓутоа се манифестирале различни еквиваленцијални јазли во кои одбраната на автономијата на Универзитетот *е и* антиавторитарна, *е и* антигруевистичка, *е и* антиестаблишментска и антикапиталистичка борба. Видовме дека овој процес наликувал на неуспешното тежнеењето кон хегемонија во *Стоп за полициска бруталност.* Овие елементи во различни артикулирајќи комбинации конструирале различни субјектни позиции во борба да го хегемонизираат идентитетот на движењето – стабилизирајќи го својот идентитет и идентитетот на конститутивниот друг.

Артикулациите на ФБ групата на *Студентски пленум* биле посуптилно видливи од оние на *Стоп за полициска бруталност*, ова може да е види на мапата. На пример, студентите снимиле серија видеа на кои цитираат извадоци од Крушевскиот манифест за да конструираат еквиваленција меѓу режимот во Скопје и ропството од кое Републиката треба да се ослободи. Ваквата манифестација додека го постигнува тој непосреден ефект, не може да ги разведе или да ги дезартикулира историските дискурзивни слоеви – на пример „Крушевска република како изворно Македонска револуција" или „Крушевската република како изворно социјалистичка револуција", или „Крушевската република како артикулација на идентитетска хетерогеност". Конструкцијата на компетитивни субјектни позиции кои биле во борба за хегемонизација на идентитетот на движењето се видливи во овој сегмент од фокус групата која ја спроведов со учесници во мобилизацијата на 26 август 2015 година:

> П: Да бидеме реални, тоа што нам ни даваше поддршка беше јавноста. Затоа што јавноста нè поддржуваше, ние можевме да ги правиме сите овие нешта. Сите потсвесно знаевме јавноста се растргне и не нè сака веќе, ние ништо нема да направиме.
>
> М: Некако сами се чувавме.
>
> В: Едноставно треба да ја држиш приказната чиста, искрена. Да го задржиш духот. Да ја прикажеш различноста во однос на главните политички субјекти, тоа што на јавноста и даваше надеж. Мене лично ми беше многу битно да не ја разочараме јавноста во однос на тоа како парадигма како се однесуваме ние во однос на претходните студентски случувања. И во однос на тоа што се случуваше внатре во Пленумот, се одразуваше надвор во јавноста. Периодот на првото раслојување на Пленумот, пред третиот протест на 23-ти декември, тогаш мислам дека се случи тоа кога настанаа првите несогласувања во однос на тоа дали да има насилство или не на протестот, и после тоа како почнаа... Мислам во периодот пред Нова Година и за празниците како се формираше Пленум по Пленум, во тој момент мала група со којашто не беше... мислам мала група ја држевме целата ситуација, односно целото случување будно, бидејќи сметавме дека е многу значајно да прикажеме присуство кога никој тоа не го очекуваше со помош на многу посредници помеѓу двете групи

што се раздвоија, едноставно имаше многу посредници што помагаа. Меѓутоа што се случи е што опадна моралот генерално кај сите. Едната група се подготвуваше за окупација, другата група сметаше дека нема потреба да се дојде до тоа. Тие измеѓу не сакаа да пропадне целата приказна околу Пленумот и сакаа да ја држат жива. Сметам дека и тие многу помогнаа. За време на окупацијата што почнуваше да се случува, Пленумот, напротив јас мислам дека не доживеа кохезивност. Напротив, разликите беа воочливи.

Модератор: Како се манифестираа овие разлики во смисла на идеите на дејствување?

В: Во однос на идеите, значи прво што се случи е што Левицата се консолидираше. Збориме за луѓето на коишто им се привлечни левичарските идеи, за време на Пленумот се консолидираше. Настана конфликтот на различните факултети. Значи Филозофски и техничките факултети, Правен си беа тие што сакаа да се преговара. Исто така се пресели огнот и на Архитектонски. Значи повеќе групи коишто физички различно дејствуваа, меѓутоа често имаа и различни ставови во однос на прашањата. Значи тогаш Пленумот беше можеби нај-броен, меѓутоа беше далеку од најсложен, далеку од едногласен. Според мене беше и најранлив во тој момент иако имаше голема популарност. Беше многу кршлив во тој момент. Што се случуваше? Во однос на групите, едната, поголемата група сметам дека одеше на тоа да ситуацијата се влоши што е можно повеќе, да се оттргнеме од преговори што е можно повеќе, да се направат дополнителни барања што претходно не биле... едноставно со цел да не се постигне никаков договор во тој момент. Не збориме за тоа дали барањата се нелегитимни - секако дека беа, меѓутоа не беа искрени затоа што нив не ги интересираа барањата, туку ги интересираше влошувањето на ситуацијата. Само уште малце, уште кратко, само нешто да докажам. Тоа што исто така сметам дека беше многу значајно во тој момент е да се извојува победа затоа што воочливо беше дека окупацијата пропаѓа, моралот беше многу низок [...][205]

Овој сегмент упатува на една битка за идентификација на *„што е тоа што е Студентскиот пленум“* и кореспондентно – *„што е тоа против кое се бориме Ние“.* Еден од учесниците сугерира „консолидација на Левицата“, што упатува на борба за конструирање субјектни позиции во кои би биле артикулирани, како што вели „левичарски идеи“, веројатно мислејќи тука на антикапиталистичките артикулации кои за *Капитализмот* артикулираат елементи на „алчност“, „сиромаштија на духот“, „морален распад“ „корупција“, „алиенација“, „контрадикција“ и слични. Значи кај *Студентски пленум* гледаме слична игра на дискурсот како кај *Стоп за полициска бруталност* - мноштво дискурзивни елементи во борба за артикулација привремено стабилизираат позиции во различни дискурзивни ансамбли кои се обидуваат да хегемонизираат значење. Со таа разлика што сега антагонистичкото поле било кристализирано и дисперзирано и на „образовниот домен“ или „поле“, што овозможило дополнителна хетерогеност.

[205] Фокус група Студентски пленум спроведена на 26.08.2015 година

## IV.3. Револуционерни години – „Граѓаните“ како недостижен објект

- *Нема Правда Нема Мир: #Протестирам – името на популарната еманципација?*

Целокупната досегашна дескрипција и деконструкција на процесите во периодот меѓу 2006 и 2014, зборува за една креативна хетерогеност на општествени барања кои дисперзирани низ социополитичкиот спацио-темпорален терен, привремено артикулирајќи се или згуснувајќи се во протест, правеле пукнатини во тотализирачките практики на Груевизмот. Тие во еден момент правеле инфлација на хетерогеност и мноштво, а во друг момент манифестирале, како што беше покажано, „граѓанска“ идентификација, фокализирајќи конфликт со идентификациите на власта за кои циркулирале означители како „фашизам“, „режим“, а за нејзиниот лидер означители како „фирерот“, „диктаторот“ - тенденцијално празни означители кои биле полнети со значења кои го проектирале идентитетот на груевизмот. Така, пред 2015 година имало мноштво манифестации на дихотомизација на социополитичкиот терен, но нивната дисперзија, од причините што ги објаснив, не дозволила артикулација и стабилизација на популарна социополитичка идентификација. Да повторам ова *не* го гледам како фазен процес низ кој неминовно треба да мине протегањето на едно општествено движење, туку го гледам како „јазичка игра“ во случајов, *дискурзивна игра,* во која дислокаторните моменти се како аплицирано правило кое прави реконфигурација на дискурзивните ансамбли создавајќи инфлација или дефлација на антагонизам.

На почетокот на 2015 година, две протестни галванизации биле сè уште активни – мобилизацијата за ослободување на новинарот Томислав Кежаровски која доживувала реактивација секогаш кога имало одлуки на судскиот систем за случајот со новинарот, и сè уште актуелната и истрајна мобилизација на барањата згуснати под означителот *Студентски пленум*. Барањата за ослободување на Кежаровски, доживеале цепење уште при самото нивно појавување во 2013 година – изгледа како во *Слобода за Кежо* да не се конституирале алтернативни субјектни позиции кои би внеле алтернативни идентификации на таа артикулација – едноставно Слобода за Кежо значело Слобода на говор, Правда и така натаму узурпирани од авторитарните тенденции на груевизмот. Но, манифестациите на *Студентски пленум* во 2015 покажале многу поголема артикулаторна сложеност. Барањата на студентското движење, добро е документирано, овозможило метонимиска галванизација ширум образовниот домен – неговите барања и седиментирани практики биле брзо метастазирани меѓу универзитетските професори во Професорскиот пленум, и потоа во Средношколскиот и Наставничкиот пленум – оваа манифестација која била означена како „пленумизација“, била гледана како некој симболички копнеж по воспоставување „нормални делиберативни институционални протоколи “, но таа истовремено експонирала антиавторитарен и антигруевистички антагонизам. Борбата на субјектните позиции во

артикулациите на барањата на *Студентски пленум* кон крајот на 2014 и почетокот на 2015 година била во ремисија, откако биле стабилизиран идентификациите на движењето околу *важноста на автономијата на Универзитетот за граѓанските слободи.* Како што видовме од исказот во фокус групата погоре, борбата видливо спласнала, за да биде реактивирана со окупацијата на Универзитетот на 11 февруари 2015, кога била, како што велат дел од учесниците во дискусијата, „консолидирана левицата[206]".

Овие процеси – реактивацијата на отпорот против пресудата на Кежаровски[207] и „консолидацијата на левицата" во повторната галванизација на *Студентски пленум* биле контингентни настани односно нивната појавност немала очигледна каузална врска со веќе гласните најави на заевистите дека се подготвуваат да објават информации кои ќе ја урнат владата[208]. Но, ова креирало амбиент во кој антигруевистичките ресентименти можеле повторно да се ослободат и во перформативна смисла на социополитичкиот простор. На, 8 февруари лидерот на Социјалдемократите ги објавил првите снимки со систематски прислушувани телефонски разговори во кои високи владини и партиски функционери разговарале за задницата на клучните настани во текот на десетгодишното владеење на Груевистите. Објавата на материјалите претставувал сериозен дислокаторен момент поради тоа што станало јасно дека сега заевистите, на местото на бранковистите од 2013 година, биваат вовлечени во социополитичките терен како „движење" и дека тоа ќе направи инфлација на антагонизам од којшто е можно да се конструираат различни артикулаторни комбинации и нови социополитички идентификации. Чинот на објавување се одвивал како аплицирање на ново јазичко правило во социополитичкиот терен[209] со кое секој антагонизам можел да биде компресиран и дихотомизиран како антагонизам социјалдемократите и режимот. Со други зборови со објавите станало јасно дека заевистите поседувале доволно материјал во снимките за целосно да биде дестабилизирана груевистичката хегемонија. Објавите станале јавен ритуал и тие биле внимателно избрани на начин кој ја реактуелизирал целокупната историја на контактот на граѓаните со груевизмот, но истовремено тие го конструирале заевизмот како „избраниот историски актер" кој единствено може да ја донесе радикалната демократска промена.

На следниот графикон може да се види умерената или непостоечката реакција на ФБ групата *Стоп за полициска бруталност*, пред и по првите објави на социјалдемократите. Тензијата траела неколку месеци. Но, кога на 5 мај таа година заевистите објавиле снимки на кои Министерката за внатрешни работи го коментира случајот со убиството на Мартин

[206] Фокус група Студентски пленум 26.8.2015.
[207] Кежаровски беше ослободен од затвор на 20 јануари 2015 година.
[208] Уште во декември претходната година имало најави за објавувањето на „бомбите" додека во позадина имало процес на притисок врз груевистите да се повлечат од владата без да се објават снимките.
[209] Во смисла на Витгенштајн.




*Графикон 3 Дистрибуција на постови на трите релевантни ФБ групи во 2015 и 2016 година.*

Нешковски, и во нив објаснува процес во кој имало обиди да се скрие убиството – силна мобилизација повторно се случила во Скопје и фреквенцијата постови на кои се реактуализирале барањата на *Стоп за полициската бруталност* драматично се зголемила. Но, јасно е дека по почетокот на протестите на 6 мај, „реактуализацијата“ на барањата на *Стоп за полициската бруталност,* не претставувало и *всушност реактуализација* туку артикулација на нови дискурзивни елементи во нивната идентификација. Сега барањата на *Стоп за полициската бруталност* станувале елементи во многу поширок еквиваленцијален ланец отколку во потенцијалот што го имале во 2011 и 2012 година. Истовремено се засилил степенот на „неодлучноста“ на нивната фиксација – зголемувањето на елементи во ланецот на еквиваленција ги зголемил можностите во него да бидат артикулирани сите барања кои на еден или друг начин се манифестирале во социополитичките терен годините претходно. Слоганот „Нема правда нема мир“ повеќе не можел да се однесува на поведението на полицијата, туку *бил универзализиран и наметнат како празен означител кој ќе го хегемонизира тоталитетот на борбата*.

Но, што *е* борбата? За есенцијалистичките и детерминистичките аналитички позиции, јасно е дека *борбата била борба на проопозициските демонстранти кои имале цел да го урнат режимот*. Но, тврдам дека кога би го направиле овој очигледен и едноставен заклучок, за нас, серија многу важни социополитички процеси би останале засекогаш непознати. Затоа, теоретската и аналитичката стратегија според која во 2015 година се родило или се „разбудило“ опозициско движење со јасен интерес и идентитет, не може да

биде почетната аналитичка позиција. Со објавата на „бомбите“ и последователната протестна мобилизација, се отвориле најмалку две важни артикулаторни траектории кои се социолошки релевантни, не сметајќи ги тука Груевистичките артикулации.

*Првата*, се однесува на *идентификацијата на социјалдемократите*: *Апплицирањето ново правило* во играта на дискурсот, отворила нови комбинации во оваа идентификација – била дестабилизирана фиксацијата на тоа *Што се Социјалдемократите.* Ова се случило бидејќи биле дестабилизирани партиските седиментирани практики. Ритуализацијата на објавувањето на прислушуваните материјали кои биле во исклучив посед на заевистите[210], придонела за нивната идентификација и за идентификацијата на нивниот лидер почнала да се конструира аура на некој што единствено може да ги обедини сите антигруевистички сили и да ги реконструира институционалните протоколи на Републиката. Ова е веќе *синегдохиска операција* во која овој партикуларен дел тежнеел да го претставува тоталитетот на она што било идентификувано како „Граѓаните“. Со вовлекувањето на социјалдемократите во несигурното антагонистичко поле, повторно, како во кусата 2013 година, нивите седиментирани практики биле дестабилизирани и станале видливи како појава на треперливо општествено движење. Политичката логика на оваа радикална дисперзија била тоа што постоело разбирање дека ресентиментите од фрустрираните општествени барања морало да станат повторно и симултано радикално видливи за да биде возможна дестабилизација на седиментираната партиска и институционална пракса на груевизмот. Ова се разбира истовремено значело целосно, но сепак само многу кусо, напуштање на институционалните протоколи кои *за да може да бидат изградени морало да бидат урнати*. *Заев* и самиот станувал празен означител во кој биле впишувани значења на „истрајност“, „инает“, „државничко лидерство“ и сличните. Додека груевистичките артикулации во него впишувале елементи на „предавство“, „криминал“ и „глобален заговор“ конструирајќи еквиваленции меѓу тој означител и „соросоидите“, „странските служби“, „мрачните сили“. Истовремено „пукањето на бомбите“ решително ги слабеело овие врски, правејќи ја лабава нивната артикулација. Се разбира, „бомбите“ не успеале во тоа целосно да го постигнат ефектот на дезартикулација – напротив, изборните резултати во 2016 и последователната Груевистичка моќ кон крајот на 2016 и особено во 2017 г. да мобилизира реакционерни антизаевистички ресентименти во насилно спречување на конституицијата на институциите под заевистичкиот означител, укажува на недоволно силната артикулација на еквиваленциите на социјалдемократите.[211]

Прес-конференциите на заевистите на кои ги објавувале криминалните дејствија на владини функционери на почетокот биле игнорирани од повеќе медиуми - некои од нив како Македонската Радио Телевизија никогаш не прифатиле да известуваат за прислушуваните

[210] Ако не сметаме тука некои од институциите.

[211] Кореспондентите мобилизации на реакционерните движења ГДОМ и За заедничка Македонија го објаснуваат сами по себе овој процес.

материјали дури и по крајот на кризата. Но, растот на социјалните мрежи и присуството на заевистите на терен низ државата низ која се разлевал протестот е доволен индикатор дека *„бомбите“ станале артикулаторна направа која произведувале ефект на хегемонизација - артикулација на хетерогените барања залепена за социјалдемократите.* Но ова не се одвивало сосем едноставно.

Тука стигнуваме до *Втората* артикулаторна траекторија, која е поврзана со артикулациите на веќе сè помоќното движење *#Протестирам.* Како што укажав погоре, „бомбите“ објавени на 5 мај галванизирале голема и решителна мобилизација, индуцирана од она што во 2011 и 2012 година било познато како движење *Стоп за полициска бруталност*. Но, *Стоп за полициска бруталност* станала претесна школка за во себе да ги компресира значењата чие мноштво и хетерогеност било ненадејно повторно дисперзирано низ социополитичкиот терен. Цепењето на партикуларните барање на СПБ кое било видливо, како што покажав уште во 2011, сега во 2015 година барало да се случи поширок и пофокусиран артикулаторен процес во кој ќе бидат вовлечени и хегемонизирани сите манифестирани општествени барања во годините претходно.

Видовме во анализата за артикулациите на *Стоп за полициска бруталност*, дека уште во 2011 означителот *#Протестирам* се појавувал често во јавната циркулација. Така во 2015 година кога артикулаторниот процес на компресија на барањата бил означен како *#Протестирам* можело да се види како ретроактивната операција на именувањето направила врска - *значи конструирала континуитет* - меѓу двете движења. *#Протестирам* од почетокот на 2015 година почнало јасно да ги артикулира сите манифестирани барања. Како што може да се види на мапата на артикулации. Во 2015 година во движењето биле конструирани серија барања кои биле менувани врз основа на околностите, но празниот означител *Правда* се издвоил како момент во неговите еквиваленции и го хегемонизирал неговиот дискурзивен ансамбл.

Сепак, *што е тоа што е #Протестирам* е невозможно прашање – но неговата деконструкција бара елаборација на неговите артикулаторни практики. За разлика од *Стоп за полициската бруталност*, кое во обидите да го „санитаризира“ или да го „дезинфицира“ партиското присуство и поддршка на каузата - *#Протестирам* бил означител кој тежнеел да го вовлече тоталитетот хетерогеност во себе. Така во него биле вовлечени означители и пракса која, во текот на целата 2015 година тежнеела кон инклузивност и слободна манифестација на барањата и ослободување на фрустрацијата од ресентиментите. Така движењето растело инкорпораирајќи ги означителите и барањата *артикулирани за идентификациите* на *Студентскиот пленум*, на *Стоп за полициска бруталност*, на *Паркобраните*, на стечајците, на левичарските движења како Солидарност и Ленка, на парламентарната опозиција вклучувајќи ги заевистичките социјалдемократи, на *Прва Архи-*

*Бригада*, *Плоштад Слобода* и *Распеани скопјани*, на *Слобода за Кежо*, независните синдикати и така натаму.

Но, кон крајот на 2015 година артикулаторните јазли почнале да ги туркаат и да ги влечат означителите во различни орбити кои почнале да конституираат различни и спротивставени субјектни позиции. Меѓународните претставници уште на почетокот на кризата аргументирале дека ширењето на антагонистичкото поле може да доведе до насилна ескалација поради што брзале да го вовлечат процесот во институционална рамка за преговарањето да институира нови седиментирани практики. Но од овој процес била исклучена хетерогеноста на *#Протестирам*. Оттаму едно од барањата на идентификацијата *#Протестирам* се манифестирало како барање за пристап до преговарачкиот процес на граѓански претставници. Но ова било категорично одбиено поради што заевистите добиле монопол врз претставувањето на „движењето“.

*Во оваа смисла, субјектните позиции кои се издвојувале како антиестаблишментски и антикапиталистички задоцниле со својата кристализација.* На пример основањето на партијата Левица се случило во Ноември 2015 година, предоцна за да биде овозможен влез во одлуките за структурација на новата седиментирана пракса. Но ова „доцнење“ немало ефект само врз процесот на преговори и врз артикулацијата на антиестаблишментските барања во институционалната практика, ова имало ефект и врз идентитетот на новите политички субјекти. Тврдам дека доцнењето на артикулацијата на она што било идентификувало како „левичарски барања“, ја спречило оваа позиција да ја пренесе борбата на локацијата од каде што во тој историски моменти извирала моќта. Одолговлекувањето на процесот овозможил елементите на оваа субјектна позиција да имаат мала шанса да влезат во ефективна популистичка мобилизација. Борбата во „левичарските“ организации и движења ја дестабилизирала кохезијата и во оваа субјектната позиција надвладеале Апесиевистите кои пак стабилизирале идентитет околу артикулацијата на антиестаблишментските, антикапиталистичките, антиимперијалистичките, но и особено важно - проетнонационалистичките елементи.

Така, тврдам, во една контрафактуална спекулација, дека идентификацијата на означителот „Левица“ би имала многу поинаков идентитет кој би значел и поинаква седиментација на партиската пракса доколку овој процес на кристализација на субјектната позиција во *#Протестирам* се случел порано и доколку обидите да се хегемонизираат барањата на она што било идентификувано како „левичарско“ низ протестните манифестации на *Стоп за полициска бруталност* и *Студентски пленум* Прво не биле толку отворено догматски и второ не биле веднаш дисциплинирани од контрадискурси.

- ***Именувањето како конститутивна операција: #Протестирам и #Шарената револуција, две имиња на ист еквиваленцијален ланец? ... или сепак не.***

Во овој оддел многу кусо аргументирам дека наспроти дискурзивната операција која овозможила *#Шарената револуција* и *#Протестирам* да бидат претставени како еквиваленцијални именувања, односно *да бидат претставени како две имиња на една иста еквиваленција*, јас тврдам дека овие *две именувања конституирале две различни субјектни позиции кои експонираат една борба за крштевање на движењето*. Деконструкцијата на двете би *експонирала борба за хегемонизација,* но за таквата операција би требало да се посвети многу повеќе простор.  Поедноставно кажано, *#Шарената*




*Графикон 4 Дистрибуција на постови ФБ групите Протестирам и Шарената револуција 2015 и 2016 година.*

*револуција* од еквиваленциите конструирани во *#Протестирам*, ги дезартикулирала антиестаблишментските и антикапиталистичките елементи кои особено во 2016 година, како што растела анксиозноста поради неизвесниот исход, почнале да се манифестираат во *#Протестирам*. Така во играта на дискурсот може да се тврди дека двојното име на движењето кое се појавило во април 2016 година аплицирало ново правило за „јазичката игра“ како кај Витгенштајн и конституирало нов семантички јазол или „ново движење“. Како што може да се види на Графиконот 4 во јуни 2016 #Протестирем на претходно најактивната

мрежа Facebook престанала да продуцира значење, а просторот бил во голема мера пополнет од означителите на *#Шарената револуција*.

Видовме, *низ и во* означителот *#Протестирам* во 2015 почнале да се компресираат мноштвото и хетерогеност општествени барања кои претходно биле темпорално и географски дистрибуирани насекаде низ социополитичкиот терен. Оваа пролиферација ја следевме уште од 2006 година кога Груевистите ја преземале власта. Во одредени моменти од временскиот континуум, како што видовме во анализата особено на Првата петолетка, имало брза и извонредна инфлација на општествени барања, по која тие исчезнувале од социополитичкиот терен, поретко бивајќи диференцијално задоволени, а почесто доживувајќи супресија од она што сѐ појасно било хегемонизирано како Груевистички авторитарен режим[212].

Но, како што Груевистичката популистичка политичка логика доживувала експанзија и радикализација, така симултано и *не неминовно причински-последично*, на определени спациотемпорални локации се појавувале пукнатини од манифестираните незадоволени барања. Станувале видливи, она што го нареков, *згуснувања на барањата* на социополитичкиот терен – во една смисла барањата не се универзализирале, но низ својата протестна перформативност тие сепак експонирале некое количество антагонизам. Антагонизмот во куси интервали го вовлекувал празниот означител *Граѓаните* во драмата на историчноста. Изолираните јазли кои при тоа станувале манифестни, сепак, не успевале да стабилизираат поширока колективна социополитичка идентификација. Ова од причина што тие бивајќи „дисциплинирани" како што видовме во анализата на Втората петолетка, не успевале лесно да излезат од "тематската" *партикуларност* и така не успевале да ја артикулираат хетерогеноста на други општествени барања. До артикулацијата на *#Протестирам*, *Стоп за полициската бруталност,* била единствената манифестација во која имало изгледи да се креира ваква артикулација., која сепак не успеала да хегемонизира нов социополитички субјективитет, иако креирала голема пукнатини во тотализирачкиот дискурс на груевизмот.

Под популистичка логика, да потсетам, овде подразбирам процес во кој една партикуларност (груевистите), ја хегемонизира хетерогеноста означители дисперзирани низ социополитичките терен и се манифестира како *„тоталитет"* во овој случај како *„тоталитетот на Македонците"*, симултано цепејќи го дискурзивното поле на два спротивставени табора, неговата конститутивна другост е произведена во *непријател* - во

[212] И задоволувањето на барањата не подразбирал институционален протокол во кој тие биле диференцијално исполнети – туку бил засилено конструиран псевдо државен апарат кој клиентлиестички ги задоволувал барањата – така долгот на оној кому му е задоволено барањето било потребно да ѝ се исплати на партијата, а не на државата. Како и другите елементи на оваа анализа овдека зборуваме за релативни степени на клиентелизам – бидејќи истата пракса на понизок степен може да се најде кај сите системи на владеење во Македонија од 1945 година па наваму и се разбира вековите претходно.

овој случај, конструираната еквиваленција меѓу мноштвото означители кои се манифестирале како *„предавниците и непријателите на македонскиот народ“*[213].

Ако заевистите можеле полесно да ја стабилизираат својата антигруевистичка артикулација, која била зајакната и со присутноста на локациите каде што се манифестирале на пример барањата на стечајците, земјоделците, хонорарците и сличните, тоа не можело да биде случај со *#Протестирам* – хетероген ансамбл на дискурси вклучувајќи го и Заевизмот.

Но, ова во 2016 почнало да се менува бидејќи почнале јасно да се конструираат субјектни позиции кои ги произведуваат заевистите во своја конститутивна надворешност. Во април 2016 се појавило именувањето на *Шарената револуција*, и тоа речиси веднаш донело изменета перформативна пракса и дезартикулација на дискурзивниот ансамбл кој конструирал значења кои единствено биле поврзани со антиавторитарните и особено антигруевистичките барања. Како што се гледа на мапата на артикулации за 2015 и 2016 цел сет означители кои конструирале антиестаблишментски дискурс исклучени од еквиваленцијалната врска. И сите тие реферирале на барања и манифестации на левичарските движења *Солидарност, Ленка, Мугра* и така натаму, како што јасно се гледа.

Исклучително е интересно однесувањето на администраторите и коментаторите во двете ФБ групи. Во *#Протестирам*, *#Шарената револуција* се споменува бегло само во четири наврати. Од друга страна, во *#Шарената револуција* имало 134 реферирања на *#Протестирам*. Особено е индикативен начинот на кој се реферирало на *#Протестирам*: во некои отповикување хаш тагот имал функција на глагол за дејствијата на *#Шарената револуција*, како во формулацијата *„#Протестирам со #Шарената револуција“*. Потоа понекогаш се реферирало како да се работи за два посебни ентитета со сврзник меѓу нив на пример *#Протестирам и #Шарената револуција, некогаш #Протестирам* бил напишан со мала буква а понекогаш бил нареден до други хаш таг идентификации како дејствија на *#Шарената револуција*. Фреквенцијата на спомнувања која одела речиси единствено од насока на *#Шарената револуција* правела ефект на повторливост на истата артикулација додека истовремено диференцијално ги маркирала означителите. Во граматичките конструкции така може да се прочита *егзорцизмот* на *#Протестирам* кој бил редуциран до хаш таг во редица други, под бајракот на *#Шарената револуција.*

*#Протестирам со #Шарената револуција*, во јавниот домен, во медиумите и во академијата се претставуваат како идентификација на едно единствено антигруевистичко движење. И тука го гледаме експониран проблемот на есенцијализмот и лимитот на традиционалните социолошки иследувања. Внимателната анализа на дискурзивни артикулации, видовме, укажува на хетерогеност субјектни позиции кои се читливи во деконструкција на дискурзивните ансамбли.

---

[213] Се разбира оваа поедноставена дефиниција во друга анализа би опфаќала и анализа на мноштво други маркери за непријателот и за груевизмот – на пример, соросоиди, колабрационисти со странски служби и слични.




*Слика 32 Мапа на артикулациите на #Протестирам и на #Шарената револуција*

Дискурзивниот егзорцизам на *#Протестирам* како историска артикулација многу јасно покажува како во оваа инфлација на антагонизам на социополитичкиот терен биле екстернализирани идентификации кои низ политичкиот процес би овозможиле да се седиментираат социополитички пракси кои би се антагонизирале со крупниот капитал. За означителот *#Шарена револуција* биле залепени маркери на целосна идентификација со *#Протестирам*, од чија орбита пак биле стерилизирани антикапиталистичките моменти на еквиваленцијалниот јазол – *на дефинитивен начин била стабилизирана артикулација според која борбата против груевизмот, не е истовремено и борба против неолиберализмот во чија орбита живеел груевистичкиот конзервативизам*. Ова го овозможило конечното фиксирање на Заевизмот како историски маркер.

Но, ова истовремено значело и дека антиавторитаризмот си обезбедил „Пирова победа". Дезартикулацијата на антиестаблишментските елементи со што бил оневозможен решителен раскин со праксите на претходниот македонски институционален седимент за „движењето" значело и намалување изборната база за историскиот актер. Ова станало видливо на крајот од преговарачкиот процес за излез од политичката криза и спроведувањето на општите избори во 2016 година. Заевистите на тие избори освоиле 36,7% од гласовите што било за 1,5 процентен поен помалку од она што го освоиле груевистите.

- *„Граѓаните" новото име на „Народот": социоисторија на кусата хегемонија*

Во играта на дискурсот, значи означители како *Социјалдемократите, #Протестирам #Шарената револуција* направиле артикулаторно крштевање на народот како *Граѓаните* – оние кои бараат *Правда*. Во *#Протестирам* почнале да се појавуваат елементи кои за *Граѓаните* и *Правдата* лепеле покрај антиавторитарни и антигруевистички, уште и антиестаблишментски и антикапиталистички значења кои не фатиле корен во еквиваленцијата. Во *#Шарената револуција и Социјалдемократите* на празните означители им биле впишувани антиавторитарни и антигруевистички значења и овие две конструкции ја зафаќале целата плоштина на еквиваленцијата, значи станале привремено хегемониски. Овој артикулаторен процес во реакционерните движења *За Заедничка Македонија* и *ГДОМ* имал иста динамика. За идентификацијата на движењето биле полнет тенденцијално празните означители *Народ* и *Правда при што Правда била полнета со етно-национални значења – како „правда за Македонскиот народ"*. Во антиавторитарните движења биле направена стратегиска диференцијација меѓу „Граѓаните" и „Народот" и ова само-објаснувачки се гледа во интеракцијата во фокус група со учесници во протестните активности кои се идентификувале и со *#Протестирам* и со *#Шарената револуција*, спроведена на 19 октомври 2015:

**Модератор:** Ме интересира вашето мислење за тоа што може да се окарактеризира како популизам? Што мислите за реченицата „Народот ќе одлучи“.

**И:** Дека е преупотребувана до степен кај што го губи целото свое значење.

**Модератор:** Што значи овде ‘народот’?

**И:** Мислам прво дека генерализацијата во било која реченица за народ е нешто што сакаат политичарите да го користат за да ја зголемат вредноста на луѓето кои вистински ги поддржуваат, да звучи како да се сите луѓе. Генерално во тој контекст се користи кога се збори за народот. И тоа мислам дека е целта на „Народот ќе одлучи“. И од друга страна мислам дека е начин да се заштитат политичарите од одлуки кои се контроверзни, не сакаат да бидат, да речеме, врзани со нив. Или во случај каде што се под напад за нешто и сакаат да се скријат зад тој народ, што е слабо дефиниран.

**К:** Јас мислам дека се работи за криење зад нешто, во некои намери. Исто така кажува една самоувереност дека мнозинството е зад тој политички...

**Модератор:** Употреби еден интересен збор - криење. Сите се согласувате со ова дека е тоа криење зад?

**Б:** Не. Значи „Народот ќе одлучи“ е реченица којашто соодветствува со демократско општество. Тоа е така, по дефиниција, во теорија. Секаде. Народот одлучува.

**М:** Не се согласувам.

**Модератор:** Да, да. Слободно

**Б:** Не е баш така.

**М:** Не е за тоа, во право си ова што го викаш, ама народ повеќе не постои во Македонија.

**Б:** Епа чекај, тоа сакам да кажам. Значи таква реченица којашто сигурно не е измислена за, сега не сме ја гуглале, ама да изгуглаш сигурно ја има во Шведска, Америка, Франција, некои, така, кампањи. И таа е супер реченица. И таа функционира. Ние овде може да не се согласуваме, и кога ќе си одиме дома во нашите Фејсбук групи, таа е така и таа функционира во Македонија апсолутно, затоа што тој што гласа веќе толку години за оваа Влада се чувствува така оти му е супер. И „Народот ќе одлучи“ одлично соодветствува сега и со новото, еве ги твоите идеи. Значи тоа е смислено.

**Модератор:** Не мислиш дека на пример..?

**Б:** Напумпано, напумпано, напумпано и еве ти сега пишете ги вашите идеи.

**Модератор:** А во тоа што тој го зборува - криење, е всушност избегнување на вистинска дебата во којашто се расчленети нештата?

**А:** Да. Пошто народот се знае точно...

**К:** Поимот народ, е за Македонците...

**Модератор:** Не е едноставна дистинкцијата, тешко е да се направи?

**Б:** Толку добро е срочена за овој народ, кога ќе речат сега... не снимаш со камера за ова да го фатиш.

**Модератор:** Тогаш која е разликата помеѓу „народ“ и „граѓани“ во оваа смисла?

М: Тоа сакам и јас да кажам. Не постои народ во Македонија. Порано имаше македонски народ и националности. Ако гледаш така, он можеби, тој што го кажува тоа „Народот ќе одлучи", можеби кажува нешто многу националистички и сака да се врати назад во времето кога имало народ. Ако така збори, ако на тоа мисли, тогаш не им се обраќа на сите граѓани на Република Македонија. Плус во последно време се појави таа дистинкција меѓу граѓани и народ. Ако гледаш така просто, „граѓани" се оние што се малце посвесни и ги разгледуваат проблемите во државата пореално, а „народ" е оној којшто оди и си гласа.

Модератор: Добро. Значи сакаш да кажеш колективистите?

М: Можеби ако гледаат дека демократијата е всушност апсолутно владеење на мнозинството и тоа е тоа. И сега ние имаме некој народ таму и тој наш народ е повеќе од сите други што се против нас. И ќе си победиме ние и ќе си останеме на власт вечно.

Д: Да, јас се согласувам за ова со М. Значи кај нас, мене народот ми е кај нас асоцијација за нешто што е апсолутно надвор од... *значи нема свест*. Значи прати едно насочено размислување коешто е... нели, волја на владината пропаганда, успешно, и тоа се тие луѓе, мнозинството, коешто не знам, според... и да бидат масовни, или коишто едвај задоволуваат основни потреби без некоја, нели, свест или мислам можност да размислуваат за нешто повисоко и апсолутно се кријат позади тоа. Затоа што народот им е тој, тој е народот- сега каков и да е, јас не го критикувам. Народот е тој, таков е. Тој нè гласа нас, ние се криеме зад него. Нас тој народ нè гласа и тоа е тоа. Така што кај нас мислам дека... А иначе ова супер звучи, „Народот ќе одлучи" е многу демократска мисла, нели? Меѓутоа кај нас тоа народот што е?[214]

Стабилизацијата на значењето на *Граѓаните* како новото име за *Народот* подразбирало мноштво дискурзивни, артикулаторни операции, привремено значењето на Граѓаните се фиксирало на антиавторитаризмот и антигруевизмот исклучувајќи некои други алтернативи. Оваа привремена стабилизација меѓутоа не успеала да конструира хегемонија, за што показател е фактот што сукцесивните изборни резултати за Социјалдемократите го немале успехот кој им обезбедува мирно владеење. Исто времено тоа се гледа во „дискурсот на граѓанското разочарување" кој продолжил да се разлева на социополитичкиот терен видлив во мноштвото текстови на кои се осврнав на почетокот. Тие конструирале дискурси во кои, како кај метафората на Маркс: „сè што е цврсто испарува во воздухот".

[214] Фокус група со учесници во протестните активности кои се идентификувале и со Протестирам и со Шарената револуција, спроведено на 19.11.2015.

# V. Заклучок

Иследувањето на мноштвото јавно манифестирани дискурзивни операции во македонскиот социополитички простор од *Портокаловата влада во 2006 до Крвавиот четврток во 2017 година,* овозможува да се направи еден уникатно-транспарентен и широко-појасен увид врз процесите на конструирање на социополитички идентитети во она што воопштено се нарекува *општествено движење*. Позицијава може да се поткрепи со неколку поенти кои грубо кореспондираат со изворните тези од кои тргна истражувањето. Првите две, да потсетам, се однесуваат на епистемиолошки, а последните две на емпириски проблеми кои може да имаат теоретски последици, и во чие премостување придонесува оваа студија:

***Прво***, тврдев дека дискурс-теоретски заснованите, методолошки пробиви на она што одлучно може да се нарече „Постструктуралистичка социологија“, имаат потенцијал да овозможат потемелно спознание за модалитетите на конституција на социополитички идентитети во општествените движења, без при тоа да бидат занемарени прашањата на *организациско/институционалната структурација* и без да бидат потценети *дескриптивните стратегии* на „социолошкиот пристап“. За да демонстрирам како може да се развива овој потенцијал, во студијава направив серија чекори со кои во солидните постмарксистички теоретски темели внесов дополнителна арматура од истражувачки протоколи за посеопфатно прибирање и обработка податоци, кои во досегашните, веќе многубројни обиди за апликација на теоријата на дискурсот, не биле преземани, бидејќи овие пристапи се фокусирале единствено на изолирани, тематски специфични прашања. Овие податоци, беа третирани како *дискурзивни елементи* чија асоцијација и дисоцијација, под притисок на антагонизираната конститутивна надворешност, произведуваат значења, моќ и структурација, дисперзирани низ социополитичкиот терен. Кои чекори беа преземени, во конкретна смисла:

i. *Ја преиспитав епистемиолошката вредност на концептите на постмарксистичката варијанта на постструктуралистичката теорија која применува дискурс-теоретски пристапи во анализата на општественото*. *Негативната онтологија* на чии претпоставки почива овој „генус“ теории, упатува на заклучокот дека тие прецизно сметаат оти за да се анализира социополитичката структурација, потребно е радикализирање на *лингвистичките категории* кои треба да се сметаат за универзални – тие не се однесуваат единствено на јазикот сфатен во наивната дефиниција како „средство за комуникација“, туку тие истовремено на контингентен начин го структурираат „тоталитетот“ на општественото поле. Ова поле така не е сфатено како дискурс единствено во тесно *лингвистичка* смисла, туку и во смисла на *дискурсот како општествена пракса*.

ii. *Го операционализирав концептуалниот апарат на теоријата на дискурсот на начин кој овозможи опипливост на емпириските елементи и процеси, но и транспарентност на начините на кои „апстракцијата“ може да ја конструира „емпиријата“.* Откритието на постструктуралистите дека социополитичкиот терен може да се разбере како треперење на дискурзивни елементи во диференцијални и еквиваленцијални артикулаторни процеси, на оваа студија ѝ го обезбеди аналитичкиот клуч, кој меѓутоа мораше да се вкотви во социополитичкото искуство за да се претстави како почетна точка од која требаше да тргне општественото иследување. Така, опипливо беа операционализирани единиците на анализа - дискурзивните елементи кои, следејќи го постмарксизмот беа наречени *„општествени барања“* чија артикулација и дезартикулација овозможува да постои релативна стабилизација или дестабилизација на социополитички идентитети, кои во моментот кога ќе се кондензираат како тотализирачки целини конструираат хегемониски дискурси, кои имаат тенденција да го реконфигурираат целокупниот социополитички терен – каков што е случајот со авторитарниот груевизам низ целиот период на анализа, или пак каков што е случајот со популистичката етно-хегемонија на ахметистите. Оваа операционализација овозможи да применам радикален дискурзивен пристап кој нема да гледа на дискурсот како на „нешто што се произведува од страна на конкретно лоцирани, стабилизирани и омеѓени диспечери“ или како „нешто што се случува меѓу нив“. Напротив, се работи за пристап кој гледа во дистрибуцијата на дисперзирани елементи кои ги конструираат и „групните структури“ и „индивидуите“ и „процесите на структурација“, што е во контрадистинкција со она што може да се нарече „социолошкиот реакционизам“, за кој зборував во воведот, кој дури и кога употребувал *дискурзивни стратегии на анализа*, одбивал да се откаже од a priori теоретизирањето на *интегритетот на индивидуата*, *структурното единство на групата* или од *спацио-темпоралната омеѓеност на интеракциската размена*. Така - не групите, ами дискурзивните елементи добија опипливост за анализата да биде возможна и на онтичко, и на онтолошко ниво. Бидејќи користев мноштво „традиционално прифатени извори“ – весници, онлајн портали, групи на социјалните мрежи и транскрипции од фокус групи - од нив verbatim можев да ги ја видам формулацијата на општествените барања и да ги прифатам во аналитичкото поле истовремено и во нивната „буквалност“ нивната “face-value” онака како што се манифестирале, но и во нивната „парадигматска игра“ онака како што низ играта на дискурсот се стабилизирале како некаква идентификација или ја дестабилизирале таа идентификација.

iii. *Заради поголема прегледност основните елементи на анализа ги поставив на она што го нареков темпорална мапа на општествени барања,* која пак во истиот момент додека овозможуваше да се добие „слика“ за целиот социополитички терен, ја експонираше и несовршеноста на „сликата“ правејќи *структуралистичка илузија* –

имено дека еднаш крштевани во своето име, барањата имаат дефинитивна локација во темпоралната мапа. Вака лоцирани исто така тие создаваа илузија дека конструираат дадени „полиња“ кои во структуралистички манир можат да се анализираат во меѓусебниот однос или пак во нивниот однос со целината. Но, ова не беше проблем на *анализата*, туку единствено проблем на *претставувањето* на дискурзивните единици. Затоа во аналитичкиот процес интервенирав со тоа што ја воведов категоријата *псевдотипизирани барања* кој укажува на тоа дека полињата кои се видливи на мапите се „илузорни“, во смисла дека тие никогаш не може да бидат фатени и презентирани како фиксирани, туку се секогаш веќе еден процес на артикулација и дезартикулација на дискурзивни елементи. Така и секој од дискурзивните елементи ја загуби својата фиксирливост – конкретно речиси секое од регистрираните барања симултано се презентира како елемент во мноштво артикулации и така идентитетот на секое од нив е инхерентно нестабилен.

iv. *Конечно, ги читав поставените мапи во нивната динамична консеквентност – врз основа на операционализациите на концептот „артикулација“ можев да добијам увид во тоа како овие дискурзивни елементи (барања) се згуснувале и да зумирам на точките на секое згуснување за да видам кои значења биле конструирани во нив и како тоа се случило.* Овој процес овозможи онтичкото и онтолошкото ниво на анализа да се случуваат во еден симултан дескриптивен, но и деконструктивен модалитет. Оваа аналитичка вежба овозможи да се видат процеси на структурација кои би останеле невидливи за иследувања доколку на почетокот беше усвоена позитивистичка и структуралистичка стратегија во кои групите би биле однапред омеѓени.

Она што беше овозможено да се види со овие истражувачки операции беше процесот на никнување нови и нестабилни структурации кои овозможуваат на пример да се види како низ артикулаторните процеси се седиментираат определени дискурси, вклучително и општествени практики кои се конститутивни за социополитичките субјективитети.

***Второ,*** тврдев дека пристапот на постструктуралистичката социологија овозможува да се направи сериозен исчекор во надминување проблемот на аналитичка дуалност или пак аналитичката унилатералност во социолошките иследувања, односно да се надмине проблемот кој произлегува од нетранспарентноста меѓу *макро-* и *микро*нивоата на анализа и проблемот на дихотомизација на *дејствувањето* и *структурата*. Ова тврдење го базирам од една страна на теоретската дискусија во која ја анализирам дебатата меѓу Музелис и Лаклау поврзана со овие фундаментални категории во социолошката теорија, а од друга страна ја базирам на искуството од апликацијата на методолошката рамка која ја засновав на постструктуралистичката теорија на дискурсот која верувам ми овозможи да покажам дека позицијата според која постојат два *дискретни ентитета* на социополитичкото иследување „дејственици“ од една страна и „структури“ од друга, е

неодржлива, и која ми овозможува да ја деконструирам оперативната интерпентративност на двете. На тој начин што откривам како инфлацијата и дефлацијата на антагонизам и седиментација го зголемуваат или го намалуваат нивото на „институционализација на праксата“.  И ова повторно се враќа во претпоставката од првото тврдење дека анализата не може да почне од групата како даден ентитети или дури не и од индивидуата како атомизиран ентитет кој има омеѓен и јасен интегритет.

i. *Спекулативната поткрепа на тврдењето ја изнесов во поглавјата кои се однесуваа на критиката на традиционалните социолошки пристапи, зборував дека вкотвеноста во идеалните типови, неминовно произведува есенцијалистички дуализам во аналитичките иследувања меѓу „практиките на субјектот“ и „институционалните структури“, односно меѓу она што е познато како „дејствување“ и „структура“.* Консеквентно тие пристапи ги прават и нетранспарентни и врските меѓу *макро-* и *микро*нивоата на анализа. Патеката по којашто оди постструктуралистичката општествена анализа, и ова студија е деконструктивната интерпентративност на двата пола на овие дихотомии, во која не се жртвува структурата на сметка на дејствувањето, ниту пак се жртвува теоретизирањето на институциите на сметка на анализа на интеракциските практики. Традиционалните пристапи прво ја конструираат оваа диференцијалност или дихотомизација на двете нивоа на анализа и потоа се обидуваат да направат мостови меѓу двете. Но, како што видовме според постструктуралистичкиот апарат еден начин како тоа да се направи е да се деконструира и субјектот и институциите и да се произведе јазик во кој како што вели Лаклау *ќе бидат замисливи и актерите и институциите заедно*. Затоа истражувањето укажува на тоа дека уредниот методолошки пристап кој сепак, наспроти спекулативната тенденција на постструктуралистите, применува дескриптивни протоколи може, да потврди дека „[...] (а) постојат само релативни степени на институционализација на општественото, кои го пенетрираат и го дефинираат субјективитетот на самите дејственици; и (б) институциите не конституираат затворени структурални рамки, туку лабаво интегрирани комплекси во поглед на постојаната интервенција на артикулативните практики. [...]. Деконструктивниот карактер на оваа позиција овозможува, верувам да се види поткрепа на аргументот дека серијата движења во Македонија во раздобјето кое ми е во фокусот не можат да се разберат ако во пристапот на политичките партии се гледа како на заокружени и стабилни идентитети и структури кои „го киднапираат движењето“ и дека наспроти ова, мора да се анализираат артикулативните практики кои на социополитичкиот терен делумно фиксираат идентитети – нови или седиментирани.

ii. Апликативната поткрепа на тврдењето дека овој пристап прави јасен исчекор кон надминување на проблемите кои произлегуваат од конструкцијата на дуалност меѓу дејствувањето и структурата и меѓу нивоата на анализа се гледа во последиците од стратегискиот избор за основна единица на анализа да ги земам дискурзивните

елементи и со тоа практично да ја разбијам групата не на скаменети супструктурни единици чиј однос потоа би го анализирал туку на серија *општествени барања*. Општествените барања се локацијата на конститутивниот копнеж, недостаток, кој го прави замислив субјективитетот на групата. Овој избор имаше конкретни импликации за методолошкиот протокол кој го конструирав. Наместо на социополитичкиот терен да ги лоцирам прво овие „структури“ како дадени, па ретроактивно да ги идентификувам операциите низ кои тие се овоплотувале и дејствувале, пристапот овозможи да го направам спротивното – да ги идентификувам како „измолкливи“ артефакти општествените барања спацио-темпорално дисперзирани низ социополитичкиот терен и да следам дали и како секоја од овие „реторички единици“ ја менува својата позиција во системот на разлики и консеквентно како стабилизира значења и организациска пракса артикулирајќи се во потенцијални нови идентитети. Ова ми овозможи да ги регистрирам дискурзивните елементи без да претпоставувам на кој начин тие ја конструираат групата. Идентитетот на групата потоа можев да го деконструирам од динамиката на антагонизам во целиот-социополитички терен низ времето.

Трето, во емпириска смисла, тврдев дека во селектираното раздобје меѓу 2009 и 2014 година во Македонија во дискурзивното поле биле овозможени засилени и контингентни артикулации на општествени барања кои низ социополитичкиот терен спорадично конструирале нестабилни и куси *антиавторитарни идентификации*. Овие идентификации дисперзирани низ спациотемпоралното протегање, истовремено направиле повеќекратни операции на исклучувале на *алтернативни идентификации*, кои исто така биле возможни. Алтернативните субјектни позиции конструирајќи еквиваленцијални јазли тежнееле да артикулираат *антиестаблишментски* и *антикапиталистички* моменти. Сметам дека ова тврдење е добро документирано во ова истражување. Поконкретно:

i. Во ова постструктуралистичко иследување направив намерен стратегиски избор да ги опфатам пошироките социополитички процеси, односно да ги лоцирам пошироките општествени барања кои се манифестирале на социополитичкиот терен и така да спречам два многу важни проблеми на социолошката анализа, впрочем видлива кај истражувања во повеќе општествени истражувачки дисциплини: Прво, ваквата стратегија ми овозможи да го избегнам проблемот на арбитрарна пристрасност кон некои социополитички манифестации – кога не би го направил изборот да ги изолирам широките општествени барања не би бил во можност да следам кога и како тие се артикулирале и стабилизирале некаква идентификација. И обратно, без овој стратегиски избор немаше да биде возможно да ги лоцирам и оние барања кои не постигнале статус на моменти во еквиваленцијалните ланци односно останале „слободно“ да треперат на социополитичкиот терен. Стратегиската одлука ми дозволи да направам „широк кадар“ на социополитичките процеси и да ги гледам во нивната динамичка дискурзивна игра.

ii. Како последица на (i), можев да видам кои елементи никогаш не биле артикулирани, а кои елементи влегувале и излегувале од артикулаторните еквиваленции. Така врз основа на иследувањето, може да се каже на кои позиции се конституирале згуснувања и артикулации и дали и на кој начин тие правеле пукнатини во седиментираните тотализирачки практики. Истовремено, можев да лоцирам и да анализирам моќни, дури и хегемониски идентитетски артикулации кои биле привремено дезартикулирани, што им овозможило подолга трајност на сукцесивни влади во Скопје.
iii. Конечно гледаме во анализата како структурацијата на седиментирани практики и идентификациски јазли *не е една линеарна фазна последователност*, туку е постојан контингентен процес на ширење и стеснување на дискурзивното поле. Уривањето на власта во таа контингенција не е механичка неминовност – таа треба да биде конструирана, во артикулаторните практики кои ги следев од 2006 година.

Четврто, и повторно во емпириска смисла, тврдев дека во раздобјето меѓу 2015 и 2017 година, се случила куса и нестабилна хегемонизација на хетерогените општествени барања. Тоа го компресирало социополитичкиот терен во еден фокален антагонизам, кој за момент манифестирал засилена популистичка логика. Новата конструкција на „Граѓаните“ – новото име на „Народот“ - уривајќи го стариот режим, ги артикулирала антиавторитарните означители, но истовремено на одлучен начин направила операција на исклучување поточно егзорцизам на антиестаблишментските дискурзивни елементи. Овој артикулаторен процес, тврдам, објаснува важен дел од причините зошто општествените движења во Македонија меѓу *Портокаловата влада* и *Крвавиот четврток*, не обезбедиле стабилизирање на нов социополитички идентитет.

i. Општественото движење, или општествените движења од средината на 2010-тите, се гледа во наодите на истражувањето, тежнееле да ги артикулираат во една еквиваленцијална врска сите барања кои се манифестирале на социополитичките терен претходните години. Во оваа врска во тенденцијално празниот означител *Правда* биле пишани силни антиавторитарни и антигруевистички моменти. Но, овој процес ги потиснал идентификациите на други барања кои во празниот означител впишувале антиестаблишментски елементи – елементи кои ќе можеле да ги маргинализираат социјалдемократите, ако обезбеделе поголема моќ.
ii. Тврдам, консеквентно дека на означителите *#Протестирам* и на *#Шарена револуција* не може да се гледа како на еден ист артикулаторен ансамбл кој имал две имиња. Анализата на дискурзивните елементи во двата означитела укажува дека тие вовлекувале диференцијални дискурзивни елементи во своите еквиваленции. Практиките на *#Шарена револуција*, на дефинитивен начин ги дезартикулирала антикапиталистичките и антиестаблишментските елементи од антигруевистичката артикулација – егзорцизам кој овозможил артикулација меѓу „движењето“ и седиментираните практики на социјалдемократите.

# Анекс 1: Темпорални мапи на манифестирани општествени барања 2006-2016 година

# Библиографија:


Almeida, P. (2019). *Social movements: The structure of collective mobilization.* University of California Press.

Almeida, P., & Lichbach, M. (2003). To the Internet, from the Internet: Comparative media coverage of transnational protests. *Mobilization: An International Quarterly, 8*(3), 249-272.

Almond, G. A., & Verba, S. (1963). *The civic culture: Political attitudes and democracy in five nations.* New Jersey: Princeton university press.

Althusser, L. (2005 [1969]). *For Marx.* London, New York: Vesro.

Althusser, L. (2014). *On the reproduction of capitalism: Ideology and ideological state apparatuses.* London: Verso Books.

Anderson, B. (2020 [1983]). *Imagined communities: Reflections on the origin and spread of nationalism.* London: Routledge.

Angermuller, J. (2014). *Poststructuralist discourse analysis: Subjectivity in enunciative pragmatics.* Springer.

Arendt, H. (2013 [1958]). *The human condition.* Chicago: University of Chicago Press.

Arthur, M. M. (2013). Emergent Norm Theory. In D. d. David A. Snow, *The Wiley-Blackwell Encyclopedia of Social and Political Movements.* Edited by : Blackwell Publishing Ltd.

Artz, L. B. (1997). Social power and the inflation of discourse: The failure of popular hegemony in Nicaragua. *Latin American Perspectives, 24*(1), 92-113.

Attride-Stirling, J. (2001). Thematic networks: an analytic tool for qualitative research. *Qualitative research, 1*(3), 385-405.

Baden, C. (2010). *Communication, Contextualization, & Cognition: Patterns & Processes of Frames' Influence on People's Interpretations of the EU Constitution.* Faculty of Social and Behavioural Sciences.

Baldwin, J. M. (1894). *Handbook of psychology* . New York: Holt.

Bales, R. F. (1966). Comment on Herbert Blumer's Paper. *American Journal of Sociology, 71*(5), 545-547.

Barros, T. Z. (2021). Desire and Collective Identities. *Constellations, 28*(4), 511-521.

Bataille, G. (2017 [1949]). *The Accursed Share* (Vol. Volume I). Princeton: Princeton University Press.

Benford, R. D., & Snow, D. A. (2000). Framing processes and social movements: An overview and assessment. *Annual review of sociology*, 611-639.

Bentham, J. (2000 [1789]). *An Introduction to the Principles of Morals and Legislation.* Kitchener: Batoche Books.

Berelson, B. (1952). Content analysis in communication research.

Berlin, I. (1969). *Four essays on liberty.* Oxford: Oxford University Press.

Best, S., & Kellner, D. (1991). *Postmodern theory: Critical interrogations.* London: Macmillan.

Blazheva, A. (2023). The Affective Landscape of Populism. In K. Kolozova, & N. Milanese, *"Illiberal Democracies" in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism* (pp. 75-80). Washington D.C.: The Institute for European Russian and Eurasian Studies, The George Washington University.

Blumer, H. (1951). Collective Behavior. In A. M. Lee, *New Outline of the Principles of Sociology* (pp. 166-222). New York: Barnes and Noble Books.

Blumer, H. (1951). The Field of Collective Behavior. In A. M. Lee, *Principles of Sociology* (pp. 167-222). New York: Barnes & Noble.

Blumer, H. (1966). Sociological implications of the thought of George Herbert Mead. *American journal of sociology, 5* ( 71), 535-544.

Blumer, H. (1966a). Reply to Bales. *American Journal of Sociology, 71*(5), 547-548.

Blumer, H. (1969). *Symbolic Interactionism: Perspective and Method.* Los Angeles: University of California Press.
Bourdieu, P. (1977 [1972]). *Outline of a Theory of Practice.* Cambridge: Cambridge university press.
Bourdieu, P. (1990 [1987]). *In other words: Essays toward a reflexive sociology.* Stanford University Press.
Bourdieu, P. (1990[1980]). *The logic of practice.* Stanford: Stanford University Press.
Bourdieu, P. (2000). *Pascalian meditations.* Stanford: Stanford University Press.
Bourdieu, P. (2010 [1984]). *Distinction: A social critique of the judgement of taste.* London: Routledge.
Braun, V., & Clarke, V. (2006). Using thematic analysis in psychology. *Qualitative research in psychology, 3*(2), 77-101.
Bruell, C. (2006). Kollektive Identität in der radikalen Demokratietheorie–Die Wahlen zum Europäischen Parlament in österreichischen Medien. In M. Nonhoff, *Politischer Diskurs und Hegemonie: Das Projekt Soziale Marktwirtschaft.* Verlag.
Bryant, J., & Oliver, M. B. (2009). *Media effects: Advances in theory and research.* London: Routledge.
Bryman, A. (2016). *Social research methods .* Oxford University Press.
Buechler, S. M. (1993). Beyond resource mobilization? Emerging trends in social movement theory. *The Sociological Quarterly, 34*(2), 217-235.
Buechler, S. M. (1995). New social movement theories. *Sociological Quarterly, 36*(3), 441-464.
Buechler, S. M. (2011). *Understanding social movements: Theories from the classical era to the present. .* London. New York: Routledge.
Bwy, D. (1968). Dimensions of social conflict in Latin America. *American Behavioral Scientist, 11*(4), 39-50.
Calhoun, C. (2002). Structuralism. In C. Calhoun, *Dictionary of the Social Sciences.* Oxford University Press.
Castells, M. (2015). *Networks of outrage and hope: Social movements in the Internet age.* Washington DC: John Wiley & Sons.
Chupeska, A. (2016). Authoritarian testament of democracy and insufficiencyof elections-the case of Macedonia. *оммуникология, 4*(4), 192-199.
Cladis, M. S. (1996). Rousseau and Durkheim on human nature. *Journal of the History of the Behavioral Sciences, 32*(4), 456–472.
Cohen, J. L. (1985). Strategy or identity: New theoretical paradigms and contemporary social movements. *Social research*, 663-716.
Collins, R. (1994 [1985]). *Four sociological traditions.* New York: Oxford University Press.
Coser, L. (2013 [1984]). Introduction to the 1984 edition. Bo D. Emile, *The Division of Labour in Society.* Palgrave Macmillan.
Cronk, G. (2005). George Herbert Mead (1863-1931). In J. Fieser, B. Dowden, & (eds.), *The Internet Encyclopedia of Philosophy.* Retrieved from http://www. iep. utm. edu/m/mead. htm.
Crossley, N. (2002). *Making sense of social movements.* London: McGraw-Hill Education.
Dalton, R. J. (1990). The Challenge of the New Movements. In D. a. Kuechler, *Challenging the Political Order* (pp. 3-20). Collection: Europe and the International Order .
D'Angelo, P. (2002). News framing as a multiparadigmatic research program: A response to Entman. *Journal of communication, 52*(4), 870-888.
Dayan, D. (2005). Mothers, midwives and abortionists: genealogy, obstetrics, audiences & publics. In S. L. (ed.), *Audiences and publics: when cultural engagement matters for the public sphere* (pp. 43-76). Bristol, UK: Intellect Books.
della Porta, D., & Diani, M. (2006 [1998]). *Social movements: An introduction.* Oxford: Blackwell Publishing.

Demjanski, A. (2020). Framing the news: Deutsche Welle, Sputnik News, and Macedonia's Colorful Revolution. *PhD Dissertation*.
Diani, M. (1992). The concept of social movement. *The sociological review, 40*(1), 1-25.
Dimitrakopoulou, D., & Lenis, S. (2018). # iProtest: The Case of the Colourful Revolution in Macedonia. In R. Fröhlich, *Media in War and Armed Conflict: Dynamics of Conflict News Production and Dissemination* (pp. 136-165). London: Routledge.
Drakulevski, L. (2002). Workers' Participation: The Case of the Republic of Macedonia. *11 th Conference of the International Association for the Economics of Participation (IAFEP)* (pp. 1-15). Brusseles: Katholieke Universiteit Brussel – K.U.B.
Durkheim, E. (1885, Janvier a Juin). Bau und Leben des socialen Korpers. A. Schaffle. *Revue Philosophique de la France et de l'Étranger*, 84-101.
Durkheim, E. (2013 [1893]). *The Division of Labour in Society.* Palgrave Macmillan.
Entman, R. M. (1993). Framing: Toward clarification of a fractured paradigm. *Journal of communication, 43*(4), 51-58.
Fireman, B., & Gamson, W. A. (1979). Utilitarian logic in the resource mobilization perspective. Bo M. N. Zald, & J. D. McCarthy, *The dynamics of social movements: Resource mobilization, social control, and tactics.* Cambridge: Massachusetts: Little Brown & Company.
Flacks, R. (1967). The Liberated Generation: An Exploration of the Roots of Student Protest. *Journal of Social Issues, 23*(3), 52-75.
Foucault, M. (2005 [1966]). *The order of things: An Archaeology of the Human Sciences.* London: Routledge.
Foucault, M. (2013). *Archaeology of knowledge.* London: Routledge.
Fraser, N. (1990). Rethinking the public sphere: a contribution to the critique of actually existing democracy. *Social Text, 25/26*, 56-80.
Freeman, J. (1973). The Origins of the Women's Liberation Movement. *American Journal of Sociology, 73*(4), 92-811.
Fuchs, C. (2008). *Internet and society: Social theory in the information age.* London & New York: Routledge.
Fuchs, C. (2015). Social media and the public sphere. In C. Fuchs, *Culture and economy in the age of social media* (pp. 315-372). London: Routledge.
Gamson, W. A., & Meyer, D. S. (1996). Framing political opportunity. In D. McAdam, J. D. McCarthy, & M. N. Zald, *Comparative perspectives on social movements: Political opportunities, mobilizing structures, and cultural framings.* Cambridge: Cambridge University Press.
Gamson, W. A., & Modigliani, A. (1987). The changing culture of affirmative action. *Research in political sociology, 3*(1), 137-177.
Gamson, W. A., Croteau, D., Hoynes, W., & Sasson, T. (1992). Media images and the social construction of reality. *Annual review of sociology, 18*(1), 373-393.
Garfinkel, H. (1991). *Studies in Ethnomethodology.* New Jersey: Polity.
Gellner, E. (2008 [1983]). *Nations and nationalism.* Cornell: University Press.
Germani, G. (1978). *Authoritarianism, fascism, and national populism.* New Brunswick New Jersey : Transaction Publishers.
Giddens, A. (1970). Durkheim as a review critic. *The Sociological Review, 18*(2), 171-196.
Giddens, A. (1986). *The Constitution of Society: Outline of the Theory of Structuration.* London: Polity Press.
Giugni, M. (2009). Political opportunities: from Tilly to Tilly. *Swiss Political Science Review, 15*(2), 361-367.
Glaser, B., & Strauss, A. (2017). *Discovery of grounded theory: Strategies for qualitative research.* Routledge.

Glasson, B. J. (2012). The intelectual outside: Anti-intelectualism and the subject of populist discourses in Australian newspapers. *Continuum: Journal of Media and Cultural Studies, 26*(1), 101-114.
Glasze, G. (2007). The discursive constitution of a world-spanning region and the role of empty signifiers: The case of Francophonia. *Geopolitics, 4*( 12), 656-679.
Goffman, E. (1956). *The Presentation of Self in Everyday Life.* Edinburgh: University of Edinburgh.
Goffman, E. (1974). *Frame analysis: An essay on the organization of experience.* Harvard: Harvard University Press.
Gramsci, A. (1971). *Selections from the Prison Notebooks.* International Publishers Co.
Granovetter, M. (1978). Threshold models of collective behavior. *American journal of sociology, 83*(6), 1420-1443.
Grenfell, M. (2012). Field Theory – beyond subjectivity and objectivity. In M. Grenfell, *Pierre Bourdieu: Key Concepts* (pp. 43-47). London & NEw York: Rutledge.
Griggs, S., & Howarth, D. (2014). Post-structuralism, social movements and citizen politics. In H.-A. v. Heijden, *Handbook of political citizenship and social movements* (pp. 279-307). Cheltenham: Edward Elgar Publishing.
Gurr, T. R. (2016 [1970]). *Why men rebel.* New York: Routledge.
Gusfield, J. A. (1994). The Reflexivity of Social Movements: Collective Behavior and Mass Society . In *New Social Movements.*
Habermas, J. (1991). *The structural transformation of the public sphere: An inquiry into a category of bourgeois society.* MIT press.
Habermas, J. (2003 [1981]). *The Theory of Communicative Action: Lifeworld and system: a critique of functionalist reason* (Vol. 2). Boston: Beacon Press.
Hajer, M. A. (1989). *City politics: Hegemonic projects and discourse.* Avebury: Aldershot.
Hałas, E. (2007). Conversation of Gestures. In (. G. Ritzer, *The Blackwell Encyclopedia of Sociology.* Blackwell Publishing. Retrieved from . Ritzer, George (ed). Blackwell Publishing.
Hartley, J. (2002). *Communication, Cultural and Media Studies: Key Concepts.* London: Rutledge.
Hasan, A., & Fumerton, R. (2022, September 21). *Foundationalist Theories of Epistemic Justification*. (E. N. Zalta, & U. Nodelman, Editors) Retrieved 10 27, 2022, from The Stanford Encyclopedia of Philosophy: <https://plato.stanford.edu/archives/fall2022/entries/justep-foundational/>
Hawkins, M. J. (1979). Continuity and change in Durkheim's theory of social solidarity. *The sociological quarterly, 20*(1), 155-164.
Hayek, F. A. (2001[1944]). *The Road to Serfdom.* London: Rutledge.
Heidegger, M. (2010 [1927]). *Being and time.* Suny Press.
Holsti, O. R. (1969). *Content analysis for the social sciences and humanities.* Reading. MA: Addison-Wesley.
Howarth, D. (2000). *Discourse.* London: McGraw-Hill Education.
Howarth, D. (2005). Applyiong Discourse Theory: the Method of Articulation. Bo D. R. Howarth, & J. Torfing, *Discourse Theory in European Politics.* New York: Palgrave Macmillan.
Howarth, D., & Griggs, S. (2006). Metaphor, catachresis and equivalence: the rhetoric of freedom to fly in the struggle over aviation policy in the United Kingdom. *Policy and Society, 25*(2), 23-46.
Howson, R. (2017). *The sociology of Postmarxism.* London: Rutledge.
Howson, R. (2017). *The sociology of Postmarxism.* London & New York: Rutledge.
Hunt, S. A., Benford, R., & Snow, D. (1994). Identity Fields: Framing Processes and the Social Construction of Movement Identities. In E. Laraña, H. Johnston, & J. R. Gusfield, *New Social Movements. From Ideology to Identity* (pp. 185-208). Temple University Press.
Inglehart, R. (1990). Values, ideology, and cognitive mobilization in new social movements . In D. a. Kuechler, *Challenging the political order: New social and political movements in western democracies* (pp. 43-66).

Janoski, T., Alford, R. R., Hicks, A. M., & Schwartz, M. A. (2005). *The handbook of political sociology: States, civil societies, and globalization.* New York: Cambridge University Press.
Jenkins, C. J. (1983). Resource mobilization theory and the study of social movements. *Annual Review of Sociology, 9*, 527-553.
Jones, C., & Spicer, A. (2005). The sublime object of entrepreneurship. *Organization, 12*(2), 223-246.
Kahneman, D., & Tversky, A. (2013 [1979]). Prospect theory: An analysis of decision under risk. In *Handbook of the fundamentals of financial decision making* (pp. 99-127).
Kellner, D. (2014). Habermas, the public sphere, and democracy. Во D. Boros, & J. M. Glass, *Re-imagining public space: The Frankfurt school in the 21st century* (стр. 19-43). New York, US: Palgrave Macmillan.
King, C. W. (1956). *Social movements in the United States.* New York: Random House.
Klandermans, B. (1992). The social construction of protest and multiorganizational fields. In *Frontiers of Cocial Movement Theory.*
Kolozova, K. (2023). From the East to the West, or Is It So? In K. Kolozova, & N. Milanese, *"Illiberal Democracies" in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism* (Vol. Illiberalism Studies Program, pp. 27-38). Washington DC: The Institute for European Russian and Eurasian Studies, The George Washington University.
Kornhauser, W. A. (1959). *Politics of mass society.* Chicago: The Free Press.
Kripke, S. A. (1972). Naming and necessity. Во D. Davidson, & G. Harman, *Semantics of natural language* (стр. 253-355)). Dordrecht: Springer.
Krippendorff, K. (2004). Reliability in content analysis: Some common misconceptions and recommendations. *Human communication research*, 411-433.
Lacan, J. (1963 [2004]). *L'angoisse: 1962—1963.* Paris: Seuil .
Lacan, J. (2001). *Ecrits: A selection.* London: Routledge.
Laclau, E. (1990). *New Reflections on The Revolution of Our Times.* London: Verso.
Laclau, E. (1998). Hegemony and the Future of Democracy: Ernesto Laclau's Political Philosophy. (G. A. Olson, & L. Worsham, Interviewers) New York: State University of New York Press.
Laclau, E. (2005). *On Populist Reason.* London, New York: Verso.
Laclau, E. (2005a). Populism: What's in a Name? In B. Arditi, S. Barros, G. Bowman, & D. Howarth, *Populism and the Mirror of Democracy* (pp. 103-114). London: Verso.
Laclau, E. (2007[1993]). Discourse. In R. E. Goodin, P. Pettit, & T. W. Pogge, *A companion to conteporary political philosophy* (pp. 541-547). Malden, Oxford & Victoria: Blackwell Publishing.
Laclau, E. (2012 [1977]). *Politics and ideology in Marxist theory: Capitalism, fascism, populism.* London, New York: Verso Books.
Laclau, E., & Mouffe, C. (1987). Post-Marxism without apologies. *New Left Review, 166*(11-12), 79-106.
Laclau, E., & Mouffe, C. (2001[1985]). *Hegemony and socialist strategy: Towards a radical democratic politics.* London, New York: Verso Books.
Laclau, E., & Zac, L. (1994). Minding the Gap: The Subject . Во E. Laclau, *The Making of Political Identities* (стр. 11-39). London & New York: Verso.
Lakoff, G. (2004). Inside the frame. *Alternet: Buzzflash*.
Lane, J. F. (2006). *Bourdieu's Politics: Problems and Possiblities.* London and New York: Routledge.
Lang, K., & Lang, G. E. (1961). *Collective dynamics.* Crowell,.
Laraña, E., Johnston, H., & Gusfield, J. R. (1994). *New social movements: From ideology to identity.* Temple University Press.
Lazarevska-Stanchevska, J. (2018). Language of news media during the colourful revolution. *Working with Media Texts: Deconstructing and Constructing Crises in Europe, 12*, 47.
Le Bon, G. (2009 [1895]). *The crowd: A study of the popular mind.* Auckland, New Zealand: The Floating press.

Lévi-Strauss, C. (1955). The structural study of myth. *The journal of American folklore, 68*(270), 428-444.
Lévi-Strauss, C. (2008[1958]). *Structural anthropology.* New York: Basic books.
Lipset, S. M. (1960). *Political Man: The social bases of politics.* Baltimore: The Johns Hopkins University Press.
Lukács, G. (1972). *History and class consciousness: Studies in Marxist dialectics.* Cambridge, Massachusetts: MIT Press .
Lutters, W. G., & Ackerman, M. S. (1996). An introduction to the Chicago School of Sociology. *Interval Research Proprietary, 2*(6), 1-25.
MacRae, D. (1969). Populism as an Ideology. In G. Ionescu, & E. Gellner, *Populism: Its meaning and national characteristics* (pp. 152-165). London: Macmillan.
Maddison, S. (2017). Can we reconcile? Understanding the multi-level challenges of conflict transformation. *International Political Science Review, 38*(2), 155-168.
Maddison, S. (2017). Can we reconcile? Understanding the multi-level challenges of conflict transformation. *International Political Science Review, 38*(2), 155-168.
Martin, G. (2015). *Understanding social movements.* London. New York: Routledge.
Marx, G. T., & Wood , J. L. (1975). Strands of theory and research in collective behavior. *Annual Review of Sociology, 1*, 363-428.
Marx, K. (1998[1845]). The Theses on Feuerbach. In K. Marx, & F. Engels, *The German ideology: including theses on Feuerbach and introduction to the critique of political economy* (p. /). London: Prometheus Books.
Marx, K. (2019). *The class struggles in France: 1848-1850.* Wellred Books.
Marx, K. (2023). *The eighteenth brumaire of Louis Napoleon.* DigiCat.
Marx, K., & Engels, F. (2016 [1848]). *The Manifesto of the Communict Party.* London: Verso.
Maton, K. (2012). Habitus. In M. Grenfell, *Pierre Bourdieu: Key Concepts* (pp. 48-64). London & New York: Rutledge.
Mattissek, A. (2008). *Die neoliberale Stadt. Diskursive Repräsentationen im Stadtmarketing deutscher Grossstädte.* Bielefeld.
McAdam, D. (1996). Conceptual origins, current problems, future directions. In D. McAdam, J. D. McCarthy, & M. N. Zald, *Comparative perspectives on social movements: Political opportunities, mobilizing structures, and cultural framings* . Cambridge: Cambridge University Press.
McCarthy, J. D., & Zald, M. N. (1977). Resource mobilization and social movements: A partial theory. *American journal of sociology, 82*(6), 1212-1241.
McPhail, C., & Wohlstein, R. T. (1983). Individual and collective behaviors within gatherings, demonstrations, and riots. *Annual Review of Sociology, 9*, 579-600.
McQuail, D. (2010). *McQuail's mass communication theory.* Sage publications.
Mead, G. H. (1972 [1934]). *Mind, Self and Society.* Chicago: University press.
Melucci, A. (1989). *Nomads of the present: Social movements and individual needs in contemporary society.* London: Hutchinson Radius.
Micevski, I. (2014). *Distinctions: Audiences, Lay Publics & Media Active Lay Publics.* Work Package 3: INFOCORE Working Paper.
Micevski, I., & Trpevska, S. (2015). What the Macedonian phone-tapping scandal tells us about clientelism in the media. *International Journal of Digital Television, 6*(3), 319-326.
Micevski, I., & Trpevska, S. (2018). A Game of Frames in Conflict Transformation: Mapping the Media-Active Publics' Nexus of Competing Conflict Frames. In R. Fröhlich, *Media in War and Armed Conflict: Dynamics of Conflict News Production and Dissemination* (pp. 243-270). London: Routledge.

Minogue, K. (1969). Populism as a political movement. Populism: Its meaning and national characteristics. Bo G. Ionescu, & E. Gellner, *Populism: Its meaning and national characteristics* (стр. 197-211). London: Macmillan.
Močnik, R. (1993). Ideology and Fantasy. In A. E. Kaplan, & e. Michael Sprinker, *The Althusserian Legacy.* London: Verso .
Moris, A. D., & Herring, C. (1987 [1984]). Theory and research in social movements: A critical review. *Annual Review of Political Science, 2*, 138-198.
Moris, A. D., & Mueller, C. M. (1992). *Frontiers in social movement theory.* New Haven & London: Yale University Press.
Morris, A. D. (1981). Black Southern Student Sit-in Movement: An Analysis of Internal Organization. *American Sociological Review, 46*(6), 744-767.
Mouffe, C. (2013). *Agonistics: Thinking the world politically.* London: Verso Books.
Mouzelis, N. (1992). The interaction order and the micro-macro distinction. *Sociological Theory, 10*(1), 122-128.
Mouzelis, N. (1993). The poverty of sociological theory. *Sociology, 27*(4), 675-695.
Mouzelis, N. (2005 [1995]). *Sociological theory: what went wrong?: diagnosis and remedies.* London: Routledge.
Mueller, C. M. (1992). Building Social Movement Theory. In A. D. Moris, & M. M. Carol, *Frontiers in social movement theory* (pp. 3-25). New Haven & London: Yale University Press.
Müller, M. (2011). Doing discourse analysis in critical geopolitics. *L'Espace Politique. Revue en ligne de géographie politique et de géopolitique, 12*.
Nelson, R. J. (2003). *Naming and reference: the link of word to object.* London: Routledge.
Nonhoff, M. (2006). *Politischer Diskurs und Hegemonie: Das Projek Soziale Marktwirtschaft.* Verlag.
Oberschall, A. (1978). Theories of Social Conflict. *Annual Review of Sociology, 4*, 291-315.
Olson, G. A., & Worsham, L. (1998). *Race, rhetoric, and the postcolonial.* New York: State University of New York Press.
Olson, M. (1971[1965]). *The logic of collective action: Public Goods and the Theory of Groups.* Cambridge. London.: Harvard University Press.
Opp, K.-D. (2009). *Theories of political protest and social movements: A multidisciplinary introduction, critique, and synthesis.* London: Routledge.
Ormrod, J. (2014). *Fantasy and social movements.* London: Springer.
Paige, J. M. (1971). Political Orientation and Riot Participation. *American Sociological Review, 36*(5), 810-820.
Pan, Z., & Kosicki, G. M. (1993). Framing analysis: An approach to news discourse. *Political communication, 10*(1), 55-75.
Park, R. E. (1972 [1904]). The Crowd and the Public. In R. E. Park, *The Crowd and the public and other essays* (pp. 5-81). Chicago: University of Chicago Press.
Park, R. E., & Burgess, E. W. (1921). *Introduction to the Science of Sociology.* Chicago: Chicago University Press.
Parsons, T. (1951). *The Social System .* London: The Free Press of Glancoe.
Parsons, T. (1966 [1937]). *The Structure of Social Action: A Study in Social Theory with Special Reference to a Group of Recent European Writers.* New York: The Free Press.
Pérez, A. E. (2019). *Falling from Grace: Corruption, Revolution and the 2016 Macedonian Elections.* Malmö University. Malmö: Malmö University.
Pérez, A. E. (2021). Iliberalism, revolution and the 2016 macedonian elections. Intersections. *East European Journal of Society and Politics, 7*(4), 32-51.

Phelan, S. (2011). The media as the neoliberalized sediment: Articulating Laclau's discourse theory with Bourdieu's field theory. In L. Dahlberg, & S. Phelan, *Discourse theory and critical media politics* (pp. 128-153). London: Palgrave Macmillan.
Potter, J. (1996). *Discourse analysis and constructionist approaches: Theoretical background.* London: British Psychological Society.
Reef, P. (2017). "Macedonia's colourful revolution and the elections of 2016. A chance for democracy, or all for nothing? *Südosteuropa, 65*(1), 170-182.
Ritzer, G. (1997 [1983]). *Suvremena sociologijska teorija.* Zagreb: Nakladni Zavod Globus.
Ritzer, G. (2010 [1983]). *Sociological Theory.* New York: McGraw-Hill.
Rizankoska, J., & Trajkoska, J. (2019). A Social Movement in First Person Singular: The Colours of the "Colourful Revolution" in North Macedonia. *Southeastern Europe, 43*(1), 1-27.
Rucht, D. (1988). Themes, logics, and arenas of social movements: A structural approach. *International Social Movement Research, 1*(1), 305-328.
Rupnik, J. (2023). Illiberal Democracy and Hybrid Regimes in East-Central Europe. In K. Kolozova, & N. Milanese, *"Illiberal Democracies" in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism* (Vol. Illiberalism Studies Program, pp. 9-16). Washington DC: The Institute for European Russian and Eurasian Studies, The George Washington University.
Russell, B. (1905). On denoting. *Mind, 14*(56), 479-493.
Ružin, N. (2016). Populist Authoritarianism and Corruption:. *Balkania - Journal of Balkan Studies, 7*, 173-192.
Sacks, H. (1974). An analysis of the course of a joke's telling in conversation. *Explorations in the ethnography of speaking*, 337-353.
Sartre, J.-P. (2022 [1943]). *Being and nothingness: An essay in phenomenological ontology.* London & New York: Taylor & Francis,.
Saussure, F. d. (2011 [1916]). *Course in General Linguistics .* New York: Columbia University Press.
Schegloff, E. A. (2006). On possibles. *Discourse studies* , 141-157.
Schneider, W. L. (2000). The sequential production of social acts in conversation. *Human Studies, 2*(23), 123-144.
Schulz, D. (2006). Hegemoniale Artikulation: Frankreichs „Nation "als leerer Signifikant.". In M. Nonhoff, *Politischer Diskurs und Hegemonie: Das Projekt Soziale Marktwirtschaft.* Verlag.
Sighele, S. (2018). *The criminal crowd and other writings on mass society.* Toronto: University of Toronto Press.
Sim, S. (2013 [2000]). *Post-Marxism: an intellectual history.* London: Routledge.
Smelser, N. J. (1962). *Theory Collectve Behavior.* New York: The Free Press.
Smith, A. (1977 [1776]). *An Inquiry Into the Nature and the Causes of the Wealth of Nations.* Chicago: University Of Chicago Press.
Snow, D. A., & Benford, R. D. (1992). Master frames and cycles of protest. In A. D. Morris, & C. M. Mueller, *Frontiers in social movement theory* (pp. 133-156). New Haven: Yale University Press.
Staletović, B. (2017). Elections in Macedonia: Intensification of Nationalist and Authoritarian Tendencies: Election Analysis. *Contemporary Southeastern Europe, 4*(1), 1-11.
Stoecker, R. (1995). Community, movement, organization: The problem of identity convergence in collective action. *Sociological Quarterly, 36*(1), 111-130.
Sutherland, C. (2005). Nation-building through discourse theory. *Nations and nationalism, 11*(2), 185-202.
Swartz, D. (2012). *Culture and power: The sociology of Pierre Bourdieu.* Chicago: University of Chicago Press.

Swartz, D. L. (2020, 11 07). *Bourdieu’s Concept of Field.* Retrieved 08 08, 2022, from Oxford Bibliographies Online: https://www.oxfordbibliographies.com/display/document/obo-9780199756384/obo-9780199756384-0164.xml

Szkudlarek, T. (2011). Semiotics of identity: Politics and education. *Studies in Philosophy and education, 30*, 113-125.

Tarde, G. (2010). *Gabriel Tarde on communication and social influence: Selected papers.* Chicago: University of Chicago Press,.

Tarrow, S. (1996). States and opportunities: The political structuring of social movements. In D. McAdam, J. D. McCarthy, & M. N. Zald, *Comparative perspectives on social movements: Political opportunities, mobilizing structures, and cultural framings* (pp. 41-61). Cambridge: Cambridge University Press.

Tenenboim-Weinblatt, K. (2013). Bridging collective memories and public agendas: Toward a theory of mediated prospective memory. *Communication Theory, 23*(2), 91-111.

Tewksbury, D., & Scheufele, D. A. (2019). News framing theory and research. In *Media effects* (pp. 51-68). London: Routledge.

Tilly, C. (1979). Social movements and national politics. *Working Paper*.

Toch, H. (1965). *The Psychology of Social Movements.* Indianapolis: Bohhs-Merrill .

Torfing, J. (2005). Poststructuralist discourse theory: Foucault, Laclau, Mouffe and Zizek. In T. Janoski, R. R. Alford, A. M. Hicks, & M. A. Schwartz, *The handbook of political sociology: States, civil societies, and globalization* (pp. 153-171). New York: Cambridge University Press.

Touraine, A. (1981). *The Voice and the Eye: An Analysis of Social Movements.* Cambridge: Cambridge University Press.

Touraine, A. (1985). An introduction to the study of social movements. *Social research: An International Quarterly* , 749-787.

Turner, R. H., & Killian, L. M. (1987 [1957]). *Collective behavior.* Englewood Cliffs, New Jersey: Prentice-Hall Inc.

Turner, R. H., & Killian, L. M. (1987 [1957]). *Collective behavior.* New Jersey: Prentice-Hall.

Tversky, A. N., & Kahneman, D. (1981). The framing of decisions and the psychology of choice. *Science, 211*(4481), 453-458.

van Bommel, K., & Spicer, A. (2011). Hail the snail: Hegemonic struggles in the slow food movement. *Organization studies, 32*(12), 1717-1744.

Vangeli, A. (2017). *Macedonia Political briefing: Understanding the Regime Change in Macedonia in 2017 and its Consequences.* Bejing: China CEE Institute. Retrieved August 3, 2023, from https://china-cee.eu/2018/03/12/macedonia-political-briefing-understanding-the-regime-change-in-macedonia-in-2017-and-its-consequences/

Vankovska, B. (2020). The Chimera of Colorful Revolution in Macedonia: Collective Action in the European Periphery. *Balkanologie. Revue d'études pluridisciplinaires, 15*(2), 1-24.

Vilić, N. (2017). Aistheton In The Time of Crisis. *SAJ-Serbian Architectural Journal, 9*(2), 179-190.

Wei, R. (2008). Motivations for using the mobile phone for mass communications and entertainment. *Telematics and Informatics, 25*(1), 36-46.

Wittgenstein, L. (2019 [1953]). *Philosophical investigations.* Oxford: Basil Blackwell.

Wolfsfeld, G. (1997). *Media and political conflict: News from the Middle East.* Cambridge: Cambridge university Press.

Wundt, W. (2010). *The language of gestures.* Walter de Gruyter.

Žižek, S. (1990). Beyond Discourse Analysis. In E. Laclau, *New Reflections on the Revolution of Our Time* (pp. 249-260). London, New York: Verso.

Žižek, S. (1994). Identity and Its Vicissitudes: Hegel's 'Logic of Essence' as a Theory of Ideology. Во E. Laclau, *The Making of Political Identities* (стр. 40-75). London & New York: Verso.

Žižek, S. (2009). *The sublime object of ideology.* London. New York: Verso Books.
Блажева, А., Боровска, В., Лечевска, К., & Шишовски, Ј. (2015). *Слобода на изразување, задружување и претприемништво во заробена држава: Македонија во 2015.* Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки.
Близнаковски, Ј., Трошановски, М., & Поповиќ, М. (2016). *Каква е оваа ситуација?! Истражување на јавното мислење за актуелните политички случувања во Макеоднија.* Скопје: ИДСЦС. Retrieved from file:///C:/Users/igorm/Documents/2.%20PhD/Notes%20PhD/Voved%20istoriski%20kontekst/0905-Izvestaj-od-istrazuvanje-na-aktuelni-stavovi-IDSCS-16052016.pdf
Босилков, И. (2016). *Патот до груевизмот до консолидирана демократија го открива теоријата на рационален избор.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-04-25-12-44-00/
Босилков, И. (2019). *Кризата на претставеност носи закана од екстремна десница, но и можност за ново прогресивно движење.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/politika/2019-03-20-08-50-04/
Георгиевски, П. (2021). *Прилози за историјата на социолошката методологија: Проучување на методите на истражување на класичните социолози и на нивни влијателни следбеници.* Скопје: Матица Македонска.
Живановски, Н. (2016). *Дали Груевски може да ни се повтори?* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-04-05-12-07-19/
Илиевска-Таневски, Н. (2013). Редефинирање на културната меморија на националниот идентитет-а бре, Македонче vs Űber Macedonische. *Култура/Culture*, 153-162.
Јакимовски, З. (2016). *Бунтови, промени, што потоа?!* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-05-30-13-00-27/
Ковачевски, А. (2010). Закон за стечај. In З. Савески, Д. Апасиев, А. Ковачевски, & К. Василев, *Обезвреднување на трудот: Анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата* (pp. 165-171). Скопје: Движење за социјална правда – Ленка.
Колер, Џ. (1990). *Источни филозофии.* Скопје: Мисла.
Ќулавкова, К. (1984). *Фигуративниот говор и македонската поезија.* Скопје: Наша Книга.
Наковски, М. (2012). Интеграција и/или реинтеграција на внатрешно раселени лица од воениот конфликт во Република Макеоднија во 2001 година. *Институт за етнологија и антропологија, Универзиетет „Св. Кирил и Методиј“*, 38-54.
Нечев, З., & Петрушев, Х. (2017). *Кредибилитетот на Европската Унија во Македонија е доведен во прашање.* Скопје: ИДСЦС.
Нешовска, А. (2016). *Е па, ај да се видиме на протест!* Скопје: Res Publica. Повратено од https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-01-21-12-20-18/
Ризанкоска, Ј., Василев, К., Спасеска, А., Демири, М., Ризанкоска-Антеска, Н., & Трајкоска-Наумоска, Ј. (2021). *Пет години од Шарената Револуција. Извештај од анкета јануари-февруари 2021.* Прилеп: Дијалог центар за делиберативна демократија.
Савески, З. (2010). Закон за поттикнување на вработувањето. In З. Савески, Д. Апасиев, А. Ковачевски, & К. Василев, *Обезвреднување на трудот: Анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата* (pp. 122-127). Скопје: Движење за социјална правда – Ленка.
Савески, З. (2016). *Подемот на граѓанските протести.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2016-05-20-10-37-08/
Савески, З. (2019). *Протести за замена, наспроти протести за промена.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/politika/2019-07-15-08-23-21/

Стојадиновиќ, С. (2018, 03 20). Како почна, а каде заврши Шарената револуција? *Рес Публика*. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2018-03-20-09-08-13/

Талески, Д. (2016). *Создавање на непријатели: авторитарни и популистички мотиви.* Скопје: Res Publica.

Ташева, М. (1999). *Социолошки теории.* Скопје: Универзитет Свети Кирил и Методиј.

Тоевски, С. (2018). Со партиципативен инженеринг во уставно-политичкиот систем, до побрза демократска консолидација на Република Македонија. *Политичка мисла, 55*, 96-116.

Трајковски, И. (2017). *Новата политичка власт и граѓанскиот сектор во Република Македонија: старо-нови дилеми.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2017-10-17-09-02-03/

Трајкоска, Ј., & Ризанкоска, Ј. (2017). „Шарената револуција" и Движењето „За заедничка Македонија" – симбол на будењето на партиципативната граѓанска култура или показател на длабоката партиска поделеност во македонското општетсво? Студија на случај – Прилеп. *Политичка мисла, 53*, 5-27.

Шкариќ, С. (2018). *Крвавиот четврток - уривање на уставниот поредок.* Скопје: Res Publica. Retrieved from https://respublica.edu.mk/blog/javen-interes/2018-04-27-08-29-24/

[i] Со оглед на теоретските поместувања кон постструктуралистичките позиции, насловот на оваа дисертација би можел да биде: „Општествените движења и конструкцијата на популарни идентитети: хетерогеност и хегемонија во македонскиот социополитички простор меѓу Портокаловата влада во 2006 и Крвавиот четврток во 2017".